РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ



Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1058
Скопје, 15 јули 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1058 од 15 јули 2013 година

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Физика за анестезиолози,** од **авторот д-р Мирјана Шошолчева,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....1-2

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Иво Лазаревиќ, Никола Брдаров, Анета Дамјановска, Ема Топочева, Катерина Љушева, Надица Тониќ, Јован Аслимоски, Сања Мигуловска, Дарко Николовски, Владимир Ќосевски, Сијче Печкова, Дритон Демири, Биљана Литковска, Лилјана Толевска)**.....3-4

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Деловното разузнавање како алатка за одредување на изворите на организациските промени во малите и средните претпријатија,** изработена од **м-р Драган Шутевски,** пријавена на Машинскиот факултет во Скопје.....5-10

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден асистент од областа на физиката на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Ламбе Барандовски)**.....11-19

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Наташа Младеновска-Лазаревска)**.....20
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(Димитар Пипилевски, Милена Ристова, Ѓоко Здравески, Ридван Четин, Сејхан Муртезан-Ибрахими, Елена Петрова, Ивана Лекиќ)**.....21-22

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Наташа Павлоска, д-р Семра Јонузи, д-р Ермира Муслиу)**.....23

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонски јазик во Скопје **(Александар Јорданоски, Мирјана Вељаноска, Жаклина Ѓорѓиоска, Милена Николовска)**.....24

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(м-р Роберт Манасиев)**.....25
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Зоран Јованчев, Антонио Кесковски, Марија Ѓурчиновска, Драган Крстиќ, Марија Јаневска, Маријана Петрушевска, Александра Мирческа, Душко Роголев, Альма Мустафаи, Манушаќе Абази, Ирина Боневска, Моника Павловска, Диана Миленковска, Ташко Боцев, Фросина Крстевска, Стојан Прензоски, Добре Петревски, Александра Крстевска, Симона Трајковска, Бошко Софијанов, Огнен Тилиќ, Марија Талеска, Милош Смилковски, Дара Арсова, Душица Богданоска, Драгана Марковиќ, Мартина Сотировска, Наумче Проески, Бојан Тумановски, Марија Георгиевска, Лазар Костов, Дорис Митева, Димитар Јаќимоски, Марио Здравески, Ангела Саплиева, Елена Георгиевска, Нада Гаревска, Александра Аргировска, Илија Стојковски, Кристина Најдовска, Петар Димитров, Мери Забазноска, Димитар Смоковски, Теодора Маневска, Маја Митревска, Росица Младеновска Андоновска, Марија Пешевска, Лиса Баута, Марија Ѓорѓиевска, Звезда Тодоровска, Наташа Димитрова, Катерина Метулева, Елена Наскова, Стефан Камишевски, Александра Јанаќиевска, Марија Каранфиловска, Драган Нешкоски, Анета Станковска, Елена Ковачевска, Јана Јосифоска, Фатима Салифоска, Тања Панева, Сања Јовановиќ, Горан Поповски, Александра Станојковска, Драган Алчинов, Марија Јосифова, Дорјана Бојановска, Николина Новеска)**.....26-33

3. Рецензија на докторската дисертација **Говор на омраза во медиумското известување: анализа на печатени и електронски медиуми во Македонија** од **м-р Жанета Ќосе**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....34-39

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Ориентација, маркетинг-стратегија и план – основни бизнис-чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средните претпријатија на пазарот – со посебен осврт на индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија,** изработена од **м-р Тамара Јованов Марјанова,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....40-50
2. Рецензија на докторската дисертација **Систем на територијален маркетинг-стратешки елемент на развојот,** изработена од **м-р Надица Јовановска-Бошковска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....51-59

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебникот **Модели на воена организација,** од **д-р Синиша Даскаловски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....60-65

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Збирка решени задачи од математика 1,** за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет, од **авторите д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајловски, Томи Димовски,** пријавен на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.....66-69

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Рецензија на докторската дисертација **Подобрување на метролошките карактеристики кај дигитални мерни системи, базирани на временско-дигитална конверзија,** од м-р Живко Коколански, пријавена на Факултетот за електротехника и инфорациски технолоигии во Скопје.....70-75

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Дрита Узаири Хавзиу, Адријана Торбовска, Зоран Наков)**.....76
2. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Нели Трајковска)**.....76

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Р. Македонија,** изработена од **м-р Атанаско Атанасовски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....77-84

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметите: текстилни влакна 1, текстилни влакна 2, подготовка И доработка на текстил и облека, боење текстил и облека, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Игор Јорданов)**.....85-94

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Маја Матеска, Елена Ефтоска, Тони Стојмановски, Мишко Арсов, Нељат Бајрами)**.....95

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите нацртна геометрија и перспектива на Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет Скопје **(д-р**

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Основи на стоматолошката рендгенологија** од авторот **Марија Стевановиќ и соработниците,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....112-122

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебникот **Хистологија, градба на ткивата, усната празнина, респираторниот систем и органот за слух,** од авторите **Елида Митевска, Лилјана Миленкова,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....123-125

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите звања за научните области (дисциплине): дефендологија, цивилна одбрана и цивилен кризен менаџмент на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Сергеј Цветковски)**.....126-137

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК "КРСТЕ МИСИРКОВ"

1. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје **(д-р Фани Стефановска-Ристеска)**.....138-149
2. Реферат за избор во звањето научен советник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" **(д-р Наталија Андријевска)**.....150-155

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на вонреден професор по предметите општа и неорганска хемија и физичка хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Руменка Петковска)**.....156-171
2. Реферат за избор на доцент по група предмети од применета хемија и фармацевтски анализи на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Ана Поцева-Пановска, д-р Јасмина Тоник-Рибарска, д-р Катерина Брезовска)**.....172-219
3. Реферат за избор на доцент по група предмети од областа фармацевтска технологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Маја Симоноска Црцаревска)**.....220-243
4. Реферат за избор на вонреден професор по предметите од областа фармацевтска технологија и козметологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Марија Главаш-Додов)**.....244-268

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Сандра Петрушевска, Сања Петровска, Тања Петковска, Глигорие Ќатоски, Ивана Јованоска, Александар Огненовски, Љупка Делева Велковска, Божидар Јанковски, Катарина Величковска, Елма Никочевиќ, Аргенд Чиљафи, Тодорче Малезански, Екатерина Фурманова, Наташа Стојкова)**.....269-272

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Билјана Тримчевска, Фросина Ризов)**.....273

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Ана Јаќоска, Сашка Павловска, Душанка Златанова, Теодора Богојевска, Жаклина Петровска, Ивана Илиевска, Снежана Ристовска, Драгана Вељановска, Иван Јованов, Злата Анчевска, Владо Настевски, Газменд Илази, Даниела Стевоска, Никола Ѓорѓиоски, Веселинка Георгиевска, Емилија Димитријоска, Никола Михајлоски, Фатмир Амети, Лета Барџиева, Владимир Петровски, Трајче Јовановски, Светлана Војновска, Маја Крстеска, Наташа Димоска, Неда Малеска, Марија Манасиевска)**.....274-275
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Севиљ Муаремоска, м-р Астрид Оровчанец, м-р Тони Наумоски, м-р Јелена Јариќ, м-р Милена Авукатова)**.....276-277

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставникво сите наставно-научни звања по предметите биохемија и клиничка биохемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Марија Хиљадникова-Бајро)**.....278-289

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на насловен доцент во наставно-научната област математика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Весна Андова)**.....290-299

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК "КРСТЕ МИСИРКОВ"

1. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје (**д-р Весна Костовска**).....300-305
2. Реферат за избор во звањето научен советник во Одделението за ономастика при Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" (**д-р Мери Момировска**).....306-309

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Вангел Ајановски**).....310-325
2. Рецензија на докторската дисертација **Податочна фузија кај безжични сензорски мрежи,** изработена од **м-р Билјана Стојкоска**, поднесена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.....326-331
3. Реферат за избор на наставник во сите звања од областа на информатиката и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Владимир Трајковиќ**).....332-367

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Пристапот до финансирање на малите и средните претпријатија: улогата и интервенциите на државата,** изработена од **м-р Ефимија Димовска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....368-376

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија,** изработена од **м-р Александра Лозаноска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....377-384
2. Рецензија на докторската дисертација **Менаџирање со кредитните ризици за глобалните финансиски кризи,** изработена од **м-р Александар Дејановски,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....385-389
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Бобан Талевски, Борјана Стојкова, Даниел Јосифовски, Лидија Марков, Габриела Михајлова, Тони Михајловски, Бесим Небиу, Розалинда Стојова, Јулијана Соколова, Емилија Саздова-Руменова, Валентина Трпчевска, Тина Анастасова, Александар Мирковски, Иван Чепреганов, Надица Крцковска, Стојна Попоска, Кирјакула Стефаноска-Грумустеана, Игор Нанов, Светлана Каличанин, Марјан Ѓурчевски, Драгана Гокиќ, Сашо Михајловски, Лидија Калачевска**).....390-391

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка докторска дисертација на Природно-математикиот факултет во Скопје (**м-р Зенафер Бајмак**).....392
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математикиот факултет во Скопје (**Елена Јовановска, Маја Димитровска, Наташа Чипановска, Анита Диневска-Геговска, Методиј Богоевски, Ивица Костадиновски, Наташа Јосифовска, Наталија Томова, Татјана Мицевска, Тања Атанаскова, Елена Ангеловска, Антонио Бужаревски, Билјана Митрова, Каролина Русевска, Светлана Ангеловска**).....393-394

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по теориски основи на информатиката при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Весна Димитриевска Ристовска**).....395-407

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Односите меѓу Албанија и Кралството на СХС/Југославија 1918-1939 година,** од **м-р Исамедин Азизи,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....408-411
2. Реферат за избор во звање научен соработник на Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Ангелина Поповска**).....412-414

3. Реферат за избор во звањето научен соработник-доцент во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Јасминка Кузмановска**).....420-431
4. Реферат за избор во звањето научен соработник при Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Јордан Поп-Атанасов**).....432-436
5. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја во Скопје (**Фехми Ебиби**).....437

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Рецензија на докторската дисертација **Робусност на ставот на полухуманоиден робот во однос на надворешни нарушувања,** од м-р Весна Антоска, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.....438-444

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од областа на урбанизмот на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Слободан Велевски**).....445-459
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа на архитектонското проектирање, по предметите: Архитектонско проектирање 1 и Архитектонско студио, во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Марија Мано-Велевска**).....460-470

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ "ФИЗИКА ЗА АНЕСТЕЗИОЛОЗИ"

ОД АВТОРОТ Д-Р МИРЈАНА ШОШОЛЧЕВА

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ, Скопје, на својата XVI редовна седница одржана на 11.4.2013 година донесе одлука со која сум одреден за рецензент на ракопис за учебник под наслов ФИЗИКА ЗА АНЕСТЕЗИОЛОЗИ од авторот д-р Мирјана Шошолчева, научен советник.

Постапувајки по одлуката, во дадениот рок го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Податоци за ракопис:

Ракопис е печатен во формат А4 на 190 страници. Содржината е поделена на 14 поглавја и соодветен број поднаслови според наставните содржини. Во почетокот на текстот посветено е доволно простор на физичките величини, мерните единици и Меѓународниот систем на единици. Примената на физичките закономерности како и зависноста од поодделни физички параметри е прикажана преку експоненцијални функции што е добра илустрација на нивната важност во анестезијата (кривите на испирање преку кои се одредува дејството на одреден анестетик).

Во натамошниот текст се обработуваат основните законитости кај течностите и гасовите, гасните закони детално, појавите во хидростатиката и хидродинамиката како и мерењето на притисокот, температурата и волуменот како основни параметри што играат важна улога кај флуидите кои се користат во анестезиологијата. Така се објаснети функциите на различни гасни садови, цилиндри, доводни системи, проток, вакуум системите, централните станици за снабдување со анестезиолошки гасови, примената на медицински гасови итн.

Во следното поглавје се обработени основите на хидродинамиката, протокот на флуид низ цевки (крвни садови), притисоците кои се појавуваат, ламинарното и турбулентно движење и значењето во анестезиологијата. Во делот каде што се обработуваа топлинските појави, мерењето на температурата и нејзиното влијание кај пациентите, хипо и хипертермијата. Овие поглавја, покрај основните законитости, даваат и важен преглед на нивната примена во областа од интерес.

Во делот за електричество и магнетизам се опишани електричните својства на материјалите, законитостите кај права и наизменична струја, користењето на електрична струја во одделите за интензивно лекување, ризиците од примена на електричните уреди и заштитата. Опишани се принципите на работа на карактеристичните уреди, користењето на потенциометри, струјни мостови, некои микропроцесори што се применуваат во уредите за клиничка практика. Доволно прегледно се обработени системите за мерење на биоелектричните потенцијали во ЕКГ, ЕЕГ- системите како и електричните стимулатори за третман на болката.

Забелешки и сугестии за уточнување и подобрување на текстот од стручен и методски карактер.

Забелешките се однесуваат на различни аспекти на текстот и имаат за цел да се подобрат, да се уточнат, да се преуредат и да се прецизираат некои делови. Така, на пример:

-методолошки пристап кон теориските физички објаснувања кои служат како вовед во нивното коистење во анестезиологијата. Бидејќи не може комплетно да се изнесат во текстот, туку само нивните основи, добар дел од тие поглавја треба да се одвојат засебно, а другиот дел да оди независно... секогаш кога се воведува нов поим претходно да се даде воведно кратко објаснување (внатрешна енергија, температура, проток на флуиди, мостови, потенцијал и напон, права и наизменична струја, концепт на црна кутија итн.);

-користење на поими и термини кои се веќе усвоени во стандардните учебници по физика во нашата држава. Во овој сегмент има најмногу забелешки. Да се одбегнуваат термини кои се произволни преводи од странска литература;

-користење на единици од СИ - системот секаде каде што е можно. Дефинирањето на единиците да биде според СИ - системот (посебно кај електричните величини и единици);

-придржување на конвенциите за обележување на величини, единици, варијабли итн;

-стандардно обележување на слики и графици, како и акти, ако се преземени од друга книга;

Постапувајќи по Одлуката со која сум назначен за рецензент според која сум должен своите забелешки и сугестии за корекции да ги соопштам на авторката, направен е детален список и во дискусија со авторката констатирав дека постои спремност тие да се внесат во текстот, дури искажана е волја за натамошна соработка со единствена цел ракописот да биде што е можно подобар, со што студентите ќе добијат учебник кој во најголема мера ќе одговори на нивните потреби.

Оцена за ракописот и заклучок.

Авторот вложил значителен труд да ги обработи сите делови на предвидената предметна програма за предметот физика за анестезиолози и сметам дека текстот одговара на својата намена, во прв ред за специјализантите од областа на анестезиологијата со интензивна нега, но и за други кои се интересираат да ги продлабочат своите знаења од областа на анестезиологијата и реанимацијата. Ова е стручен текст кој има своја одредена намена. За поздравување е напорот оваа материја да се обработи во форма на учебник кој сигурно им е потребен на профилите што пред малку ги споменав. Верувам дека прифатените сугестии што погоре се изнесени ќе бидат корисни да се создаде логичка целина каде што изнесените физички законитости во дадена област ќе бидат добар вовед во делот каде што се опишани методите и уредите што се користат во анестезиологијата.

Ракописот „Физика за анестезиолози“ од авторката н. сов. д-р Мирјана Шошолчева претставува солиден придонес кон литературата од областа на примената на физиката во едно специфично подрачје на медицината. Напишан е на разбирлив јазик, коректно се изнесени основните сознанија од оваа област, без непотребни проширувања така што студентите успешно ќе го користат. Тоа е доволно да му препорача на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да донесе одлука да се печати овој ракопис како учебник за специјализантите по анестезиологија со интензивна медицина.

Рецензент

Проф. д-р Доне Гершановски, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Иво Лазаревиќ	Влијание на ЕРП софтверот врз редизајнирање на бизнис процесите со посебен осврт на еконет”	проф. д-р Љубомир Дракулевски
Никола Брдаров	„Организациски конфликти и стратегии за нивно решавање”	проф. д-р Љубомир Дракулевски
Анета Дамјановска	„Односите со вработените како важен дел од општествената одговорност на претпријатијата”	проф. д-р Кирил Постолов
Ема Топочова	„Детерминанти на каматни стапки и каматни распони (искуството на Република Македонија)”	проф. д-р Михаил Петковски
Катерина Љушева	„Берзи и берзански операции”	проф. д-р Михаил Петковски
Надица Тониќ	„Успешноста во работењето на домашните наспроти странските банки во земјите во транзиција – компаративна анализа”	проф. д-р Горан Петревски
Јован Аслимоски	„Улогата на големите банки од ЕУ во банкарските системи на Југоисточна Европа (ЈИЕ) во периодот на финансиската и фискалната криза 2007–2011 година”	проф. д-р Владимир Филиповски
Сања Мигуловска	„Монетарната политика на Европската централна банка – досегашни постигнувања и идни перспективи”	проф. д-р Михаил Петковски
Дарко Николовски	„Бизнис модели базирани на слободен софтвер за мали и средни претпријатија во Република Македонија”	проф. д-р Сашо Јосимовски
Владимир Ќосевски	„Улогата на информациските технологии во менаџментот на синџирот на снабдување”	проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска

Сијче Печкова	„Методи за предвидување на приносите и волатилноста на финансиските пазари"	доц. д-р Драган Тевдовски
Дритон Демири	„Улогата на јавно-приватното партнерство во развојот на инфраструктурата во локалната самоуправа – студии на случај во Р. Македонија".	проф. д-р Пеце Недановски.
Биљана Литковска	„Миграциските политики и пазарот на труд на Европската унија".	академик Гоце Петрески
Лилјана Толевска	„Маркетинг стратегии во фазите на животниот циклус на киселомлечните производи во млекопреработувачката индустрија во Република Македонија"	проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ДЕЛОВНОТО РАЗУЗНАВАЊЕ КАКО АЛАТКА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ИЗВОРИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА“,

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДРАГАН ШУТЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлуката бр. 02-1255/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, донесена на 30.5.2013 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов: „Деловното разузнавање како алатка за одредување на изворите на организациските промени во малите и средните претпријатија”, во состав:

- проф. д-р Радмил Поленаковиќ, (ментор) Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- проф. д-р Тодор Кралев, редовен професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во пензија;
- проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- проф. д-р Валентина Гечевска, Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По деталниот увид во докторската дисертација, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Драган Шутевски, дипл. маш. инж., претставува самостоен научен труд од областа на менаџментот каде што се обработуваат факторите кои претставуваат извор на организациските промени во организацијата. Притоа, се користи процесот на деловно разузнавање за навремено детектирање и иницирање на организациските промени. Врз основа на анализа на литературата се дефинирани факторите на организациски промени, во практичната анализа спроведена во малите и средните претпријатија во Република Македонија е определен интензитетот (влијанието) за потребата од иницирање на организациски промени, а како клучен придонес од дисертацијата е предложен процес на деловно разузнавање кој може да се користи во малите и средните претпријатија за иницирање на организациски промени врз основа на добиените фактори од анализата на внатрешната и надворешната околина.

Докторската дисертација е изложена на 273 страници, вклучувајќи ги и прилозите, со 127 илустрации и графикони и 42 табеларни прикази. Пописот на литературата содржи 91 релевантна библиографска единица.

Содржината на докторската дисертација е компонирана во 5 главни поглавја со соодветни потпоглавја, заклучок со насоки за понатамошни истражувања, библиографија и прилози. На крајот на секое поглавје е дадена литературата која е користена во тоа поглавје. Структурата на докторската дисертација е следна:

1. Вовед
2. Методологија на истражувањето
   1.1. Избор на истражувачки методи и техники
   1.2. Тестирање на истражувачки методи и техники во пилот-организации
   1.3. Корегирање и конечно оформување на истражувачки методи и техники
   1.4. Реализација на истражувањата
   1.5. Анализа, интерпретација и коментар на резултатите
   1.6. Верификација на добиените резултати
   1.7. Текстуална разработка на резултатите од истражување
3. Дефинирање на клучни поими
   3.1. Деловно разузнавање
   3.2. Организација
   3.3. Организациска култура
   3.4. Промени
   3.5. Организациски промени
4. Преглед на литература
   4.1. Организациски промени
   4.2. Деловно разузнавање
5. Анализа, интерпретација и коментар на резултатите
   5.1. Листа на релевантни фактори кои претставуваат извори на организациските промени систематизирани согласно со интензитетот на нивното влијание врз организациските промени
   5.2. Меѓузависност на фактори кои претставуваат извори на организациски промени
   5.3. Постојниот начин на идентификација на овие фактори во малите и средните претпријатија
   5.4. Постоење - непостоење на концептот на деловно разузнавање во малите и средните претпријатија
   5.5. Односот помеѓу "успешните" и "неуспешните" претпријатија во однос на користење на концептот на деловно разузнавање во процесот на навремено откривање на изворите на организациски промени
   5.6. Разлики помеѓу теоретските претпоставки добиени со анализа на литературата и реализираното истражување на "терен"
6. Заклучок и предлози за понатамошни истражувања
7. Литература
8. Анекси

Во **воведниот дел** од докторската дисертација, кандидатот ги презентира основните поставки на кои го темели своето истражување, при што се изнесени причините за потребата за реализацијата на едно вакво истражување. Авторот преку презентација на реален пример, како и елаборирање на резултати од меѓународни истражувања ја презентира значајноста од навременото иницирање на организациски промени во самите претпријатија. Мотото што се проткајува низ целата дисертација е пораката дека организациите мораат на систематски начин да го следат поширокото опкружување и да преземаат активности за да се приспособат на новите „услови на игра". Деловното разузнавање се потенцира како силна алатка која може да послужи за откривање и следење на факторите на промени. На крајот од воведниот дел авторот ги наведува причините зошто е значајно познавањето на изворите на организациските промени за менаџментот во организацијата.

Второто поглавје се однесува на методологијата на истражувањето. Генерално, методологијата којашто авторот ја развива и ја применува во истражувањето е опишана и презентирана преку следниве етапи:

1. Анализа на теоретски расправи од литература во однос на фактори кои претставуваат причинители на организациските промени и формирање на методологија за истражување.
2. Избор на истражувачки методи и техники:
   - снимање на тековна состојба;
   - спроведување на интервјуа;
   - формирање на анкетни прашалници;
   - избор на математичко-статистички методи и техники;
   - избор на софтверски пакет за обработка на податоците;
   - тестирање на истражувачки методи и техники во "пилот" организации.
3. Коригирање и конечно оформување на истражувачките методи и техники.
4. Реализација на истражувањата.
5. Анализа, интерпретација и коментар на резултатите добиени со истражувањето.
6. Верификација на добиените резултати.
7. Текстуална разработка на резултатите од истражувањата.

Третото поглавје авторот го посветува на дефинирање на клучните поими и процеси кои се користат во истражувањето (деловно разузнавање, организација, организациска култура и организациски промени). При дефинирање на терминот деловно разузнавање, авторот го проучува деловното разузнавање преку презентација на три пристапи на суштината на деловното разузнавање: воен, ИТ и деловен контекст. Забележително е користење на повеќе литературни извори при дефинирање на деловното разузнавање, при што авторот презентира дефиниции и дава коментари за корисноста и значењето на дефиницијата во расветлување на поимот деловно разузнавање во функција на целите на оваа дисертација. При анализа на дефинициите од секој пристап дадено е заклучно согледување за најкарактеристичните елементи од повеќето дефиниции. Во посебно потпоглавје авторот ги сублимира резултатите од анализата на повеќето дефиниции за деловното разузнавање и го дефинира поимот за целите на оваа дисертација, при што презентира и резултати од истражување спроведено во 15 мали и средни претпријатија за да провери што тие сметаат дека претставува деловното разузнавање. Во продолжение на третото поглавје, авторот преминува на дефинирање на организациските промени, при што најпрво презентира бројни пристапи во дефинирањето на организацијата за потоа да навлезе и во теоријата на отворени системи, организациската култура и промени и организациските промени

преку дефинирање на организацискиот развој, организациската транзиција и трансформација, како и подобрувањето. Забележително е дека авторот користи широк спектар на научна литература и се повикува на голем број научни сознанија во подрачјето на организациските промени, при што дава коментар на нив во однос на користењето за целите поставени пред истражувањето.

Во **четвртото поглавје**, авторот презентира детален преглед на литературата, во кое подлабоко навлегува во проблематиката на организациските промени и деловното разузнавање. Оваа поглавје, всушност, претставува основното теоретското истражување за клучните поими во докторската дисертација. Преку анализа на литературата авторот дава преглед на различни пристапи и теории поврзани со двата клучни предмета на истражување (организациски промени и деловно разузнавање). Сепак, фокусот е ставен на дефинирање на факторите кои претставуваат извори на организациски промени, како и на препознавањето и елаборирањето на различните процеси на деловно разузнавање. Оваа поглавје започнува со анализа на литературата во поглед на организациските промени при што авторот постепено ја започнува својата елаборација со објаснување на различните видови организациски промени. Авторот дава своја сопствена класификација на организациските промени која претставува проширување на концептот изведен од проучување на литературата. Претходно, во овој дел детално се објаснети 4 модели на организациски промени при што се бара и врската со изворите на организациски промени и можната улога на деловното разузнавање во нејзиното користење. Авторот ги презентира следниве модели на организациски промени:

- Burke-Litwin-овиот модел на организациски промени;
- моделот на „природни" организациски промени;
- Kotter-овиот модел на организациски промени во 8 чекори;
- Lewin-Schein-овиот модел на организациски промени.

Авторот го продолжува прегледот на литературата со едно обемно истражување на литературата во однос на факторите кои претставуваат извори на организациски промени. Во овој дел од трудот се презентирани голем број на цитати од повеќе литературни извори кои се проследени со коментар од страна на авторот во однос на реализација на целите поставени пред истражувањето. Резултатите од оваа анализа водат до идентификација на 31 фактор кои претставуваат извори на организациски промени подредени согласно со влијанието кое се базира на број на појавувања на секој фактор во анализираната литература од страна на авторот. Секој од добиените фактори е опишан и графички е презентирано групирањето и регрупирањето на различните фактори изведени во литературата. Понатаму, во овој дел од третото поглавје се дадени заклучни согледувања при што врз основа на Парето-анализа авторот ги идентификува петте најважи фактори како извори на организациски промени и врз основа на тоа дава јасен предлог за приоритизација во однос на следење на секој од факторите од страна на организациите. Сознанијата од оваа истражување и анализа на литературата, понатаму се користат како основа за спроведување на истражувањето на „терен".

При анализа на литературата поврзана со деловното разузнавање, хронолошки е презентиран историскиот развој на деловното разузнавање при што авторот тргнува од праисторискиот период, па доаѓа до денешните случувања во подрачјето на предметната проблематика. Во овој дел авторот опишува практичен модел кој е користен од негова страна во анализа на 10.000 страници текст собран од електронски

медиуми за извлекување на знаење и креирање на разузнавачки производ. Фокусот на истражувањето на авторот е на деловното разузнавање како процес при што користи пристап на анализа на повеќе литературни извори кои се проследени со соодветни коментари, за врз основа на спроведените анализи на литературата авторот да предложи модел на процес на деловно разузнавање во кој се инкорпорирани и изворите на организациските промени. Анализата на литературата во однос на деловното разузнавање продолжува со анализа на изворите на информации за процесот на деловно разузнавање, при што се забележува дека авторот користи голем број на литературни извори за да ги презентира различните научни ставови во поглед на оваа подрачје. На крајот на четвртото поглавје, авторот презентира развоен модел кој треба да ги сумира изворите на информации кога станува збор за петте најприоритетни извори на организациски промени.

Петтото поглавје во дисертацијата се однесува на презентирање и интрепретација на резултатите од спроведеното истражување во 130 мали и средни претпријатија во Република Македонија. Авторот во ова поглавје дава конечна листа на релевантни фактори кои претставуваат извори на организациски промени систематизирани согласно со интензитетот на нивното влијание врз организациските промени и ги презентира фреквенциите со крива на распределба. Врз основа на анализа на меѓузависноста на факторите, како и останатите варијабли на организацискиот дизајн и процесот на деловното разузнавање кој се користи во малите и средните претпријатија во кои е реализирано истражувањето, кандидатот извлекува заклучоци кои се во корелација со поставените цели на истражувањето. Во истото поглавје се презентирани резултатите за постојниот начин на кој се идентификуваат факторите кои претставуваат извори на организациските промени во анализираните мали и средни претпријатија во Република Македонија. Притоа, авторот го анализира самиот процес, квалитетот на информациите, како и изворите на информации кои се користат во процесот на деловно разузнавање, а се својствени за малите и средните претпријатија во Република Македонија.

За да го провери односот помеѓу "успешните" и "неуспешните" претпријатија во однос на користење на концептот на деловно разузнавање и информацисko-комуникациката технологија во процесот на навремено откривање на изворите на организациски промени, авторот применува корелациона анализа со Pearson-ов коефициент на корелација, во однос на нето - добивка/загуба, приходи од продажба и вкупна актива како и дополнителни показатели поврзани со финансиското работење на претпријатието, како и во однос на параметри поврзани со вработените во организацијата.

Во **шестото - последно поглавје,** авторот ги сумира своите теоретски и практични согледувања, при што дава и предлозите за понатамошни истражувања во оваа подрачје. Истражувањата потврдија дека во нашата држава малку се знае за концептот на деловно разузнавање и дека само мал број на фирми го користат во функција на откривање на промените кои настануваат во околината на организацијата. За очекување е дека предложениот модел на кандидатот Шутевски ќе најде голема употребна вредност во организациите во Република Македонија.

На крајот од докторската дисертација е поместена користената литература, додека во прилозите се дадени анкетните прашалници и табеларните прикази на дел од резултатите од истражувањето.

Врз основа на деталниот преглед и анализа на приложениот докторски труд, Комисијата го донесува следниов

ЗАКЛУЧОК

Кандидатот м-р Драган Шутевски подготвил квалитетен и оригинален научно-истражувачки труд од областа на менаџментот. Во докторската дисертација **„Деловно разузнавање како алатка за одредување на изворите на организациските промени во малите и средните претпријатија“**, базирајќи се на комплексно научно-теоретско истражување на светската литература од предметната проблематика и реализираното практично истражување во голем број на мали и средни претпријатија во Република Македонија, м-р Шутевски презентира моќна алатка/метода (деловно разузнавање) која на стопанските субјекти може да им овозможи полесно овладување и менаџирање на организациските промени.

Користејќи комбинирана научноистражувачка методологија, која вклучува анализа на литературата на битните влијателни фактори за организациските промени, (при што кандидатот прави одлична систематизација на овие фактори), па преку спроведеното теренско истражување и формирањето на математички модел за анализа на резултатите, авторот успеал да направи синтеза и да донесе оригинални заклучоци врз кои го темели процесот на деловно разузнавање заради навремено откривање на изворите на организациски промени во компаниите

Презентираниот материјал во докторската дисертација, направените анализи и изведените заклучоци го карактеризираат м-р Драган Шутевски, дипл. маш. инж., како упорен истражувач, со огромна работна енергија и способност да решава сложени проблеми од полето на менаџментот, со посебен фокус на полето на организациските промени и процесите на деловното разузнавање.

Имајќи го предвид сето горе кажано, Комисијата со задоволство заклучува дека докторската дисертација на кандидатот м-р Драган Шутевски, дипл. маш. инж., претставува успешен, самостоен и оригинален научноистражувачки труд и му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на дисертацијата.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ с.р.
2. Проф. д-р Тодор Кралев с.р.
3. Проф. д-р Ванчо Донев с.р.
4. Проф. д-р Роберт Миновски с.р.
5. Проф. д-р Валентина Гечевска с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ФИЗИКАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-609/3 од 8.V 2013 год. донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, одржана на 25.IV 2013 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа на физиката на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Конкурсот за овој избор-повторен избор беше објавен во весниците "Дневник" и "Коха" од 28.III 2013 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Ламбе Барандовски, асистент на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатот м-р Ламбе Барандовски е роден на 24.VI 1978 година во Битола. Основното и средното образование ги завршил во Ресен со континуиран одличен успех (5,00), а во учебните 1992/93 и 1996/97 е прогласен за ученик на генерацијата. За време на основното и средното образование учествувал на низа натпревари од областа на физиката и математиката каде што бил наградуван и пофалуван. Од наградите посебно треба да се издвои првата награда на Регионалниот и Државниот натпревар по физика, група оптика, атомска и нуклеарна физика. Во 1997 година ја претставувал Република Македонија на Олимпијадата по физика којашто е одржана во Садбери, Канада. На групата за физика (насока: применета физика) на Природно-математичкиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1997/98 година, а во учебната 1999/2000 паралелно се запишал и на наставната насока по физика. Дипломирал во 2004 година со среден успех 9,72 и се стекнал со звањето дипломиран инженер по физика. Во учебната 2007/2008 година се запишал на постдипломските студии на Институтот за физика, на насоката за теориска физика, каде што по положувањето на сите предвидени испити (среден успех 9,75), овие студии ги завршил во 2009 година со одбрана на магистерската работа под наслов „Биомониторинг на загадувањето на воздухот во Република Македонија со тешки метали со примена на неутронска активациона анализа". Во 2011 година, Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје ја одобри изработката на докторска дисертација на м-р Ламбе Барандовски под наслов: „Примена на пасивен биомониторинг и на неутронската активациона анализа во следење на депозицијата на елементите во траги во воздухот во Република Македонија" која се работи под менторство на проф. д-р Марина Фронтасјева, од Обединетитот институт за нуклеарни истражувања, Дубна, Русија и коменторство на проф. д-р Трајче Стафилов од ПМФ-Скопје.

Во 2003 година м-р Ламбе Барандовски бил ангажиран како демонстратор на Институтот за физика при ПМФ во Скопје, во 2005 година бил вработен како помлад асистент на Институтот за физика, а во 2011 е избран во звањето асистент.

Во текот на студрирањето и потоа, м-р Ламбе Барандовски реализирал поголем број на студиски престои во научни институции во различни земји:

- Аристотел – универзитетот во Солун, Грција (2000);
- Обединетиот институт за нуклеарни истражувања, Франкова лабораторија за физика на неутроните, Дубна, Русија (2002, 2003, 2006 и 2012);
- Норвешкиот универзитет за наука и технологија, Институт за хемија, Трондхеим, Норвешка (2004);
- Институт за применета екологија (ОИКОН), Загреб, Хрватска (2006);
- Геолошки институт, Љубљана, Словенија, (2007);
- Институт за физика, Природно-математички факултет, Загреб, Хрватска (2007).

М-р Ламбе Барандовски, исто така, има освоено и неколку награди:

- најдобар научен труд од областа "Nuclear methods in Life Science", VII конференција на млади научници и специјалисти на Русија, Дубна, Русија (2003);
- најдобро изработена дипломска работа на студиите по физика при Природно-математичкиот факултет во учебната 2004 година;
- втора награда на конкурсот за научни, методски и применети трудови на Обединетиот институт за нуклеарни истражувања, Лабораторија за физика на неутроните во 2006 година, за трудот со наслов: Изучение воздушных загрязнений в Македонии с применением метода мхов-биомониторов, НАА, ААС И ГИС-технологий.

Наставно-образовна дејност

М-р Ламбе Барандовски бил вклучен во наставната активност на Институтот за физика при ПМФ во Скопје како демонстратор од 2003 до 2005 година, а од 2005 и како помлад асистент и асистент во изведувањето на нумерички и лабораториски вежби во повеќе предмети, и тоа: атомска и нуклеарна физика, нуклеарна физика со физика на елементарни честици, нуклеарна физика, физика и заштита на животната средина, дозиметрија и заштита од зрачење, биофизика, радијациона физика, атомска физика и осцилации и бранови (за студенти од група физика), вовед во атомска и нуклеарна, физика 3 и електромагнетизам и оптика (за студенти од група математика-физика), физика 4 (за студенти од група математика), физика Б ниво (за студенти од група аналитичка биохемија), физика (за студенти од група биологија-хемија), радијациона физика (за студенти од Медицинскиот факултет), биофизика (за студенти од Фармацевтскиот факултет) и биофизика (за студентите од Шумарскиот факултет).

Научноистражувачка дејност

М-р Ламбе Барандовски од својата досегашна научноистражувачка и стручна работа има објавено 1 книга, 8 научни и 4 стручни трудови (од кои 3 во списанија со фактор на влијание – IF), а има и остварено 24 презентации на научни собири во земјата и во странство и одржано 3 научно-популарни предавања. Тој има учествувано и во реализацијата на 10 научноистражувачки и технички проекти. При тоа, во реизборниот период има објавено 2 труда во научни списанија со IF, 9 презентации на научни собири и учество во реализацијата на 5 научноистражувачки проекти.

Објавени научни трудови:

1. L. Barandovski, M. Cekova, M.V. Frontasyeva, S.S. Pavlov, T. Stafilov, E. Steinnes, V. Urumov, Biomonitoring of air pollution by heavy metals in the Republic of Macedonia, *3rd International Workshop on the Project "Anthropogenetic Effects on the Human Environment in the Tertiary Basins in the Mediterranean"*, Štip, *Proceedings*, pp. 5–16 (2005).
2. L. Barandovski, M. Cekova, M.V. Frontasyeva, S.S. Pavlov, T. Stafilov, E. Steinnes, V. Urumov, Air pollution studies in Macedonia using the moss biomonitoring technique, NAA, AAS and GIS technology, *JINR Preprint*, E18-2006–160, Dubna, 2006.
3. Z. Špirić, M.V. Frontasyeva, T. Stafilov, L. Barandovski, S.F. Gundorina, T.M. Ostrovnaya, D. Bukovec, Z. Mesić, Moss as bioindicator of air pollution, *5th Croatian conference "Air Protection 2007"*, Zadar, 2007, K. Sega (ed.), *Book of Papers*, pp. 251-256, Zagreb, 2007.
4. H. Harmens, D. Norris, J. Aboal Viñas, R. Alber, Y. Aleksiayenak, M. Ashmore, L. Barandovski, T. Berg, R. Bermejo, O. Blum, A. Carballeira Ocaña, A. Çayir, Ma. Cokun, Mü. Cokun, M. Dam, H. Dieffenbach-Fries, D. Elustondo, E. Ermakova, A. Fernández Escribano, M. Florek, M. Frolova, M. Frontasyeva, L. Galsomiès, B. Godzik, L. González-Miqueo, K. Grodziska, K. Grodziska, K. Jarvis, Z. Jeran, C. Jordan, P. Kapusta, J. Karhu, M. Krmar, E. Kubin, K. Kvietkus, E. Lasheras, S. Leblond, S. Liiv, A. Lloyd, B. Makovská, S. Marinova, S.H. Magnússon J. Meresova, O. Nikodemus, T. Olsson, J. Oszlanyi, Y. Pankratova, R. Pesch, J. Piispanen, J. Poikolainen, D. Radnovich, C. Rausch–de Traubenberg, A. Riss, Å. Rühling, J.J.M. Santamaría, L. W. Schröder, Z. Spiric, T. Stafilov, E. Steinnes, Ly. Strelkova, I. Suchara, J. Sucharová, G. Szarek-Ukaszewska, K. Szymon, G. Tabors, L. Thöni, De Temmerman, H. Uggerud, V. Urumov, L. Yurukova, K. Vergel, H. Zechmeister, Spatial and temporal trends in heavy metal accumulation in mosses in Europe (1990-2005), H. Harmens and D. Noris, eds., Programme Coordination Centre for the ICP Vegetation, Centre for Ecology & Hydrology, Natural Environment Research Council, Bangor, UK, 2008.
5. L. Barandovski, M. Cekova, M.V. Frontasyeva, S.S. Pavlov, T. Stafilov, E. Steinnes, V. Urumov, Atmospheric deposition of trace element pollutants in Macedonia studied by the moss biomonitoring technique, *Environmental Monitoring and Assessment*, **138**, 107-118 (2008). (IF=1,4)
6. Л. Барандовски, Биомониторинг на загадувањето на воздухот во Република Македонија со тешки метали со примена на Неутронска активациона анализа, магистерска работа, ПМФ, Скопје, 2009.
7. L. Barandovski, M. V. Frontasyeva, T. Stafilov, R. Šajn, S. Pavlov, V. Enimiteva, Trends of atmospheric deposition of trace elements in Macedonia studied by the moss biomonitoring technique, *Journal of Environmental Science and Health, Part A*, **47**(13), 2000-2015 (2012). (IF=1,19)
8. L. Barandovski, T. Stafilov, R. Šajn, M. V. Frontasyeva, K. Bačeva, Air pollution study in Macedonia by using moss biomonitoring technique, ICP-AES and AAS, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, **32**(1), (2013), in press. (IF=1,079)

Објавена книга

1. Г. Апостоловска, Л. Барандовски, *Физика и заштита на природната средина*, Темпус - проект "Истражување на пазарот на трудот за потребите

на различни профили на физичари“, Институт за физика, Природно-математички факултет, Скопје, 2006, стр. 83.

Стручни трудови

1. Л. Барандовски, Неутронска активациона анализа, Импулс, **50**, 4-7, 2004.
2. Л. Барандовски, Дали ИТЕР ќе биде последниот чекор кон решавањето на енергетската криза, XXX школа „Млади физичари“ „Ајнштајн и по него“, стр. 40-47, 2005.
3. Л. Барандовски, Столетието на Ајнштајн, Ајнштајновата чудесна 1905 година, стр. 119-124, Скопје, 2005.
4. Л. Барандовски, Принципи за забрзување на честици. Акцелератори на честици, XXXIII школа „Млади физичари“, стр 1-14, 2008.

Учество во реализација на научноистражувачки и технички проекти

1. Едукативен TEMPUS - проект “Application of Computers in Continuing Physics Education”, раководен од проф. д-р Благоја Вељаноски.
2. Едукативен TEMPUS - проект, Updating of training and retraining of physics teachers, JEP-13576-98, под раководство на проф. д-р Виктор Урумов.
3. Едукативен TEMPUS - проект „Investigations in Market Needs of Various Physics Study Profiles: A New Supplement Diploma“, под раководство на проф. Д-р Олга Галбова (2005-2006).
4. Научен проект финансиран од Владата на Република Македонија, „Изучување на атмосферската распространетост на тешки метали во Р Македонија со помош на мов-биомониторинг техника“, под раководство на проф. д-р Виктор Урумов (2006-2009).
5. Технички проект на Меѓународната агенција за атомска енергија, „ Надградба на едукативната лабораторија за нуклеарна физика „Upgrading the Training Laboratory for Nuclear Science“ (MAC 0004), (2006-2009).
6. Технички проект на Меѓународната агенција за атомска енергија, „ Надградбана едукативната лабораторија за нуклеарна физика, втора фаза „Upgrading the Training Laboratory for Nuclear Science“ (MAC 0005), (2009-2011).
7. Регионален проект на Меѓународната агенција за атомска енергија “Improving Educational and Training Capabilities in Nuclear Science and Applications”, (RER/0/028).
8. Регионален проект на Меѓународната агенција за атомска енергија „Supporting air quality menagement“ (RER /1/008).
9. Регионален проект на Меѓународната агенција за атомска енергија „Supporting quality assurance for the measurment and monitoring of radioactivity in the environment“, (RER /0/033).
10. Национален проект финансиран од УКИМ, „Проучување на дистрибуцијата на радионуклиди и тешки метали во почви и во атмосферата во некои региони во Република Македонија“, под раководство на доц. д-р Весна Гершан, (2011-2012).

Презентирани трудови на научни и стручни собири

1. L. Barandovski, *Finite differences,* Summer Academy – Petrovac, Montenegro, organized by the University of Erlangen – Nuremberg and supported by DAAD, 31.8-11.9.2002, Petrovac, Montenegro.

2. Л. Барандовски, Биомониторинг атмосферных выпадений тяжелых металлов в Македонии с помощью НАА и ГИС – технологий, *VII Conference of Young Scientists and Specialists of Russia*, Proceedings, p. 289, 2.02-6.02.2003, Dubna, Russia.
3. L. Barandovski, M. Cekova, V. Urumov, M.V. Frontasyeva, S.S. Pavlov, A. S. Sazonov, E.A. Povtoreiko, Air pollution studies in R. Macedonia using moss biomonitoring technique, neutron activation analysis and GIS technology, *XII International Conference on Selected Problems of Modern Physics, Programme & Abstracts*, p.142, 8-11.06.2003, Dubna, Russia.
4. Л. Барандовски Дали ИТЕР ќе биде последниот чекор кон решавањето на енергетската криза, Школа „Млади физичари", 2005, Институт за физика, ПМФ, Скопје, Македонија.
5. В. Поповска, Л. Барандовски, М. Цекова, М. В. Фронтасјева, С. С. Павлов, Е. Стеинес, Т. Стафилов, В. Урумов, Биомониторинг на загадувањето на воздухот во Република Македонија со олово, цинк и кадмиум, *Шести конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, Изводи од соопштенијата*, стр. 32–33, Скопје, 2005.
6. L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, S. S. Pavlov, T. Stafilov, E. Steinnes, V. Urumov, Air pollution studies in the Republic of Macedonia using the moss biomonitoring technique, INAA, AAS and GIS technology, *3rd Balkan Conference of Environment "Sustainable Development: Theory and Action", Book of Abstracts*, Katerini, Greece, 2006.
7. T. Stafilov, L. Barandovski, M. V. Frontasyeva, S. S. Pavlov and V. Urumov, The application of moss biomonitoring for study of air pollution with heavy metals using neutron activation analysis and absorption spectrometry: The results from the study in the Republic of Macedonia, *3rd National Symposium on Analytical Chemistry*, Abstracts, p. 2, 5-7.07-2006, Canakkale, Turkey.
8. L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, T. Stafilov, E. Steinnes, V. Urumov, Air pollution studies in R. Macedonia using moss biomonitoring technique, Renewable Energy Sources And Environment-Multidisciplinary Aspect, Book of Abstracts, p.46-47, Vrnjačka Banja, Serbia, 17-24.10.2006.
9. L. Barandovski, Biomonitoring of the air pollution in Macedonia using moss samples and NAA, *VII конференција на физичарите на Република Македонија*, 21.09-24.09.2006, Охрид, Македонија.
10. T. Stafilov, L. Barandovski, V. Enimiteva, M. V. Frontasyeva, S. S. Pavlov, V. Urumov, Moss biomonitoring for air pollution with heavy metals using INAA and AAS. The results from the study in the Republic of Macedonia, *7th International Symposium and Summer School on Bioanalysis*, Abstracts, p. 57, Pécs, Hungary, 2007.
11. Z. Spiric, M. V. Frontasyeva, T. Stafilov, L. Barandovski, V. Enimiteva, D. Bukovec, Z. Mesic, Environmental and health consequences of mercury air pollution, ISTERH/NTES/HTES 2007 Conference *"Trace elements in Diet, Butrition and Health: Essentiality and Toxicity", Book of Abstract*, 97-98, Crete, Greece, 2007.
12. L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, S.S. Pavlov, V. Urumov, Air pollution in the Republic of Macedonia: Moss biomonitoring study-2005, 20th Task force meeting of the ICP vegetation, Abstracts, p. 49, Dubna, 5-9.03.2007.
13. Z. Špirić, M. V. Frontasyeva, T. Stafilov, V. Enmiteva, L. Barandovski and V. Urumov, Atmospheric deposition of Cd, Hg, and Pb in Croatia and neighbouring countries: Assessment based on moss analysis, *21st Task Force Meeting of the UNECE ICP Vegetation, Abstracts* (Harry Harmens, Ed.), p. 38, Oulu, Finska, 26-29.022008.

14. T. Stafilov, M. V. Frontasyeva, L. Barandovski, V. Enimiteva, S. S. Pavlov, V. Urumov, Biomonitoring of air pollution using AAS and NAA: The Republic of Macedonia case study, *International Conference on Chemistry "Green and Sustainable Chemistry for Developing Countries"*, Abstracts, p. 19, Cairo, 3-6.03.2008.
15. E. Steinnes, M.V. Frontasyeva, L. Barandovski, M. Coskun, M. Krmar, S. Marinova, S.S. Pavlov, Z. Spiric, T. Stafilov, V. Urumov, L. Yurukova, Assessment of trace metal air pollution in some Balkan countries based on large scale moss biomonitoring, *5th International Workshop on Biomonitoring of Air Pollution*, Buenos Aires, Argentina, Book of Abstract, BM09100, 20-24.09.2009.
16. T. Stafilov, L. Barandovski, Z. Pančevski, M.V. Frontasyeva, R. Šajn, Monitoring of the pollution with heavy metals using INAA, ICP-AES and AAS. The results from the studies in the Republic of Macedonia. *International Symposium on In Situ Nuclear Metrology as a Tool for Radioecology (INSINUME'2010)*, Book of Abstracts, p. 23, 20-23.10.2010, Dubna, Russia.
17. L. Barandovski, Nuclear science at the Institute of Physics, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Skopje, Republic of Macedonia, Регионална работилница за подобрување на образованието и праксата за нуклеарни аналитички техники (Regional Workshop on Improvement of Education and Training in Nuclear Analytical Techniques), Регионален проект "Improving Educational and Training Capabilities in Nuclear Science and Applications", (RER/0/028), Меѓународната агенција за атомска енергија, 6-8.06.2011, Атина, Грција.
18. L. Barandovski, Education and carrier opportunities for nuclear professionals in the Republic of Macedonia, Анализа на можностите за вработување и развој на кариерата за професионалци од нуклеарните науки (Exploring job opportunities and carrier development for nuclear professionals), Работилница организирана во рамки на регионалниот проект "Improving Educational and Training Capabilities in Nuclear Science and Applications" (RER/0/028) на Меѓународната агенција за атомска енергија, 6-8.09.2011, Љубљана, Словенија.
19. L. Barandovski, Biomonitoring of air pollution in Macedonia, Регионален тренинг курс за земање на примероци од воздух и нуклеарни аналитички карактеризации на честичните загадувачи во воздухот, вклучувајќи обезбедување на квалитет и контрола на квалитет (Regional Training Course on Air sampling and Nuclear Analytical Characterisation of Atmospheric Particulate Matter (APM), including Quality Assurance/Quality Control (QA/QC)), работилница организирана во рамки на регионалниот проект „Supporting air quality menagement" (RER /1/008) на Меѓународната агенција за атомска енергија, 4-8.06.2012, Загреб, Р Хрватска.
20. L. Barandovski, T. Stafilov, M. V. Frontasyeva, R. Šajn, K. Bačeva, M. Mihailov, Moss biomonitoring of trace elements in the atmosphere in Macedonia – A survey in 2010, *XI Конференција на физичарите на Република Македонија*, 20-23.09.2012, Охрид, Македонија.
21. T. Stafilov, L. Barandovski, M. Frontasyeva, R. Šajn, E. Stennes, Moss biomonitoring of atmospheric pollution with heavy metals in the Republic of Macedonia, *25th Task Force Meeting, Programme & Abstracts*, p. 40, 31.01-2.02.2012, Brescia, Italy.
22. L. Barandovski, T. Stafilov, M. Frontasyeva, R. Šajn, K. Bačeva, M. Mihajlov, E. Steinnes, Moss biomonitoring of trace elements in the atmosphere in the Republic of Macedonia – A survey in 2010, *9th Conference of the Society of Physicists of Macedonia*, , 20-23.09.2012, Ohrid, *Book of Abstracts*, p. 48-49.

23. L. Barandovski, T. Stafilov, R. Šajn, M. V. Frontasyeva, K. Bačeva, Air pollution study in Macedonia by using moss biomonitoring technique, ICP-AES and AAS, *ICP Vegetation 26th Task Force Meeting*, Halmstad, Sweden, 28–30.01. 2013, *Programme & Abstracts*, p. 45.
24. M. Ristova, V. Manchevska, L. Barandovski, Distinction of gun-shot residuals from those of firecrakers and sparklers by X-Ray fluoroscence and scanning microscopy, *6th* Photonics *Workshop*, 4-8.03.2013, Book of Abstracts, Kopaonik, Serbia.

Објавените научни трудови под реден број од 1 до 6 веќе се рецензирани во Рефератот за неговиот прв избор за асистент (Билтен на Универзитетот бр. 994 од 15.X 2010 годиина). Во овој реферат ќе биде даден краток опис на резултатите објавени во трудовите под реден број 7 и 8.

Во трудот под реден број 7, објавен во познатото меѓународно списание *Journal of Environmental Science and Health, Part A*, презентирани се резултатите добиени од втората студија за следењето на загадувањето на воздухот во Република Македонија реализирана во 2005 година со примена на биомониторинг со мов и анализа на голем број елементи со примена на неутронската активациона анализа и атомската апсорпциона спектрометрија, а реализирани во рамките на Меѓународната програма за следење на загадувањето на воздухот во Европа (UNECE-ICP Vegetation). За овие испитувања земени се примероци мов од 72 локации од целата територина на Р. Македонија и анализирани се вкупно 41 елемент (Na, Mg,Al, Cl,K, Ca, Sc, Ti, V, Cr,Mn, Fe, Co, Ni, Cu, Zn,As, Se, Br, Rb, Sr, Zr, Mo, Cd, Sb, I, Cs, Ba, La, Ce, Sm, Eu, Tb, Dy Hf, Ta, W, Hg, Pb, Th, и U). За идентификација и каракетризација на различните извори на загадување на воздухот со тешки метали применета е Principal component analysis (PCI). Подготвени се и карти на дистрибуција на сите испитувани елементи кои јасно ги покажуваат областите кои се посебно загадени со одделни метали, како што се регионите со рударски и металуршки активности (Велес, Скопје, Кавадарци, Тетово, Радовиш и др.). Забележано е значително зголемување на содржината на Ni во примероците земени во 2005 година во однос на онаа во примерциоте земени во 2002 година. Исто така, и содржината на Cd, Hg и Pb во примероците од 2005 е повисока од оние од 2002 година. Од друга страна, преземените активности за заштита на депонијата на троска од фабрката за ферохром кај Јегуновце доведува до намалување на содржината на хром во оваа област.

Во трудот под реден број 10 претставени се резултатите од испитувањето на загадувањето со тешки метали на воздухот во Р. Македонија реализирано преку третиот биомониторинг. Овој биомониторинг е спроведен во текот на 2010 година преку земање на примероци мов повторно од 72 локации од целата територија на Р. Македонија, при што најзастпените видови на мов се *Homalothecium lutescens* и *Hypnum cupressiforme*. Определувањето на 18 елементи (Al, Ba, Ca, Cd, Cr, Cu, Fe, Hg, K, Li, Mg, Mn, Ni, P, Pb, Sr, V и Zn) е спроведено со атомската емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-AES) и атомската апсорпциона спектрометрија (AAS). И во овој случај за статистичката обработка на добиените резултати е применета PCA. Како и во претходните студии, повторно регионите на Скопје, Велес, Тетово, Радовиш и Кавадарци се под влијание на загадување со тешки метали поради индустриски активности. Сепак, споредено со резулатите од претходните две испитувања (2002 и 2005 год.) утврдено е дека доаѓа до намалување на загадувањето со одредени елементи (Cd, Cr, Cu, Ni, Pb и Zn). При овие

испитувања за првпат е вршено определување и на содржината на P, која заедно со содржината на K, покажува зголемување во мововите земени во земјоделски активните области на Р. Македонија.

Други активности

Кандидатот м-р Ламбе Барандовски активно учествува и во други активности на Институтот за физика. Така, тој од 2002 година до сега активно учествува во организацијата на регионалните и државни натпревари по физика за учениците од основните и средните училишта во Р. Македонија. Тој, исто така, е автор на повеќе задачи од областите на електричество, магнетизам, оптика, атомска и нуклеарна физика, кои учениците ги решаваа на регионалните и државните натпревари, член е на испитна комисија за државните натпревари по астрономија, организирани од „Наука за млади“ за учениците од основните и средните училишта 2008 и 2009 година. Од 2006 до сега, тој активно учествува и во промоцијата на студиите на Институтот за физика во средните школи во Р. Македонија, активен член е на Друштвото на физичарите на Република Македонија, а од 2009 до 2011 година е и благајник на Друштвото. М-р Ламбе Барандовски е член на Организациониот одбор на 34. Летна школа „Млади физичари“ во 2010 година, член на Организациониот одбор на 8. Конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија, одржана во 2010 година во Скопје. Тој е член на комисиите за одбрана на повеќе дипломски работи, а учествувал и во преведувањето на книгата “Partial differentila equations, An introduction”, од Walter A. Strauss, Brown University, John Wiley & Sons, Ltd. (Парцијални Диференцијални Равенки – Вовед, В. А Штраус, Браун универзитет, Арс Ламина, 2012) од англиски на македонски јазик. Од септември 2012 година назначен е за раководител на Лабораторијата за нуклеарна физика на Институтот за физика.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ја предвид целокупната досегашна активност на кандидатот м-р Ламбе Барандовски, како и активноста од последниот негов избор за асистент, Рецензентската комисија смета дека тој во текот на својата досегашна работа пројавил значителна научноистражувачка активност, а како асистент посебно се истакнал и со својата наставно-педагошка работа. М-р Ламбе Барандовски од својата досегашна научноистражувачка работа има објавено 1 книга, 8 научни и 4 стручни трудови (од кои 3 во списанија со фактор на влијание – IF), а има и остварено 24 презентации на научни собири во земјата и во странство и одржано 3 научно-популарни предавања. Тој има учествувано и во реализацијата на 10 научноистражувачки и технички проекти. При тоа, во реизборниот период има објавено 2 труда во научни списанија со IF, 9 презентации на научни собири и учество во реализацијата на 5 научноистражувачки проекти. М-р Барандовски своите работни обврски во наставно-образовниот процес ги извршува квалитетно иако станува збор за негов ангажман како асистент на голем број предмети за различни студиски програми, а односот со студентите и колегите е на високо ниво. Преку неговата научноистражувачка активност на полето на следењето на загадувањето на животната средина со тешки метали со примена на висикософистицирани радиохемиски и спектрометриски методи, тој преставува стручњак со мултидисциплинарни познавања. Тој, исто така, успешно ги реализира и обврските за

усвојување и унапредување на техниките за детекција и дозиметрија на јонизирачкото зрачење со опремата донирана на Институтот за физика од страна на Меѓународната агенција за атомска енергија.

Врз основа на сето погоре наведено, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на ПМФ да го избере м-р Ламбе Барандовски во звањето асистент од областа на физиката на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Доне Гершановски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р

3. Д-р Драган Јакимовски, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје

Име и презиме на кандидатот	*Наслов на прифатена тема за изработка на докторска дисертација*	*Комисија за утврдување подобност на кандидатот и темата*
М–р Наташа Младеновска-Лазаревска	„Автобиографскиот дискурс: книжевно-теориски импликации во македонски белетристички рамки (19 и 20 век)"	Проф. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска Проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска Проф. д-р Јасна Котеска

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот факултет "Блаже Конески"-Скопје

Име и презиме на кандидатот	*Наслов на тема за магистерски труд*	*Ментор*
Димитар Пипилевски	„Категоризацијата и прототипите во македонскиот јазик (социолингвистички осврт)"	проф. д-р Симон Саздов
Милена Ристова	„Автографи на македонски книжевници од XV и XVI век"	проф. д-р Добрила Миловска
Ѓоко Здравески	„Феноменот *логор* во книжевноста (југословенско искуство)"	проф. д-р Јасна Котеска
Ридван Четин	„Претставување на интеркултурните односи меѓу *Истокот* и *Западот* низ призмата на машките ликови во романите *Љубовта кон автомобилот* од Реџаизаде Махмут Екрем, *Септември* од Мехмет Рауф, *Спокојство* од Ахмед Хамди Танпинар и *Лугето од заробениот град* од Кемал Тахир"	проф. д-р Севин Алил

Сејхан Муртезан-Ибрахими	"Потрага по идентитет во романите: *Институт за регулирање на Времето* од Ахмед Хамди Танпинар, *Опсада* од Исмаил Кадаре, *Дервишот и смртта* од Меша Селимовиќ и *Тврдина од пепел* од Луан Старова"	проф. д-р Севин Алил
Елена Петрова	„Судското толкување како дел од толкувањето во заедницата – Право на судски толкувач во судскиот процес и неговата улога"	проф. д-р Силвана Симоска
Ивана Лекиќ	„Толкувањето како професија во Република Македонија: третман, состојба и перспективи"	проф. д-р Маргарита Велевска

СПИСОК НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМИТЕ СЕ ПРИФАТЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ НА 9 -ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 02.07.2013 ГОДИНА

Кандидат: д-р Наташа Павлоска
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик: Банкирање на мати чните клетки од забната пулпа –ниво на информираност и едуцираност на родителите и стоматолозите .
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Dental pulp stem cells banking-level of awareness and education of parents and dentists.
Кандидат: д-р Семра Јонузи
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик:Анализа на дентални лакови во три етнички групи.
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Analysis of dental arches in three ethnic groups.
Кандидат: д-р Ермира Муслиу
Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Проценка на взаемната поврзаност помеѓу парафункциите во орофацијалната регија и малоклузиите кај предучилишни деца .
Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Assesment of interrelation between parafunction in orofacial region and malocclusion in preschool chuldren.

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски труд на ЈНУ Институт за македонски јазик Крсте Мисирков - Скопје

Студиска програма Македонистика со комуникологија

Ред. Бр.	Кандидат	Тема	Ментор
1.	Александар Јорданоски	Дијалектите на македонскиот јазик како духовно културно наследство The Dialects of the Macedonian Language as an Intangible Cultural Heritage	проф. д-р Убавка Гајдова
2	Мирјана Вељаноска	Говорот на село Рогачево- Тетовско The Dialect of the Rogačevo Vilage in Tetovo Region	проф. д-р Убавка Гајдова
3	Жаклина Ѓорѓиоска	Реализација на јазичните содржини по предметот македонски јазик и литература во средното образование The Realization of the Language Contents of the Macedonian Language and Literature as a Subject in the Secondary Education	проф. д-р Лилјана Макаријоска
4	Милена Николовска	Имињата на населените места во Велешко The Settle places Names in Veles Region	проф. д-р Елка Јачева-Улчар

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Комисија
м-р Робер Манасиев	Агенции за оцена на кредитната способност – улога, правно регулирање и одговорност	проф.д-р Весна Пендовска проф.д-р Горан Коевски проф.д-р Ванчо Узунов

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 28.06.2013 година

Кандидат	Тема	Ментор
Зоран Јованчев	Феноменолошки и етиолошки карактеристики на кривичното дело усбиство	Д-р Методија Каневчев
Антонио Кесковски	Измамите во осигурувањето	Д-р Методија Каневчев
Марија Ѓурчиновска	Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување и неговата имплементација во Република Македонија	Д-р Никола Тупанчески
Драган Крстиќ	Сузбивање на криминалитетот во спортот	Д-р Никола Тупанчески
Марија Јаневска	Задолжителна одбрана на малолетници	Д-р Гордан Калајџиев
Маријана Петрушевска	Учеството на повеќе лица во кривичното дело во Република Македонија во периодот 2007-2011 година	Д-р Александра Деаноска Трендафилова
Александра Мирческа	Просторно важење на кривичното законодавство	Д-р Александра Деаноска Трендафилова
Душко Роголев	Правила за одмерување на казната во споредбеното право	Д-р Александра Деаноска Трендафилова
Аљма Мустафаи	Изрекувањето на условната осуда на подрачјето на Основниот суд во Струга	Д-р Александра Деаноска Трендафилова
Манушаќе Абази	Условен отпуст (со	Д-р

	посебен осврт врз практиката на Основниот суд во Тетово)	Александра Деаноска Трендафилова
Ирина Боневска	Судско-психијатриски аспекти на казнените дела на лишување од живот	Д-р Александра Деаноска Трендафилова
Моника Павловска	Територијалната организација во Република Македонија и Република Словенија и нејзиното влијание врз (не)успешноста на локалната самоуправа	Д-р Гордана Силјановска Давкова
Диана Миленковска	Правото за заштита на личните податоци според Повелбата за фундаментални права на Европската унија	Д-р Сашо Георгиевски
Ташко Боцев	Кризата во Дарфур: Меѓународно-правни аспекти	Д-р Љубомир Фрчкоски
Фросина Крстевска	Институционален состав и процес на донесување одлуки во организација на Африканското единство	Д-р Татјана Петрушевска
Стојан Презоски	Кривични дела против имотот со посебен осврт на кривичното дело разбојништво – практични аспекти	Д-р Никола Тупанчески
Добре Петревски	Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот со посебен осврт на кривичното дело противправно лишување од слобода	Д-р Никола Тупанчески

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Александра Крстевска	Користењето на различните права за обезбедување на банкарските побарувања	проф. д-р Димитар Гелев
Симона Трајковска	Меѓународните финансиски институции и нивната улога во развојот на земјите во регионот и во Република Македонија	проф. д-р Димитар Гелев
Бошко Софијанов	Правна регулација на заштита на лични податоци во електронските комуникации во финансискиот сектор	проф. д-р Димитар Гелев
Огнен Тилиќ	Јавни набавки во Република Македонија и правци на движење во иднина	проф. д-р Димитар Гелев
Марија Талеска	Супервизијата на финансиските институции во ЕУ. Релациите помеѓу европските и националните тела	доц. д-р Јован Зафироски
Милош Смилковски	Царински третман на стоките во Технолошко Индустриските Развојни Зони	проф. д-р Весна Пендовска
Дара Арсова	Правни аспекти на фискалната децентрализација и финансирање на локалната самоуправа на Општина Велес	проф. д-р Александра Максимовска Велјановски
Душица Богданоска	Утврдување и наплата на данокот на добивка во домашното и споредбеното право	проф. д-р Весна Пендовска
Драгана Марковиќ	Основни одговорности на членовите на органот на управување vis-a-vis	доц. д-р Александар Климовски

	членовите на органите на стечај	
Мартина Сотировска	Организираноста на системот на јавните набавки и неговите импликации врз јавните финансии	доц. д-р Александар Стојков
Наумче Проески	Правниот институт променети околности и меѓународните договори за продажба	доц. д-р Дарко Спасевски
Бојан Тумановски	Посебни начини за доделување на договор за јавна набавка (практика и проблеми)	доц. д-р Александар Климовски
Марија Георгиевска	Односот и поврзаноста на корпорацијата со засегнатите лица, со посебен осврт на односот на банката со клиентите	доц. д-р Александар Климовски
Лазар Костов	Проблемите на корпоративното управување во транзиционите економии, со посебен осврт на проблемите на корпоративното управување во Р.Македонија	доц. д-р Александар Климовски
Дорис Митева	Правата и обврските на договорните страни кај договорот за лизинг во домашното и во споредбеното право	проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска
Димитар Јаќимоски	Обврските на изведувачот кај договорот за градење во македонското и во споредбеното право	проф. д-р Горан Коевски
Марио Здравески	Инвестициските фондови во Република Македонија	проф. д-р Димитар Гелев
Ангела Саплиева	Слободата на изразувањето според чл.10 од Европската Конвенција за човекови права	проф. д-р Димитар Гелев
Елена Георгиевска	Банките и управувањето со нив, со посебен осврт во Република Македонија	проф. д-р Димитар Гелев
Нада Гаревска	Емисијата на акциите како извор на капитал	проф. д-р Димитар Гелев
Александра Аргировска	Права и обврски на инвестициски управител	проф. д-р Димитар Гелев

Илија Стојковски	Правна регулација на спортските клубови	проф. д-р Димитар Гелев
Кристина Најдовска	Надомест на штета за одговорност на моторно возило	проф. д-р Димитар Гелев
Петар Димитров	Правен субјективитет и системи на регистрација на трговските друштва	проф. д-р Елена Градишки-Лазаревска
Мери Забазноска	Брендирањето преку заштитата на правата од интелектуална сопственост во компанијата – студија на случај	проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска
Димитар Смоковски	Обезбедување на докази во парничната постапка	проф. д-р Арсен Јаневски
Теодора Маневска	Нужни наследници во македонското и споредбеното право	доц. д-р Ангел Ристов
Маја Митревска	Стварите како предмет на стварноправните односи	проф. д-р Родна Живковска
Росица Младеновска Андоновска	Правните факти како препоставка за настанување на граѓанско - правните односи	проф. д-р Родна Живковска
Марија Пешевска	Заштитата на личните податоци во работата на државните органи и другите субјекти со јавни овластувања	доц. д-р Тина Пржеска
Лиса Баута	Изземање на судии и судии поротници	проф. д-р Арсен Јаневски
Марија Ѓорѓиевска	Правна уреденост на барањето за надомест на штета во областа на осигурување од автоодговорност во домашното и споредбеното право	проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска
Звезда Тодоровска	Право на хипотека на градежно земјиште градба и објект	доц. д-р Тина Пржеска
Наташа Димитрова	Родителското право во македонското и споредбеното право	доц. д-р Ангел Ристов
Катерина Метулева	Развод на бракот во македонското право	доц. д-р Ангел Ристов
Наскова Елена	Стекнување право на сопственост со одлука на	проф. д-р Родна Живковска

	надлежен државен орган	
Стефан Камишевски	Одговорност за штета причинета од лица на возраст до 14 години	доц. д-р Ненад Гавриловиќ
Александра Јанаќиевска	Настанување и престанок на објекти од траен карактер	проф. д-р Родна Живковска
Марија Каранфиловска	Овластувањата на нотарот во обезбедувањето на побарувањата	проф. д-р Татјана Зороска-Камиловска.
Драган Нешкоски	Издршка на децата	доц. д-р Ангел Ристов

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Анета Станковска	„Сличности и разлики на заштитата со трговска тајна и патент-компаративна анализа“	проф.д-р Валентин Пепељугоски
Елена Ковачевска	„Заштита на музичките авторски дела на Интернет порталите: Компаративна студија на состојбите во Република Македонија и Република Чешка“	проф.д-р Гоце Наумовски

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Јана Јосифоска	Дисолуцијата на СФРЈ и Република Македонија	**проф.д-р Билјана Поповска**
Фатима Салифоска	Билатералните односи помеѓу Република Македонија и Република Турција во периодот од 1990 до 2013 година	**проф.д-р Билјана Поповска**
Тања Панева	Влијанието на неоконзерватизмот врз надворешната политика на САД	**доц.д-р Мишо Докмановиќ**
Сања Јовановиќ	Принцип на недискриминација – европски искуства и практика и заштита од дискриминација во Република Македонија	**проф.д-р Рената Дескоска**
Горан Поповски	Локални избори во Република Македонија	**проф.д-р Рената Дескоска**
Александра Станојковска	Партискиот систем во Република Македонија	**проф.д-р Тања Каракамишева Јовановска**
Драган Алчинов	Демократски дефицит во Европската унија	**проф.д-р Тања Каракамишева Јовановска**
Марија Јосифова	Внатрепартиска демократија во Република Македонија – состојби и предизвици	**проф.д-р Тања Каракамишева Јовановска**
Дорјана Бојановска	Секуларизмот и неговите појавни форми во современата уставност	**проф.д-р Тања Каракамишева Јовановска**
Николина Новеска	Положбата на Шефот на државата во Франција, во периодот на Третата, Четвртата и Петтата Република	**проф.д-р Марика Ристовска**

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГОВОР НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ: АНАЛИЗА НА ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ ВО МАКЕДОНИЈА„ ОД М-Р ЖАНЕТА ЌОСЕ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ„ ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на седницата одржана на 26.04.2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Жанета Ќосе под наслов „Говор на омраза во медиумското известување: анализа на печатени и електронски медиуми во Македонија“, во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Љубомир Јакимовски и доц. д-р Јасна Бачовска - Недиќ.

Комисијата во наведениот состав, ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Образложение на докторската дисертација

Докторската дисертација „Говор на омраза во медиумското известување: анализа на печатени и електронски медиуми во Македонија“ на кандидатката м-р Жанета Ќосе содржи 205 страници компјутерски изработен основен текст во Times New Roman 12, систематизиран во 5 поглавја плус вовед и заклучок, со над 100 цитирани библиографски единици и интернет-ресурси. Текстот содржи и 2 табели, 4 прегледи и 14 графикони. Во прилог на основниот текст до стр.251 кандидатката поместила поимник, препораки на Советот на Европа, пресуди на Судот за човекови права и други документи.

Дисертацијата ги содржи следниве 7 дела: (1) вовед во кој е вклучена и научната и општествената оправданост на темата; (2) зачетоци и детерминанти на слободата на изразување; (3) поимна определба на говорот на омраза и меѓународните документи; (4) решенија и концепти во другите држави и континенти; (5) прецедентно право на Европскиот суд за човекови права и практиката во Македонија; (6) истражување и анализа на македонски медиуми со квалитативна анализа на дискурсот; (6) генерални заклучоци и согледувања.

Во воведот (стр. 4 -9) концизно е образложена темата и прашањата што се предмет на нејзино истражување, општествената и научна оправданост и методите на истражувањето, спроведено објективно истражување и обележување на главните индикатори за утврдување на состојбата во македонските медиуми. Говорот на омраза во суштина ги рефлектира идеите и чувствата на дел од индивидуите или општествените групи, поради што кандидатката го истражува и нивниот културен и историски контекст.

Дисертацијата базично ја истражува текстурата на говорот на омраза, расположението што дел од луѓето го изразуваат преку расното, религиозното и етничкото вербално насилство, со што се покажува непочитување на општо прифатените правни, демократски и етички стандарди и се кршат човековите права во една држава.

Во првата глава се обработени зачетоците на слободата на изразување, почнувајќи од борбата за слобода на печатот, слободата на говорот и политичкото организирање и дејствување. Кандидатката на успешен компаративен начин ги презентира сличностите и разликите во Европа и во САД во контекст на петвековната историја на борбата за слобода на говорот и печатот и историските фази на укинување на цензурата. Во вториот дел се обработени детерминантите на слободата на изразување, односно меѓународноправните стандарди за правото на слобода на изразување, содржани во документите на Организацијата на Обединетите нации и на повеќето регионални организации на држави. Претставени се американското и европското искуство и разликата во практиките и механизмите на правната и медиумската заштита на слободата за изразување.

Во втората глава (стр. 24 - 44) поимно се расчленува говорот на омраза, претставени се научно прифатените дефиниции и општите принципи, стандарди и критериуми за негова определба. Комплексноста на поимот е појаснета од историски, социолошки, културен и комуниколошки аспект. Претставени се можните мотиви за овој вид говор, а направена е и компаративна анализа на општите принципи и критериуми содржани во меѓународните и европските документи, со нивната примена во судската практика.

Во третата глава (стр. 44 - 76) е направен преглед на законските решенија и концепти во регионот на Југоисточна Европа и други европски држави, како и на легислативата во Русија, Блискиот Исток, азиско-пацифичкиот регион и Латинска Америка. Кандидатката направила осврт освен на американската, и на легислативата во Канада, посочувајќи на специфичностите на северноамериканскиот континент. Последниот дел од ова поглавје се задржува на говорот на омраза на Интернет, што претставува сериозен вид на негово ширење преку новите медиуми. Во оваа глава кандидатката посебно ги анализира меѓународните документи за спречување и санкционирање на говорот на омраза.

Четвртата глава (стр. 77 - 122), генерално, се занимава со прецедентното право на Судот за човекови права во Стразбур и со условите за легитимно ограничување на слободата на изразување. Првиот дел се однесува на методите и механизмите за заштита на јавниот интерес, а вториот на стандардите и примената на критериумите, посебно се обработува случајот „Јерсилд против Данска„, како прв предмет кога Европскиот суд одлучувал за говор на омраза изразен преку медиум. Еден дел е посветен на исклучоците на постапување во случаите кои се однесуваат на религијата и моралот. Во оваа глава се претставени препораките за медиумите и за заштита на новинарските извори, примената на принципот на супсидијарност, заштитата на слободата на изразување во Република Македонија и концептуалниот дуализам во постојната легислатива, како и уставните гаранции и заштитата.

Во петтата глава (стр. 114 - 191) се прикажани резултатите од истражувањето преку тримесечен мониторинг за говор на омраза во 3 електронски (ТВ А1, ТВ Сител и ТВ Канал 5) и 3 печатени македонски медиуми (Дневник, Утрински весник и Нова Македонија). Елаборирано е главното истражувачко прашање: дали говорот на омраза во македонските печатени и електронски медиуми влијае врз поттикнувањето, разгорувањето или ширењето на омраза меѓу етникумите во Македонија? Општа научна цел на евалуациското истражување е да се испита степеност на влијание на медиумите врз предизвикувањето, разгорувањето и ширењето омраза меѓу етничките заедници во Македонија. Во согласност со методологијата, целите и предметот на истражувањето, кандидатката ја формулирала главната хипотеза: од степенот на застапеност на говор на омраза во медиумите зависи квалитетот на меѓуетничките односи и меѓуетничката хармонија во Република Македонија. Освен општата, кандидатката поставила и 3 посебни хипотези, а користела по 4 зависни и независни варијабли. За анализа на резултатите од истражувањето е употребен методот на квалитативна анализа на дискурсот, со акцент на медиумскиот и на политичкиот дискурс кон говорот на омраза во медиумската и јавната сфера во македонското општество.

За потребите на анализата кандидатката категоријално и методолошки од говорот на омраза ги издвоила непријателскиот и валканиот јазик, во што се вбројуваат непристојни зборови, навреди, клевети преку што се изразува нетолеранција, свесно повредување на поединци и/или маргинализирана група во општеството. Дискриминаторските текстови и прилози што биле селектирани во тримесечниот мониторинг на 6 македонски печатени и електронски медиуми се насочени главно кон четири групи: 1) новинарите и независните интелектуалци, 2) институциите и активистите за човекови права, 3) немнозинските заедници и маргинализираните групи и 4) кон медиумскиот дискурс во соседните држави. Во набљудуваниот период на мониторингот на 6 - те медиуми регистрирани се 153 текстови/прилози со говор на омраза или со некои елементи на говор на омраза, а непријателскиот или валкан говор е застапен во 24 од нив.

Најголем број од текстовите и ТВ прилозите - дури 66 - се однесуваат на теми кои овозможуваат ширење омраза, и тоа кон сите споменати целни групи. Втори по застапеност се текстовите/прилозите поврзани со националниот идентитет, вкупно 28, од кои во 24 има непријателски, валкан говор, а дискриминаторки дискурс е евидентиран во 21. Најмал број, 14, се однесуваат на политичко-безбедносните теми, што е прикажано во табеларниот преглед на категориите на теми, издвоени согласно со категоризацијата за истражувањето и со графички приказ на процентуалната застапеност на темите. Освен директниот говор на омраза, се констатира дека во голем процент е застапен и валканиот и непријателски говор. Доколку е насочен кон другите етнички заедници тој, исто така, во голема мера влијае врз карактерот на меѓуетничките односи, нивната хармонија и политичката стабилност на државата. Што се однесува до процентот на непријателскиот и/или валкан говор, тој во анализираните македонските печатени и електронски медиуми се движи од 12 до 28 текстови/прилози.

Во заклучниот дел се претставени најзначајните резултати од истражувањето и квалитативната анализа на дискурсот. Што се однесува до

говорот на омраза кон маргинализираните групи во македонските медиуми, врз основа на анализата на резултатите кандидатката формулирала заклучок дека, генерално, се` уште и во медиумскиот и во јавниот дискурс тие се репрезентирани преку предрасуди и стереотипи, што е особено карактеристично за ЛГБТ - популацијата. Во дел од медиумските содржини видливи се предрасудите за прифаќање на маргинализирани групи, а помал дел покажуваат чувствителност за нивните проблеми и барања. Медиумите не се доволно подготвени ниту да ја препознаат дискриминацијата, особено кога таа се однесува на маргинализираните групи, за што говорат случаите на дискриминаторски третман на маргинализираните заедници и на социјалната мрежа Фејсбук.

Неподготвеноста за „препознавање„ на малцинските групи и недоволната сензибилност за напади и негативна слика за различните, верски и етнички малцинства, напади врз активисти од граѓанскиот сектор, новинари и интелектуалци, а понекогаш и врз фундаменталните демократски вредности, се само дел од елементите на говор на омраза пренесуван и присутен во македонските медиуми. Од друга страна, негативната слика за Македонија во политичкиот и медиумскиот дискурс во некои од соседните земји, како и нетрпеливоста кон националните и верските малцинства и емигрантите, само ја зголемува и потемнува рамката на говор на омраза во поширок регионален контекст.

Тематската анализа на македонските медиуми одговорила на истражувачкото прашање и потврдила дека степенот на влијание на говорот на омраза во македонските печатени и електронски медиуми врз поттикнувањето, разгорувањето или ширењето на омраза меѓу етничките заедници во Македонија е голем. Тоа значи дека говорот на омразата во медиумите реално влијае и врз политичкиот дискурс и сензибилитетот на јавната сфера, врз квалитетот на општествените, културните и меѓуетничките односи. Се разбира, со тоа ресно се поврзани перзистирањето и ширењето на предрасуди и стереотипи, што и на пократок и на подолг рок може сериозно да влијае врз нивото на општествената кохезија и хармонија, стилот и навиките за квалитетно и толерантно живеење со разликите.

Во експликацијата на резултатите од истражувањето, кандидатката посебно укажува на заклучокот дека колку е повисок степенот на нетолеранција во медиумите, толку е поголема опасноста од манифестни или латентни етнополитички и други конфликти во општеството. Истражувањето потврдува дека од степенот на дискриминаторски ставови во македонските медиуми зависи веројатноста од меѓуетнички конфликти и дисхармонија, како и дека од поголемиот степен на етноцентризам и написи/прилози со агресивни националистички ставови во медиумите, се зголемува чувството на несигурност кај припадниците на малцинските етнички заедници, а истовремено и политичката нестабилност во Македонија. И на крајот, се докажа дека колку е повисоко нивото на толеранција во медиумите, толку се порелаксирани меѓуетничките односи, што упатува на неопходноста тие уште повеќе да бидат промотори на културата на толеранција во сите сфери на живеење.

Анализата за материјалното и процесно право, од друга страна, покажува дека во македонското национално законодавство и судска практика треба поцелосно и посинхронизирано да се валоризираат европските стандарди и

критериуми во оваа област. Тоа е и основа за констатацијата на кандидатката дека е потребна имплементација на нови методи, мерки и механизми за детектирање и санкционирање на говорот на омраза. Кандидатката укажува дека овој вид говор, особено кога е затемелен врз национална стигматизација кај нас се` уште се толерира како бениген „израз на националната свест„, па оттаму и потребата уредувачката политика на медиумите целосно да се сообрази со современите автентични демократски вредности. Во поглед на легислативата и судската практика тоа подразбира целосна имплементација на поефикасни и современи решенија, усогласени со меѓународните, пред се`, со демократските практики на Европската унија и Советот на Европа и примената на прецедентното право на Судот за човекови права во Стразбур во македонската судска практика. Поефикасната заштита на правата на загрозените поединци, малцинства и групи од говор на омраза е во интерес на принципот на владеење на правото, на демократизација на општеството и, што е најважно, за заштита на човековото достоинство, мир, безбедност и демократска партиципација во едно мултикултурно и мултиетничко општество.

2. Оцена, заклучок и предлог

Докторската дисретација под наслов „Говорот на омраза во медиумското известување: анализа на печатени и електронски медиуми во Македонија„, изработена од кандидатката м-р Жанета Косе, претставува самостоен научен труд во кој на академски прифатлив начин успешно се елаборира значајна и исклучително комплексна материја. Иако фокусот на анализата и истражувањето е врз традиционалните медиуми, кандидатката го контекстуализирала и говорот на омраза на Интернет и неговите социјални, културни и комуникациски импликации врз слободата на изразувањето и, генерално, врз демократијата во современото општество. Дисертацијата има јасна систематика, стилска и јазична кохерентност, што овозможува лесно да се следи текот на истражувачките постапки и фази. Во подготовката на дисертацијата кандидатката настојувала да консултира што поширока литература, а мултидисциплинарниот пристап и` овозможил компетентност и харброст во формулирањето на ставовите и заклучоците.

Дисертацијата се истакнува со особена вредност, бидејќи применува мултидисциплинарен и компаративен пристап во анализата на повеќе нивоа на медиумската и правната регулација на говорот на омраза во Македонија. Вредноста на трудот се изразува и во успешната синтеза на теоретските медиумски и правни врамувања и елаборирања со емпириско истражување на говорот на омраза во 6 македонски медиуми со висок рејтинг на читаност и гледаност. Исто така, остварена е и успешна контекстуализација на предизвиците поврзани со говорот на омраза во национални, европски и меѓународни рамки со чие решавање е поврзана и натамошната демократизација на општеството.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека докторската дисертација ги задоволува стандардите за изработка на научен труд од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први„ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје.

Врз основа на изнесеното на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Жанета Косе и` причинува чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје да го усвои овој Извештај со позитивна оцена и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 2013 г.

Комисија

Проф. д-р Борче Давитковски с.р.

Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.

Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

Проф д-р Љубомир Јакимовски с.р.

Доц. д-р Јасна Бачовска Недиќ с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПАЗАРНА ОРИЕНТАЦИЈА, МАРКЕТИНГ - СТРАТЕГИЈА И ПЛАН – ОСНОВНИ БИЗНИС - ЧЕКОРИ ЗА УСПЕШНО КОНКУРЕНТСКО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ПАЗАРОТ – СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ИНДУСТРИЈАТА И ПАЗАРОТ НА КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ТАМАРА ЈОВАНОВ МАРЈАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-1841/2 од 27.6.2013, донесена на седницата одржана на 19.6.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **Пазарна ориентација, маркетинг-стратегија и план – основни бизнис - чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средните претпријатија на пазарот – со посебен осврт на индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија“**, поднесена од кандидатката **м-р Тамара Јованов Марјанова**. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов **„Пазарна ориентација, маркетинг - стратегија и план – основни бизнис - чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средните претпријатија на пазарот – со посебен осврт на индустријата и**

пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија“, поднесена од кандидатката м-р Тамара Јованов Марјанова, е обработена на **358** страници, компјутерски среден текст. Содржината на трудот освен: апстракт и клучни зборови на македонски и англиски јазик, вовед, **(стр.4 -22)** заклучок **(стр. 289 – 304)**, референци **(стр.305 – 325)**, литература и прилози **(стр.326 - 358)** е систематизирана во четири глави, и тоа:

Глава 1. Значење на малите и средните претпријатија и потребата од интегрирање на пазарна ориентација во нивното работење (стр. 23-84)

Глава 2. Стратешка анализа на тековната пазарна позиција на малите и средните претпријатија од кондиторската индустрија (стр. 85- 142)

Глава 3. Формулирање на маркетинг - стратегија за претпријатијата од индустријата за кондиторски производи (стр. 143 – 237)

Глава 4. Процес на маркетинг - планирање во малите и средните претпријатија од кондиторската индустрија (стр. 238 – 254)

Во воведниот дел од трудот, кандидатката прави осврт кон значењето на малите и средните претпријатија и примената на современиот маркетинг - концепт во деловното работење, како приоритетни прашања кои заслужуваат големо внимание при анализата на суштинските фактори или услови за развој на економијата како на национално, така и на глобално ниво.

Во првата глава со наслов **„Значење на малите и средните претпријатија и потребата од интегрирање на пазарна ориентација во нивното работење“**, кандидатката посветува внимание на прашањата поврзани со придонесот на МСП кон развојот на едно национално стопанство, како и на анализа на потребата од интегрирање на пазарна ориентација во нивното работење. Првото прашање го образложува преку два чекора: 1. излагање на клучните влијанија на МСП за развојот на националната економија, претставени преку анализираните основни

економски показатели за бројот на МСП и бројот на вработени во нив, придонесот кон БДП и/или додадената вредност на производството, влијанието врз зголемување на иновациите и конкурентноста и значењето за големите бизниси; 2. објаснување на клучните карактеристики на МСП и факторите за нивниот успех/неуспех. Второто прашање кое ја обработува пазарната ориентација, кандидатката го обработува преку три чекори: 1. објаснување на значењето на концептот за пазарна ориентација и неговото место во рамки на маркетинг - концептот и маркетинг - ориентацијата; 2. презентирање на резултатите од примарно истражување на степенот на пазарна ориентација во домашните претпријатија и побивање на поставената хипотеза „Профитабилноста на претпријатијата не зависи од степенот на пазарна ориентација"; 3. Претставување на основните алатки за имплементација на пазарната ориентација во работењето на претпријатијата.

Во втората глава од трудот со наслов **„Стратешка анализа на тековната пазарна позиција на малите и средните претпријатија од кондиторската индустрија"** се претставени прашањата поврзани со тековната пазарна позиција и маркетинг - стратегија на малите и средните претпријатија во рамките на индустријата на кондиторски производи во Р. Македонија. Притоа, оваа материја е анализирана и обработена преку три основни чекори: 1. прикажување на резултатите од анализата на тековната состојба во индустријата; 2. презентирање на резултатите од компаративна анализа на тековните маркетинг стратегии на МСП наспроти големите претпријатија со обраќање и побивање на поставената хипотеза „Микро и малите домашни претпријатија имаат напреднато користење на маркетинг стратегија во работењето"; 3. претставување на моделите кои претпријатијата можат да ги користат за ефективна анализа на бизнис - единиците/претпријатието, индустријата и опкружувањето.

Третата глава со наслов **„Формулирање на маркетинг - стратегија за претпријатијата од индустријата за кондиторски производи"** го опфаќа процесот на подготовка на маркетинг - стратегија, вклучително и детално формулирана предлог-маркетинг стратегија за

претпријатијата од кондиторската индустрија, поставена на основите на претходно спроведеното истражување. Во овој дел од материјата детално се анализирани четири последователни чекори: 1. објаснување на потребата и значењето на маркетинг стратегијата со посочување на основните елементи што ја сочинуваат; 2. презентирање на значењето и моделите на мисијата и целите; 3. претставување на стратегијата за сегментација, таргетирање и позиционирање; 4. прикажување на елементите од маркетинг миксот и процесот на прифаќање на производот на пазарот.

Во четвртата глава од трудот со наслов **„Процес на маркетинг - планирање во малите и средните претпријатија од кондиторската индустрија“** е опфатено прашањето за процесот на маркетинг - планирање. Материјата во овој дел е образложена преку анализа на четири чекори: 1. посочување на основната намена, значење и содржина на планот; 2. презентирање на врската на маркетинг - планирањето со профитабилноста и обраќање, т.е. побивање на поставената хипотеза „Профитабилноста на претпријатијата не зависи од континуираната подготовка на пишан маркетинг - план“; 3. анализа на процесот на маркетинг - планирање во МСП наспроти големите претпријатија од кондиторската индустрија, преку примарното истражување; 4. изведување на препораки за подобрување на процесот на планирање во претпријатијата.

На крај, во заклучокот се дадени кратки заклучни видувања за значењето на проблематиките опфатени во трудот, со потенцирање на основната корисност и придобивките на резултатите поврзани со поставените истражувачки хипотези и можностите за апликативна примена на наодите од истиот.

II. ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **„Пазарна ориентација, маркетинг - стратегија и план – основни бизнис - чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средните претпријатија на пазарот –**

со посебен осврт на индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија“, изработена од кандидатката м-р Тамара Јованов Марјанова, констатира дека се работи за научен труд во кој преку единство на теоретската нормативна и апликативната димензија се доаѓа до валидни заклучоци релевантни за идниот развој на домашните мали и средни претпријатија, како и на националното стопанство во целина.

Научно – методолошката конзистентност на истражувањето е нагласена карактеристика на докторската дисертација. Таа се манифестира во сите аспекти на научното истражување, при што изборот на предметот и целите на истражувањето е извршен со чувство за актуелност и дефицитарност на посочената анализирана проблематика во македонската научна јавност. Впрочем, еден од основните предизвици на државите на светско ниво, особено во услови на функционирање во рамките на капиталистичкиот систем, е брз економски развој. Како дел од клучните економски сили, Европската унија, со обновената Лисабонска стратегија, како еден од најзначајните фактори кои ќе влијаат на забрзаниот економски развој ги посочи малите и средните претпријатија. Македонија, како претендент за влез во ЕУ од една страна, како и врз основа на усвојување на најдобрите практики, треба исто така да тежнее кон создавање на развиена економија преку подобар, поинтензивен развој и поттикнување на секторот на МСП и претприемаштвото. Притоа, развојната перспектива треба да се бара во зацврстување на позициите на домашниот пазар и во нагласената извозна, односно надворешно ориентирана стратегија за развој, што наведува на потребата од сериозна анализа на клучните слабости и развојни јазови на претпријатијата во Република Македонија, меѓу кои на прво место се недоволната долгорочна меѓународна конкурентност на корпоративниот сектор.

Зголемувањето на конкурентската способност на МСП е сложен проблем што бара конкретни долгорочни мерки за негово решавање, при што е потребно ангажирање како на државните институции, така и на претпријатијата. Со мерките на државата треба да се создадат услови за нормално функционирање на пазарот, односно услови за конкуренција, при

што сите учесници на пазарот би биле ставени во иста положба. Од друга страна, корпоративниот сектор треба, пред сè, да воспостави практика на планско и стратегиско деловно работење на долг рок, ориентирано кон крајните потрошувачи, односно пазарот.

Фокусот во анализата на трудот кој ја анализира прехранбената и, во нејзини рамки, кондиторската индустрија, е оправдан и издржан од неколку причини: таа е дел од преработувачката индустрија која вработува значаен дел од работната сила во државата; најголем удел помеѓу претпријатијата од аспект на големината имаат микро, малите и средните претпријатија; таа е претставник и дел од индустријата за стоки за широка потрошувачка, а работењето на претпријатијата во оваа индустрија треба да се карактеризира со проактивен однос кон маркетинг - активностите.

Потребата од функционална пазарна економија и капацитет за справување со конкурентскиот притисок и со пазарните сили наложува креирање и примена на активности за подобрување на деловната клима, поттикнување на претприемаштвото, подобрување на инвестициската клима, либерализацијата на економијата, зголемување на конкурентноста на македонското стопанство. Во оваа насока, од пресудно значење е зголемување на конкурентноста на домашните претпријатија која ќе води кон успешен пласман на нашите производи на домашниот пазар, како и на странските пазари, што воедно значи и рентабилно работење и развој на претпријатијата, зголемувањето на бруто - домашниот производ (БДП), намалување на дефицитот во трговскиот биланс, зголемување на глобализираноста на македонската економија, раст и развој за целата економија и животниот стандард.

Основната цел на истражувањето на овој труд е да се утврди влијанието на малите и средните претпријатија врз економскиот развој на национално ниво и општата благосостојба на општеството во целина, како и да се покаже и докаже позитивниот импакт на примената на современиот маркетинг концепт за развој и унапредување на конкурентноста на претпријатијата, што води до поголема стапка на опстанок на претпријатијата на пазарот.

При разгледување на првиот дел од наведениов проблем на истражување, детално се разгледани стопанствените активности на малите и средните претпријатија поврзани со зголемување на вработеноста и воедно намалување на невработеноста, учеството во бруто - домашниот производ, развој на нови производи, поттикнување на конкурентноста, индиректно зголемување на ефикасноста на големите претпријатија. Притоа, докажана е нивната доминација во секоја од анализираните области. Исто така, воочени се и факторите кои влијаат на постигнувањето на тие резултати, како и странските и домашните искуства во развојот на малите и средните претпријатија, како основа поттикнување и насочување на современиот економски развој. Емпириското истражување, пак, ги опфаќа варијаблите кои водат кон зголемување на конкурентноста на едно претпријатие на пазарот во однос на неговите домашни и странски конкуренти, како и кон подобрување на позицијата во однос на постојните и потенцијалните потрошувачи. Притоа, како клучен елемент кој води кон зголемување на конкурентноста е разработена примената на пазарната ориентација во работењето, каде што е докажано нејзиното директно влијание врз профитабилноста на претпријатијата. Истовремено се прикажани и целите и позитивните ефекти од алатките на пазарната ориентација, и тоа, процесот на истражување на пазарот, фокусот кон потрошувачот и тестирањето на пазарот.

Кандидатката покажува способност за критичка опсервација преку компаративна емпириска анализа на тековната примена на маркетинг - активности во домашните претпријатија, со цел да се добие увид во постојните маркетинг - стратегии, како и предностите и слабостите на МСП во однос на пазарните трендови и во однос на големите претпријатија. Во трудот се опфатени и моделите на стратешка анализа на сектор, анализа на опкружувањето, кои се на располагање и се практични за конструирање на една слика што јасно ќе ја прикаже позицијата на претпријатието на пазарот во однос на неговите конкуренти. Со намера да се прикаже на кој начин можат да се добијат релевантни квантитативни и квалитативни податоци за потрошувачите на пазарот (што ќе купи, од кого ќе купи,

зошто, како, од каде и кога ќе купи и колку ќе купи), анализирани се и најефикасните од палетата на различни квантитативни и квалитативни методи за истражување. Притоа, креирани се и модели за организирање на процесот на истражување на пазарот, погодни за примена од страна на МСП.

Кандидатката јасно ги определува насоките за развој на конкурентноста врз основа на добиените резултати од спроведените истражувања на пазарот за кондиторски производи, кои ги презентира преку сеопфатен план/инструмент за остварување на целите, кој се состои од четири дела, и тоа: поставување на корпоративната мисија, утврдување и дефинирање на целите, сегментирање, таргетирање и позиционирање (СТП) на пазарот и конструкција на ефективен маркетинг микс. Во трудот, всушност, се докажува на значењето и ефикасноста на сите поединечни чекори (мисијата, целите, СТП и маркетинг - миксот) од процесот на формулирање на стратегија со што се докажува дека остварување на поставените цели е невозможно без однапред определена форма (чекори) на маркетинг - стратегијата. Кандидатката заклучува дека маркетинг - стратегијата треба да има однапред определена форма, која следи строго дефинирани чекори, без кои е невозможно остварување на поставените цели на претпријатието. Воедно, дадени се и клучни стратегиски предлози како основа за креирање на понуда со поголема вредност преку менување на постојните маркетинг стратегии на домашните мали и средни претпријатија кои се карактеризираат со бројни недостатоци. Имено, од истражувањето е воочено дека домашните претпријатија ги идентификуваат своите конкуренти од индустриска, наместо од пазарна гледна точка, се случува да имаат лажна претстава за тековните состојби на пазарот (на пример да веруваат дека го произведуваат најдобриот квалитет во индустријата, да го поддржуваат генералното мислење дека клиентите преферираат претпријатија со целосни линии на производи, дека продажната сила е единствениот маркетиншки алат или цената е најважен фактор за купување, дека креирањето на препознатлив бренд не е клучно) итн.

Маркетинг - планот се набљудува како основна водилка на претпријатијата од аспект на неговото значење, основна намена и детално анализирана содржина. Основната намера на кандидатката е подобро да се прикаже примената на планот, како средство кое може да му помогне на претпријатието да ги изврши своите задачи на најдобар можен начин, да ја концентрира својата енергија и да обезбеди максимално остварување на целите и задачите, за да одговори на променливото опкружување и да даде основи за донесување на фундаментални одлуки. Дополнително, процесот на маркетинг - планирање и неговото извршување во трудот е анализиран преку емипириско истражување, што дава увид во клучните предности и слабости во работењето на домашните претпријатија, односно: 1. начинот на кој нашите претпријатија/менаџери од избраната индустрија го разбираат процесот; 2. кои елементи од процесот на маркетинг планирање ги применуваат и до кој степен; 3. воочување на клучните предности и недостатоци во нивното работење, со препораки за надминување на проблемите; 4. утврдување на директната поврзаност и влијанието на маркетинг - планирањето врз профитабилноста на претпријатијата.

Во крајната оцена на квалитетот на трудот ги резимираме следниве поенти:

1. трудот поседува солидна теоретска, нормативно – аналитичка и емпириска база, втемелена на најсовремена и релевантна литература од областа на современиот маркетинг - концепт, стратегиското работење и конкурентноста на претпријатијата на пазарот;
2. во трудот успешно се селектирани и се систематизирани и презентирани основните услови, причините и мотивите за текот на случувањата во тековното работење на домашните претпријатија, врз основа на научната теорија и пракса;
3. трудот дава оригинална анализа на примената на современиот маркетинг - концепт во работењето на домашните претпријатија, преку анализа и увид во постојната пазарна позиција, маркетинг - стратегијата и процесот на маркетинг - планирање, со цел да се

регистрираат клучните недостатоци и да се создаде основа за нивно надминување;

4. одредени се најефективните модели за стратешка анализа на работењето на малите и средните претпријатија кои ги откриваат клучните фактори за подобрување на конкурентската позиција на пазарот и преку кои се поставува основата за стратегиско деловно работење;
5. извршено е и научно предвидување или прогноза, со насочување кон тенденцијата на менување на состојбите и следење на динамичките карактеристики на дефинираните истражувачи проблеми.

Комисијата констатира дека докторската дисертација на кандидатката м-р Тамара Јованов Марјанова претставува солидно структурирано истражување кое теоретски е фундирано, емпириски документирано, користи современи методолошки постапки и се потпира претежно на современа и широка научна литература. Докторската дисертација има посебна актуелност помеѓу македонската научна и деловна јавност, поради фактот што го намалува недостатокот од истражувања од областа на маркетинг - активностите во домашните претпријатија, со фокус на вниманието кон малите и средните претпријатија и една од индустриите со значително учество во структурата на домашното стопанство. Токму затоа, дадените предлози и сугестии можат да помогнат на микро ниво - во идното стратегиско работење на претпријатијата, како и на макро ниво - индиректно преку обезбедување на можност за раст и развој на претпријатијата на пазарот.

Комисијата е убедена дека кандидатката ги реализирала поставените цели и задачи предвидени со тезите и пријавата на докторската дисертација.

Проверката на докторскиот труд на тема под наслов **„Пазарна ориентација, маркетинг - стратегија и план – основни бизнис - чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средните претпријатија на пазарот – со посебен осврт на**

индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија“, изработена од страна на кандидатката м-р Тамара Јованов Марјанова, е иницирана од менторот **проф. д-р Митре Стојановски, на 12.6.2013.** Резултатот за документот е: документот содржи **127964** зборови, од кои за **4018 (3,14%)** е пронајдено совпаѓање во други документи.

III. ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината, опфатот и квалитативните особености на трудот со наслов **„Пазарна ориентација, маркетинг - стратегија и план – основни бизнис - чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средните претпријатија на пазарот – со посебен осврт на индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија“**, поднесена од страна на кандидатката м-р Тамара Јованов Марјанова, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивна оцена на докторската дисертација;
- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 27.6.2013 година

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1. Проф. д-р Митре Стојановски с.р.
2. Проф. д-р Нада Секуловска с.р.
3. Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска с.р.
4. Проф. д-р Анита Циунова - Шулеска с.р.
5. Проф. д-р Димитар Граматиков с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СИСТЕМ НА ТЕРИТОРИЈАЛЕН МАРКЕТИНГ – СТРАТЕШКИ ЕЛЕМЕНТ НА РАЗВОЈОТ“, ПРИЈАВЕНА ОД М-Р НАДИЦА ЈОВАНОВСКА - БОШКОВСКА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На седницата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, одржана на 19.6.2013 година, бевме назначени за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација „Систем на територијален маркетинг - стратешки елемент на развојот“, поднесена од кандидатката м-р Надица Јовановска - Бошковска (Одлука бр. 0202/1813/2 од 2.7. 2013 година).

По прочитувањето на докторската дисертација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. ПРИКАЗ НА СОДРЖИНАТА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД

Докторската дисертација на кандидатката м-р Надица Јовановска-Бошковска претставува самостојно изработен труд, презентиран на 297 страници, од кои 275 страници основен текст, придружен со 12 табели, 19 слики, 23 графикони, 14 страници анекс и 7 страници користена литература. Докторската дисертација е проверена преку електронскиот систем за плагијати и регистрира 2.65% совпаѓање со други трудови.

Композицијата на трудот ја чинат седум целини, и тоа:

Вовед (стр. 11 - стр. 16);

Прв дел: Територијалниот маркетинг - нова научна дисциплина (стр. 16 - стр. 77)

Втор дел: Глобализацијата како фактор на афирмирање на територијалниот маркетинг (стр. 77 - стр. 135)

Трет дел: Стратешко планирање на територијалната слика како елемент на територијалниот маркетинг (стр. 135 - стр. 192)

Четврти дел: Основни елементи, насоки и препораки за имплементација на територијалниот маркетинг како стратешки елемент на развојот во Република Македонија (стр. 192 - стр. 262)

Петти дел: Истражување на перцепцијата на домашниот и странскиот пазар на Вардарскиот плански регион и виното како негова компаративна предност преку анализа на примарни податоци од соодветен анкетен прашалник (стр. 262 - стр. 271)

Заклучок (стр. 271 - стр. 276).

Во **воведот**, кандидатката м-р Надица Јовановска - Бошковска ја потенцира актуелноста на проблематиката која е предмет на проучување во докторската дисертација. Притоа, таа се повикува на фактот за сè поголемата територијална кохезија, како на национално, така и на наднационално ниво, од една страна, односно на фактот за сè поголемиот просторен дебаланс во

економскиот развој на двете нивоа, од друга страна. Овие паралелни процеси, т.е. проблемите кои тие ги провоцираат го апострофираат значењето на територијалниот маркетинг, опсервиран низ призма на модел на територијално планирање, како елемент за развојот на едно портфолио од различни карактеристики на територијата на сите административни нивоа – од општинско, преку провинциско и регионално, па сè до национално. Оттука, со право констатира кандидатката, тежиштето треба да се фрли врз апликативноста и корисноста од маркетиншкиот концепт на формулација и имплементација на стратегиите за локален и регионален развој. Овој концепт, односно маркетиншките алатки врз кој тој е фундиран, а во современиот модел оддолу-нагоре (bottom-up approach) нуди огромни можности во сите случаи каде што главниот елемент е територијата која стратешки треба да се афирмира и промовира. Токму затоа и во рамките на Р. Македонија маркетиншкиот пристап се наметнува како императив во функција на повисока конкурентност и на повисок развој на македонските територијални, просторни, регионални единици- децидна е кандидатката м-р Јовановска - Бошковска.

Водена од ваквите убедувања, м-р Надица Јовановска - Бошковска, својата докторска дисертација ја карактеризира како обид за конекција на теориските (desk research) со практичните сознанија (field research) од доменот на територијалниот маркетинг во светски, односно европски рамки кон кои конвергира и Р. Македонија. Насоките и препораките да се стигне до таа дестинација кандидатката ги презентира преку анализа на Вардарскиот плански регион, а во однос на развој на виното како производ со компаративна предност, односно на винскиот туризам како специфична гранка во правец на економски просперитет на Р. Македонија. Составен дел на воведот се и искажувањата на м-р Надица Јовановска - Бошковска за предметот, целите, методологијата, научниот придонес и планот на изложување на материјата во докторскиот труд - вообичаени за воведите на секој кандидат кој претендира за докторска титула.

Првиот дел на дисертацијата насловен како **Територијалниот маркетинг - нова научна дисциплина**, м-р Надица Јовановска - Бошковска го декомпонира на три подрачја. **Првото** поглавје му го посветува на **Територијата како поим** со цел да ја рефлектира од најразлични аспекти. Во овој контекст, покрај дефинициите за територијата, кандидатката се задржува на територијалната конкуренција, територијалните актери, врската помеѓу маркетингот и територијата за во продолжение поимно да го определи територијалниот маркетинг, а во неговите рамки и територијата како „мега-производ", зависен од пазарните компоненти (понудата и побарувачката). **Второто** поглавје на првиот дел на докторскиот труд, м-р Јовановска - Бошковска го резервирала за проучување на **Примената на маркетиншкиот концепт и маркетиншките алатки врз територијата**, па респективно во него го поентирала планот на територијалниот маркетинг, преку анализата на надворешните фактори (PEST - анализа), определувањето на одредниците (benchmark-от), SWOT - анализата и елементите на т.н. маркетинг mix (имиџот, промоцијата, цената, дистрибуцијата) без да заборави да посвети внимание и на сегментацијата на пазарот, како и на одговорноста на јавните власти во врска со територијата. Во **третото** поглавје на првиот дел, кандидатката се окупира со тематиката на **Локалниот територијален развој**, со намера да ја прецизира територијалноста на локалниот развој преку понуда на модел за локален територијален развој.

На крајот од **првиот дел** на својата докторска дисертација, м-р Надица Јовановска - Бошковска дава резиме на заклучоците од елаборацијата во тој дел. Во него таа истакнува дека територијалниот маркетинг е „историското јадро произлезено од современите процеси на имплозија на СДИ и борбата на териториите да ги привлечат". Исто така, кандидатката во територијалниот маркетинг гледа процес, а не чин, чија апликација го јакне капацитетот на територијата, во коресподенција со пазарните трансформации од една и со можностите на територијата од друга страна. Инаку, територијалниот маркетинг е дериват на зголемената компетиција меѓу градовите, регионите и земјите, карактеристична за современоста, констатира кандидатката. Оттука извира и нејзиното инсистирање за изградба на територијален систем со разработени цели и иновативни стратегии во функција на валоризирање на територијалните ресурси и идентификација на континуираните развојни правци во насока на подобрување на територијалните перформанси, како одговор на агресивната конкуренција на глобалниот пазар на територии. Својата сигурност во исправноста на ваквиот пристап, м-р Надица Јовановска-Бошковска ја поткрепува со студија на случај за успешен територијален маркетинг, т.е. за дострелот кој маркетингот од територијален аспект може да го даде. Значи, со резимето и студијата на случај, која следи веднаш по него, кандидатката го завршува првиот дел од својот докторат.

Во **вториот дел** на докторската дисертација - **Глобализацијата како фактор на афирмирање на територијалниот маркетинг**, кандидатката м-р Надица Јовановска - Бошковска ја отсликува компатибилноста помеѓу современите глобални трендови и апликацијата на територијалниот маркетинг. Овој **втор дел** го дезагрегирала во пет поглавја. Во **првото** од нив со наслов: **Глобализацијата - од архаични империи до глобално општество**, кандидатката м-р Надица Јовановска - Бошковска ја проследува еволуцијата на глобализационите тенденции и реперкусиите (позитивни и негативни) кои тие ги провоцира. Во **второто** поглавје на истиот дел, предмет на проучување се **стратегиите на глобализацијата и територијалниот развој**, т.е. во него кандидатката се фокусира на предизвиците поврзани со промоцијата на територијалната конкурентност за јавните политики. **Третото** поглавје на вториот дел со наслов: **Атрактивноста на територијата да привлече, да одржи и да задржи СДИ**, целосно е концентрирано на приоритетното прашање на современоста - СДИ и безпоштедната битка на териториите да ги привлечат, како conditio sine qua non на развојот во национални, регионални и локални рамки. На **четвртото** поглавје на вториот дел: **Глокален маркетинг - одговор на глобализацијата и локализацијата на пазарот**, со право м-р Јовановска- Бошковска му отстапила поголем простор, со цел да ги допре теориските како и практичните аспекти на новата парадигма - глокализацијата. Оттука, во него таа ги третира глокалните правци на развојот на територијалниот маркетинг, ја дефинира глокализацијата како микс (комбинација) од глобалното и локалното, се задржува на глокалниот правец - да се локализира глобалното и да се глобализира локалното во симбиоза која нуди успех. Во ова поглавје се анализираат, исто така, и факторите на глокализацијата, како и глокалниот правец и неговите карактеристики. **Петтото** (завршното) поглавје на вториот дел гласи: **Територијата преку идеологијата на конзумеризмот** и во него кандидатката ги отвора сите теориски дилеми на консумеристичката идеологија, а низ призма на територијалните аспекти кои ги опсервира.

Во коресподенција со првиот дел и вториот дел на докторскиот труд м-р Надица Јовановска - Бошковска го завршува со резиме на согледувањата произлезени од истражувањата во тој дел. Во него, таа, меѓу другото, заклучува дека еволуцијата на европските економии дава можност за реално приближување на земјите, но и реално оддалечување на регионите. Стратешката интеграција на традиционалниот локален и глобален маркетинг резултира во глокален маркетинг, во симбиоза која бара да се „размислува глобално, а да се делува локално", па затоа сценаријата на глокализацијата, како поединечни, специфични концепти (и локални и глобални) кога ќе се избалансираат стануваат спремни да ги дефинираат пазарите, компаниите, производните системи, трговијата, сегментите, потрошувачите низ вистинската територијална призма, недвосмислено заклучува кандидатката. Резимето на вториот дел од докторатот е комплетирано со студија на случај за глокалниот маркетинг во улога на аргумент повеќе за проучувањата направени во тој дел.

Стратешкото планирање на територијалната слика како елемент на територијалниот маркетинг, е предмет на преокупација на м-р Јовановска - Бошковска во **третиот дел** на нејзината докторска дисертација. Овој дел е, исто така, разбиен на **три поглавја**, и тоа: **Пластичноста и временската зависност на територијата; Важноста на јавно - приватното партнерство и соработка за афирмација на територијалната слика и идентитет и Афирмација на територијалната конкурентна предност: истакнување на спецификите на регионот.** Во **првото** поглавје на третиот дел, кандидатката опсежно ги проучува карактерот на територијата, нејзиниот идентитет и процес на перцепција, за да во продолжение се впушти во обработка на теориската рамка за анализа на стратешкото планирање на територијалната слика, сеќавањата за територијата, рационалната димензија на територијата, управувањето со временската зависност и пластичноста на територијата. Составен дел на ова прво поглавје од третиот дел се и прашањата околу јавните политики, територијалното управување и процесот на создавање на територијална слика, како и стратешкото управување со територијалната слика, односно важноста на маркетинг стратегиите и управувањето со атрактивноста на територијата. **Второто** поглавје на третиот дел за фокус на своја опсервација го избира јавно – приватното партнерство (соработка) и неговото значење во функција на афирмирање на територијалната слика и територијалниот идентитет. Во **третото** поглавје на третиот дел од докторатот, м-р Надица Јовановска - Бошковска, под лупата на своето истражување ги става културното богатство како регионален промотивен производ, културното наследство како производ, одржливиот развој и територијалниот пристап (идентитети и типологии), концептуалните рамки, територијалната кохезија и територијалните конкурентни предности (предизвик за руралните региони), погодноста на руралните региони во модерните општества, оригиналноста на руралните територии преточени во маркетинг - стратегии и, конечно, конкурентноста на територијата (индивидуална и колективна одговорност). Притоа, резимето и студијата на случај не изостанале ниту кај третиот дел на докторската дисертација на м-р Надица Јовановска - Бошковска. Во резимето, како есенцијален заклучок на третиот дел од докторатот, кандидатката, меѓу другото, тврди дека економско-социјалната реалност на секоја територија е историски детерминирана од процесот на седиментација на јавните политики, т.е. од одлуките и стратегиите на кои тие се потпираат. Во овој контекст, подвлекува м-р Јовановска - Бошковска, локалните и регионалните територии

треба: да имплементираат територијални политики кои можат да обезбедат значително ниво на пластичност на своите економско-социјални карактеристики; да создадат проактивен став за јавните политики со цел стратешко очекување, превенирање и предвидување на иднината на територијата и стратешки да управуваат со релационата димензија на територијата vis-à-vis другите територијални нивоа. Комплементарна со резимето е и студијата на случај која следи потоа, а за реализација на територијална маркетинг - програма со цел привлекување на резиденти во избраниот регион.

Четвртиот дел на докторскиот труд е свртен кон Р. Македонија, т.е. **Основни елементи, насоки, препораки за имплементација на територијалниот маркетинг како стратешки елемент на развојот на Република Македонија**. Во него кандидатката м-р Надица Јовановска-Бошковска прави успешен обид да ги спои теориските сознанија и позитивните практични искуства на примерот на Р. Македонија, односно да ја детектира постојната состојба од аспект на апликацијата на територијалниот маркетинг во македонските услови, а со цел да понуди научно-фундирани и практично афирмирани решенија во проблематиката која е предмет на проучување во нејзиниот докторски труд. Овој четврти дел на докторатот има аналитички карактер, па консеквентно, кандидатката м-р Надица Јовановска - Бошковска и го започнува со дескрипција на методологијата врз која ќе се потпира при неговото истражување, компонирано низ две поглавја. **Првото** поглавје на четвртиот дел **(Анализа на тековната слика на Република Македонија во насока на промоција на компаративните предности на регионите и имплементација на територијалниот маркетинг)** претставува, всушност, скенирање на тековната состојба на Р. Македонија, преку економските индикатори на конкурентноста со цел да се оцени постигнатото ниво од овој аспект. Во **второто** поглавје од четвртиот дел **(Насоки и препораки за развој на територијалниот маркетинг план преку анализа на компаративните предности на ниво на плански региони во Република Македонија - анализа на Вардарскиот плански регион),** м-р Јовановска - Бошковска најнапред ја анализира тековната состојба на Вардарскиот плански регион, потоа ја надоврзува на ова анализата на вино во Вардарскиот плански регион како компаративна предност за конкурентноста, но анализата на потенцијалот за развој на винскиот туризам во истиот регион, а во насока на негов долгорочен и одржлив развој. Во продолжение таа ги експлоатира своите маркетиншки сознанија, т.е. понудува насоки и препораки за позиционирање и таргетирање на пазарот и поставување на визија, за креирање на маркетиншка афирмација на производот и за градење на маркетиншки ориентирана локална власт, а сè на територијата на Вардарскиот плански регион и за избраниот производ (виното), односно избраната гранка (винскиот туризам). Вообичаеното резиме кое следи и по завршувањето на четвртата глава од докторскиот труд, кандидатката м-р Јовановска- Бошковска го започнува со мислењето на Котлер дека зголемениот степен на глобализација и конкуренција треба да се доживее не само како политички, туку и како маркетиншки предизвик. Р. Македонија не треба да го пренебрегне овој факт, констатира кандидатката, т.е. треба да се насочи кон стратешко планирање на маркетиншките активности и да воспостави конкурентски пристап кон светот. Притоа, таа подвлекува дека само пристапот „оддолу- нагоре" ќе резултира во бенефит на национално ниво, па значи секоја територија, повеќе или помалку успешно, треба да стане дел од

конкуренцијата на националниот, односно меѓународниот пазар или метафорички територијата (регионот) како производ ќе придонесува за развојот на Р. Македонија како претпријатие само ако самата претходно се подготви за тоа. Досегашните бројни заложби на Владата на Р. Македонија не можат да се пренебрегнат во афирмацијата и промоцијата на земјата во целина, но резултатите не се во корелација со настојувањата токму заради обратниот пристап, т.е. пристапот „одгоре-надолу" – децидна е кандидатката. На крајот од своето резиме, врзано за четвртиот дел на дисертацијата, таа на примерот на Вардарскиот регион, со помош на Balassa - индексот заклучува дека компаративни предности за производство на вино, односно за развој на винскиот туризам постојат, но само ако регионот сам развие своја самостојна стратегија, базирана на маркетиншки активности кои стојат на располагање за таа цел.

Последниот, **петти дел** на докторската дисертација на м-р Надица Јовановска - Бошковска, има наслов: **Истражување на перцепцијата на домашниот и странскиот пазар за Вардарскиот плански регион и за виното како негова компаративна предност преку анализа на примарни податоци од спроведен анкетен прашалник**. Во него таа ги тестира наодите од четвртиот дел на докторскиот труд и тоа на терен, т.е. прави едно field research истражување, на база на изготвен анкетен прашалник на македонски и на англиски јазик, а за прибирање на примарни податоци (во недостиг од секундарни) од домашниот и од странскиот пазар, респективно. Кумулираните заклучоци од своето истражување во овој дел на докторатот, м-р Надица Јовановска - Бошковска ги нотира во резимето кое следи на крајот од петтиот дел на докторскиот труд. Во него таа ја потврдува својата поставена хипотеза дека Вардарскиот плански регион е недоволно промовиран какоИнски регион, ниту има видливи очекувања за афирмирање на регионот на домашниот и на меѓународниот пазар во блиска иднина. Основните причини за ваквите негативни тенденции кандидатката ги врзува за отсуството на територијална маркетинг - стратегија од една и погрешниот промотивен пристап „одгоре-надолу", од друга страна.

Во **заклучокот**, м-р Надица Јовановска - Бошковска своите парцијални заклучоци од резимеата кај секој од деловите на својата докторска дисертација, повторно ги наведува во функција на нивно синтетизирање во генерални, базични, општи заклучоци кои презентирани во скратена форма би биле:

- територијалниот маркетинг е концепт сличен на класичниот маркетинг, но покомплексен со оглед на спецификата на територијата и нејзината вредност кои во овој случај не се строго материјално мерливи;
- територијалниот маркетинг е алатка без која територите не можат да постојат на глобалниот пазар на територии каде што главно се истакнуваат нивните локални вредности;
- глобализацијата го потенцира маркетинг - значењето и кај територите со цел да се привлечат повеќе СДИ од една и да се промовираат компаративните предности на територите, од друга страна, во функција на подигање на конкурентноста на глобалниот пазар на територии;
- глокализмот е концепт кој ја воспоставува врската меѓу економските, политичките и социјалните трендови, т.е. пласира територија во глобален комплекс и го презентира глобалниот карактер во локални рамки, односно ја зголемува улогата на локалните власти во активностите за истакнување на спецификите на територијата;

- јавните политики, насочени кон локалните и регионалните територии, мора да го поттикнуваат развојот на територијата земајќи ги предвид пластичноста, временската зависност и релациите на територијата за да можат да се впуштат во изградба на диференцирани ентитети, односно во обезбедување на видлива атрактивност;
- концептот на управување со територијата не е само буџетски проблем, туку и проблем на способноста на локалните власти за соработка со актерите на територијата, за креирање на територијалните политики, за стратешко управување и за обезбедување видливост на територијата;
- локалните власти се тие кои треба да ја истакнат спецификата на територијата преку афирмација на нејзините компаративни предности и на културното богатство, а во правец на одржлив развој, економска стабилност и конкурентност на регионот;
- главната улога во развој на регионот треба да ја има локалната власт, пристапот „оддолу-нагоре", а територијата индивидуално, самостојно, поддржана од националната власт, да конкурира на меѓународниот пазар, да се промовира, да се вреднува, да се дистрибуира како специфичен производ;
- Р. Македонија треба целосно да се насочи кон стратешко планирање на маркетинг - активностите и да заземе конкурентен пристап кон светот бидејќи денес и покрај заложбите таа е непрепознатлива на светскиот терен;
- спуштањето од национално на регионално, локално ниво, односно замена на пристапот „одгоре-надолу" (top-down) со пристапот „оддолу-нагоре" (bottom-up approach), може многу да помогне во промовирањето на спецификите на регионите, а преку нив и во промовирањето на спецификите на земјата како целина.

Секој од наведените генерални, базични заклучоци е резултанта на мноштвото од претходни, парцијални заклучоци, аргументирани, документирани и тестирани на страниците на овој докторски труд, за кој м-р Надица Јовановска - Бошковска консултирала значаен фонд од најнова литература, не штедејќи ниту време, ниту труд. Затоа можела да даде свои препораки, забелешки и критики низ одделните делови, поглавја и резимеа, па и во заклучокот како финиш на теориско-емпириското истражување за кое се определила.

Анексот, кој е лоциран по заклучокот, ја презентира de facto математичко-статистичката и информационо-документационата база на која кандидатката се потпирала, во функција на извлекување аргументирани, објективни констатации.

II. МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ ЗА ДОКТОРСКИОТ ТРУД

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Надица Јовановска-Бошковска** на тема: **„Систем на територијален маркетинг - стратешки елемент на развојот"**, без сомнение, обработува една значајна, актуелна, сложена, но и интересна проблематика која денес, заради хомогениот тип на општествено- економско уредување, ги тангира сите земји во светот, без оглед на нивната големина, развиеност и просторна лоцираност.

Развиените пазарни економии имаат поголемо искуство во оваа сфера, но и кај нив проблематиката на територијалниот маркетинг сè уште останува отворена за нови предлози и решенија, а во функција на нејзиното

доусовршување и заокружување. Транзиционите економии воопшто, па и Р. Македонија посебно, подоцна се судрија со оваа проблематика и дури сега навлегуваат во фазата на нејзиното физиономирање, т.е. се наоѓаат во почетните фази на нејзиното аплицирање, па оттука и поголемата актуелност кај нив за справување со предизвиците кои територијалниот маркетинг ги носи со себе, а кои политиките на јавните власти треба да ги реализираат.

Како и да е, проблематиката на територијалниот маркетинг нема долга историја, е феномен од понов датум, па како незатворено подрачје продолжува да го провоцира интересот за негово истражување, како од страна на теоретичарите, така и од страна на практичарите. Дотолку повеќе ако не се заборави фактот дека проблемите на територијалниот маркетинг никого не оставаат рамнодушен, од поединците, преку регионите, па сè до државите и тоа како на национално, така и на меѓународно ниво. Не треба да се пренебрегне и фактот дека територијалниот маркетинг е подрачје кое бара пазарни но и вонпазарни решенија, а тие секогаш се ексклузивно право на локалните, регионалните или националните власти кои треба да ја воспостават неопходната координација и оптималната синхронизација помеѓу пазарните (стихијните) од една и административните (рационалните) елементи од друга страна. Сознанието дека во светот секоја година излегува барем една книга која го третира територијалниот маркетинг, зборува во прилог на констатацијата за перманентната актуелност на оваа проблематика.

Комисијата на оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов: **„Систем на територијален маркетинг - стратешки елемент на развојот“**, на кандидатката м-р Надица Јовановска - Бошковска немаше проблем да ги воочи следните карактеристики, односно предности на трудот: **прво**, трудот е прв од ваков вид во Р. Македонија, т.е. има пионерски карактер и претставува успешно направен обид да се спојат и да се анализираат теориските и емпириските елементи на проблематиката на територијалниот маркетинг; **второ**, трудот има апликативен карактер од аспект на усовршување на територијалниот маркетинг во Р. Македонија, па оттука и неговиот придонес за адекватно дизајнирање на македонските политики на територијалниот маркетинг; **трето**, трудот претставува истражување фундирано на адекватна научна методологија и заклучоците од тој аспект се убедливи, прифатливи и веродостојни; **четврто**, во трудот се присутни сопствените аналитичко - критички ставови на кандидатката, а по одредени теориски или практични дилеми; **петто**, трудот е логично структуриран, деловите се во конекција еден со друг и од него прават интегрирана целина; **шесто**, трудот ја презентира смислата за систематичност на кандидатката, што деривирало во состојба деловите на трудот да се меѓусебно поврзани, а според начинот на изложување на материјата и до висок степен унифицирани; **седмо**, за трудот е ползувано множество од различни библиографски единици претежно од странски автори и од понов датум, кои се компатибилни со проучуваната проблематика; **осмо**, трудот нуди низа од значајни заклучоци и препораки, зад кои стојат аргументирани квантитативни и квалитативни наоди, што е само аргумент повеќе дека тие ќе бидат исползувани од сите оние што директно или индиректно ги тангира и ги окупира проблематиката на територијалниот маркетинг.

Summa summarum, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација: **„Систем на територијален маркетинг - стратешки елемент на развојот“**, поднесена од м-р Надица Јовановска - Бошковска, беше едногласна во мислењето дека се работи за солидно изработен докторски

труд, како од аспект на структурата, така и од аспект на методологијата, користената литература, крајните дедукции и придонесот за Р. Македонија, т.е. дека кандидатката во целост успеала да ги реализира поставените цели и задачи конципирани во тезите и пријавата на својот докторат.

Врз основа на приказот на содржината на докторскиот труд, како и врз основа на мислењето за карактеристиките на докторскиот труд, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- **прво**, да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: „Систем на територијален маркетинг - стратешки елемент на развојот", поднесена од кандидатката м-р Надица Јовановска - Бошковска;
- **второ**, да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 5.7.2013 година

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Олга Градишка – Теменугова с.р
2. Проф. д-р Пеце Недановски с.р.
3. Проф. д-р Љубица Костовска с.р
4. Проф. д-р Нада Секуловска с.р
5. Проф. д-р Митре Стојановски с.р

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНИКОТ „МОДЕЛИ НА ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА“ ОД АВТОРОТ Д-Р СИНИША ДАСКАЛОВСКИ, РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

Врз основа на член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXIX редовна седница одржана на 31.5.2013 година, донесе одлука за назначување Рецензентска комисија за учебникот „Модели на воена организација“, во состав: проф. д-р Митко Котовчевски и проф. д-р Тони Милески.

Благодарејќи ви срдечно за именувањето за рецензент, би сакал да ве известам за моето мошне позитивно мислење за овој труд. Откако со внимание го прегледав текстот од учебникот, имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Називот на учебникот „Модели на воена организација“, воедно е и назив на предметната програма за која се однесува, а подразбира реализација на 6 (3+3) часа настава и 6 ЕКТС-кредити, за студентите од Институтот за безбедност одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје. Ракописот во целост, со мали исклучоци и повеќе од предвиденото, ја покрива предметната програма **модели на воена организација** која е составен дел на студиската програма по **безбедност, одбрана и мир.** Учебникот на проф. Даскаловски е изготвен со многу професионалност, стручност и завладеаност со изворите и методологијата на научноистражувачката работа во областа на одбраната и безбедноста, која може да се користи и во повисоките циклуси на студии.

Содржински, структурната композиција на учебникот е логична и сложена, изложена е во осум основни дела, вклучувајќи ги воведот, табели и библиографија. Во првиот дел, направен е обид на еден академски прифатлив начин да се воведат студентите во материјата која ја обликува предметната програма-модели на воената организација, подрачје кое проф. Даскаловски долгорочно и системски го истражува повеќе од три децении и крајно го подига на рамниште на задолжителен предмет на Институтот за безбедност одбрана и мир. Во контекст на воведот ќе истакне дека воената организација е една од најстарите, најпостојаните и најкомплексни организации, која ја наложува потребата од сериозен приод во нејзиното расветлување, анализа, истражување и изучување. Посредно тоа значи структурирање на материјата во логично историски след кој започнува со воведот, па преку историскиот развој и факторите на социјално влијание врз неа достига до резултатите на тоа влијание-оптималниот модел и крајно во поширoки рамки до супранационалното воено организирање.

Во вториот дел, авторот прави обид, поимно и категоријално да ги операционализира основните термини кои се користат во анализата и изучувањето на воената организација. При тоа посебно внимание посветува на дефинирањето на организацијата воопшто и посебно на војната организација, која во основа ја има самата организација. Потоа се задржува на термините фактори, посебно модели на воена организација како и на терминот влијание.

Во третиот дел, низ етапи го анализира историскиот развој на воената организација, при тоа водејќи сметка да не дојде до вулгаризација, а истакнувајќи дека со развојот на општеството се зголемувал бројот на факторите и нивното социјално влијание врз определувањето за оптималниот модел.

Четвртиот дел, се чини дека енајзначаен, бидејќи се анализираат основните фактори кои го детерминираат конструкцискиот модел на влијание. При тоа, се истакнува дека како најзначајни се издвојуваат историското искуство и меморија, карактеристиките на политичкиот систем, просторот и популацијата, економскиот и техничко-технолочкиот фактор, социо-стратификациските карактеристики на заедницата и воениот фактор. Значајно е согледувањето дека со тоа не се исклучува и влјанието на други фактори, но не во толкава мера и обем како и основните. Дури, како значајно, а за основните фактори е нивното различно влијание и во рамките на нивната целина составена од повеќе делови со различно влијание. Крајно, тие треба да го оформат конструкцискиот модел на влијание, како и квантитативното и квалитативно структурирање на воената организација.

Во петтиот дел е елаборирано квантитативното и квалитативното структурирање на главните делови на вооружените сили, при што приоритетот е даден на конвенционалната за разлика од нуклеарната компонента. Ова дотолку повеќе што можноста за користење на оваа копонента е далеку помала од конвенционалната и бидејќи бројот на земји кои ја имаат на располагање е многу мал. Што се однесува до конвенционалната компонента, приоритетот на главните делови е под непосредно влијание на заканите. Ирегуларните и дифузни закани се претежно копнено ориентирани, што ги фаворизира копнените сили како еден од главните делови. Тие воедно влијаат и врз зголемувањето на способностите на силите кои треба да се приближат до способностите на специјалните сили, но и обратно.

Во шестиот дел станува збор за изборот на оптималниот модел на воена организација воопшто и воената организација на Република Македонија посебно. При тоа, како значајно за моделите е нивното формирање да е производ на влијанието на основните фактори, но и прецизното дефинирање на целите, трошоците, критериумите и, секако, алтернативите. Дури тогаш можеме да говориме за оптимални модели на воена организација, истакнува авторот, проф. Даскаловски.

Во седмиот дел, на еклатантен начин се елаборира потребата од промени во моделите на воена организација во услови на појава на политички и воени кризи како во случајот по завршувањето на Студената војна. По соочувањето со неспособноста на меѓународната безбедносна структура да одговори на новите безбедносни ризици и предизвици, побарана е помош од НАТО. Се чини дека одговорот е најден во силите за брза реакција кои во својата структура имаат, пред сè, копнена копонента, но и воздушна, поморска и, секако, специјални

сили. Се разбира дека ова е само одговор на еден нов предизвик со ограничен капацитет, а кој се решава со интервенционистички операции на сили за брза реакција, и тоа на една од најмоќните воено-политички групации во светот. Оптималниот модел треба да има одговор на сите конфликти, вклучувајќи ги и конвенционалната и нуклеарната војна, за која се претпоставува дека е малку веројатна, но е многу влијателна. Секоја земја, помала или поголема, членка или, пак аспирант, во изборот на моделот ќе појде од своите стратегиски определби и интереси, како, на пример, Република Македонија, за која приоритет е интеграцијата со НАТО, што подразбира изградба на копатабилен воен систем со НАТО, како и систем кој ќе го почитува влијанието на основните фактори кои го детерминираат оптималниот модел.

И во осмиот дел, прикажана е библиографијата од која се гледа дека авторот користи најнови и релевантни домашни и странски извори како што се: Годишните национални програми за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО, The Military Balance, SIPRI и други.

Евидентно од сето ова е дека само кога станува збор за основните фактори кои во суштина се комплексни, динамични и променливи, потребно е нивно континуирано следење и анализирање, што крајно ја потенцира актуелноста на моделот на воената организација.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

„Модели на воена организација" е ракопис кој сосем ги задоволува стандардите и критериумите за да биде објавен на Филозофскиот факултет во Скопје.
Чест ми е и задоволство, без забелешки, дополнувања и сугестии, да ви ја посредувам мојата позитивна оцена за неговиот квалитет и научен стандард. Драго ми е, што можам да го препорачам за објавување како учебник по предметот **модели на воена организација** на авторот проф. д-р Синиша Даскаловски, наменет, пред сè, за студентите од Институтот за безбедност одбрана и мир. Несомнено е, исто така, корисен и интересен и за стручната и научната јавност.

1.7.2013 година

Рецензент

Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНИКОТ „МОДЕЛИ НА ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р СИНИША ДАСКАЛОВСКИ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXIX редовна седница одржана на 31.V 2013 година, донесе одлука за назначување Рецензентска комисија за учебникот „Модели на воена организација“, во состав: проф. д-р Митко Котовчевски и проф. д-р Тони Милески.
Се заблагодарувам за изборот за рецензент на ракописот „**Модели на воена организација**“ од авторот проф. д-р Синиша Даскаловски, подготвен за печатење. Откако внимателно го прегледав текстот, како рецензент имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот „**Модели на воена организација**“ е обид на проф. Даскаловски, несомнен стручњак во ова подрачје, да одговори на предизвикот за квалитативно збогатување и осовременување на студиската програма по безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет во Скопје.
Врз основа на анализа на обемен истражувачки материјал и споредбен материјал од земјите-членки на НАТО и соседните земји, изработена е предметна програма со назив „Модели на воена организација“ и тоа како задолжителен предмет со фонд на 6(3+3) часа и 4 ЕКТС-кредити.
Учебникот е изложен во осум основни дела, вклучувајќи ги воведот, табелите и библиографијата. Скоро без исклучок во секој дел-глава има по повеќе поглавја.
Во првиот дел, направен е обид, пред сè студентите, но и другата стручна, научна и поширока читателска јавност, да се воведат во материјалот кој е предмет на ова изучување и истражување. При тоа, се истакнуваат мотивот, целите, актуелноста, оправданоста и значајноста на деловите кои ја прават целината на предметната програма насловена како модели на воена организација.

Во вториот дел, авторот посветува значајно внимание на операционализацијата на основните поими кои се користат во учебникот. При тоа, посебно внимание се посветува на терминот **организација**, и тоа како основа за дефинирање на терминот **воена организација**. Со дефинирање на додавката **воена**, поблиску се определуваат нејзините специфики, но и разлики од другите организации. Потоа, се дефинира терминот **фактор** и терминот **влијание**, како и терминот **модели**, кој иако е прикажан на крајот од овој дел, тој без исклучок во хронолошкиот ред може да биде прикажан и како прв во операционализацијата на термините.

Во третиот дел, елаборирано е општото историско искуство низ три развојни епохи. При тоа, авторот потенцира дека во својот еволутивен развој, воената организација ќе започне со наједноставните облици на организација, а ќе достигне до насложените. Паралелно со развојот на општеството и државите ќе се зголемува и бројот на факторите кои ќе го детерминираат оптималниот модел на воено организирање. Во почетокот тоа ќе биде општественото уредување, социјалната диференцијација и развојот на производните сили, а потоа просторот и популацијата, културата и свеста, техничко-технолошкиот фактор и воената доктрина.

Во четвртиот дел, фокусот на вниманието е во факторите кои ја детерминираат изградбата и развојот на воената организација во услови на длабоки општествено-политички, економски, социјални, безбедносни и други промени, а потоа во услови на појава на иррегуларни и дифузни закани, карактеристнични за почетокот на 21 век. Во последната деценија од 20 век, некои земји од Европа, а посебно тие кои ќе го променат политичкиот систем максимално ќе го почувствуваат влијанието на политичкиот фактор во услови на трансформација или, пак, на изградба на вооружените сили. Тоа секако дека не ја намалува значајноста на другите фактори - економскиот, социјалниот, просторно-популацискиот, техничко-технолошкиот, но ги потврдува и ги нагласува улогата и влијанието на политичкиот фактор. Од друга страна, авторот на учебникот - проф. Даскаловски, сосема јасно укажува на проблемите кои можат да бидат од суштинска природа и карактер ако во услови на радикални промени и воена криза земјата нема своја воена организација. Дури и кога ја има, воената организација треба да ги следи промените во факторите кои го детерминираат оптималниот модел. Доколку тоа не се случи, како што е случајот со појавата на новите закани во 21 век, тогаш се доведува во прашање нејзината функционалност.
Во петтиот дел, авторот го фокусира вниманието во елаборацијата на влијанието на основните фактори на главните делови на вооружените сили. При тоа истакнува дека определувањето на примарноста на главните делови е обусловено од проценките, пристапот и интересот за адекватен одговор на безбедносните предизвици и ризици. Евидентно е дека функционирањето на целината е зависна од функционирањето на деловите. Сепак, иррегуларните и дифузни закани кои се претежно копнено лоцирани, значајно влијаат врз определбата приоритетот да биде даден на копнените сили како еден од главните делови на вооружените сили, констатира авторот.

Во шестиот дел, авторот го потенцира значењето на определувањето на целите, трошоците, алтернативите и критериумите за изборот на оптималниот модел на воената организација. Тие заедно со основните фактори го обликуваат конструкцискиот модел на влијание, кој посебно е оформен за потребите на Република Македонија.

Во седмиот дел се елаборира потребата од глобален одговор на глобалните закани. При тоа, значајна улога има меѓународната безбедносна структура и, посебно, Севрноатлантската алијанса. Се покажа дека во услови на појава на полититички и воени кризи, случајот со Босна и Херцеговина и Косово во деведесеттите години од 20 век, а за прекинување на вооруженият кофликт,

адекватниот одговор е најден откако се употребени воените сили на НАТО. За иррегуларните закани во 21 век, се чини решението е побарано во формирањето на силите за брза реакција.

Сметам дека сето ова досега прикажано, заедно со експликативните и посредно евидентирани најнови и релевантни извори и референтни единици е во целосна согласност со предметната програма модели на воена организација, која не само што нема потреба од корекции, туку содржински некаде е повеќе од потребното фрагментирана.

Заклучок и предлог

Несомнено, овој учебник се занимава со аспекти кои не се чисто воено-организациски, туку, пред сè, научни и едукативни и тоа со синтеза на резултати од повеќе науки на подрачјето на воената организација. Поради ова, учебникот е мошне корисен за студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир и интересен и корисен за стручната и научната јавност од повеќе области.
Драго ми е што можам да ве известам за мојата мошне позитивна оцена за квалитетот на учебникот „Модели на воена организација“ и што можам да го препорачам да биде објавен на Филозофскиот факултет во Скопје.

1.7.2013 година

Рецензент
Проф. д-р Тони Милески, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „*ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ОД МАТЕМАТИКА 1 ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ*“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р БЕТИ АНДОНОВИЌ, М-Р ЗОРАН МИСАЈЛЕСКИ И ТОМИ ДИМОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, донесена на XXV седница одржана на 29.4.2013 година, избран сум за член на Рецензентската комисија за оцена на ракопис *Збирка решени задачи од математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет* од авторите д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајлески и Томи Димовски. По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет го доставувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот ***Збирка решени задачи од математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет***, од авторите д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајлески и Томи Димовски, претставува труд кој содржи сериозен, широк и соодветен избор на теми и задачи, во кој, на нешто повеќе од 200 страници и 30-тина слики и цртежи, е направен приказ на наставната програма по предметот математика 1 преку задачи, а поделен на теми. Презентираните задачи се темелат на релевантни извори, 20 библиографски единици кои претставуваат оригинални книги или преводи, изложени на македонски, англиски, српски и хрватски јазик.

Ракописот е структуриран во две големи тематски целини и еден анекс: *Функции со една реална променлива, граници на функции, изводи и нивна примена,* и *Интеграли, неопределен и определен, и примена.* Анексот содржи задачи од испитните сесии во последните десет години.

Во *првиот дел* авторите ги опфатиле темите: скицирање графици со помош на елементарни функции, дефиниционa област на функција, граница на функција, некои специјални граници, изводи, Лопиталово правило, тангента и нормала на крива, анализа на графици од дробно-рационални функции и примена на екстреми.

Во *вториот дел* се опфатени следниве теми: неопределен интеграл, методи на решавање на неопределен интеграл – метод на замена и парцијална интеграција, интеграли со тригонометриска смена, интеграли од квадратен трином, интеграли од рационални функции, интеграли од ирационални функции, интеграли од тригонометриски функции, определен интеграл, примена на определен интеграл за одредување плоштина на рамнински лик и должина на лак на крива.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА

И покрај тоа што подтојат збирки со решени или нерешени задачи од областите кои ги опфаќа предметот *математика 1* на техничките факултети, ова е прва збирка со решени задачи која е наменета за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, и во неа фокусот е точно врз оние задачи и

теми кои се изучуваат на тој Факултет. Студентите на овој Факултет досега морале да користат повеќе извори, бидејќи сите теми не биле опфатени, или нивото на задачите не било приспособено за нив.

Со оваа збирка, заради темелноста, стручноста и познавањето на потребите на Факултетот за чии студенти е наменета, даден е значаен придонес во збогатувањето на литературата од оваа област. Долгогодишниот научен интерес и работа ги прави авторите компетентни за ваков ракопис.

Оваа збирка, иако е првенствено наменета за студентите на прв циклус на Технолошко-металуршкиот факултет како основна литература за предметот *математика* 1, можат успешно да ја користат и студентите на сите други технички факултети во Република Македонија.

Врз основа на се што е погоре наведено, ракописот *Збирка решени задачи од математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет* од авторите д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајлески и Томи Димовски *го препорачувам за печатење и употреба како учебно помагало по предметот математика 1.*

РЕЦЕНЗЕНТ

Д-р Никита Шекутковски, редовен професор
на Институтот за математика, с.р.
Природно-математички факултет - Скопје

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „*ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ОД МАТЕМАТИКА 1 ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ*“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р БЕТИ АНДОНОВИЌ, М-Р ЗОРАН МИСАЈЛЕСКИ И ТОМИ ДИМОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, донесена на XXV седница одржана на 29.4.2013 година, именувана сум за член на Рецензентската комисија за оцена на ракопис *Збирка решени задачи од математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет* од авторите д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајлески и Томи Димовски. По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет го доставувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот ***Збирка решени задачи од математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет*** од авторите д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајлески и Томи Димовски претставува труд кој содржи сериозен, широк и соодветен избор на теми и задачи, во кој, на нешто повеќе од 200 страници и 30-тина слики и цртежи, е направен приказ на наставната програма по предметот математика 1 преку задачи, а поделен на теми. Презентираните задачи се темелат на релевантни извори, 20 библиографски единици кои претставуваат оригинални книги или преводи, изложени на англиски, српски, хрватски или македонски јазик.

Ракописот е структуриран во две големи тематски целини и еден додаток: *Функции со една реална променлива, граници на функции, изводи и нивна примена*, и *Интеграли, неопределен и определен, и примена*. Додатокот се состои од листа на задачи кои се дадени за решавање во испитните сесии во последните десет години.

Во *првиот дел*, авторите ги опфатиле темите: скицирање графици со помош на елементарни функции, дефиниционa област на функција, граница на функција, некои специјални граници, изводи, Лопиталово правило, тангента и нормала на крива, анализа на графици од дробно-рационални функции и примена на екстреми.

Во *вториот дел* се опфатени следниве теми: неопределен интеграл, методи на решавање на неопределен интеграл – метод на замена и парцијална интеграција, интеграли со тригонометриска смена, интеграли од квадратен трином, интеграли од рационални функции, интеграли од ирационални функции, интеграли од тригонометриски функции, определен интеграл, примена на определен интеграл за одредување плоштина на рамнински лик и должина на лак на крива.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА

Досега се напишани повеќе збирки со решени или нерешени задачи од областите кои ги опфаќа предметот *математика 1* на техничките факултети или *математичка анализа* на ПМФ – Скопје. Но оваа збирка е прва збирка со

решени задачи која е наменета за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, и како таква, фокусот е точно врз оние задачи и теми кои се изучуваат на тој Факултет. Досега, истите студенти морале неизбежно да користат повеќе извори, бидејќи или не биле сите неопходни теми опфатени, или нивото на задачите не било приспособено за нив.

Со оваа збирка, заради темелноста, стручноста и познавањето на потребите на Факултетот за чии студенти е наменета, даден е значаен придонес во збогатувањето на литературата од оваа област. Долгогодишниот научен интерес и работа ги прави авторите компетентни за ваков ракопис.

Оваа збирка, иако е првенствено наменета за студентите на прв циклус на Технолошко-металуршкиот факултет како основна литература за предметот *математика* 1, можат успешно да ја користат и студентите на сите други технички факултети во Република Македонија.

Врз основа на наведените аргументи, со особено задоволство ракописот *Збирка решени задачи од математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет* од авторите д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајлески и Томи Димовски *го препорачувам за печатење и употреба како учебно помагало по предметот математика 1.*

РЕЦЕНЗЕНТ

Д-р Татјана Атанасова – Пачемска, вонр.проф. с.р.
Универзитет „ Гоце Делчев“ - Штип

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕТРОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ КАЈ ДИГИТАЛНИ МЕРНИ СИСТЕМИ, БАЗИРАНИ НА ВРЕМЕНСКО-ДИГИТАЛНА КОНВЕРЗИЈА**"
ОД М-Р ЖИВКО КОКОЛАНСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФЕИТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот Совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на својата редовна седница одржана на 31.5.2013 година, донесе одлука бр. 02-1230/9 со која нé определи за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација:

"**Подобрување на метролошките карактеристики кај дигитални мерни системи, базирани на временско-дигитална конверзија**"

од кандидатот м-р Живко Коколански, дипл.ел. инж.
По прегледот на дисертацијата, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

во кој се дава оценка и образложение за неа.

1. Основни податоци

Докторската дисертација со наслов „Подобрување на метролошките карактеристики кај дигитални мерни системи, базирани на временско-дигитална конверзија" од кандидатот м-р Живко Коколански, дипломиран инженер по електротехника, се состои од десет поглавја. Трудот е изложен на 136 страници, илустриран е со 135 слики и 12 табели. Цитираната литература брои 70 референци.

2. Предмет на истражувањето

Докторската дисертација се фокусира на проблематиката на мерните системи со пасивни модулациски сетила и нивна директна врска со микропроцесорите. Предмет на истражувањето е оптимизација на интерфејсот, подобрување на мерната неодреденост на мерниот систем и подобрување и проширување на неговите метролошки карактеристики. Дел од анализите во дисертацијата можат да се применат и кај интегрираните дигитални сетила кои се базираат на временско-дигитална конверзија.

Директниот интерфејс сетило-микропроцесор е метод за поврзување пасивни мерни сетила со микропроцесор без користење на аналогно-дигитален конвертор. Со правилна побуда од страна на микропроцесорот, сетилото генерира временски зависен сигнал, пропорционален на мерната величина, кој понатаму може да се измери. На овој начин, пасивните сетила добиваат карактеристики кои ги сместуваат во групата на квази дигитални паметни сетила. Ваквиот интерфејс, споредено со конвенционалниот, се одликува со: помали димензии, пониска цена, универзалност и нагласена

едноставност. Мерењето временски интервал, споредено со мерењето амплитуда има нагласени предности и тоа: широко динамичко подрачје, висока точност на референтниот такт, едноставно интегрирање во дигитални мерни системи и поголема имуност на шум. На овој начин се надминуваат недостатоците на пасивните сетила во поглед на поврзувањето со дигиталните системи, а употребата на потребни надворешни хардверски кола се заменува со имплементирање софтверски алгоритми. Оттука може да се каже дека квази дигиталното мерно сетило и микропроцесорот формираат единство со перформанси споредливи со перформансите на паметните сетила. Земајќи ги предвид карактеристиките, едноставноста и релативно ниската цена, може да се каже дека ваквите решенија одговараат на барањата на денешните мерно-аквизициски системи.

Метролошките карактеристики на системите базирани на директен интерфејс сетило-микропроцесор се ограничени од повеќе фактори. Во најголема мера, ограничувањата се во доменот на временско-дигиталната конверзија и во недостатоците на интерфејсните порти на микропроцесорот. Овие ограничувања делумно се надминуваат со примена на одредена техника на калибрација. Основна цел на оваа дисертација е подобрување на карактеристиките на базичните калибрациски техники. Подобрувањата се во насока на зголемување на точноста, резолуцијата и брзината на мерење. Покрај подобрувањето на метролошките карактеристики, во дисертацијата е обработена и примената на директниот интерфејс и врз други програмабилни дигитални системи. На ваков начин директниот интерфејс е применлив и на друг тип мерни сетила. Во таа насока во дисертацијата се предлагаат решенија за интерфејс со персонален компјутер и со Field Programmable Gate Array (FPGA) и Complex Programmable Logic Device (CPLD) процесори. Метролошките карактеристики се подобруваат со неколку предложени техники за калибрација и се прошируваат со директен интерфејс на индуктивни мерни сетила во различна конфигурација.

3. Содржина на трудот

Докторската дисертација "Подобрување на метролошките карактеристики кај дигитални мерни системи базирани на временско-дигитална конверзија" е поделена во десет поглавја.

Дефинирањето на целите и проблематиката која се анализира во трудот е елаборирана во првото поглавје.

Во второто поглавје на дисертацијата се дава вовед во директната врска сетило-микроконтролер базирана на празнење или полнење низ RC-мрежа. Се покажува дека влијанието на шумот врз долното ниво на напонот на праг кај најголем број микроконтролери се карактеризира со поголема имуност на шум. Од овие причини најчесто колата базирани на празнење на пасивна мрежа имаат подобри метролошки карактеристики. Извршена е теоретска анализа за одредување оптимална временска константа во првата фаза од мерењето. Се покажува дека изборот на временската константа зависи од мерната резолуција која треба да се постигне. Во ова поглавје се елаборираат три техники за калибрација: калибрација во една точка, калибрација во две точки и метод на три сигнали. Покрај основниот интерфејс се елаборираат начините за директно поврзување на отпорнички сетила во диференцијална и мостна конфигурација.

Третото поглавје се фокусира на директната врска на капацитивните мерни сетила со микроконтролер и нивни конфигурации во диференцијална и мосна врска. Се покажува дека кај капацитивните сетила калибрацијата во една точка и методот на три сигнали се најефикасни. Имплементацијата на калибрација во две точки е неоправдана заради зголемување на паразитните капацитивности кои го ограничуваат мерењето на мали капацитивности.

Анализа на потрошувачката на енергија на директниот интерфејс е направена во четвртото поглавје. Се покажува дека колото за конверзија на сигналот, консумира енергија само во фазата на полнење. За директен интерфејс, базиран на микроконтролер, се дефинираат режими на работа на периферните единици и процесорската единица во одредени фази од мерењето кои ќе резултираат работа со минимална конзумација. Од анализите за потрошувачката на енергија се покажува дека директниот интерфејс е погоден кај реализации кои користат преносен извор на напојување. Потрошувачката на енергија е посебно ниска во случаи кога системот работи по принципот семплирање по барање (sample on demand).

Во петтото поглавје се врши анализа на изворите на мерна неодреденост при мерење период или временски интервал. Вкупната неодреденост на временско-дигиталната конверзија ја сочинуваат неколку компоненти: неодреденоста на референтниот осцилатор, ефекти на квантизација, неодреденост на точката на тригерирање, програмски ефекти и неодреденост на калибрациските отпорници. Во овој случај, влијанието на температурата врз отстапувањата на фреквенцијата на референтниот такт е значително. Во таа насока се анализира метод за индиректна температурна компензација на кварцниот осцилатор преку мерење на амбиенталната температура. Од друга страна примената на ова решение е оправдано само за поголеми мерни интервали каде што грешките од нестабилноста на референтниот осцилатор се поизразени. Програмските грешки се јавуваат како резултат на доцнењето на реакцијата за барање прекин и доцнењето помеѓу почетокот на машинскиот циклус за прекин и стартувањето или запирањето на тајмерот. Се покажува дека користењето "capture" пинови кои се специјализирани за регистрирање временски настани вршат намалување на програмските грешки. Дополнително намалување на програмските грешки се постигнува и со поставување на микроконтролерот во состојба на "спиење" во периодот на чекање прекин, со што се намалува времето на реакција. Мерната неодреденост кај директниот интерфејс се разгледува како збир од две компоненти: неодреденост на точката на тригерирање и ефекти на квантизација. Бидејќи шумот во влезните кола на микроконтролерот не е дефиниран во каталошките податоци на производителите, неодреденоста на првата компонента квалитативно се анализира со евалуација тип А, додека втората компонента со евалуација тип Б.

Во шестото поглавје се врши анализа на ефектите на пречки при мерење временски интервал со микроконтролер. Реализиран е експеримент за одредување на зависноста на амплитудата и фреквенцијата на пречките врз влезниот сигнал. Во експериментот се анализира влезен сигнал со триаголен бранов облик под влијание на пречки со синусен бранов облик. Симулациите покажуваат дека зголемувањето на амплитудата на пречките врши пропорционално зголемување на стандардната девијација на мерењата. Од друга страна, влијанието на пречки со различна фреквенција внесуваат грешки во мерниот интервал со нулти вредности во $f_i=kf_o$ и максимуми во $f_i=(k+0,5)f_o$.

Во седмото поглавје е извршена анализа на систематските грешки за одредена техника на калибрација. Се покажува дека влезно/излезните отпорности и струи на истекување на портите на микропроцесорот внесуваат систематски грешки во вид на поместување, засилување и нелинеарност на мерниот сигнал. Грешките во вид на поместување кај калибрацијата во една точка се најголеми и од ред на големина на излезната отпорност на портата. Калибрацијата во две точки и методот на три сигнали ги намалуваат ефектите на поместување и засилување. Кај овие калибрациски техники поместувањето е пропорционално со разликата на отпорностите помеѓу портите на микропроцесорот. Во ова поглавје се дефинира оптималната временска константа на празнење која резултира во најдобар однос резолуција/брзина на мерење. Експерименталната верификација покажува дека за временска константа од 2,2 ms се добива ефективна резолуција од околу 11,2 бити, а доколку се изврши усреднување на 5 последователни примероци, резолуцијата се подобрува на 11,6 бити. Во ова поглавје се врши споредба на трите калибрациски техники во поглед на точност, брзина на мерење, сложеност, цена и ресурси.

Осмото поглавје се фокусира на решенија за подобрување и проширување на метролошките карактеристики на директната врска стило-микропроцесор. Предложена е модифицирана калибрација во една точка. Оваа калибрациска техника врши редуцирање на поместувањето кај калибрација во една точка и при тоа ги задржува предностите во однос на другите калибрациски техники. Поместувањето се намалува со користење еден дополнителен отпорник поврзан кон напојувањето на системот и со намалување на вредноста на калибрацискиот отпорник. На тој начин модифицираната калибрација во една точка се однесува како калибрација во две точки со зголемена нелинеарност. Се предложуваат оптимизирани математички алгоритми за одредување на вредноста на надворешниот отпорник. Извршени се анализи на модифицираната калибрација во една точка при варијации на процесот, температурата и напонот за напојување. Во ова поглавје се предлагаат неколку хардверски решенија за подобрување на метролошките карактеристики кај сите калибрациски техники. Се покажува дека со користење дополнителни MOSFET-транзистори во интерфејсното коло, може да се подобри точноста на калибрацијата во една точка и да се зголеми брзината на мерење кај сите калибрациски техники. Во овој случај параметрите на транзисторите ги одредуваат перформансите на интерфејсот. На тој начин, за "мали" отпорности на мерното сетило препорачливо е MOSFET транзисторите да имаат мала отпорност дрејн-сорс, додека за "големи" отпорности истите треба да имаат мали истечни струи. Со вклучување на дополнителен компаратор се намалува и шумот кој делува на точката на тригерирање. Во таков случај, резолуцијата на мерењето се подобрува за приближно 1,3 бити во подрачјето на мерните сетила од типот PT1000. При користењето на извор на константна струја се зголемува стапката на пораст на сигналот. Во тој случај резолуцијата на мерењето се подобрува за 0,3 бити. Мерното подрачје кај сите калибрациски техники е ограничено од нелиеарноста на преносната карактеристика на мерниот систем. За негово проширување неопходно е користење поголем број калибрациски отпорници со што се зголемува цената, комплексноста на системот и бројот на интерфејсни порти. Овие недостатоци се надминуваат со предложената континуирана автоматска калибрација. Оваа калибрациска техника користи дигитален променлив отпорник за имплементирање на калибрацискиге техники. На тој начин се постигнува редуцирање на бројот на искористени порти на микропроцесорот при мерења во широко динамичко подрачје.

Во деветтото поглавје се анализира имплементацијата на "директниот интерфејс" со други програмабилни дигитални системи. Предложена е директна врска на мерните сетила со персонален компјутер преку блок за аквизицијана податоци. Анализирани се две решенија кога временскиот интервал се мери софтверски или со единици специјализирани за регистрирање временски настани. Се покажува дека во случаите кога се врши софтверско мерење на временскиот интервал, брзината при мерењето е релативно мала (1 примерок во секунда за резолуција од 10 бити). Ваква брзина на мерењата е употреблива само при мерење споро променливи величини, како на пример температура и релативна влажност. Во второто решение временскиот интервал се мери со помош на тајмерски модули вградени во блокот за аквизиција. Се предлагаат две решенија при користење мултивибратор во моностабилен и астабилен режим на работа. На мултивибраторите е применета калибрацијата во една точка. Покажано е дека моностабилниот мултивибратор нуди подобра резолуција при мерењето од астабилниот мултивибратор. Во овој случај, калибрацијата во една точка ги намалува ефектите на влијание на температурата приближно шестнаесет пати. Предложеното коло за кондиционирање постигнува резолуција од 0,1 Ω во мерно подрачје од 1000 Ω до 3000 Ω (за временска база од 20MHz) и максимална релативна грешка од 0,1%. Еден недостаток на ова решение е користење релативно голем број порти при интерфејс на поголем број мерни сетила. Овој недостаток се надминува со временско мултиплексирање на мерните сетила. Во таа насока, предложено е решение со примена на кружни бројачи. На тој начин се овозможува зголемување на бројот мерни сетила за минимален број интерфејсни порти кон дигиталниот систем. Кон завршетокот на ова поглавје се елаборира имплементацијата на директната врска врз FPGA и CPLD-процесори.

4. Заклучок

Во докторската дисертација со наслов "**Подобрување на метролошките карактеристики кај дигитални мерни системи, базирани на временско-дигитална конверзија**", кандидатот м-р Живко Коколански, дипломиран инженер по електротехника, анализира повеќе аспекти на директната врска сетило-микропроцесор со цел проширување и подобрување на метролошките карактеристики на мерниот систем. Во трудот теоретски и експериментално се анализираат систематските грешки на калибрациските техники и при тоа се предлагаат повеќе решенија кои вршат подобрување на резолуцијата, брзината и точноста на мерењето. Метролошките карактеристики на интерфејсот се прошируваат со примена на индуктивни мерни сетила и други дигитални програмабилни системи.

Врз основа на анализата на дисертацијата и изложеното во овој извештај, членовите на Комисијата за преглед и оцена констатираат дека докторската дисертација на кандидатот Живко Коколански, разработува современа тема од областа на микропроцесорските програмабилни мерни системи.

Научниот придонес во дадената проблематика кандидатот го потврдил со публикување на 5 труда во меѓународни списанија, високо ценети кај поодблиску упатените во проблематиката на мерната техника, и 11 трудови на меѓународни конференции.

Ценејќи ги постигнатите резултати од теоретските и експерименталните истражувања изложени во трудот и степенот на реализација на поставените задачи, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, трудот со наслов " **Подобрување на метролошките карактеристики кај дигитални мерни системи, базирани на временско-дигитална конверзија**", изработен од кандидатот м-р Живко Коколански, да го прифати како докторски труд и да му одобри на кандидатот јавна усна одбрана.

Скопје, 20.6.2013

Комисија за преглед, оцена и одбрана

1. Проф. д-р Владимир Димчев, претседател, ср
2. Проф. д-р Цветан Гавровски, ментор, ср
3. Проф. д-р Аристотел Тентов, член, ср
4. Проф. д-р Фолкер Цербе, Универзитет во Ерфурт- Германија, член, ср
5. Проф. д-р Предраг Петковиќ, Универзитет во Ниш – Србија, член, ср

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд на** Универзитет „ Св. Кирил и Методиј"во Скопје, **Фармацевтски факултет**

Кандидат	Тема	Ментор
Дрита Узаири Хавзиу	„Нефротоксичност на нестероидни антиинфламаторни лекови"	Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска
Адријана Торбовска	„Дизајн на методи за идентификација на резултати што отстапуваат од трендот во студии на стабилност на лекови"	Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд по здравствен менаџмент и фармакоекономија** на Универзитет „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, **Фармацевтски факултет**

Кандидат	Тема	Ментор
Зоран Наков	„ Менаџирање со ланец на набавки во фармацевтската индустрија"	Проф. д-р Рубинчо Зарески

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **специјалистички труд по фармацевтска регулатива** на Универзитет „ Св. Кирил и Методиј"во Скопје, **Фармацевтски факултет**

Кандидат	Тема	Ментор
Нели Трајковска	„ Регулатива за формирање на цени на лековите со посебен осврт на европската и македонската национална регулатива"	Проф. д-р Лидија Петрушевска Този

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
РЕЛЕВАНТНОСТ НА ОБЈЕКТИВНАТА ВРЕДНОСТ ЗА ФИНАНСИСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АТАНАСКО АТАНАСОВСКИ,
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр. 0202-1873/2, донесена на седницата одржана на 19.6.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Атанаско Атанасовски на тема ***Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Република Македонија.*** Претходно, темата беше прифатена со одлука на Наставничкиот колегиум за постдипломски студии и Наставно-научниот совет на Економскиот факултет. По внимателно проучување на трудот, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Содржина на докторската дисертација

Проблематиката елаборирана во докторската дисертација на кандидатот м-р Атанаско Атанасовски на тема: ***Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Република Македонија*** е презентирана на вкупно 233 страници, во кои се содржани обработка на проблематиката во шест тематски единици со инкорпорирани табели, користена методологија, воведни и заклучни согледувања и користена литература. Во прилог на докторската дисертација дадени се најзначајните разлики помеѓу годишната сметка според македонската регулатива и сметководствените директиви на Европската унија, содржината на конструираниот индекс на обелоденувања за објективната вредност, статистиките на средствата мерени според објективната вредност, резултатите од регресионата анализа на детерминатните на квалитетното обелоденување на информации и релевантноста на информациите за инвеститорите на Македонската берза за хартии од вредност.

Докторската дисертација тематски е структурирана во осум тематски единици кои се однесуваат на објективната вредност како основа за мерење на елементите од финансиските извештаи, нејзините компаративни предности пред останатите основи за мерење, квалитетот на сметководството според објективната вредност на примерот на македонските котирани компании и неговата релевантност.

Структурата на докторската дисертација ја формираат:

Вовед.

1. Целите на финансиското известување како основа за релевантност на алтернативните методи на вреднување.
2. Генеза на вреднувањето според објективната вредност.
3. Избор на сметководствени политики и методи за вреднување во контекст на приближување на меѓународните рамки за финансиско известување.
4. Релевантност на објективната вредност за различните елементи од финансиските извештаи според Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).
5. Прифатливост на методот на објективната вредност во контекст на економската реалност и применетата рамка на финансиско известување во Република Македонија.
6. Емпириско истражување за релевантноста на објективната вредност за потенцијалните инвеститорите на Македонската берза за хартии од вредност.

Заклучок.

Во воведниот дел е дефинирано централното прашање опфатено во докторската дисертација, идентификувани се карактеристиките на објективната вредност како основа за мерење и образложени се основните проблеми кои се предмет на истражување. Исто така, во воведниот дел се наведени импликациите на очекуваните сознанија на докторската дисертација за процесот на регулирање на финансиското известување во домашни услови и придонесот за идните истражувања посветени на квалитетот на финансиското известување и релевантноста на сметководствените информации.

Во ***првата глава*** е направен краток опис на целите на финансиското известување во современи услови, каде што е анализирано нивното влијание врз изборот на основите за мерење на елементите од финансиските извештаи. Поглавјето содржи и краток осврт на теоријата на сметководствено вреднување со посебен теоретски преглед на набавната вредност и тековните вредности како најчесто користени основи за мерење. Различните потреби од информации на корисниците на финансиски извештаи кандидатот ги разгледува како детерминанта на изборот на основа за мерење.

Втората глава е посветена на основите на вреднување на билансните позиции според објективната вредност како пристап кој се базира на тековните трошоци. Со помош на

соодветната експликација на теоретските основи на објективната вредност, кандидатот очекува да ги објасни причините за отсуство на доминација на оваа основа во современото финансиско известување. Внимателно се забележани недостатоците и контроверзите на сметководството според објективната вредност. Кандидатот прави и историски осврт на цикличното актуализирање и повлекување од употреба на објективната вредност во различни економски услови. На крајот од ова поглавје, посместен е еден целосен преглед на литературата поврзана со емпириските истражувања за релевантноста на објективната вредност. Овој преглед му овозможил на кандидатот да заклучи за поголемата релевантност за финансиското известување на објективната вредност во однос на набавната вредност според тврдењата поместени во поголемиот број на цитирани научни трудови. Притоа, најголема релевантноста или корисност за деловното одлучување, според мислењето на кандидатот, има објективната вредност на финансиските инструменти.

Во ***третата глава*** се обработени теориите на изборот на сметководствени политики и примената на методите на вреднување во контекст на приближување на меѓународните рамки за финансиско известување. Во овој дел, кандидатот ги објаснува предностите од користење на мешани модели за вреднување наспроти моделот на сеопфатно користење на објективната вредност за сите елементи во финансиските извештаи. Поглавјето продолжува со кратка компаративна анализа на релевантните барања за сметководството според објективна вредност на МСФИ и општоприфатените сметководствени стандарди во САД. Кандидатот соодветно внимание посветува на дебатата за користењето на објективната вредност во услови на неликвидност на пазарите и дискутабилност на пазарните цени утврдени во такви услови. Во овој дел се пренесени критиките на сметководството според објективната вредност и објаснети забелешките упатени на адреса на неговата процикличност.

Во ***четвртата глава*** се елаборирани основните регулаторни барања на МСФИ за сметководството според објективната вредност во смисла на мерење и обелоденување на информации за различните позиции од финансиските извештаи. Кандидатот е на мислење дека за соодветно интерпретирање на резултатите од емпириското истражување, предуслов е анализата на релевантните барања на МСФИ. Во ова поглавје, посебно се анализира примената на објективната вредност за финансиските инструменти, недвижностите, постројките, опремата и останатите елементи на средства и обврски. На крајот, кандидатот врши согледувања на најновите потфати за хармонизирано регулирање на објективната вредност, нејзиното дефинирање и утврдување согласно со барањата на најновиот стандард на финансиско известување *МСФИ 13 Вреднување според објективната вредност.*

Во ***петтата глава*** се опишани карактеристиките на окружувањето на финансиското известување во Република Македонија. Кандидатот критички ги коментира состојбите со регулаторното оптоварување и деловите на неусогласеност со барањата на сметководствените директиви и регулативи на Европската унија. Како вовед во анализата на поврзаноста на финансиското известување според објективната вредност и македонскиот пазар на капитал, кандидатот прави теоретски осврт на хипотезата на ефикасен пазар. Целта на кандидатот со овој осврт е да се образложи можноста да се носат заклучоци за релевантноста на сметководствените информации за вреднувањето на фирмата во услови кога пазарите не се целосно ефикасни, како што се претпоставува на случајот на македонскиот пазар на капитал. Во поглавјето, исто така, се анализира застапеноста на позициите кои се мерат според објективната вредност во типичните финансиски извештаи на котираните компании и деловните банки, како и квалитетот на обелоденети информации за објективната вредност на примерот на котираните компании во Република Македонија. Кандидатот заклучува дека многу мал дел од вкупните средства котираните компании и деловните банки ги вреднуваат според објективната вредност. Ваквото сознание влијаело на изборот на методологија за истражување на севкупната релевантност на сметководството според објективната вредност кај македонските котирани компании.

Шестата глава е посветена на емпириското истражување на детерминантите на квалитетното обелоденување на информации за објективната вредност и релевантноста на обелоденетите информации за инвеститорите на Македонската берза за хартии од вредност. Кандидатот ги споделува заклучоците од богатата литература на истражувања за поврзаноста на сметководствените износи и пазарот на капитал, но и ги коментира ставовите на опонентите на овој вид истражувања во сметкодствената научно-истражувачка мисла. Исто така, во поглавјето се образложени вообичаено користените модели за емпириско тестирање на поврзаноста на сметководствените износи и пазарните цени и приноси на акциите. Кандидатот соодветно ги развива и ги објаснува користените емпириски модели за тестирање на детерминантите на квалитетно обелоденување на информации и релевантноста на обелоденетите информации за објективните вредности.
Поглавјето завршува со образложение за резултатите од емпириското истражување со соодветно објаснување на импликациите на добиените резултати за идните пазарно-базирани истражувања и процесот на регулирање на финансиското известување во Република Македонија.
Докторската дисертација завршува со ***заклучни излагања*** за сознанијата до кои е дојдено како резултат на опсежните квантитативни и квалитативни истражувања. Во заклучните излагања кандидатот го објаснува и придонесот на докторската дисертација во формирањето на стратегија за идните истражувања на детерминантните на квалитетот на

финансиското известување, истражувањата на релевантноста на сметководствените информации, но се подвлекуваат и детаљи кои регулаторите треба да ги имаат во предвид во креирањето на регулативата за финансиското известување во земјата.

Оцена на резултатите од истражувањето

Според поставените цели и планот за истражување на проблематиката на релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Република Македонија, можеме да оцениме дека резултатите од истражувањето претставуваат значаен придонес од теоретски и од практичен аспект.

Кандидатот најпрво спровел квалитативната анализа на ревидираните финансиски извештаи на македонските котирани компании и заклучил дека релевантни се барањата само на неколку МСФИ во врска со обелоденувањето на информации за објективните вредности. За најголем број на компании применливи се барањата на МСФИ 7 *Финансиски инструменти: обелоденувања* и МСС 1 *Презентирање на финансиски извештаи.* За помал број на компании применливи се барањата на МСС 40 *Вложувања во недвижности,* МСС 41 *Земјоделство,* МСС 28 *Вложувања во придружени ентитети* и МСС 16 *Недвижности, постројки и опрема.* Исто така, кандидатот ги навел најчестите пропусти кои компаниите ги прават во обелоденувањето на информации за објективната вредност, како:

- недостиг од соодветни информации за користените методи и применетите претпоставки во утврдувањето на објективната вредност.
- необјавени информации кои ќе им овозможат на корисниците на финансиските извештаи самостојно да расудуваат и да проценуваат за објективната вредност на средствата и обрската кога таа не може веродостојно да се измери.
- необезбедени информации за пазарните цени кои можат да се проверат и информации за степенот на користење на овие цени наспроти другите методи при утврдување на објективната вредност.

Понатаму, со цел да го истражи квалитетот на обелоденувања на информации за објективната вредност, кандидатот конструирал индекс на обелоденување кој содржи 51 информација во белешките од ревидираните финансиски извештаи на котираните компании. Сумираните резултати за индексот на обелоденувања според неговите анализи покажуваат дека македонските котирани компании во просек обелоделиле 60% од бараните информации за објективната вредност. Кандидатот одлучил да ги истражи факторите кои влијаат на квалитетот на обелоденувања на информации за објективната вредност. Како зависна варијабла го зема индексот на обелоденување, а како независни варијабли или можни детерминанти: големината на компанијата, индустријата на која ѝ

припаѓа, видот на ревизорската фирма, интернационализацијата во делувањето, задолженоста и концентрацијата во сопственоста.

Резултатите од регресионата анализа на индексот на обелоденување покажуваат дека само три од поставените седум хипотези за факторите може да се потврдат. Имено, кандидатот заклучил дека постои позитивна поврзаност помеѓу големината на компанијата и нивото на обелоденувања на објективната вредност во финансиските извештаи.Позитивна врска, според резултатите наведени во трудот, постои и помеѓу видот на ангажиран ревизори и квалитетот на обелоденувања на информации за објективната вредност, каде што припадноста на ревизорска фирма на некоја меѓународна мрежа на фирми е значаен фактор кој го објаснува индексот на обелоденувања на информации.

На пониско ниво на статистичка значајност од 10%, кандидатот ја покажал и позитивната поврзаност на нивото на задолжување и квалитетот на обелоденети информации. Регресионата анализа покажува дека останатите претпоставени фактори на влијание на квалитетот како што се концентрацијата на сопственоста, интернационализацијата во делувањето и индустријата не се релевантни за квалитетот на обелоденување на информации за објективната вредност. Сметаме дека на тој начин кандидатот обезбедил првични емпириски докази за можните фактори на влијание на квалитетот на финансиско известување во Република Македонија кои би требало да бидат земени предвид од страна на секое планирано истражување на оваа проблематика во иднина.

5	Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/стручен собир: - **B. Karanakov,** M. Zinoski, D. Penčić, *SERVICE LEARNING IN ARCHITECTURE FOR IMPROVING ACCESS TO HIGHER EDUCATION, Book of Case Studies: Service Learning Success Stories in Macedonia and Croatia,* (2012), pp.19-26	1,6
6	Апстракти објавени во зборник на конференција: - **B. Karanakov,** *ACCESS TO HIGHER EDUCATION FROM AN ARCHITECTS POINT OF VIEW - BETTER HIGHER EDUCATION FOR EVERIONE, Book of Abstracts of the Regional JFDP Alumni Conference: "Enhancing Accessibility of the Higher Education to the Disabled",* (2010), p.24 - V. Danailov, M. Dimitrovska, K. Jordanovska, B. Irakoska, A. Nikolovska, M. Novković, G. Vitevski, **B. Karanakov,** M. Zinoski, D. Penčić, *ADAPTATION PROJECT FOR EQUAL ACCESS IN ARCHITECTURE: CASE STUDY – FACULTY OF ARCHITECTURE,* SKOPJE, *Book of Case Studies: Service Learning Success Stories in Macedonia and Croatia,* (2012), p.35	1,6
7	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: - Integraion of Urban Knowledge Through Visibility Studies and Pedestrian Behavior Analysis in Old Bazaar in Skopje - 3U3D – Нант, Франција, 2012.	3
8	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: - предавање „Нов пешачки мост на раката Вардар", во рамките на меѓународната работилница „Revival of City Squares in Balkan Cities" – Скопје	3
	Вкупно	**40**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Изведен архитектонски објект: - Лабораторија за испитување на дрво, производи од дрво и мебел -	66

	Скопје - Тераса, натстрешница и ограда на ресторан „Бистро“ – Скопје - Доградба, надградба и ентериер на индивидуален станбен објект „Пижевски“ – Скопје - Доградба, надградба и ентериер на индивидуален станбен објект „Владичевски“ – Скопје - Индивидуален станбен објект „Атанасовски“ - Индивидуален станбен објект „Качар“ - Дворно уредување, простор за одмор, настрешница и огниште „Гошев“ - Ентериер за студио за графички дизајн „Expressive“ - Ентериер на продавница за играчки „Крш“ - Доградба, надградба и ентериер на станбена единица во повеќесемеен станбен објект „Стерјов“ - Доградба и ентериер на станбена единица во повеќесемеен станбен објект „Ѓорѓиевски“	
2	Идејно архитектонско решение: - Идејно решение за индивидуален станбен објект „Дамовски“ - Идејно решение за индивидуален станбен објект „Крпач“ - Идејно решение за влезна партија на Архитектонскиот факултет – Скопје за подобра пристапност на луѓе со посебни потреби - Идејно архитектонско решение за винска визба и летен стан „Малиќи“	16
3	Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурси: - Идејно Архитектонско и урбанистичко решение за пешачки мост на реката Вардар 2010 - Идејно Архитектонско и урбанистичко решение за објект на локална самоуправа Куманово - втора награда 2011	6
4	Идејно обликовно решение за елементи од мебел, урбана опрема или други објекти: - Столче – „Folded Chair“ - Столче – „Хиперболичен параболоид“ - Столче – „Mirage“ - Столче, клупа – „Рустика“ - Маса – „Рустика“ - Маса „Showroom“ - Пулт за вино - Витрина за вино и сирење - Елемент „Музичка кутија“	9
5	Изведен елемент од мебел, урбана опрема или друг предмет: - Пулт „Алуминиум“ - Пулт „Мермер“ - Клуб масичка „3“ од рециклирани материјали - Клуб масичка „4“ од рециклирани материјали - Светилка од рециклирани материјали	5

6	Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела: - Ново време на Старата скопска чаршија 2012 – црква „Св. Спас“ – Скопје - БИМАС 2012 – Музеј на град Скопје - АСК 2011 – Музеј на град Скопје - НИЕ 2009 – Музеј на град Скопје	8
	Вкупно	**110**
	НИ + СУ	**40+110=150**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Член на национална жири-комисија: Член на жири-комисија за доделување на Годишна награда за Архитектура на Асоцијацијата на архитекти на Македонија 2011	1
2	Идеен проект: - Идеен проект за фабрика за обработка на пилешко месо и царинско складиште со д-р Владимир Каранаков, д.и.а. - Идеен проект за индивидуален станбен објект „Стојменов“ со д-р Владимир Каранаков, д.и.а - Ентериер за студио за графички дизајн „Expressive“ - Ентериер на продавница за играчки „Крш“ - Доградба, надградба и ентериер на станбена единица во повеќесемеен станбен објект „Стерјов“ - Доградба и ентериер на станбена единица во повеќесемеен станбен објект „Ѓорѓиевски“ - Индивидуален станбен објект „Атанасовски“ - Проект за сообраќајно и паркинг решение на просторот околу „ТЦЦ Плаза“со д-р Владимир Каранаков д.и.а	16
3	Главен основен проект: - Лабораторија за испитување на дрво, производи од дрво и мебел - Скопје со д-р Владимир Каранаков д.и.а - Тераса, настрешница и ограда на ресторан „Бистро“ – Скопје со д-р Владимир Каранаков д.и.а - Доградба, надградба и ентериер на индивидуален станбен објект „Пижевски“ – Скопје - Доградба, надградба и ентериер на индивидуален станбен објект „Владичевски“ – Скопје со д-р Владимир Каранаков д.и.а - Индивидуален станбен објект „Качар“со д-р Владимир Каранаков д.и.а	20
4	Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиски и графички дизајн: - Графичко решение за лого за проектот „Ensuring Equal Access through Service Learning for Persons with Disabilities“, Alumni	12

	Engagement Innovation Fund (AEIF) Project - Графичко решение за маица за Летна школа „TERRISTORIES“, 2009 - Графичко решение за публикација од летната школа „TERRISTORIES“,2009 - Графичко решение и подготовка на изложба за летната школа „TERRISTORIES“, 2009 - Графичко решение за маица за Летна школа „NEW SPACE FROM FOUND MATERIALS“, 2008 - Графичко решение за лого за продавница за играчки „КРШ“, 2006	
	Вкупно	**49**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

1	Студиски престој до 6 месеци: - College of Design, Department of Architecture, Iowa State University, Ames, Iowa, USA како дел од Junior Faculty Development Program (JFDP) спонзориран од US State Department	1
2	Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание: - член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание ДОМА кое излегува двапати годишно во Република Македонија и САД	1
3	Член на организационен одбор за научен/стручен собир: - член на организациониот одбор на меѓународна работилница за COST во Скопје на тема: Evaluation of 3D City Models	1
4	Член на факултетска комисија: - Член на Комисија за јавни набавки, I мандат - Член на Комисија за јавни набавки, II мандат - Член на Комисија за наставно-научни и студентски прашања	1,5
	Вкупно	**4,5**
	СА + Д.П.И.	**49+4,5=53,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	314,306
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	150
СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	53,5
ВКУПНО	**517,806**

3. ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија смета дека кандидатот д-р Бојан Каранаков, дипл.инж.арх., во изминатиот период ги потврди очекувањата искажани при неговиот избор за асистент.

Врз основа на увидот во презентираниот професионален курикулум и приложената документација од страна на кандидатот ас. д-р Бојан Каранаков, дипл.инж.арх., Комисијата е на мислење дека тој ги надминува критериумите, утврдени со Законот за високото образование на РМ и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно–стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за негов избор во наставно-научното звање доцент.

Со компетентното, квалитетно и ангажирано извршување на наставните обврски и забележливиот ангажман во научното истражување и струката, кандидатот д-р Бојан Каранаков, дипл.инж.арх., се позиционира себеси како личност на која може да се смета во понатамошниот развој на Архитектонскиот факултет како образовна институција.

Врз основа на изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно–научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатот ас. д-р Бојан Каранаков, дипл.инж.арх., согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно–стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде избран во звањето доцент по предметите нацртна геометрија и перспектива, на Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Бранко Трпковски, д.и.а, редовен професор, претседател с.р.

2. Д-р Тихомир Стојков, д.и.а, редовен професор, член с.р.

3. Д-р Владимир Арсовски, д.и.а, редовен професор, член с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ "ОСНОВИ НА СТОМАТОЛОШКАТА РЕНДГЕНОЛОГИЈА" ОД АВТОРКАТА МАРИЈА СТЕВАНОВИЌ И СОРАБОТНИЦИТЕ

На третата редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет одржана на 31.1.2013г., определена е рецензентска комисија за оцена на ракописот за учебник под наслов "Основи на стоматолошката рендгенологија" од авторот проф.д-р Марија Стевановиќ и соработниците, наменет за студентите по стоматологија: Проф.д-р Климе Ѓоревски, проф.д-р Марија Зужелова и проф.д-р Борис Величковски.
Како еден од рецензентите го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Респектирајќи ги аспектите за основните особини кои треба да ги поседува едно учебно дело, а да не содржи оригинални лични и научни достигнувања, авторката со своите соработници во овој ракопис обработиле верификувани, опишани стручно-здравствени содржини за состојбите во орофацијалната регија кои што се неопходни за додипломската едукација на студентите по стоматологија согласно со прифатените наставни планови и програми.
Ракописот има за цел, која во целост ја исполнува, собирање, опис и интерпретација на веќе познати стручно-здравствени податоци и факти за здравствените состојби на споменатата регија кои со помош на ртг-знаците стануваат достапни на стручните лица за дијагностицирање и терапијско следење во секојдневната практика.
Ракописот е досега прво издание објавено на македонски јазик во Републикава и тоа на Стоматолошкиот факултет, а е посветено на овие содржини .
Ракописот според содржината покрива вкупен фонд од 60 часа: 30 теоретски и 30 практични за студентите по стоматологија и 15 часа за студентите на Високата школа за забни техничари.
Текстот е пишуван на јасен разбирлив и концизен јазик со современа и дидактички функционална класификација на материјалот. Текстот е расположен на 214 страници, има вовед, а содржината е сместена во три целини. Вкупно има 18 поглавја, а секое од нив содржи по неколку потпоглавја во зависност од материјалот кој што е опфатен во нив. Секој рендгенолошки податок е илустриран со соодветна ртг- слика така што вкупно има 280 илустрации од рендгенграфии, позиции за снимања и шеми.
На крајот, авторите ја навеле користената богата, современа литература посветена на орофацијалната регија од аспект на рендгенолошките збиднувања.
Во воведот е потенцирана суштината на Х -зраците кои претставуваат интегрален дел на стоматолошките клинички испитувања неопходни за поставување на поголем број клинички дијагнози и следења на терапевтските постапки Тука е сместен и краток вовед за глобалните познавања од денталната радиографија и радиологија навестувајќи дека тие ќе бидат образложени во понатамошниот текст низ 4 целини.
Првиот дел на ракописот е општ дел и почнува со:

Првото поглавје, кое е целосно посветено на суштината на рендгенската слика низ 5 подзаглавија во кои се зборува за квалитетот на ртг сликата, за позиционирањето на филмот, за објектот за сликање и Х-зраците, за карактеристиките на Х- зраците, перцепција на ртг -сликите и создавање, својства и интеракција на Х- зраците.

Во второто поглавје авторката се осврнува на основните познавања на физиката како неопходни за понатамошно разбирање на содржините низ следниве поднаслови: продукција на зраците, биолошки ефекти и ризици од рендген-зрачењето.

Третото поглавје, "Опрема за Х- зрачење, филмови и процес на изведување", има 11 концизно образложени поднаслови како: фокусна точка; големина и принцип за правецот на фокусирање, главни составни делови на контролниот панел, рецептори на слика, филм за директна постапка, филм за индиректна постапка, касети, складирање на филмот, опрема за развивање на филмот, рачно развивање на ртг-филмот, автоматски развивање на ртг-филмот и саморазвивачки филмови кои имаат за цел да го воведат и едуцираат студентот во техниката на изработка на ртг -филмовите.

Потеклото на денталната радиологија со краток историјат е опишана во **четвртото поглавје,** а потоа низ содржините насловени како: радиоактивно дејствување врз ткивата и органите, радиоактивни ефекти во оралната празнина, ефекти од радијацијата на целото тело и радиоактивни ефекти на ембриони и фетуси со сета сериозност, стручно се опишани опасностите кои демнеат при невнимателно ракување со Х- зраците.

За радиоактивната заштита се зборува во **петото поглавје** од првиот дел. Таа е елаборирана низ 6 поднаслови: ризични принципи, критични дози за поедини органи, професионална експозиција, персонално средство за мониторинг, препораки за заштита од прекумерна радијација и професионален суд. Сите мерки на предострожност се застапени, со слики илустрирани и експлицитно објаснети.

Во шестото поглавје се укажува на најчестите грешки при рентгенграфирањето со цел студентите да се едуцираат во прецизноста на изработката. Тука авторот се осврнува на можните грешки како што се појавите на: осветлена рендгенографија, темна рендгенографија, недоволен контраст на ртг сликата, замаглување на филмот, појава на темни точки на рендгенографијата, појава на бели точки, појава на жолти или кафени точки, појава на заматена рендгенографија и рендгенграфија со нецелосна слика.

Во вториот дел на ракописот, всушност во седмото поглавје, авторите ги обработуваат техниките на рендгенграфското снимање. Опишани и илустрирани се повеќе методи на ртг- снимање на лицево- виличната регија како: интраорално, екстраорално снимање, потоа сагитално, латерално, телерендгенграфија и специјални снимања. Од приложениот текст во ова поглавје студентите ќе бидат едуцирани за изборот на методата за сликање во зависност од клиничките потреби.

По сето тоа следува третиот т.н. специјален дел. Тој почнува со **осмото поглавје** и во него се сместени содржините за нормалната рендгенграфска анатомија на структурите. Неговите поднаслови се однесуваат на забите, пулпата, потпорните забни структури, максилата, мандибулата и на крајот е и ртг-приказот на реставративните структури.

Во деветтото поглавје се зборува за интраоралните рендгенографски испитувања. Поглавјето е образложено низ 3 поднаслови: критериуми кои го гарантираат квалитетот на рендгенграфската слика, особености при рендгенографското испитување кај деца и возрасни и посебни размислувања и пристапи при ртг- снимањата.

Во десетото поглавје се сместени рендгенографските анализи на денталните патолошки состојби. Кариозниот процес е прикажан во сите свои варијации, кои се богато, експлицитно илустрирани и анализирани, што е неопходно за негово точно дијагностицирање.

Аномалиите на забите се претставени во единаесеттото поглавје. Од него може точно да се едуцираат студентите дека без ртг- снимка нивното дијагностицирање би било невозможно.

Трауматските повреди на забите, трауматските повреди на лицевите коски како и регресивните промени на забите се прикажани во дванаесеттото поглавје со текст соодветен на ртг- приказите.

Во тринаесеттото поглавје сместена е содржината посветена на инфекциите и инфламациите на вилиците и лицевите коски. Нивните реперкусии се прикажани како се отсликуваат на ртг- сликите и како можат мегусебно диференцијално да се дијагностицираат.

Четиринаесетото поглавје со повеке поднаслови посветено му е на темпоромандибуларниот зглоб во целовитост на нормалната анатомија, а потоа следат радиолошките испитувања и промените кои се регистрираат во оваа регија во доменот на програмите за до дипломска едукација на студентите по стоматологија.

Тука се опфатени содржини на нормалната коскена структура, рскавица и сврзните структури. Потоа следат содржини на радиолошките испитувања на патолошки промени на ТМЗ.

И радиографски испитувања на **саливарните жлезди и параназалните синуси** имаат свои посебни поглавја заради специфичноста на нивната локализација и богата патолошка структура. Ним им припагаат поглавјата: **петнаестто и шеснаесетто,** а во **седумнаесеттото опфатени се неправилностите во развојот на лицевите и виличните коски.** Во овој ракопис опишани се од ртг- аспект и одонтогени цисти, тумори, трауми на синусите, неправилности во развојот на лицето и вилиците како клеидокранијалните дисплазии, краниофацијалните дисторзии, хемифацијалните хипертрофии, хемифацијалните хипоплазии, хиперплазии на максијалниот тубер, расцепите на непцето, хиперплазијата на короноидниот продолжеток и други патолошки наоди на коските.

Рендгенграфијата пак на пародонталните ткива и пародонталните болести е сместена и подробно изложена **во осумнаесеттото** поглавје. За појасно прифакање на заболувањето, кое покрај кариесот е најфреквентно во стоматолошката практика, е постапно изложено и класифицирано: почнува со опис на анатомските карактеристики на пародонталните ткива, рендгенографија на здравиот пародонциум, потоа методи на рендгенографирање на пародонталните ткива при пародонтопатија, рендгендијагностика при оклузални трауми, ртг прогнозирање на пародонталните болести, улогата на рендгенографијата во планирањето и следењето на терапијата, цисти и тумори.

На крајот од ракописот е посочена актуелната користена литература од референтни учебни помагала од странски автори.

Заклучок

Учебникот "Основи на стоматолошката рендгенологија" од проф. д-р Марија Стевановиќ и соработниците содржи материјал кој треба да им помогне на студентите од студентската програма, стоматологија, полесно да ја совладаат предвидената наставна програма по дотичната дисциплина. По обемот и содржината тој во целост одговата на неа.
Авторката со своите соработници на најдобар начин текстот го вклопила во единствена целина по стил, јазик и методичност, така што е лесно читлив, разбирлив за усвојување на содржините од страна на студентите. За неговиот квалитет многу придонесуваат и внимателно одбраните и групирани илустрации и фотографии кои што на студентите им го олеснува совладувањето на наставната програма по овој предмет. Затоа, јас како рецензент на овој ракопис, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да го процедурира понатаму за печатење. При тоа, искрено се надевам дека читателите и корисниците на овој учебник, студентите по стоматологија, како најмеродавни ке го потврдат неговиот квалитет.

Рецензент
Проф.д-р Климе Ѓоревски с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ "ОСНОВИ НА СТОМАТОЛОШКАТА РЕНДГЕННОЛОГИЈА" ОД АВТОРката МАРИЈА СТЕВАНОВИЌ И СОРАБОТНИЦИТЕ,

На учебникот "Основи на стоматолошката рендгенологија" од проф.д-р Марија Стевановиќ и соработниците.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 3-та редовна седница одржана на 31.1.2013 година донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на ракописот за учебното помагало "Основи на стоматолошката ренгенологија и рендгенграфија" од проф.д-р Марија Стевановиќ и соработниците. Рецензентската комисија е составена од членовите: Проф. д-р Климе Ѓоресќи, Проф. д-р Марија Жузелова и проф. д-р Борис Величковски.

Како член на рецензентската комисија, го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Предмет на оваа рецензија е ракописот за учебникот под наслов "Основи на стоматолошката рендгенологија", наменет за додипломска едукација на студентите по стоматологија по предметот "Стоматолошка рендгенологија"

Самиот ракопис покажува дека претставува добро осмислена, систематизирана едукативна целина за изучување на предметот стоматолошка рендгенологија кој се слуша во VII семестар.

Овој ракопис во целост ќе ја покрие програмата на тој предмет што е усвоена од Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет.

Предвидено е програмата да се изведува и апсолвира во 30 теоретски и практични часа.

Ракописот се состои од 213 отчукани страници, изобилува со ,слики и шематски прикази со цел експлицитно да се воведе и обучи студентот во предметот. Текстот е групиран во 3 дела и вкупно 18 поглавја, а секое поглавје е расчленето на повеќе поднаслови, во зависност од материјата што ја обработува.

Воведот е краток и јасен, а се однесува на неопходноста од примената на Х- зраците за поставување на поголем број клинички дијагнози, како и на понатамошната систематизација на материјата.

Општиот дел започнува со поглавјето: Суштина на рендгенската слика во кое со посебни поднаслови се опишани радиографските сенки, важноста

на квалитетот на ртг- снимката, позиционирањето на ртг-филмот, објектот на снимањето, поставувањето на Х- зраците и нивната интеракција. Овој материјал дава потребни предзнаења на студентот за изведување на практичната изработка на ртг сликите.
Општите познавања од физиката се кратко и концизно опишани како основни познавања потребни за да се разбере продукцијата на Х- зраците, нивните биолошки ефекти и ризиците од нив.
Опремата за Х-зрачењето, филмовите и процесот на изведување на сликите се содржините на третото поглавје. Тие се наменети за практично едуцирање на студентите кое ќе резултира во самостојна изработка на ртг- слики во стоматолошката практика.
Понатаму следат страници кои ги опишуваат ефектите на Х зраците во орофацијалната регија, на ембрионите, фетусите и телото во целост.
Логично, во наредното шесто поглавје, авторката ја обработува радиоактивната заштита на персоналот и пациентите со низа конкретни препораки и упатства.
Авторката многу детално ги опишува грешките при рендгенографирањето кои доведуваат до субоптимален или комплетно лош квалитет на сликата со што се оневозможува точното дијагностицирање.

Сите видови на техники за ртг -снимање на орофацијалната регија се многу подробни и со фотографии поткрепени. За секоја техника: интраорална, екстраорална, латерална, панорамска и др. е точно назначено за која регија е индицирана нејзината примена и какви податоци можат да се добијат за случувањата во неа. Обемноста на оваа материја, всушност го претставува вториот дел на овој ракопис и претставува голем придонес за теоретската и практичната едукација на студентот.

Третиот, т.н. специјален дел на ракописот почнува со поглавјето: "Нормална рендгенографска анатомија", а се однесува на забите, пулпата, на потпорните структури, максилата и мандибулата како посебни и најфреквенти за интраорално ренгенографирање кај деца и кај возрасни лица со вообичаени и некои посебни пристапи во работата.
Голем акцент е даден на рендгенографската анализа на патолошките состојби на забите (како најфреквенти во стоматолошката практика), потоа на нивните аномалиите и регресивни појави, па на траумите и фрактурите на лицево виличните коски.
Веќе во дванаесеттото поглавје образложени се инфламациите на овие структури, нивното рендгенолошко манифестирање, како и најсоодветниот избор на ртг- методите за нивното детектирање.
За рендгенграфијата на пародонталните ткива при нормални состојби и пародонтопатија, авторите посветуваат цело поглавје во кое дидактички е пренесена целата патологија на овие ткива, нивно дијагностицирање, планирање на терапијските постапки и следење на состојбите со помош на ртг снимките.
Исто така многу конструктивно и коцизно е пренесена улогата на ренггенографирањето во пределот на темпоромандибуларниот зглоб со

ртг-белезите на нормалните, здравите структури, а потоа на сите отстапувања како развојни дефекти, инфламации, трауми и неоплазми. Образложени се и радиографски испитувања на саливарните жлезди, на параназалните синуси и неправилностите во развојот на лицево виличните коски. При тоа, нагласена е улогата на посебни рендгенолошки методи соодветни за испитувања на овие регии и ткива.
Користената литература е соодветна и современа.

З А К Л У Ч О К

Со ова учебно помагало авторката со своите соработници дава значаен придонес во додипломската едукација на студентите по стоматологија при изучување на програмата за стоматолошката рендгенологија. Тоа е прво учебно помагало на македонски јазик, прво издание кое ќе даде огромен придонес во дијагностицирањето и следењето на терапијата при заболувањата во орофацијалната регија .
Затоа имам чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет овој материјал да го прифати за печатење како учебник за предметот стоматолошка рендгенологија за студентите по стоматологија и за сите оние на кои овој предмет им е од посебен интерес.

Рецензент

Проф.д-р Марија Жузелова с.р

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ "ОСНОВИ НА СТОМАТОЛОШКАТА РЕНДГЕННОЛОГИЈА" ОД АВТОРОТ МАРИЈА СТЕВАНОВИЌ И СОРАБОТНИЦИТЕ,

На третата редовна седница на Наставнонаучниот совет на Стоматолошкиот факултет одржана на 31.1.2013 донесена е одлука за формирање на Рецензентска комисија за ракопис под наслов "Основи на стоматолошката рендгенологија" од авторот Марија Стевановиќ и соработниците. За членови на Рецензентската комисија беа одредени: Проф.д-р. Климе Ѓорески, проф.д-р Марија Зужелова и проф.д-р Борис Величковски.

По деталната анализа на пристигнатиот материал, како рецензент на го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот се состои од 213 страници, 180 слики, фотоприлози и скици, материјата е групирана во 3 дела, а секој од нив има посебни поглавја и поднаслови во зависност од материјата што ја обработува.

Вкупно во ракописот се обработени: краток вовед, 18 поглавја и литературен преглед

Авторката со своите соработници се зафатила за многу комплексна задача, поставувајќи си за цел да ја опише и систематизира за првпат наставната програма по предметот "Стоматолошка рендгенологија" во овој ракопис настојувајќи да ја направат што е можно по прифатлива и полесна за совладување од страна на студентите.

Општи дел

1. **Суштина на рендгенската слика**. Ова поглавје има за цел низ своите поднаслови: Квалитет на ртг-сликата, Позиционирање на филмот, објектот за сликање и Х-зраците, Карактеристики на Х-зраците, перцепција на рендгенските слики и Создавање, својства и интеракција на зраците, да го воведе студентот по стоматологија во потребата од општите познавања на оваа материја со цел да може понатаму со леснотија да ја следи материјата за изработка и намена на ртг-сликите во стоматолошката практика.
2. **Познавања од физиката**. Согледувајќи ја потребата од освежувања на познавањата од физиката, авторката во ова поглавје внесува поднаслови за: Продукцијата на Х-зраците, за единици за дозирање на радијацијата, Биолошки ефекти и ризиците од нив и Како доаѓа до израз штетното дејство на Х зраците. На овој начин на студентите им е олеснето вклопувањено во оваа материја која може да биде многу сериозна, штетна, а сепак неопходна во медицината и стоматологија.
3. **Опрема за Х- зраците, филмови и процес на изведување**. Секако дека производството на ртг-сликите бараат соодветна опрема која

студентите треба добро да ја запознаат заради практичната настава, а подоцна и заради нивна употреба во практиката. Овие потребни знаења се изложени во поднасловите на ова поглавје: Фокална точка, големина и принцип на правецот на фокусирање, Главни составни делови на контролниот панел, Рецептори на слика, Филм за директна и индиректна постапка, Касети, Складирање на филмот, Опрема за развивање на филмот, Рачно и автоматско развивање на филмовите и Саморазвивачки филмови.

4. **Потекло на денталната радиологија** е поглавје кое по краткиот историјат за потеклото на денталната радиологија со своите поднаслови се надоврзува на радиоактивно дејствување на ткивата, радиоактивни ефекти во оралната празнина и ткивата воопшто, на ембрионите и фетусите.
5. **Радиоактивна заштита** е поглавје посветено целосно и исцрпно на заштитата од ризикот. Во него се конкретно посочени и опишани клиничките дози на ртг-сликање за одделни органи, професионалната експозиција на вработените во ртг-кабинетите, персоналните средства за мониторинг на озрачувањето и препораки за заштита од прекумерно озрачување.
6. Со Образложување на **" Најчести грешки при рендгенграфирањето"** авторката го завршува општиот дел на овој ракопис .

7. Техники на ртг-снимања

Вториот дел автороката исклучиво го посветува на видовите техники за рендгенграфирање на оро-фацијалната регија. Во овој дел детално се опишани и со фотографии се поткрепени за поексплицитно излагање сите техники кои се користат во стоматологијата. Вака богато илустрирани тие ке му помогнат на студентот полесно да ги совлада и применува оти се клучни за добивање на ртг-наоди за клиничко дијагностицирање и следење на тераписките постапки.

8. Нормална анатомска рентгенографија

Секако дека оваа материја е неопходно прва да се совлада за да можат патолошките збиднувања и отстапување од неа лесно да се читаат и детектираат на ртг-сликите. Затоа авторката многу концизно и прегледно теоретски и илустративно ја образложува. Содржината на ова поглавје ја претставуваат поднасловите за нормалните ртг-наоди на забите, пулпата, потпорните структури, максилата, мандибулата и ресторативните материјали.

9, Интраорални радиографски испитувања. Како најфреквентни, испитувања во секојдневната стоматолошка клиничка практика, авторот им посветува посебно поглавје со тоа што недвосмислено укажува на критериумите кои го гарантираат квалитетот на сликите, особеностите на овие испитувања во детската возраст, во доцнежната

возраст и размислувања за изведување на овие снимања при посебни ситуации.

10. Рендгенски анализи на патолошките состојби на забите

Патолошките состојби на забите на ртг-сликите во ова поглавје лесно ке се воочат кога претходните страници ги запознаа студентите со нивната нормална состојба. Кариесот, најчестата патолошка деструкција на забниот орган е целосно претставена и обработена од сите аспекти како и сите видови на **аномалии** во наредното **11 поглавје.**

12. Трауми

Во ова поглавје се опишани траумите на забите и на вилиците, како и регресивните промени на забите.

Инфекциите и инфламациите на вилиците и на лицевите коски се опишани во наредното **13. поглавје** со сите карактеристични ртг- знаци за распознавање и дијагностицирање.

14.Темпоромандибуларен зглоб. Како поспецифична и пообемна регија, авторите ја третираат поопширон со значаен осврт на неговиот анатомски состав, со видовите методи за негово ртг-испитување и патолошките промени кои на овој начин се регистрираат.

15 .Радиографските испитувања на саливарните жлезди исто заземаат посебно поглавје како и **Параназалните синуси во 16. поглавје**

Овие методски единици иако спаѓаат во специјалистички домен на здравствено дејствување, сепак авторите сметаат дека студентот во својата додипломска едукација мора во целост да ги совлада за да може егзактно диференцијално дијагностички да ги распознава со помош на ртг- знаците. На тој начин младиот стоматолог ќе може да ги превенира патолошките збиднувања или благовремено да ги упати на вистинско место.

17.Неправилности во развојот на лицето и вилиците. Овие отстапувања од нормалниот развој се дадени во обемот во кој ги предвидува наставната програма со сите свои распознатливи ртг - карактеристики.

18. Рендгенграфија на пародонталните ткива при пародонтопатија

На ова поглавје во ракописот му се посветени повеќе страници бидејќи и пародонтопатијата, како и кариозниот процес, претставува едно од најраспространетите заболувања во оралната празнина. Тоа е заболување кое ја напаѓа популацијата во секоја возраст правејќи разрушувања на забниот низ од парцијални димензии до комплетни.

Затоа авторите си поставиле задача многу конкретно со помош на ртг-илустрации да ги претстават прво нормалните потпорни ткива, а потоа заболените низ рендген распознатливите фази на развојот на заболувањето. Тука се опфатени сите инфламаторни, атрофични и некротични промени на меките и коскените структури.

Општа педагошка оценка

Ракописот "Основи на стоматолошката рендгенологија" е конципиран систематизирано и ги опфаќа спецификите од доменот на Стоматолошката рендгенологија кои се во апсолутна согласност со предвидевидената програма.
Напишан е јасно и богато илустриран така сто секое теоретско сознание е поткрепено со фотографија или ртг слика. Илустрациите го олеснуваат следењето на текстот и паметењето на фактите. Од секое поглавје се согледува неговата целовитост и можност за применување на стекнатите знаења.

З А К Л У Ч О К

Ракописот " Основи на стоматолошката рендгенологија " е прв во нашата земја кој ја обработува програмата "Стоматолошка рендгенологија " наменета за додипломска едукација на студентите по стоматологија. Како таков, тој претставува вреден придонес кон стоматолошката стручна литература. Ракописот содржи важни поглавја кои се дел од задолжителниот курикулум на студентите по стоматологија за апаратура и изработка на ртг- сликите, за нивно толкување при дијагностицирањето на клиничките состојби и следење на преземените терапии. Според тоа, тој претставува неопходно потребна литература за студентите по стоматологија како и потсетник за младите лекари-стоматолози.
Врз основа на досега изложеното, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да го објави ракописот како **учебник "Основи на стоматолошката рендгенологија"**.

Рецензент
Проф.д-р Борис Величковски с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА УЧЕБНИКОТ „ХИСТОЛОГИЈА, ГРАДБА НА ТКИВАТА, УСНАТА ПРАЗНИНА, РЕСПИРАТОРНИОТ СИСТЕМ И ОРГАНОТ ЗА СЛУХ “ ОД АВТОРИТЕ ЕЛИДА МИТЕВСКА И ЛИЛЈАНА МИЛЕНКОВА

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со членовите од 15 до 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно – научниот совет постапувајќи по предлогот од Одборот за издавачка дејност на Факултетот, на својата XVII редовна седница одржана на 23.5.2013 година, донесе Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за доставениот ракопис за учебник по хистологија за студентите на високата школа за дипломиран логопед со наслов: **„Хистологија, градба на ткивата, усната празнина, респираторниот систем и органот за слух“**, од авторите проф. д–р Елида Митевска и проф. д-р Лилјана Миленкова. За рецензенти на доставениот ракопис беа избрани:

1. проф. д – р Невена Костовска
2. проф. д – р Грацилија Кироска.

Прегледувајќи го доставениот текст за учебникот, рецензентите проф. д-р Невена Костовска и проф. д-р Грацилија Кироска го доставија следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Учебникот со наслов: „Хистологија, градба на ткивата, усната празнина, респираторниот систем и органот за слух“, од авторите проф. д–р Елида Митевска и проф. д-р Лилјана Миленкова, претставува прво издание на учебник од областа хистологија за студентите од Високата школа за дипломиран логопед. Ракописот ја обработува содржината од областа хистолошка градба на ткивата и одбрани органски системи, предвидени со програмата за наставата по предметот анатомија и хистологија. Наставата од овој предмет се изведува во првиот семестар од студиите. Содржината презентирана во учебникот го содржи делот од областа на хистологијата и обработува теми кои се застапени со 22 часа од наставата.

Поделбата на материјалот на тематски целини е извршена во согласност со наставната програма. Сите тематски содржини во учебникот се систематски и дидактички обработени. Текстот е напишан концизно и јасно. Објаснети се сите неопходни поими, а шематските прикази и микрофотографиите одлично го илустрираат материјалот. Со овие карактеристики, приложениот текст претставува соодветен учебник за

хистолошкиот дел од предметот анатомија и хистологија за студентите по логопедија.

Поднесениот текст се состои од поглавјата за клетка, ткива, усна празнина, респираторен систем и уво – орган за слух и рамнотежа.
Поглавјето **Клетка** ги обработува структурните карактеристики на основните делови на еукариотските животински клетки: јадро, цитоплазма и клеточна мембрана). Во поглавјето **Ткива** се обработени четирите основни типови ткива застапени во организмот на човекот (епително, потпорно, мускулно и нервно ткиво). Од органските системи обработена е **усната празнина** како дел од дигестивниот систем, во чија градба учествуваат структури битни во процесот на говорење (јазик, образи, тврдо и меко непце, заби и плунковни жлезди). Едноставно и јасно е објаснет и процесот на говорење и начинот на кој одредени структурни компоненти од усната празнина учествуваат во него. **Респираторниот систем** ги опфаќа спроводните патишта и белодробните структури кои учествуваат во размената на гасови. Во рамките на овој дел, детално е обработена градбата на грклан от и вокалните корди и начинот на создавање глас. Во поглавјето **Уво – орган за слух и рамнотежа,** опишани се структурите на надворешното, средното и внатрешното уво. Особено внимание е посветено на објаснување на аудиорецепторните структури и процесот на слушање. На крајот од ракописот е наведена **литературата** која е ползувана при изработката на учебникот. Таа се состои од 17 современи учебници и учебни помагала кои обработуваат содржини од областите цитологија и хумана хистологија.

Содржината на учебникот е прегледно презентирана на 104 страници, а илустрирана со 103 шематски прикази и микрофотографии.

ЗАКЛУЧОК

Учебникот „Хистологија, градба на ткивата, усната празнина, респираторниот систем и органот за слух“, од авторите проф. д–р Елида Митевска и проф. д-р Лилјана Миленкова, сметаме дека ќе овозможи разбирање и осознавање на програмските содржини при изучувањето на хистолошката градба на ткивата и органските системи неопходни за студентите по логопедија. По обемот и темите кои ги обработува, учебникот целосно одговара на дел од наставната програма по предметот анатомија и хистологија, кој ја обработува хистолошката градба на ткивата и органските системи за студентите по логопедија. Сметаме дека јазикот и презентацијата на содржините се разбирливи за студентите, а текстот е одлично илустриран со шематски прикази и микрофотографии на кои се директно посочени или обележени структурните компоненти.

Затоа, со особено задоволство, на Наставно – научниот совет му предлагаме, учебникот „Хистологија, градба на ткивата, усната празнина, респираторниот систем и органот за слух“, да го прифати за печатење и примена при изведувањето на наставата по предметот анатомија и

хистологија. Се надеваме дека и студентите, како читатели на учебникот, ќе имаат позитивни искуства при совладувањето на тематските содржини предвидени со наставната програма.

Рецензенти

Проф. д – р Невена Костовска, с.р.

Проф. д – р Грацилија Кироска, с.р.

2.7.2013,
Скопје

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ДЕФЕНДОЛОГИЈА, ЦИВИЛНА ОДБРАНА И ЦИВИЛЕН КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник" на 28.5.2013 за избор на еден наставник (во сите наставни научни звања) за следниве научни области (дисциплини): дефендологија, цивилна одбрана и цивилен кризен менаџмент, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 40. редовна седница одржана на 2.7.2013 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Лидија Георгиева и проф. д-р Билјана Ванковска.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријавил само еден кандидат, д-р Сергеј Цветковски, досегашен асистент на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје. Комисијата ги разгледа доставените материјали и до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот Сергеј Цветковски е роден на 19.8.1973 година во Скопје каде што го завршил севкупното досегашно образование. Со завршувањето на средната стручна подготовка математичар-информатичар, која ја стекнал во УСО Раде Јовчевски-Корчагин, Цветковски во учебната 1996/97 се запишал на додипломски студии на Институтот за одбрана при Филозофскиот факултет во Скопје кои ги завршил во 2001 година, со што се стекнал со дипломата професор по одбрана. По дипломирањето, по неговиот ангажман како стручен соработник во Центарот за управување со кризи во 2001 година и неговиот двогодишен професионален ангажман во Армијата на Република Македонија, во октомври 2003 год. Цветковски се запишал на постдипломски студии на Институтот за одбранбени и мировни студии при Филозофскиот факултет, на насоката одбрана, при што паралелно на истиот Институт работи како помлад асистент во реализирање на вежбите по предметите: цивилна заштита, цивилна одбрана, воено стручна настава и дефендологија.

Со одбрана на темата: *Европската унија како актер за менаџирање кризи: научени лекции од Република Македонија*, на 18.12.2008 год., Цветковски ги заврши постдипломските студии со просечен успех 9,86 и се стекна со научен степен магистер по одбрана. По магистрирањето, со воведувањето на ЕКТС-програмата и новата студиска програма, Цветковски е ангажиран како асистент по

предметите: хумана безбедност, кризен менаџмент, цивилен кризен менаџмент, превентивна дипломатија и мировни операции, теории на ненасилство и др. Во периодот 2009 -2012 Сергеј Цветковски ја извршувал функцијата технички секретар на научно-стручното списание „Безбедносни дијалози". Од 2010 год., тој ги извршува и функциите секретар на постдипломските студии по одбрана и секретар на последипломските студии по мир и развој.

Во април 2009 година беше усвоена неговата тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Механизми на кризниот менаџмент на Европската Унија во Западен Балкан: компаративна анализа" на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет. На 09 мај 2013 година кандидатот м-р Сергеј Цветковски ја одбрани докторската дисертација со што се стекна со научен степен-доктор (д-р) по одбрана.

Наставно-образовна дејност

Од вработувањето до денес, д-р Сергеј Цветковски успешно ги реализира вежбите по предметите од прв циклус студии со студентите од Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во рамките на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје. Кандидатот е ангажиран во реализацијата на вежбите и консултациите по повеќе предмети, и тоа: цивилна одбрана 1, цивилна одбрана 2, цивилна заштита, военостручна настава, дефендологија, цивилна одбрана, хумана безбедност, превентивна дипломатија и мировни операции, теории на ненасилство, цивилен-кризен менаџмент и истражувачки семинар. Ас. Сергеј Цветковски беше во постојана комуникација со голем број на студенти од матичниот Факултет како и со студенти од Медицинскиот факултет и врши консултации во просек со 250 студенти во секој семестар. Тој досега учествувал во 60 комисии како член за оценка на одбрана на дипломска работа.

Сите активности кои се поврзани со наставно-образовната дејност и стручно-апликативната дејност, кандидатот Цветковски ги извршува навремено, одговорно и посветено во согласност со барањата на современата академска настава и ЕКТС. Поради неговиот професионален однос со колегите и студентите во изминатите 10 години, д-р Цветковски е почитуван и важи за динамичен, современ и исполнителен академски работник.

Во согласност со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173, од 1 август 2011 година), кандидатот д-р Сергеј Цветковски од наставно-образовната дејност остварил 101,03 поени и со тоа остварил 5 пати повеќе од минималниот број поени (20) што треба да го има за да биде избран во звањето доцент.

Научноистражувачка дејност

Во делот на научноистражувачката дејност, треба да се напомене дека д-р Цветковски изработил квалитетна магистерска работа под наслов „Европската Унија како актер за менаџирање на кризи: научена лекција од Република Македонија“, во која се проучува тестирањето на оперативниот кризен менаџмент на Европската унија во кризата во Република Македонија во 2001 год. Како континуитет во поширока димензија ваквото проучување ќе биде продолжено во неговиот докторски труд.

Втора значајна активност која не е вреднувана во образецот кон извештајот за избор во звање на Цветковски е неговата докторска дисертација. Имено, докторската дисертација на Сергеј Цветковски е солиден научен труд, со сериозен пристап кон начинот на проучувањето на поставениот проблем, и доследност во насока на потврдување на поставените хипотези. Во неа кандидатот покажува научна и стручна зрелост во анализата на резултатите и научната одмереност во нивното толкување со што на самото истражување му се дава дава соодветна научна тежина и оригиналност. Не помала е вредноста на трудот во однос на неговата тематската актуелност и општествениот придонес. Во таа смисла, докторската дисертација со наслов „Механизмите на кризниот менаџмент на Европската унија во западен Балкан: компаративна анализа“, по својот опфат и перспективата на проучување на главниот фокус претставува сериозен научен придонес во општествените науки. Со самиот факт што во голема мера при истражувањето е користена интернет-литература се укажува на дотогашниот недостаток на литературен книжен фонд во нашава земја кој ја третира оваа проблематика, па така самиот докторски труд е надополнување на тековниот недостаток на литература од таа проблематика и како таков ќе биде корисно средство во поттикнувањето и олеснувањето на научната работа на други научни работници во понатамошно продлабочено истражување на кризниот менаџмент на Европската унија на просторот од Западен Балкан.

Во текот на изминатите 10 години, кандидатот учествувал на околу 20 научни конференции и научни семинари во земјава и во странство во кои на дел од нив бил и презентер на трудови, за што има добиено бројни меѓународни признати сертификати. Освен тоа, за време на истиот период, Цветковски има објавено 15 труда со оригинални научни/стручни резултати, во стручни списанија и во зборници на трудови од научен/стручен собир со домашен и меѓународен уредувачки одбор.

Во согласност со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.173, од 1 август 2011 година), кандидатот д-р Сергеј Цветковски од научноистражувачката дејност остварил 36 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (20) што треба да го оствари од оваа бодовна категорија за да биде избран во звањето доцент.

Стручно-апликативна дејност

Покрај својата наставно-образовна и научноистражувачка дејност, д-р Сергеј Цветковски има бројни задачи и активности и во дејности од поширок интерес. Во рамките на стручно-апликативната дејност, тој е ангажиран и како: секретар на постдипломските студии по одбрана и секретар на постдипломските студии по мир и развој на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет, од 2010 до 2013 година; неколку пати (2) бил член на Комисија за техничка обработка на податоците за пријавени кандидати на конкурс на запишување на студенти на прв циклус студии на Филозофскиот факултет; член на Комисија за попис на основни средства, инвентар, благајна и побарувања и обврски (трипати); учествува во промотивни активности на Факултетот/Институтот: „Ден на високото образование" (Отворен ден на Филозофскиот факултет во Скопје) на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје (четирипати), како и учесник/соработник на главен основен проект: Процена на загрозеност и план за заштита и спасување на Филозофски факултет.

Во рамките на дејностите од поширок интерес, кандидатот бил вклучен и во други активности како: член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир-Меѓународна научна конференција - *Глобализацијата, мирот и безбедноста*, Скопје, 2007; член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир - Меѓународна научна конференција - *Балканот - безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница*, Охрид, 2010, организирани од страна на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во согласност со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173, од 1 август 2011 година), кандидатот д-р Сергеј Цветковски од стручно-апликативната дејност остварил 8,5 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (5) што треба да го оствари во оваа бодовна категорија за да биде избран во звањето доцент.

П Р Е Д Л О Г

Имајќи ги предвид ангажманот, достигнувањата, академските и научните квалитети на д-р Сергеј Цветковски, членовите на Рецензентската комисија високо ја евалуираат неговата наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност. Нема сомнение дека кандидатот има развиено соодветна академска наставна, воспитна, стручна, творечка и истражувачка својствена одлика. Неговиот избор во повисоко академско, наставно-научно звање, ќе придонесе за зајакнување на натамошниот развој на потенцијалите на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет.

Во согласност со членовите 10 и 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.173, од 1 август 2011 година), Комисијата утврди дека д-р Сергеј Цветковски остварил вкупно 145,53 поени, со што го задоволува минималниот потребен број на поени (80) за да биде избран во звањето доцент.

Врз основа на изнесеното, членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложат избор на д-р Сергеј Цветковски во звањето доцент по научните области (дисциплини): дефендологија, цивилна одбрана и цивилен кризен менаџмент.

Членови на Комисијата

1. Проф.д-р Марина Митревска,с.р.
2. Проф.д-р Лидија Георгиева,с.р.
3. Проф.д-р Билјана Ванковска,с.р.

Скопје, 8.7.2013 година

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Сергеј Цветковски

Институција: Филозофски факултет - Скопје

Научна област: дефендологија, цивилна одбрана, цивилен кризен менаџмент.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Настава во школи и работилници	
	Тема "Macedonia in NATO": "Security and cooperation in Southeast Europe", Дубровник, 2004	1
	Тема "Balance between security and education": "Friendship meeting/international study of political science students", Racviac, 05-08 Јуни, 2004, Хрватска	1
	Тема "Macedonia and crisis management": "Crisis menagement in South east Europe", Шипањ, 10-16 Јули, 2006, Хрватска.	1
	Светлина „Хуманитарна помош и заштита при катастрофи" (15.05.-01.06.), (2009) Криволак.	1
	Светлина 10 (17.05.-19.05. и 25.05.-30.05.), -(2010), Криволак.	1
	Одржување вежби	
	Цивилна одбрана 1(0+1), зим. сем. 2003/04	0,45
	Цивилна одбрана 2(0+1), зим. сем. 2003/04	0,45
	Цивилна заштита(0+2), зим. сем. 2003/04	0,9

	Военостручна настава(0+6), зим. сем. 2003/04	2,7
	Дефендологија(0+1), 4 групи зим. сем. 2003/04	1,8
	Цивилна одбрана 1(0+1), лет. сем. 2003/04	0,45
	Цивилна одбрана 2(0+1), лет. сем. 2003/04	0,45
	Цивилна заштита(0+2), лет. сем. 2003/04	0,9
	Военостручна настава(0+3), лет. сем. 2003/04	1,35
	Дефендологија(0+1), 4 групи лет. сем. 2003/04	1,8
	Цивилна одбрана 1(0+1), зим. сем. 2004/05	0,45
	Цивилна одбрана 2(0+1), зим. сем. 2004/05	0,45
	Цивилна заштита(0+2), зим. сем. 2004/05	0,9
	Военостручна настава(0+6), зим. сем. 2004/05	2,7
	Дефендологија(0+1), 4 групи зим. сем. 2004/05	1,8
	Цивилна одбрана 1(0+1), лет. сем. 2004/05	0,45
	Цивилна одбрана 2(0+1), лет. сем. 2004/05	0,45
	Цивилна заштита(0+2), лет. сем. 2004/05	0,9
	Военостручна настава(0+3), лет. сем. 2004/05	1,35
	Дефендологија(0+1), 4 групи лет. сем. 2004/05	1,8
	Цивилна одбрана 1(0+1), зим. сем. 2005/06	0,45
	Цивилна одбрана 2(0+1), зим. сем. 2005/06	0,45
	Цивилна заштита(0+2), зим. сем. 2005/06	0,9
	Военостручна настава(0+6), зим. сем. 2005/06	2,7
	Дефендологија(0+1), 4 групи зим. сем. 2005/06	1,8
	Хумана безбедност(0+1), зим. сем. 2005/06	0,45
	Цивилна одбрана 1(0+1), лет. сем. 2005/06	0,45
	Цивилна одбрана 2(0+1), лет. сем. 2005/06	0,45
	Цивилна заштита(0+2), лет. сем. 2005/06	0,9
	Военостручна настава(0+6), лет. сем. 2005/06	2,7
	Дефендологија(0+1), 4 групи лет. сем. 2005/06	1,8
	Цивилна одбрана(0+2), лет. сем. 2005/06	0,9
	Хумана безбедност(0+1), зим. сем. 2006/07	0,45
	Цивилна одбрана 2(0+1), зим. сем. 2006/07	0,45
	Цивилна заштита(0+2), 2 групи зим. сем. 2006/07	1,8
	Цивилна одбрана 2(0+1), лет. сем. 2006/07	0,45
	Цивилна заштита(0+2), 2 групи лет. сем. 2006/07	1,8
	Цивилна одбрана (0+2), лет. сем. 2006/07	0,9
	Хумана безбедност(0+1), зим. сем. 2007/08	0,45
	Кризен менаџмент(0+1), зим. сем. 2007/08	0,45
	Дефендологија(0+3), зим. сем. 2007/08	1,35
	Цивилна одбрана (0+2), лет. сем. 2007/08	0,9
	Хумана безбедност(0+1), зим. сем. 2008/09	0,45
	Кризен менаџмент(0+1), зим. сем. 2008/09	0,45
	Превентивна дипломатија и мир. опер.(0+1), зим. сем. 2008/09	0,45
	Цивилна одбрана (0+2), лет. сем. 2008/09	0,9
	Превентивна дипломатија и мир. опер.(0+1), лет. сем. 2008/09	0,45
	Истражувачки семинар (0+2), лет. сем. 2008/09	0,9
	Теории на ненасилство (0+1), лет. сем. 2008/09	0,45

	Хумана безбедност(0+1), зим. сем. 2009/10	0,45
	Кризен менаџмент(0+1), зим. сем. 2009/10	0,45
	Превентивна дипломатија и мир. опер.(0+1), зим. сем. 2009/10	0,45
	Цивилна одбрана (0+2), лет. сем. 2009/10	0,9
	Превентивна дипломатија и мир. опер.(0+1), лет. сем. 2009/10	0,45
	Истражувачки семинар (0+2), лет. сем. 2009/10	0,9
	Хумана безбедност(0+2), 3 групи зим. сем. 2010/11	2,7
	Кризен менаџмент(0+1), 2 групи зим. сем. 2010/11	0,9
	Превентивна дипломатија и мир. опер.(0+1), зим. сем. 2010/11	0,45
	Цивилна одбрана (0+2), 3 групи лет. сем. 2010/11	2,7
	Превентивна дипломатија и мир. опер.(0+1), 2 групи лет. сем. 2010/11	0,9
	Истражувачки семинар (0+2), лет. сем. 2010/11	0,9
	Хумана безбедност(0+2), 3 групи зим. сем. 2011/12	2,7
	Кризен менаџмент(0+1), зим. сем. 2011/12	0,45
	Превентивна дипломатија и мир. опер.(0+1), зим. сем. 2011/12	0,45
	Цивилна одбрана (0+2), 3 групи лет. сем. 2011/12	2,7
	Превентивна дипломатија и мир. опер.(0+1), лет. сем. 2011/12	0,45
	Истражувачки семинар (0+2), лет. сем. 2011/12	0,9
	Кризен менаџмент (0+2), 2 групи лет. сем. 2011/12	1,8
	Хумана безбедност(0+2), 3 групи зим. сем. 2012/13	2,7
	Цивилна одбрана (0+2), 3 групи лет. сем. 2012/13	2,7
	Кризен менаџмент (0+2), 2 групи лет. сем. 2012/13	1,8
	Превентивна дипломатија и мир. мисии.(0+3), лет. сем. 2012/13	1,35
	Подготовка на нов предмет- вежби	
	Хумана безбедност	0,5
	Превентивна дипломатија и мировни операции	0,5
	Кризен менаџмент	0,5
	Консултации со студенти	
	Консултации со студенти зим. сем. 2003/04 – 300Х0,002	0,6
	Консултации со студенти лет. сем. 2003/04 – 300Х0,002	0,6
	Консултации со студенти зим. сем. 2004/05 – 300Х0,002	0,6
	Консултации со студенти лет. сем. 2004/05 – 300Х0,002	0,6
	Консултации со студенти зим. сем. 2005/06 – 350Х0,002	0,7
	Консултации со студенти лет. сем. 2005/06 – 350Х0,002	0,7
	Консултации со студенти зим. сем. 2006/07 – 220Х0,002	0,44
	Консултации со студенти лет. сем. 2006/07 – 220Х0,002	0,44
	Консултации со студенти зим. сем. 2007/08 – 200Х0,002	0,4
	Консултации со студенти лет. сем. 2007/08 – 120Х0,002	0,24
	Консултации со студенти зим. сем. 2008/09 – 250Х0,002	0,5
	Консултации со студенти лет. сем. 2008/09 – 200Х0,002	0,4
	Консултации со студенти зим. сем. 2009/10 – 250Х0,002	0,5

	Консултации со студенти лет. сем. 2009/10 – 220Х0,002	0,44
	Консултации со студенти зим. сем. 2010/11 – 250Х0,002	0,5
	Консултации со студенти лет. сем. 2010/11 – 220Х0,002	0,44
	Консултации со студенти зим. сем. 2011/12 – 250Х0,002	0,5
	Консултации со студенти лет. сем. 2011/12 – 250Х0,002	0,5
	Консултации со студенти зим. сем. 2012/13 – 120Х0,002	0,24
	Консултации со студенти лет. сем. 2012/13 – 220Х0,002	0,44
	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 60Х0,1	6
	Вкупно	101,03

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција	
	(2006) „Дијалектика на две трансформации во Европа: предизвиците во21 век за НАТО и Македонија“, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 565-578.	2
	(2007) „Кризниот менаџмент во Република Македонија“, *Годишен зборник*: Книга 60. Скопје: Филозофски факултет, 2007, 589-600.	2
	(2008) „Кризниот менаџмент низ призма на НАТО“, *Годишен зборник*: Книга 61. Скопје: Филозофски факултет, 2008, 507-521.	2
	(2009) „Дефинирање на кризата и кризниот менаџмент“,*Годишен зборник*: Книга 62. Скопје: Филозофски факултет, 2009, 501-516.	2
	(2010) „ЕУ: Глобален актер во менаџирање на кризи“, *Годишен зборник*: Книга 63. Скопје: Филозофски факултет, 2010, 459-475.	2

	(2011) „Двонасочна стратегија на проширување и цивилен кризен менаџмент на Европската унија во Западен Балкан", *Годишен зборник*: Книга 64. Скопје: Филозофски факултет, 2011, 425-439.	2
	(2012) „Морални и политички димензии на хуманитарните интервенции", *Годишен зборник*: Книга 65. Скопје: Филозофски факултет, 2012, 218-230.	2
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание	
	(2006) „Предизвиците за НАТО и за Република Македонија во21 век" Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана, Скопје, 2006, 193-199.	4
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	
	(2007) „Систем за Кризен Менаџмент-исполнет критериум за членство" Република Македонија помеѓу самитот во Рига и Нато, Министерство за одбрана на Р.Македонија, Скопје, 2007, 83-87.	2
	(2008) „Глобализацијата, социјалната политика и хуманата безбеднос": богати и сиромашниг, *Глобализацијата мирот и безбедноста*, Министерство за одбрана на Република Македонија и Филозовски факултет, Скопје 2008, 229-245.	2
	Трудо со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор	
	(2010) „Безбедносен концепт насочен кон човекот", Безбедносни дијалози: Број 1, Скопје: Филозофски факултет-Скопје, Институт за безбедност одбрана и мир, 2010, 135-147.	3
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	
	(2010) „Предизвици за хуманата безбедност во Западен Балкан", Балканот-безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Зборник на трудови, Филозофски факултет, Скопје.	3

	(2011) „The instruments in of the EU enlargament in Western Balkans State", Зборник на трудови, Меѓународна научна конференција: Безбедноста на постконфликтниот (Западен) Балкан: Транзицијата и предизвиците на Република Македонија. Скопје: Факултет за безбедност-Скопје, Том 1, 428-438.	3
	(2012) „How to approach the crisis in the western Balkans?!", Безбедноста и евроатланските перспективи на Балканот. Факултет за безбедност- Скопје.	3
	Учество на научен/стручен собир со реферат	
	(2010) „Предизвици за хуманата безбедност во Западен Балкан", Балканот-безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Филозофски факултет, Скопје.	1
	(2011) „The instruments in of the EU enlargament in Western Balkans State", Меѓународна научна конференција: Безбедноста на постконфликтниот (Западен) Балкан: Транзицијата и предизвиците на Република Македонија.	1
	Вкупно	36

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Главен основен проект	
	Процена на загрозеност и План за заштита и спасување на Филозофски факултет- Скопје, **учесник/соработник**	2
	Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот	
	Ден на високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. (4*0.5)	2

	Предавање на институции од јавен интерес, културно информативни центри	
Дејности од поширок интерес		
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: -Меѓународна научна конференција: Глобализацијата, мирот и безбедноста, Скопје 2007 - Меѓународна научна конференција: Балканот - безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Охрид, 2010	2
	Член на факултетска комисија: -Комисија за попис на основни средства, инвентар, благајна и побарувања и обврски (3*0.5); -Комисија за спроведување на приемни испити (2*0.5).	2,5
Спортска дејност		
	Вкупно	8,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	101,03
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	36
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	8,5
Вкупно	145,53

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Марина Митревска, с.р.
2. Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.
3. Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
9-64/2013
03/20/13

Р Е Ф Е Р А Т
за избор на научен соработник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, на својата 4. седница одржана на 28. 6. 2013 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: д-р Снежана Велковска, научен советник, д-р Људмил Спасов, редовен професор и д-р Снежана Веновска-Антевска, научен советник во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Вечер“ од 19.6.2013 година, за избор на научен соработник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.

Рецензентската комисија ги разгледа материјалите пристигнати на конкурсот за избор во научното звање научен соработник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Фани Стефановска–Ристеска е родена на 29 март 1970 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Во учебната 1988/ 89 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје на групата за македонски јазик и полски јазик и книжевност и дипломирала во 1996 год. со просечен успех 8,36. Во текот на студиите два пати била на студиски престој во Република Полска, на Летната школа за полски јазик и култура. На постдипломски студии по македонски јазик се запишала во учебната 1996/ 97 година и истите ги завршила во 2002 год. со просечен успех 9,50. Во декември 2005 година го одбранила магистерскиот труд под наслов *Лексичко – семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик,* изработена под менторство на д-р Снежана Велковска. Својата докторска дисертација на тема *„Значењата и именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик“* изработена под менторство на проф. д-р Људмил Спасов ја одбранила во мај 2013 година пред комисијата во состав: проф. д-р Љумил Спасов, д-р Снежана Велковска, проф. д-р Анета Дучевска, проф. д-р Катерина Велјановска и проф. д-р Искра Пановска-Димкова на Филолошкиот факултет „Бл. Конески“ при УКИМ.

Д-р Фани Стефановска–Ристеска работи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од јули 1997 год. како помлад асистент-истражувач,

а по одбраната на магистерката работа, од 2006 год. како асистент истражувач на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик*. Од 1997 до 2000 год. во рамките на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик* работи на ексцерпција, испишување, уазбучување и картотекирање на речнички материјал за Картотеката на Толковниот речник на македонскиот јазик. Во 2000 год. во рамките на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик* го изработи индексот на зборови од буквите **П**, **Р** и **С**. Од 2001 год. започна со обработка на речничкиот материјал за Толковниот речник на македонскиот јазик. Автор е на 405 страници од петте тома на Толковниот речник на македонскиот јазик, во кои се опфатени речничките статии од буквите **В** од ***в - веќавачка***; **Д** од ***дисциплина-доенче***; на буквата **Ѓ** ; **Е** од ***етикетира-ештерица*** (66 страници) и почетните букви ***В, Ѓ, Е*** и ***Ж*** за првиот том, објавен во 2003 година; на буквата **К** од ***к-кокошкин*** (113 стр.) и на почетните букви ***З, S, И, Ј*** и ***К*** за вториот том, објавен во 2005 година; на буквата **О** од ***олимписки-оптегачка*** (34 страници) за третиот том, објавен во 2006 год.; на буквата **П** од ***понабабри - потполковнички***; ***пресири - претпоставен***; ***призема - примерок*** (148 страници) за четвртиот том, објавен во 2008 год. и на буквата **Р** од ***р – разлевање*** (44) за петтиот том од Толковниот речник на македонскиот јазик, објавен во 2011 год. Вклучена е и во обработката на лексички единици за шестиот том од Толковниот речник на македонскиот јазик и тоа на дел од буквата **Т** и на буквите **Ќ** и **Џ**.

Во 2011 год. е вклучена на проектот *Дигитализација на картотеката на македонската народна проза* за кој изработи индекс на зборови од буквата Б.

Поле на интерес на д-р Фани Стефановска–Ристеска се лексиката, семантиката, лексикографијата, синтаксата и конфронтативната лингвистика. Во 2008 год. ја објави монографијата ***Лексичко – семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик***. Во книгата е дадена лексичко семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување која ги опфаќа лексемите кои претставуваат дел од општонародната лексика, односно називи кои влегуваат во рамките на една поширока област, во лексиката на материјалната култура, која поради својата природа е подложна на различни културни и јазични влијанија, што од своја страна ја наложи потребата да се опфатат повеќе лингвистички и екстралигвистички прашања, како што се потеклото, адаптацијата на туѓите зборови, способноста за деривација, семантичките промени итн. При лексичко-семантичката анализа на лексемите од тематското подрачје облека и облекување се поаѓа од нивното значење и врз основа на интегралниот диференцијален знак се врши класификација на лексемите во 10 семантички групи: 1. Облека и составни делови на облеката; 2. Горна облека; 3. Долна облека; 4. Облека со посебна намена; 5. Дел од облеката што ги покрива нозете; 6. Предмети за на нозе; 7. Покривала за глава; 8. Додатоци на облеката; 9. Називи на текстил; 10. Називи поврзани со процесот на изработка на облека. Потоа, во рамките на секоја од дадените семантички групи е даден семантички опис на одделните лексеми кои се

јавуваат како конкретни реализации на дадените семеми на лексичко ниво. Книгата содржи и речник во кој се лексикографски обработени над 700 лексички единици.

Докторската теза на д-р Фани Стефановска–Ристеска ***Значењата и именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик*** претставува анализа на глаголската придавка на две рамништа, синтаксичкото и лексичко, односно од една страна е проследена именската функција на глаголската придавка во рамки на именската група и на ниво на реченица, како и нивната линеаризацијата, а од друга страна преку проследување на процесот и степенот на нејзина адјективизација и лексикализација, ги изделува глаголските придавки кои како резултат на полна адјективизација преминале во групата на вистински придавки, дава нивна лексичко -семантичка класификација, а потоа ги проследува нивните значења преку нивната лексикографска обработка во речникот, кој содржи околу 1000 лексички единици.

Во научната и стручната периодика, д-р Фани Стефановска–Ристеска се јавува со повеќе статии од областа на лексиката, семантиката, синтаксата и конфронтативната лингвистика. Таа ги има објавено следниве статии: *Глаголската придавка во македонскиот јазик и нејзините полски еквиваленти,* Трет научен собир на млади македонисти (Скопје, 1997); *Семантичка анализа на глаголот* ***чини,*** Зборник на трудови од собирот „Македонскиот глагол синхронија и дијахронија" (Скопје, 2001); *Околу лексичките показатели на модалноста,* Зборник на трудови од собирот „Македонската лексикологија и лексикографија" (Скопје, 2001); *Општествените промени и нивното влијание врз називите за облека,* Зборник на трудови од собирот „Јазикот и општествените промени" (Скопје, 2004); *Околу називите со значење обувки,* „Македонскиот јазик: минато, сегашност, иднина" (Скопје, 2008); *Лексичко-семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик,* Македонски јазик, LVII, (2006, Скопје); *Лексичките заемки во тематското подрачје облека и облекување,* Зборник на трудови од научниот собир „Јазиците во контакт некогаш и денес" (Скопје, 2008); *Облеката – одраз на духот на времето и културата на една епоха,* Зборник на трудови од научниот собир „Културата и јазикот" (Скопје, 2009); *Балканизмите во тематското подрачје облека и облекување,* Зборник на трудови од научниот собир „Балкански јазичен светоглед" (Скопје, 2009); *Линеаризација на именската синтагма со глаголска придавка како модификатор,* Folia Philologica Macedono-Polonica 8 (Скопје 2011); *Линеаризација на именските групи зависни од глаголска придавка,* Зборник на трудови од научниот собир „Современите лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик" (Скопје, 2012).

Д-р Фани Стефановска–Ристеска активно учествува во научниот живот на нашиот лингвистички центар. Досега со реферати има учествувано на 10 научни собири во земјата: *Глаголската придавка во македонскиот јазик и нејзините полски еквиваленти,* Трет научен собир

на млади македонисти, Скопје, 1997; *Семантичка анализа на глаголот чини,* Научен собир „Македонскиот глагол синхронија и дијахронија" одржан на 1-2 март 2000 год. во Скопје; *Околу лексичките показатели на модалноста,* Научен собир „Македонската лексикологија и лексикографија" одржан на 15-16 март 2001 год. во Скопје; *Општествените промени и нивното влијание врз називите за облека,* Научен собир „Јазикот и општествените промени" одржан на 13 март 2003 год. во Скопје; *Околу називите со значење обувки,* Научен собир по повод одбележувањето на 50-годишнината од основањето на Институтот, „Македонскиот јазик: минато, сегашност, иднина" одржан на 16-17. 10. 2003 год. во Скопје; *Лексичките заемки во тематското подрачје облека и облекување,* Научен собир „Јазиците во контакт некогаш и денес" одржан на 4 и 5 април 2007 год. во Скопје; *Облеката – одраз на духот на времето и културата на една епоха,* Научен собир „ Културата и јазикот" одржан на 3 и 4 април 2008 год. во Скопје; *Балканизмите во тематското подрачје облека и облекување,* Научен собир „Балкански јазичен светоглед" одржан на 15-16 април 2009 год. во Скопје; *Глаголската придавка во функција на апозитивен атрибут,* Научен собир „Македонскиот јазик во историски и во современ контекст (што направивме и што треба да направиме во македонската наука за јазикот)", одржан на 25-26 февруари 2010 год. во Скопје; *Линеаризација на именските групи зависни од глаголска придавка,* Научен собир „Современите лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик" одржан на 11-12 мај 2011 год. во Скопје; *Околу лексемите со значење дел од шапка, капа,* Студиски ден посветен на научниот советник Тодор Димитровски, одржан на 30 ноември 2010 год. во Скопје.

Д-р Фани Стефановска–Ристеска има учествувано и на 2 меѓународни конференции во земјата и тоа со рефератот *Глаголската придавка во функција на атрибут во македонскиот јазик и нејзините српски еквиваленти* на Првата македонско-српска конференција од областа на јазикот и литературата одржана на 16-17. 8. 2002 год. во Охрид и со рефератот *Линеаризација на именската синтагма со глаголска придавка како модификатор* на Осмата полско-македонска конференција што се одржа на 23 и 24 октомври 2009 год. во Скопје.

Д-р Фани Стефановска–Ристеска е вклучена во организирањето на манифестацијата „Денови на Бл. Корубин" како член на организациискиот одбор и потоа како член и на редакцискиот одбор и тоа на научниот собир „Современите лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик" одржан на 11-12 мај 2011 год., на научниот собир „Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата"одржан на 25-26 мај 2012 год. и на научниот собир „Значењето низ времето и просторот" одржан на 22-23 мај 2013 год.

Од 2010 год., д-р Фани Стефановска–Ристеска е член на Извршниот одбор на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература, а од 2013 год. член на Советот на ИМЈ „Крсте Мисирков".

Повеќе пати била член на различни комисии: 3 пати член на комисија за јавна набавка, 2 пати член на пописна комисија и член на комисија за изработка на ценовник за консултантски услуги.

Во текот на 2010 - 2011 год., д-р Фани Стефановска–Ристеска е вклучена како соработник во циклусот емисии „Лексикомани" на МРТ.

Започнувајќи од најосновните работи во лексикографската практика, од ексцерпција и уазбучување, преку картотекирање на материјалот до негова финална обработка, д-р Фани Стефановска-Ристеска се разви во солиден лексиколог и лексикограф. Усвојувајќи ја методологијата на работа, и имајќи ги предвид теоретските поставки, таа наоѓа начин да ги вгради во своите трудови и солидно да ги презентира. И магистерската теза ***Лексичко – семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик*** и докторската дисертација ***Значењата и именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик*** произлегуваат од работата на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик* и наоѓаат конкретна примена при обработката на лексичкиот материјал. Систематската обработка на едно лексичко семантичко поле (облека и облекување) значи дека сите лексеми од тоа семантичко поле веќе имаа решение и дека во Речникот ќе бидат обработени на ист начин. Тоа е особено голема важност при изработката на вакви големи проекти што опфаќаат речиси 100.000 лексички единици. Нејзината, пак, докторска дисертација наоѓа конкретна примена при решавањето на прашањето на придавките произлезени од глаголски придавки. Со тоа, д-р Фани Стефановска-Ристеска даде конкретен предлог како може се реши еден од теоретските проблеми при изработката на дескриптивен речник.

Заклучок:

Од нејзиното вработување како помлад асистент-истражувач до денес, д-р Фани Стефановска-Ристеска се разви во солиден научен работник. Нејзината исполнителност, темелност и систематичност во исполнувањето на поставените работни задачи е на многу високо ниво. Нејзините трудови опфаќаат повеќе сродни области во лингвистиката и во сите нив таа многу добро се снаоѓа. Многу од нејзините трудови произлегуваат од работата на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик,* но и наоѓаат конкретна примена во понатамошната работа на ваков тип проекти.

Од досега изнесеното во извештајот, ни претставува особена чест и задоволство на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ да му предложиме д-р Фани Стефановска-Ристеска да биде избрана во звањето НАУЧЕН СОРАБОТНИК.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Снежана Велковска, научен советник, с.р.

Проф. д-р Људмил Спасов, с.р.

Проф. д-р Снежана Веновска-Антевска, научен советник, с.р.

БИБЛИОГРАФИЈА

Монографии

1. *Лексичко-семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик.* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2008.

Речници

1. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 1 А - Ж/ В од в-вешавачка (202-234); Д од дисциплина-доенче (465-481); Ѓ (563-567); Е од етикетира-ештерица (609-611) и почетните букви В (202), Ѓ (563), Е (568) и Ж (612). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2003 (коавтор).
2. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 2 З - К/ К од к-кокошкин (440-552) и почетните букви З (7), S (230), И (238), J (414) и К (440). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2005 (коавтор).
3. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 3 Л - О/ О од олимписки-оптегачка (507-540). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2006 (коавтор).
4. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 4 П / П од понабабри - потполковнички (277-393); пресири -претпоставен (511-526); призема - примерок (554-568);. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2008 (коавтор).
5. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 5 Р/ Р од р – разлевање (7-50). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2011 (коавтор).

Статии

1. *Глаголската придавка во македонскиот јазик и нејзините полски еквиваленти.* Трет научен собир на млади македонисти, Скопје, 1997 – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески": Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, 1997, стр. 379-387.

2. *Семантичка анализа на глаголот чини.* Зборник на трудови од собирот „Македонскиот глагол синхронија и дијахронија",Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Јазикот наш денешен, кн. 4, Скопје, 2001, стр. 149-156.

3. *Околу лексичките показатели на модалноста.* Зборник на трудови од собирот „Македонската лексикологија и лексикографија", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Јазикот наш денешен, кн. 6, Скопје, 2001, стр. 119-125 .

4. *Општествените промени и нивното влијание врз називите за облека.* Зборник на трудови од собирот „Јазикот и општествените промени", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Јазикот наш денешен, кн. 10, Скопје, 2004, стр. 78-84.

5. *Околу називите со значење обувки.* Македонскиот јазик: минато, сегашност, иднина, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2008, стр. 137-142.

6. *Лексичко-семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик.* Македонски јазик, LVII, 2006, Скопје, стр. 217-231.

7. *Лексичките заемки во тематското подрачје облека и облекување.* Зборник на трудови од научниот собир „Јазиците во контакт некогаш и денес",Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2008, стр. 58-63 .

8. *Облеката – одраз на духот на времето и културата на една епоха.* Зборник на трудови од научниот собир „Културата и Јазикот", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2009, стр. 169-174.

9. *Балканизмите во тематското подрачје облека и облекување.* Зборник на трудови од научниот собир „Балкански јазичен светоглед", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2009, стр. 71-76.

10. *Линеаризација на именската синтагма со глаголска придавка како модификатор.* Folia Philologica Macedono-Polonica 8, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје 2011, стр. 619-627.

11. *Линеаризација на именските групи зависни од глаголска придавка.* Зборник на трудови од научниот собир „Современите лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Јазикот наш денешен, кн. 21, Скопје, 2012, стр. 145-152.

Монографија	
Лексичко-семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2008.	8

Дел од лексикографски труд од национално значење (објавени дела од проектите на ИМЈ).	
1. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 1 А - Ж/ В од в-ве́кавачка (202-234); Д од дисциплина-доенче (465-481); Ѓ (563-567); Е од етикетира-ештерица (609-611) и почетните букви В (202), Ѓ (563), Е (568) и Ж (612). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2003.	6
2. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 2 З - К/ К од к-кокошкин (440-552) и почетните букви З (7), S (230), И (238), J (414) и К (440). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2005.	6
3. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 3 Л - О/ О од олимписки-оптегачка (507-540). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2006.	6
4. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. 4 П / П од понабабри - потполковнички (277-393); пресири -претпоставен (511-526); призема - примерок (554-568);. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2008.	6
5. *Толковен речник на македонскиот јазик.* Т. Р/ Р од р – разлевање (7-50). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2011.	6

Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/ други)	
1. *Линеаризација на именската синтагма со глаголска придавка како модификатор.* Folia Philologica Macedono-Polonica 8, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2011, стр. 619-627.	6
2. *Лексичко-семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик.* Македонски јазик, LVII, 2006, Скопје, стр. 217-231.	6

Труд во зборник на трудови од научен собир	
1. *Глаголската придавка во македонскиот јазик и нејзините полски еквиваленти.* Трет научен собир на млади македонисти, Скопје, 1997 – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“: Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, 1997, стр. 379-387.	2
2. *Семантичка анализа на глаголот чини.* Зборник на трудови од собирот „Македонскиот глагол синхронија и дијахронија“,Институт за	2

македонски јазик „Крсте Мисирков“, Јазикот наш денешен, кн. 4, Скопје, 2001, стр. 149-156.	
3. *Околу лексичките показатели на модалноста.* Зборник на трудови од собирот „Македонската лексикологија и лексикографија“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Јазикот наш денешен, кн. 6, Скопје, 2001, стр. 119-125.	2
4. *Општествените промени и нивното влијание врз називите за облека.* Зборник на трудови од собирот „Јазикот и општествените промени“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Јазикот наш денешен, кн. 10, Скопје, 2004, стр. 78-84.	2
5. *Околу називите со значење обувки.* Македонскиот јазик: минато, сегашност, иднина, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2008, стр. 137-142.	2
6. *Лексичките заемки во тематското подрачје облека и облекување.* Зборник на трудови од научниот собир „Јазиците во контакт некогаш и денес“,Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2008 стр. 58-63.	2
7. *Облеката – одраз на духот на времето и културата на една епоха.* Зборник на трудови од научниот собир „ Културата и јазикот“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2009, стр. 169-174.	2
8. *Балканизмите во тематското подрачје облека и облекување.* Зборник на трудови од научниот собир „Балкански јазичен светоглед“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2009, стр. 71-76.	2
9. *Линеаризација на именските групи зависни од глаголска придавка.* Зборник на трудови од научниот собир „Современите лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Јазикот наш денешен, кн. 21, Скопје, 2012, стр. 145-152.	2

Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор	
1. *Линеаризација на именската синтагма со глаголска придавка како модификатор.* Folia Philologica Macedono-Polonica 8, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2011, стр. 619-627.	6
2. *Лексичко-семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик.* Македонски јазик, LVII, 2006, Скопје, стр. 217-231.	6

Учество на проект	
1. Толковен речник на македонскиот јазик А-Ж, 2003.	6
2. Толковен речник на македонскиот јазик З-К, 2005.	6
3. Толковен речник на македонскиот јазик Л-О, 2006.	6
4. Толковен речник на македонскиот јазик П, 2008.	6

5. Толковен речник на македонскиот јазик Р-С, 2011.	6
6. Толковен речник на македонскиот јазик Т-Ш.	6
2. Дигитализација на картотеката на македонската народна проза, 2011.	3

Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/ усно)	
1. *Глаголската придавка во функција на атрибут во македонскиот јазик и нејзините српски еквиваленти.* Прва македонско-српска конференција од областа на јазикот и литературата, одржана на 16-17. 8. 2002 год. во Охрид.	3
2. *Линеаризација на именската синтагма со глаголска придавка како модификатор.* Осма полско-македонска конференција, одржана на 23 и 24 октомври 2009 год. во Скопје.	3

Учество на научен собир со реферат (презентација/усно)	
1. *Глаголската придавка во македонскиот јазик и нејзините полски еквиваленти.* Трет научен собир на млади македонисти, Скопје, 1997.	2
2. *Семантичка анализа на глаголот чини.* Научен собир „Македонскиот глагол синхронија и дијахронија", одржан на 1-2 март 2000 год. во Скопје.	2
3. *Околу лексичките показатели на модалноста.* Научен собир „Македонската лексикологија и лексикографија", одржан на 15-16 март 2001 год. во Скопје.	2
4. *Општествените промени и нивното влијание врз називите за облека.* Научен собир „Јазикот и општествените промени", одржан на 13 март 2003 год. во Скопје.	2
5. *Околу називите со значење обувки.* Научен собир по повод одбележувањето на 50-годишнината од основањето на Институтот, „Македонскиот јазик, минато, сегашност, иднина", одржан на 16-17. 10. 2003 год. во Скопје.	2
6. *Лексичките заемки во тематското подрачје облека и облекување.* Научен собир „Јазиците во контакт некогаш и денес", одржан на 4 и 5 април 2007 год. во Скопје.	2
7. *Облеката – одраз на духот на времето и културата на една епоха.* Научен собир „ Културата и јазикот", одржан на 3 и 4 април 2008 год. во Скопје.	2
8. *Балканизмите во тематското подрачје облека и облекување.* Научен собир „Балкански јазичен светоглед", одржан на 15-16 април 2009 год. во Скопје.	2
9. *Глаголската придавка во функција на апозитивен атрибут.* Научен собир „Македонскиот јазик во историски и во современ контекст (што направивме и што треба да направиме во македонската наука за јазикот)", одржан на 25-26 февруари 2010 год. во Скопје.	2
10. *Околу лексемите со значење дел од шапка, капа.* Студиски ден посветен на научниот советник Тодор Димитровски, одржан на 30 ноември 2010 год. во Скопје.	2

11. *Линеаризација на именските групи зависни од глаголска придавка.* Научен собир „Современите лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик“, одржан на 11-12 мај 2011 год. во Скопје.	2

Одбранета докторска теза	
Значењата и именската функција на глаголската придавка во македонскиот јазик	8

Одбранета магистерска работа	
Лексичко - семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик.	5

Член на редакциски одбор	
Зборник на трудови од научниот собир „Современите лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2012	2

Член на организациски одбор на научен собир	
Научен собир „Македонскиот јазик во историски и во современ контекст (што направивме и што треба да направиме во македонската наука за јазикот)“ одржан на 25-26 февруари 2010 год. во Скопје	1
Научен собир „Современите лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик“ одржан на 11-12 мај 2011 год. во Скопје	1
Научен собир „Македонскиот јазик како средство за комуникација и како израз на културата“ одржан на 10-11 мај 2012 год. во Скопје	1
Научен собир „Значењето низ времето и просторот“ одржан на 22-23 мај 2013 год. во Скопје	1

Член на комисија од научен/ стручен карактер	
Член на Советот на ИМЈ	1
Член на ИО на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература	1

Член на разни комисии	3
Учество во радио, ТВ-емисии и др. јавни настапи	2
Друг придонес во научноистражувачката дејност	3
Вкупно	**176**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Примено 9.07.2013

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ во СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 28 јуни 2013 год., нѐ избра за рецензенти по пријавата на д-р Наталија Андријевска на конкурсот објавен во весникот „Вечер“ од 19 јуни 2013 год. Во врска со тоа, а врз основа на поднесените документи, го предлагаме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Наталија Андријевска е родена на 1. 2. 1968 год. во Скопје, каде што го стекнала основното и средното образование. Во учебната 1986/87 год. се запишала на Филозофско-историскиот факултет во Скопје, група: класични студии. Студиите ги завршила во октомври 1991 год. со дипломската работа „Дигамата во старогрчкиот со посебен акцент на сета пеење“. Во учебната 1994/95 год. се запишала на постдипломските студии на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата за македонски јазик. Магистерскиот труд „Преводот на грчкото привативно алфа во старите македонски текстови“ го одбранила во 2001 год., а докторската дисертација под наслов „Зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин“ ја одбранила во 2007 год.

Во 2008 год. е избрана во звањето научен соработник, а на 16. 11. 2010 год. во звањето виш научен соработник.

Адријевска од своето вработување во Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје во 1995 год. до денес работи на проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“, учествувајќи во нормализацијата, во лексикографската обработка на материјалот од буквата В, како и во редакцијата на материјалот за Речникот, техничкото уредување и коректурата.

Во 2000 год. е вклучена и на проектот „Речник на грчко-црковнословенски лексички паралели“, во 2010 год. на проектот „Ареопагитиките на Псевдо-Дионисиј во византиската и словенската писмена традиција (со посебен осврт на преводот на Исаија Серски)“, а во 2012 год. на проектот „Дигитализација на текстот на Радомировото евангелие од картотеката на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“ (со компјутерско внесување на текстот од 92a до 182d). Во моментов учествува во работата на меѓународниот проект: Srovnávací index k slovníkům zpracovávaným v rámci Komise pro církevněslovanské slovníky (Споредбен индекс кон речниците обработувани во рамките на Комисијата за црковнословенски речници) при Меѓународниот комитет на славистите, а исто така е раководител на проектот „Дигитализација на текстот на Верковиќевиот апостол од Картотеката на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, л. 1r–49v“, прифатен со Годишната програма на Министерството за култура за остварувања национален интерес во културата во 2013 год.

Во рамките на остварениот договор за соработка во 2012 год. е предаден во дигитална форма материјалот од изданието „Речник на

грчко-црковнословенски лексички паралели" (ред. М. Аргировски, сор. Н. Андријевска, А. Ѓуркова), во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", за да биде вклучен во рамките на проектот „SlaVaComp – COMPutergestützte Untersuching von VAriabilität im KirchenSLAvischen", поддржан од Федералното министерство за образование и научни истражувања на Германија (№ 01UG1251) и предводен од Словенскиот семинар (Slavisches Seminar) и Центарот за чување и обработка на податоци (Rechencentrum) на Универзитетот во Фрајбург (Albert-Ludwigs-Universität – Freiburg) (раководители на проектот: проф. д-р Јулијане Бестерс-Дилгер, директор на Словенскиот семинар, и проф. д-р Герхард Шнајдер, директор на Центарот).

Во рамките на своето стручно усовршување Андријевска во 2000, 2004 и 2005 год. е учесник на Курсот по општа лингвистика „Vilém Mathesius" во Прага, Чешка, во април 2005 год. на меѓународниот семинар „COMTOOCI: COMputational TOOls for the librarian and philological work" (Компјутерски алатки за библиотечна и филолошка работа) во Боровец, Бугарија, како и на „Нови тенденции в математиката и информатиката", по повод 60-годишнината на Институтот по математика и информатика при БАН, Софија, во 2007 год.

Од 2009 год. е вклучена во редакцијата на проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција", а од 2010 год. во редакцијата на списанието „Македонистика".

Во 2011 год. е избрана за член на Комисијата за црковнословенски речници.

Резултатите од своите истражувања д-р Наталија Андријевска ги објавува во македонскиот научен печат и во списанија и зборници надвор од земјата, ги презентира на повеќе научни собири во земјата и во странство.

Кон својата пријава, покрај резултатите од проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција" (објавени како св. 8–11, односно како почетни свески од вториот том), во кои се јавува како соавтор и член на редакцијата, има приложено библиографија која содржи 18 наслови на објавени трудови, во периодот од изборот во звањето научен соработник до денес, како и преглед на учествата на научните собири, како, на пр., на *13. меѓународен славистички собир* (Опатија, 23–25 јуни 2008 год.), III *македонски конгрес за историја на медицина* со меѓународно учество (Штип, 5–7 јуни 2008 год.), *Меѓународниот македонистички собир* (Охрид, 30 август – 1 септември 2008 год.), *XXXVI научна конференција* на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 24–25 август 2009 год.).

Своите трудови главно од областа на историското зборообразување, односно од областа на црковнословенската лексикологија, Андријевска ги објавува во македонскиот научен печат, и тоа во списанијата: *Македонски јазик, Кирилометодиевистика, Литературен збор*, а во странство, во списанијата: *Riječ, Slavia, Studia linguistica Polono-Meridiano slavica*. Рефератите презентирани на научни собири и на меѓународни конференции се објавени во зборниците на трудови.

Андријевска покажува интерес и кон прикажување на нови научни трудови од областа на палеословенистиката и историјата на македонскиот јазик.

Интересот за зборообразувањето на Крнинскиот дамаскин и историското зборообразување во македонските црковнословенски текстови доаѓа до израз во речиси сите трудови и во рефератите на научните собири.

Андријевска во монографскиот труд под наслов *Зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин* ги презентира своите сознанија за зборообразувачките особености на овој ракопис од XVI век. Анализата го опфаќа главно морфолошкиот (афиксен) начин на зборообразување како најпродуктивен кај именките, придавките и глаголите. Во рамките на зборообразувањето кај именките се проследуваат различните начини на образување: суфиксација, префиксација, конфиксација, а соодветно внимание му е посветено и на образувањето сложени именки. На соодветен начин се анализира и деривацијата на придавките, глаголите и прилозите.

Разделот посветен на зборообразувањето на глаголите ги опфаќа суфиксните глаголски образувања, и тоа глаголите изведени од именки, од придавки, од глаголи, префиксните, префиксно-суфиксните и сложените глаголски образувања, кои укажуваат дека стремежот за префиксација на глаголите е особено изразен во помладите текстови, како, на пр., во Крнинскиот дамаскин. Трудот овозможува диференцирање на индивидуалните специфичности мотивирани од жанровската припадност на ракописот и сл. Андријевска, исто така, одделува простор и за споредби на состојбата во старословенскиот јазик и во современиот македонски јазик.

На зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин се посветени и трудовите: *Зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин*, *За зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин*, *Word-Formation In The Krnino Damaskin*, *Зборообразувањето на прилозите во Крнинскиот дамаскин*, а, пак, на именската деривација, трудовите: *Деривати со суфиксот -ица (-ьница) во Крнинскиот дамаскин*, *Зборообразувачката функција на суфиксите -ьство, -ьствие во Крнинскиот дамаскин*, *Сложените именки во Крнинскиот дамаскин*.

Преку споредбената анализа на зборообразувачките особености се установуваат ретките лексеми кои не се среќаваат во ракописите што досега биле предмет на лексички проучувања. Ретките зборови во Крнинскиот дамаскин се предмет на анализата во трудовите: *За образувањето и семантиката на некои hapax legomena во Крнинскиот дамаскин*, *За некои ретки зборови од Крнинскиот дамаскин во Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*.

На историското зборообразување во македонските црковнословенски текстови, односно на глаголската префиксација и употребата на истокоренските глаголи се посветени трудовите: *Кон семантиката на глаголскиот префикс по- (традиција и континуитет)*, *Кон развојот на значењата на глаголскиот префикс пр҃ъ- (врз материјалот од Крнинскиот дамаскин и македонските црковнословенски ракописи)*, *Семантиката и синонимијата на глаголскиот префикс въз҃- во македонските црковнословенски текстови*, *Од префикснатa глаголска синонимија во македонските црковнословенски ракописи*, *Глаголскиот префикс съ-/сън- во*

македонските црковнословенски ракописи, додека на антонимијата во јазикот на македонските црковнословенски текстови статиите: *Антонимијата и образувањата со не- во македонските црковнословенски ракописи*, *Образувањата со без- во македонските црковнословенски ракописи од аспект на антонимијата*, *Од проблематиката на образувањата со не- во старите македонски текстови*.

Во врска со лексиката од областа на историјата на медицината е трудот *Баењето и исцелувањето во старите македонски текстови*.

Од гореизнесеното може да се заклучи дека д-р Наталија Андријевска е компетентен научен работник чии истражувања се посветени на историјата на македонскиот јазик, односно на потесната област – црковнословенска лексикологија и лексикографија и историско зборообразување. Особено значаен е нејзиниот придонес во работата на проектите од областа на црковнословенската лексикографија. Оценувајќи ги позитивно досегашните активности, со задоволство му препорачуваме на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ да ја избере во звањето **научен советник**.

Оцена за целокупната активност за избор во звањето научен советник

Научноистражувачка дејност	во земјата	во странство
	поени	
Монографија или научна книга	8	
Дел од лексикографски труд од национално значење	24	
Труд во лингвистички списанија	22	6
Труд во зборник на трудови од научен собир	8	
Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одб	6	6
Приказ/хроника	3	
Учество на проект	21	16
Учество на научен собир со реферат (презентација/усно)		
Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно)	12	
Член на редакциски одбор	8	
Член на комисија од научен/стручен карактер	4	8
Друг придонес во научноистражувачката дејност	6	
Вкупно:	158	

Рецензентска комисија

Д-р Лилјана Макаријоска, н. сов., с. р.

Д-р Катица Трајкова, н. сов., с. р.

Д-р Мери Цубалевска, н. сов., с. р.

БИБЛИОГРАФИЈА
(од изборот во звањето научен соработник)

Монографии:

Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, гл. уредник Рибарова З., св. 8, ѣ - витанија, Скопје 2008.

Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, гл. уредник Рибарова З., св. 9, витасии - въединити (са), Скопје 2008.

Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, гл. уредник Рибарова З., св. 10, въединовати са - възмрăзьствовати, Скопје 2009.

Зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин, Скопје 2009.

Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, гл. уредник Рибарова З., св. 11. възмъислити - въскланѣти са, Скопје 2013.

Статии:

Деривати со суфиксот -ица (-ьница) во Крнинскиот дамаскин, Македонскиот јазик – минато, сегашност, иднина. Реферати од научниот собир по повод одбележувањето на 50-годишнината од основањето на Институтот, Скопје 2008, стр. 205–213.

Зборообразувањето на прилозите во Крнинскиот дамаскин, Кирилометодиевистика 4, Скопје 2008, стр. 61–73.

Зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин, (резиме на истоимената докторска дисертација), Македонски јазик LVIII–LIX (2007–2008), Скопје 2008, стр. 139–152.

За зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин, Литературен збор LVI, 1–3, Скопје 2008, стр. 19–26.

Word-Formation In The Krnino Damaskin, Systasis 12 (апстракти), 2008.

9.	Hiljadnikova Bajro M, Sukarva-Angelvska E., Adelaide J., Chaffanet M., Dimovski AJ. A new case with 10q23 interstital deletion encompassing both PTEN and BMPR1A narrows the genetic region, deleted in juvenile plyposis syndrome. Journal of Applied Genetics 2013, 54 (11):43-7 (60%, IF=1,847)	4,708
	Пленарно предавање на научен/стручен собир	
1.	Хиљадникова-Бајро М., Димовски АЈ., Петрушевска – Този Л., Кадифкова-Пановска Т., Улога на фармакогенетските истражувања во медицината и фармацијата, Стручен состанок на здружение на доктори по медицина специјалисти по медицинска биохемија, Декември, 2009	2
	Учество на научен/ стручен собир со реферат - усна презентација	
1.	Hiljadnikova-Bajro M., Grozdanova A., Sterjev Z., Dimovski A., Suturkva L., Inhibition of protein tyrosine kinase p56lck by flavonoids, 2nd Internatinal Meeting on Medicinal and Pharmaceutical Chemistry, October 10-14, 2004 Antalya, Turkey	1
2.	Hiljadnikova-Bajro M., Suturkova L. Cytotoxicity of flavonoids as inhibitors of protein tyrosine kinase p56lck, 3rd congress of pharmacy of Macedonia with international participation, Sept. 2003, Ohrid, Macedonia	1
3.	M. Hijladnikova Bajro, T. Kadifkova Panovska, Laboratory biomarkers in cardiovascular medicine, 5th congress of pharmacy of Macedonia with international participation, Sept. 2007, Ohrid, Macedonia	1
	Учество на научен/ стручен собир со реферат -постер	
1.	Josifovski T., Hiljadnikova-Bajro M., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimovska Z., Panovski M., Suturkova L., Dimovski A.J. Genomic instability patterns in patients with colorectal cancer from Macedonia, 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31st-September 2nd, 2006, Skopje, Macedonia	0,5
2.	Josifovski T., Hiljadnikova-Bajro M., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimovska Z., Panovski M., Suturkova L., Dimovski A.J. - Familial colorectal cancer in Macedonia, 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31st-September 2nd, 2006, Skopje, Macedonia	0,5
3.	Sterjev Z., Serafimovska Z., Kapedanovska A., Hiljadnikova-Bajro M., Josifovski T., Panovski M., Suturkova L., Dimovski A.J. –Low penetrance alleles predisposing to colorectal cancer in Macedonian patients, 7th Balkan Meeting on Human Genetics, August 31st-September 2nd, 2006, Skopje, Macedonia	0,5
4.	Hiljadnikova-Bajro M., Josifovski T., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimoska Z., Matevska N.,	0,5

	Despotovska S., Petrusevska N., Panovski M., Suturkova L., Dimovski AJ., Microsatellite Instabillity and Loss of Heterozygosity in colorectal cancer patients from the Republic of Macedonia, 4th congress of pharmacy of Macedonia with international participation, Sept. 2007, Ohrid, Macedonia	
5.	Hiljadnikova-Bajro M., Josifovski T., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimoska Z., Matevska N., Despotovska S., Petrusevska N., Panovski M., Suturkova L., Dimovski AJ., IGF1 gene promotor variant as risk modifier for colorectal cancer, 4th congress of pharmacy of Macedonia with international participation, Sept. 2007, Ohrid, Macedonia	0,5
6.	Hiljadnikova-Bajro M., Josifovski T., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimoska Z., Matevska N., Despotovska S., Petrusevska N., Panovski M., Suturkova L., Dimovski AJ., Genetic Polymorphism in UGT1A1 and risk of colorectal cancer, 4th congress of pharmacy of Macedonia with international participation, Sept. 2007, Ohrid, Macedonia	0,5
7.	Matevska N., Josifovski T.,Hiljadnikova-Bajro M., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimoska Z., Despotovska S., Petrusevska N., Panovski M., Suturkova L., Dimovski AJ., Cyclin D1 G870A variant is associated with increased risk of MSI positive colorectal cancer in young male patients, 4th congress of pharmacy of Macedonia with international participation, Sept. 2007, Ohrid, Macedonia	0,5
8.	Hiljadnikova Bajro M., Josifovski T., Panovski M., Dimovski AJ., The first molecular characterization of HNPCC in two families from the Republic of Macedonia. 17th Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation, Sept. 2009, Ohrid, Macedonia	0.5
9.	Marija Hiljadnikova-Bajro, Toni Josifovslki, Nikola Jankulovski, Aleksandar J. Dimovski, Involvement of genetic instability in the pathogenesis of colorectal cancer among patients from the Republic of Macedonia. 12th European Workshop On Cytogenetics and Molecular Genetics of Solid Tumors, June 2010, Nijmegen, The Netherlands	0,5
10.	M. Hiljadnikova Bajro, T.Josifovski, N. Jankulovski. A.J. Dimovski, Involvement of distinct molecular mechanisms in development of proximal and distal sporadic colorectal cancers, The European Human Genetics Conference 2010, June 2010, Gothenburg, Sweden,	0,5
11.	M. Hiljadnikova-Bajro, T. Josifovski, M. Panovski, N. Jankulovski, AJ Dimovski. Multiplex ligation-dependent probe amplification (MLPA) in analysis of hereditary and sporadic colorectal cancer in Republic of Macedonia. 19th Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation, September, 2011, Bucharest, Romania	0,5

12.	M. Hiljadnikova Bajro, T. Josifovski, M. Panovski, A. J. Dimovski. Association between 18qLOH and metastatic potential of colorectal cancer. The European Human Genetics Conference 2012, June 2012, Nurnberg, Germany	0,5
13.	M. Hiljadnikova Bajro, A. Kapedanovska, A. Eftimov, N. Matevska-Geskovska, T. Josifovski, M. Panovski, N.Jankulovski, AJ. Dimovski Association between microsatellite instability, BRAFV600E and MLH1 promoter hypermethylation in sporadic and familial colorectal cancers, The European Human Genetics Conference 2013, June 2013, Paris, France	0,5
	Апстракти објавени во зборник на конференција - **Меѓународна**	
1.	Hiljadnikova-Bajro M., Grozdanova A., Sterjev Z., Dimovski A., Suturkva L., Inhibition of protein tyrosine kinase p56lck by flavonoids, Proceedings from the 2nd Internatinal Meeting on Medicinal and Pharmaceutical Chemistry, October 10-14, 2004 Antalya, Turkey	1
2.	Josifovski T., Hiljadnikova-Bajro M., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimovska Z., Panovski M., Suturkova L., Dimovski A.J. Genomic instability patterns in patients with colorectal cancer from Macedonia, Proceedings from the 7th Balkan Meeting on Human Genetics, Balkan Journal of Medicinal Genetics 2006, Vol 9(3,4): 67.	1
3.	Josifovski T., Hiljadnikova-Bajro M., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimovska Z., Panovski M., Suturkova L., Dimovski A.J. Familial colorectal cancer in Macedonia, Proceedings from the 7th Balkan Meeting on Human Genetics, Balkan Journal of Medicinal Genetics 2006, Vol 9(3,4): 68.	1
4.	Josifovski T., Hiljadnikova-Bajro M., Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimovska Z., Panovski M., Suturkova L., Dimovski A.J. Genomic instability patterns in patients with colorectal cancer from Macedonia, Proceedings from the 7th Balkan Meeting on Human Genetics, Balkan Journal of Medicinal Genetics (BJMG) 2006, Vol 9(3,4): 67.	1
5.	Hiljadnikova-Bajro M, Josifovski T, Sterjev Z., Kapedanovska A., Serafimoska Z., Matevska N., Petrusevska N, Panovski M., Suturkova Lj., Dimovski A.J. Age related differences in molecular profiles of colorectal cancers in patients from the Republic of Macedonia , European Journal of Human Genetics, 2008, Vol 16	1
6.	Hiljadnikova Bajro M., Josifovski T., Panovski M., Dimovski AJ., The first molecular characterization of HNPCC in two families from the Republic of Macedonia. Balcan Journal of Clinical laboratory 2009 XVII, 09,1:91	1
7.	M. Hiljadnikova-Bajro, T. Josifovski, M. Panovski, N. Jankulovski, AJ Dimovski. Multiplex ligation-dependent probe amplification (MLPA) in analysis of hereditary and	1

	sporadic colorectal cancer in Republic of Macedonia. Balkan Journal of Clinical Laboratory, XIX, 09(1), 2011: 123	
8.	Hiljadnikova Bajro M., Sukarova-Angelovska E. , Chaffanet M., Dimovski AJ., Contiguous interstitial deletion encompassing both PTEN and BMPR1A associated with Cowden Syndrome. European Journal of Human Genetics 19(1) (2011)	1
	Вкупно	**119,279**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
	Експертски активности	
1.	Рецензент во Македонски фарацевтски билтен	1
2.	Експертска анализа за молекуларна карактеризација на Линч-синдромот (5 x 1)	5
3.	Експертска анализа за молекуларна карактеризација на фамилијарната аденоматозна полипоза (3 x 1)	3
4.	Генетски анализи за детекција на синдромот "Gylbert" (2007-2013)	7
5.	Анализи за детекција на микросателитска нестабилност кај ткивни пимероци од колоректален карцином (2005-2013)	9
6.	Анализи за детекција на загуба на хетерозиготност кај ткивни примероци од колоректален карцином (2005-2013)	9
	Учество во промотивни активности на факултетот/ институтот	
7.	Промоција на Фармацевтскиот факултет во рамки на Саемот на Високото образование (Денови на кариера)2008	0,5
8.	Промоција на Фармацевтскиот факултет во рамки на Саемот на Високото образование (Денови на кариера)2009	0,5
9.	Промоција на Студиските програми при Фармацевтскиот Факултет во средните училишта во Р.Македонија 2009/2010	0,5
10.	Промоција на Студиските програми при Фармацевтскиот Факултет во средните училишта во Р.Македонија 2010/2011	0,5
11.	Промоција на Фармацевтскиот факултет во рамки на Саемот на Високото образование (Денови на кариера)2013	0,5
	Воведување нова лабораториска/ клиничка или јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството, првпат во државата воведена метода	
12.	Молекуларна карактеризација на Линч синдромот	4
13.	Молекуларна карактеризација на фамилијарната аденоматозна полипоза	4
14.	Молекуларна детекција на синдромот "Gylbert"	4
15.	MLPA анализа за детекција на герминативна/соматска хиперметилација на MMP-генските промотори	4
16.	MLPA-анализа за детекција на герминативни/соматски генетски делеции/дупликации кај пациенти со	4

	колоректален карцином	
17.	Детекција на мутацијата BRAFV600E во ткивни примероци од колоректален карцином	4
18.	Детекција на мутации во 12 и 13 кодон од KRAS генот во ткивни примероци од колоректален карцином	4
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
	Изготвување и пријавување на меѓународен научен/образовен проект	
1.	Микринкапсулирани синбиотици-од оптимална формулација до терапевтска примена, Министерство за образование и наука на Република Македонија, билатерален проект Македонија-Бугарија, 2010-2012	1
2.	Пргностички и предиктивни молекуларни маркери во терапијата на колоректалниот карцином, Министерство за образвание и наука на Република Македонија, билатерален проект Македнија-Словенија, 2010-2012	1
	Член на факултетска комисија	
3.	Комисија за јавни набавки: - набавка на канцелариски материјали, 2008 - набавка на канцелариски материјали, 2009 - набавка на полуавтоматски биохемиски анализатор, - набавка на ласер за автоматски генетски анализатор AbiPrism310	2
	Вкупно	**68,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	102,566
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	119,279
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	68,5
Вкупно	290,345

Членови на Комисијата

Проф. д-р Татјана Кадифкова-Пановска с.р.

Проф. д-р Лидија Петрушевска-Този с.р.

Проф. д-р Александар Димовски с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 став 2 и 5 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.35/2008), Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на седницата одржана на 31.V 2013 година, донесе одлука бр. 02-1230/8 за формирање Рецензентска комисија за избор на насловен доцент од наставно-научната област математика,а врз основа на конкурсот објавен објавен во весникот "Дневник" од 9.V 2013 година, во состав:

1. д-р Анета Бчковска, редовен професор на ФЕИТ во Скопје, претседател;
2. д-р Соња Геговска-Зајкова, вонреден професот на ФЕИТ во Скопје, член;
3. д-р Билјана Јолевска-Тунеска, вонреден професор на ФЕИТ во Скопје, член.

На распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, д-р Весна Андова, асистент на Факултетот за електротехника и информациони технологии во Скопје, со пријава за избор во звањето насловен доцент од наставно-научната област математика.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелна анализа, чест ни е на Наставно-научниот совет на ФЕИТ да му го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Весна Андова е родена на 13.Vi 1982 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На студиите по математика на Природно-математичкиот факултет, насока: теориска математика, се запишала во учебната 2000/2001 година. Студиите ги завршила на 14.II 2005 година со просечен успех 9,43 како најдобар студент во генерацијата, одбранувајќи го дипломскиот труд со наслов *Теорема на Ваерштрас и најдобра апроксимација* под менторство на проф. д-р Никола Пандески и се стекнала со звањето дипломран математичар. Во текот на своето школување учествувала на повеќе домашни натпревари по математика и физика и освојувала бројни награди, меѓу кои и пофалница на Интернационалниот натпревар по математика за студенти (IMC-2004).

Во 2005 година се запишала на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за математика, насока: теориска математика. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10,00. Магистерскиот труд со наслов *Еден метод за конструкција на полиномни атрактори*, изработен под менторство на доц. д-р Соња Геговска-Зајкова, го одбранила на 29.V 2009 година, стекнувајќи се со научниот степен магистер на математички науки.

Своето понатамошно образование го продолжува на Факултетот за математика и физика на Универзитетот во Љубљана, Словенија. На 1.III 2013 година ја одбранила и докторската дисертација под наслов *Некои степенски и дистанцни графовски инваријанти и фулеренски структури*, под менторство на д-р Ристе Шкрековски, професор на Факултетот за математика и физика при Универзитетот во Љубљана и д-р Томислав Дошлиќ, професор на Градежниот факултет при Универзитетот во Загреб.

Од декември 2005 до декември 2007 година работела на Електротехничкиот факултет, денес Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје, како

демонстратор по математика на Институтот за математика и физика. Во 2007 година е избрана во звањето помлад асистент, а во 2010 во асистент по математика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Како демонстратор, помлад асистент и асистент држела аудиториски вежби по предметите математика 1, математика 2, математика 4, математички методи за инженери 1, математички методи за инженери 2, дискретна математика, веројатност и статистика, елементи од нумеричка математика и практикум од Матлаб. Член е на СММ и на AMC (American Mathematical Societys). Активно владее со англискиот и словенечкиот јазик.

2. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА АКТИВНОСТ

Од почетокот на својата наставно-педагошка дејност како демонстратор, помлад асистент и асистент, д-р Весна Андова континуирано учествува во процесот на унапредување и усовршување на наставата по математика на ФЕИТ.

Во рамките на наставните задолженија, кандидатката има држено настава по предметите математика 1, математика 2, математика 4, математички методи за инженери 1, математички методи за инженери 2, дискретна математика, веројатност и статистика, елементи од нумеричка математика и практикум од Матлаб.

Во соработка со предметните наставници, учествувала во оформувањето и спроведувањето на вежбите по сите предмети од наставната област математика.

Со својот педагошки пристап им помага на студентите во нивните напори за полесно совладување на материјата.

3.НАУЧНО-СТРУЧНА АКТИВНОСТ

По завршувањето ма магистерските студии, д-р Весна Андова својата научноистражувачка работа ја насочи кон дискретната математика, поточно кон теоријата на графови, но се уште покажува интерес и за итеративните функциски системи и фрактали.

Во досегашната научна и стручна активност, д-р Весна Андова има објавено и презентирано 13 научни трудови и уште 2 труда се прифатени за печатење. До последниот избор, 5 труда се рецензирани во рефератите за избор на кандидатката во звањата помлад асистент и асистент. По реизборот кандидатката има објавено и презентирано, во референтни меѓународни списанија и на познати меѓународни научни собири, уште 8 научни труда.

СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

[1] Lj. M. Kocić, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, *Interpolation polynomials via AIFS*, Mat. Bilten. **33**, 63-72, (2009).

[2] S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, Lj. M. Kocić, *Subdivision in polynomial spaces*, Funct. Anal. Approx. Comput. **1**(2), 25-35, (2009).

[3] Lj. M. Kocić, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, *Random synthesis of piecewise cubic interpolants*, ETAI, (Ohrid, 2009).

[4] V. Andova, N. Cohen, R. Škrekovski, *Graph Classes (Dis)satisfying the Zagreb Indices Inequality*, MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **65**(3), 647-658, (2011).

[5] V. Andova, M. Petrushevski, *Variable Zagreb indices and Karamata's inequality,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **65**(3), 685-690, (2011).

[6] V. Andova, S. Bogoev, D. Dimitrov, M. Pilipczuk, R. Škrekovski, *On the Zagreb index inequality of graphs with prescribed vertex degree,* Discrete Applied Math, **159**, 852-858 (2011).

[7] V. Andova, N. Cohen, R. Škrekovski, *A note on Zagreb indices for trees and unicyclic graphs,* Ars Mathematica Contemporanea, **5**,73-76 (2012).

[8] D. Vukičević, I. Gutman, B. Furtula, V. Andova, D. Dimitrov , *Some Observations on Comparing Zagreb Indices,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **66**(2), 627-645, (2011).

[9] Lj. M. Kocić, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, *IFS and Newton's interpolating polynomials*, Sci. Publ. State Univ. Novi Pazar, Ser. A: Appl. Math. Inform. And Mech. **4** (1) 2012, 53-60. **Math. Subj. Class.(2000)** 28A80; 65D17.

[10] V. Andova, T. Došlić, M. Krnc, B. Lužar, R. Škrekovski, *On the diameter and some related invariants of fullerene graphs,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **68**(1), 109-130, (2012).

[11] V. Andova, D. Dimitrov, J.Fink, R. Škrekovski, *Bounds on Gutman index,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **67**(2), 515-524, (2012).

[12] V. Andova, T. Došlić, M. Krnc, B. Lužar, R. Škrekovski, *Some Results on Fullerene Graphs,* The Proceedings of the 4th International Conference on Information Technologies and Information Society ITIS 2012.

[13] V. Andova, R. Škrekovski, *Diameter of Fullerene Graphs with Full Icosahedral Symmetry,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **70** (2013) 205–220.

АНАЛИЗА НА ТРУДОВИТЕ ПО ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР

1. V. Andova, S. Bogoev, D. Dimitrov, M. Pilipczuk, R. Škrekovski, *On the Zagreb index inequality of graphs with prescribed vertex degree,* Discrete Applied Math, **159**, 852-858 (2011).

   За едноставен граф G со n темиња и m гранки, неравенството $M_1(G) \leq M_2(G)$, каде што $M_1(G)$ и $M_2(G)$ се првиот и вториот Загреб-индекс за графот G , е познато како неравенство на Загреб-индексите. За можеството S велиме дека е добро ако за секој граф со степени во S го задоволува неравенството. Во трудот е покажано дека секој интервал од облик $[a, a+n]$ е добар ако и само ако $a \geq \frac{n(n-1)}{2}$ и $[a, a+n] = [1,4]$. Даден е и алгоритам кој одлучува дали определено множество со n елементи е добро.

2. V. Andova, N. Cohen, R. Škrekovski, *A note on Zagreb indices for trees and unicyclic graphs,* Ars Mathematica Contemporanea, **5**,73-76 (2012).

   За едноставен граф G со n темиња и m гранки, неравенството $M_1(G) \leq M_2(G)$, каде што $M_1(G)$ и $M_2(G)$ се првиот и вториот Загреб-индекс за графот G , е познато како неравенство на Загреб-индексите. Неодамна Вукичевиќ и Граовац, и Хансен и Вукичевиќ покажаа дека ова неравенство важи за дрва и униццикллични графови. Во овој труд се презентирани нови и пократки докази на овие резултати.

3. D. Vukičević, I. Gutman, B. Furtula, V. Andova, D. Dimitrov , *Some Observations on Comparing Zagreb Indices,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **66**(2), 627-645, (2011).

Нека G е едноставен граф со n темиња и m гранки. Нека d_i е степенот на i -тото теме, $i = 1, \ldots, n$. Првиот Загреб-индекс $M_1(G)$ е сума од d_i^2 по сите темиња. Вториот Загреб-индекс $M_2(G)$ е сума по сите гранки од $d_i d_j$. Во овој труд се најдени графови за кои важи $M_1(G) = M_2(G)$. Дополнително се дадени класи графовии кои го задоволуваат обратното неравенство на Загреб-индексите.

4. Lj. M. Kocić, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, *IFS and Newton's interpolating polynomials*, Sci. Publ. State Univ. Novi Pazar, Ser. A: Appl. Math. Inform. And Mech. **4** (1) 2012, 53-60. **Math. Subj. Class.(2000)** 28A80; 65D17.

Дадена е повеќесегментна субдивизиона шема за произволен полином на конечен интервал. Методот ја користи Њутновата интерполација во комбинација со AIFS (Афино инваријантен итеративен функциски системи) за конструкција на алгоритам од фрактален тип кој дава полиномни атрактори.

5. V. Andova, T. Došlić, M. Krnc, B. Lužar, R. Škrekovski, *On the diameter and some related invariants of fullerene graphs,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **68**(1), 109-130, (2012).

Фулеренските графови се 3-сврзани кубични графови создадени само од петоаголници и шестаголници. Во трудот е покажано дека дијаметарот на фулеренски граф G со n темиња е најмалку $\Omega(\sqrt{n})$, а најмногу $\frac{n}{5} + 1$. Уште повеќе, ако G не е (5,0) наноцевка, тогаш нејзиниот дијаметар е најмногу $\frac{n}{6} + \frac{5}{2}$. Како последица од добиените резултати е направено подобрување на горната граница на бројот на заситување кај фулеренски графови.

6. V. Andova, D. Dimitrov, J.Fink, R. Škrekovski, *Bounds on Gutman index,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **67**(2), 515-524, (2012).

Гутман индексот (уште познат како Шулцов индекс од втор вид) за граф G е дефиниран со $Gut(G) = \sum_{u,v \in V(G)} d(u)d(v)d(u,v)$. Во трудот е покажано дека помеѓу сите графови со n темиња, S_n има најмал Гутман индекс. Исто така се најдени долната и горната граница на индексот.

7. V. Andova, T. Došlić, M. Krnc, B. Lužar, R. Škrekovski, *Some Results on Fullerene Graphs,* The Proceedings of the 4th International Conference on Information Technologies and Information Society ITIS 2012.

Во овој труд е даддена колекција од резултати за фулеренските графови.

8. V. Andova, R. Škrekovski, *Diameter of Fullerene Graphs with Full Icosahedral Symmetry,* MATCH Commun. Math. Comput. Chem., **70** (2013) 205–220.

Фулеренските графови се 3-сврзани кубични графови создадени само од петоаголници и шестаголници. Класата фулеренски графови кои имаат икосаедрична симетрија се викаат икосаедрични фулерени. Овие фулерени се определени со вектор $(i,j), 0 \leq i \leq j$ и

$j > 0$. За $i = j$ или $i = 0$ фулерените имаат целосна икосаедрична симетрија. Во овој труд е покажано дека дијаметарот на (i, j)-икосаедричен фулерен со целосна симетрија е $4i + 6j - 1$. Поставена е и хипотеза за дијаметарот на фулеренските графови.

На 1.III 2013 година ја одбранила докторската дисертација под наслов *Некои степенски и дистанцни графовски инваријанти и фулеренски структури*:

V.Andova, *Some degree and distance related graph invariants and fullerene structures*, PhD thesis, Ljubljana 2013.

Докторската теза обработува две теми од теоријата на графови. Првата тема се графовски инваријанти кои се базирани на степенот на темињата во графот или на растојанието помеѓу темињата. Овие инваријанти уште се познати и под името тополошки индекси и своја примена наоѓаат кај многу природни мрежи или, пак, мрежи моделирани од човекот. Постојат околу 200 вакви графовски инваријанти, но во докторската тема е посветени внимание само на неколку, како што се: Загреб-индекси, Рандиќ-индекс, R'-индекс и Гутман-индекс.

Вториот дел е посветен на фулеренските графови. Овие графови се математички модел на фулерените и наноцевките. Графовските инваријанти, како бројот на независност, бројот на заситеност, спарување во графот и дијаметар на графот, се важни показатели за стабилноста на фулеренските структури. Во тезата е посветено внимание на овие инваријанти и на посебна класа фулеренски графови со икосаедрична симетрија.

УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ И ШКОЛИ

Д-р Весна Андова учествувала на следниве конференции и школи:

1. 28th TBI Winterseminar, Блед, Словенија.
2. Graph Spectra and Applications, Врњачка Бања, Србија.
3. IT IS, Доленске Топлице, ноември 2012.
4. MDA, Варна, јули 2012.
5. Graph Spectra and Applications, Врњачка Бања, Србија.
6. Geometry and Visualization, Белград, Србија, април 2008 година.
7. School and workshop on dynamical systems, International Center for Theoretical Physics (ICTP), Трст, Италија, јуни-јули 2008.
8. Четврти македонски конгрес на математичарите на Македонија, Струга, октомври 2008.
9. Functional Analysis and Application, Ниш, Србија, јуни 2009.
10. International Congress on Mathematics, MICOM 2009, Охрид, септември 2009.
11. IX Национална конференција со меѓународно учество ЕТАИ 2009, Охрид, септември 2009.

4.УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ И ИЗРАБОТКА НА СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Кандидатката д-р Весна Андова учествувала како млад истражувач во научноистражувачкиот проект "Гранични вредности на аналитички функции и дистрибуции и апроксимации во смисла на дистрибуции", (2006-2009), раководител: доц.

д-р Весна Манова-Ераковиќ, финансиран од Министерството за образование и наука на Македонија.

5.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Д-р Весна Андова редовно учествува во активностите на Сојузот на друштвата на математичарите на РМ при организирање и спроведување на регионалните и државните натпревари по математика за основните и средните училишта. Вклучена е и во активностите за афирмирање на Факултетот, како што се подготовките на студентските екипи за натпреварите по математика на електријадите. Член е на Центарот за нови студенти на ФЕИТ.

6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од сето понапред изнесено можеме да заклучиме дека кандидатката д-р Весна Андова е оформен учесник во наставниот процес за предметите од наставно-научната област математика на ФЕИТ. Исто така постигнала забележителни резултати и во својата научноистражувачка работа, со верификација на свои оригинални резултати, со објавени научни трудови во реномирани светски научни списанија и преку учество со свои трудови на познати меѓународни научни собири.

Затоа имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациони технологии во Скопје, кандидатката д-р Весна Андова да биде избрана во звањето НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ во наставно-научната област математика на ФЕИТ во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Д-р Анета Бучковска, редовен професор на ФЕИТ во Скопје, претседател, с.р.

2. Д-р Соња Геговска-Зајкова, вонреден професот на ФЕИТ во Скопје, член, с.р.

3. Д-р Билјана Јолевска-Тунеска, вонреден професор на ФЕИТ во Скопје, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Весна Санде Андова**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: математика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување вежби(аудиториски и лабораториски)**	**62,55**
	Математика 1(2005/2006 зимски семестар)	4,05
	Математика 2(2005/2006 летен семестар)	4,05
	Математика 1(2006/2007 зимски семестар)	4,05
	Линеарни трансформации(2006/2007 зимски семестар)	1,35
	Математика 2(2006/2007 летен семестар)	4,05
	Дискретна математика(2006/2007 летен семестар)	1,35
	Математика 1(2007/2008, зимски семестар)	2,7
	Линеарни трансформации(2007/2008 зимски семестар)	2,7
	Математика 2(2007/2008 летен семестар)	1,35
	Дискретна математика(2007/2008 летен семестар)	2,7
	Математкика 1(2008/2009, зимски семестар)	2,7
	Линеарни трансформации(2008/2009, зимски семестар)	1,35
	Маетматички методи за инженери 1(2008/2009, зимски семестар)	1,35
	Математика 2(2008/2009, летен семестар)	2,7
	Дискретна математика(2008/2009, летен семестар)	2,7
	Математички методи за инженери 2(2008/2009, летен семестар)	1,35
	Линеарни трансформации(2009/2010,зимски семестар)	1,35
	Математички методи за инженери 1(2009/2010, зимски семестар)	1,35
	Веројатност и статистика(2009/2010, зимски семестар)	1,8
	Математички методи за инженери 2(2009/2010, летен семестар)	1,35
	Дискретна математка(2009/2010, летен семестар)	1,35
	Дискретна математика за ИНФО(2009/2010, летен семестар)	1,35
	Математика 1(2010/2011, зимски семестар)	1,35
	Линеарни трансформации(2010/2011,зимски семестар)	1,35
	Веројатност и статистика(2010/2011, зимски семестар)	1,8
	Математички методи за инженери 1(2010/2011, зимски семестар)	1,35
	отсуство (2010/2011, летен семестар)	0
	отсуство (2011/2012, зимски семестар)	0
	отсуство (2011/2012, летен семестар)	0
	отсуство (2012/2013, зимски семестар)	0
	Математика 2(2012/2013, летен семестар)	1,35

	Математика 4(2012/2013, летен семестар)	1,35
	Елементи од нумеричка математика(2012/2013,летен семестар)	2,25
	Практикум МАТЛАБ(2012/2013, летен семестар)	2,7
2	**Подготовка на нов предмет(вежби од Практикум по Матлаб и Математика 2)**	**1**
3	**Консултации со студенти**	**8,836**
	зимски семестар 2005/2006 - 360 студенти	0,72
	летен семестар 2005/2006 - 360 студенти	0,72
	зимски семестар 2006/2007 - 430 студенти	0,86
	летен семестар 2006/2007 - 430 студенти	0,86
	зимски семестар 2007/2008 - 410 студенти	0,82
	летен семестар 2007/2008 - 290 студенти	0,58
	зимски семестар 2008/2009 - 441 студенти	0,882
	летен семестар 2008/2009 - 510 студенти	1,02
	зимски семестар 2009/2010 - 317 студенти	0,634
	летен семестар 2009/2010 - 226 студенти	0,452
	зимски семестар 2010/2011 - 368 студенти	0,736
	летен семестар 2012/2013 - 276 студенти	0,552
4	**Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа**	
	Член на комисија за оцена и одбрана на 9 дипломски работи	0,9
	Вкупно поени од наставно-образовна дејност	**73,286**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1	**Одбранета докторска теза: „Некои дистанцни и степенски инваријанти и фулеренски структури"**	**8**
2	**Одбранета магистерска работа: „Метод за конструкција на полиномни атрактори"**	**4**
3	**Учесник во национален научен проект**	**3**
	"Boundary values of analytic functions and distributions and approximations in distributional sense", 2006-2009, раководител: проф.д-р Весна Манова-Ераковиќ	3
4	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	**9,6**
	S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, Lj. M. Kocić, Subdivision in polynomial spaces, Funct. Anal. Approx. Comput. 1(2), 25-35, (2009).	3,2
	Lj. M. Kocić, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, Interpolation polynomials via AIFS, Mat. Bilten. 33, 63-72, (2009).	3,2
	Lj. M. Kocić, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, IFS and Newton's inter¬polating polynomials, Sci. Publ. State Univ. Novi Pazar, Ser. A: Appl. Math. Inform. And Mech. 4, 53-60 (2012).	3,2
5	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	**45,1054**
	V. Andova, R. Škrekovski, Diameter of Fullerene Graphs with Full Icosahedral Symmetry, MATCH Commun. Math. Comput. Chem., 70 (2013) 205–220. IF за 2012: 2,161	7,3449

	V. Andova, T. Došlić, M. Krnc, B. Lužar, R. Škrekovski, On the diameter and some related invariants of fullerene graphs, MATCH Commun. Math. Comput. Chem., 68(2012), 109-130. IF за 2012: 2,161	4,8966
	V. Andova, D. Dimitrov, J.Fink, R. Škrekovski, Bounds on Gutman index, MATCH Commun. Math. Comput. Chem., 67(2012), 515-524. IF за 2012: 2,161	4,8966
	D. Vukičević, I. Gutman, B. Furtula, V. Andova, D. Dimitrov , Some Observations on Comparing Zagreb Indices, MATCH Commun. Math. Comput. Chem., 66(2011), 627-645. IF за 2011: 2,161	4,8966
	V. Andova, N. Cohen, R. Škrekovski, A note on Zagreb indices for trees and unicyclic graphs, Ars Mathematica Contemporanea, 5(2012),73-76. IF за 2012: 0.4	5,12
	V. Andova, S. Bogoev, D. Dimitrov, M. Pilipczuk, R. Škrekovski, On the Zagreb index inequality of graphs with prescribed vertex degree, Discrete Applied Math, 159(2011), 852-858. IF за 2011: 0.795	4,077
	V. Andova, M. Petrushevski, Variable Zagreb indices and Karamata's inequality, MATCH Commun. Math. Comput. Chem., 65(2011), 685-690. IF за 2011: 2,161	7,3449
	V. Andova, N. Cohen, R. Škrekovski, Graph Classes (Dis)satisfying the Zagreb Indices Inequality, MATCH Commun. Math. Comput. Chem., 65(2011), 647-658. IF за 2011: 2,161	6,5288
6	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	4
	V. Andova, T. Došlić, M. Krnc, B. Lužar, R. Škrekovski, Some Results on Fullerene Graphs, The Proceedings of the 4th International Conference on Information Technologies and Information Society ITIS 2012.	2
	Lj. M. Kocić, S. Gegovska-Zajkova, V. Andova, Random synthesis of piecewise cubic interpolants, ETAI (2009)	2
7	**Учество на научен собир со реферат**	6
	Subdivision in polynomial spaces, Functional analysis, approximation and computation, Ниш 2009	1
	Subdivision of interpolating polynomials, MASSEE, MICOM 2009, Ohrid, 2009.	1
	Interpolation polynomials via AIFS, V конгрес на математичарите на Македонија, Струга, 2008.	1
	Random synthesis of piecewise cubic interpolants, ETAI, Охрид, 2009.	1
	Distance based indices-Gutman index, MDA, Варна 2012.	1
	Some Results on Fullerene Graphs, IT IS, Доленске Топлице 2012.	1
	Вкупно	**75,7054**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста	Поени
1	**Книги од стручна област**	**21**
	Натпревари по математика за средно образование, 2011	7

	Натпревари по математика за основно образование, 2011	7
	Macedonian mathematical competition, 2009	7
2	**Учество во работата на комисии за државни натпревари**	**11**
	Учество во работата на комисии за државни натпревари по математика (2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012 и 2013)	8
	Учество во работата на државни натпревари од Народна техника по математика (2006,2008 и 2009)	3
3	**Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот**	**5,5**
	Отворен ден (2006, 2007, 2008, 2009, 2010 и 2013)	3
	Презентација на Факултетот во средните училишта (2010)	0,5
	Презентација на Факултетот на денови на образование (2009, 2010 и 2013)	1,5
	Инженерски пикник по повод 50 години ФЕИТ	0,5
Дејности од поширок интерес		
4	**Студиски престој во странство**	**2,5**
	Студиски престој на Универзитетот во Љубљана	2
	Студиски престој во ISTP Трст	0,5
5	**Член на факултетска комисија**	**1**
	Центар за нови студенти	0,5
	Комисија за попис на ФЕИТ 2010	0,5
	Вкупно	**41**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**73,286**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**75,7054**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**41**
Вкупно	**189,9914**

Рецензентска комисија

1. **Проф. д-р Анета Бучковска, с.р.**
2. **Проф. д-р Соња Геговска-Зајкова, с.р.**
3. **Проф. д-р р Билјана Јолевска-Тунеска, с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Јавна научна установа
Институт за македонски јазик
„Крсте Мисирков" - Скопје
Примено: 10-07/2013
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
03 | 316

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ" во СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 28 јуни 2013 год., нè избра за рецензенти по пријавата на д-р Весна Костовска на конкурсот објавен во весникот „Вечер" од 19 јуни 2013 год. Во врска со тоа, а врз основа на поднесените документи, го предлагаме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Весна Костовска е родена на 15. 1. 1963 год. во Скопје, каде што го стекнала основното и средното образование. Во учебната 1981 год. се запишала на групата за македонски јазик – еднопредметна на Филолошкиот факултет во Скопје, а дипломирала во 1987 год. Во учебната 1989/1990 год. се запишала на постдипломски студии по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. Во 1997 год го одбранила магистерскиот труд под наслов „Лингвистичка анализа на Македонското четвороевангелие", под менторство на д-р Зденка Рибарова, а во март 2013 год., докторската дисертација под наслов „Сложенките во македонските црковнословенски текстови", исто така под менторство на д-р Зденка Рибарова. Во звањето асистент е избрана во 1998 год.

Д-р Весна Костовска е вработена во Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик од 1. 10. 1989 год. Во изминатиот период до денес е ангажирана на проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција", учествувајќи во сите фази од работата врз проектот: подредување на научната документација, расчитување на оригинални текстови, ексцерпција на контексти и нивна компарација, определување на грчки еквиваленти, индексирање на материјалот, усвојување на основните принципи на лексикографска обработка и др.

Во периодот од 2001 до 2004 год. е соработник на проектот „Лексиката во поетските творби на Климент Охридски", а како резултат на проектот е објавена истоимената монографија во коавторство со д-р Стоја Поп-Атанасова.

Во рамките на своето стручно усовршување, Костовска во 1997 (10–21. 11), 2004 (7–20. 3), 2005 (6–13. 3) и во 2008 год. е учесник на Курсот по општа лингвистика „Villèm Mathesius" во Прага, Чешка, на Првиот интернационален семинар Humanitaria (25–31. 7. 2004) во Ловеч, Бугарија, во 2005 год. (6–10. 4) на меѓународниот семинар „COMTOOCI: COMputational TOOls for for the librarian and philological work" (Компјутерски алатки за библиотечна и филолошка работа) во Боровец, Бугарија, а во 2009 год. (18. 8 – 3. 9), на Knowlege Transfer for Digitalisation of Cultural and Scientific Heritage in Bulgaria, Kick-off meeting во Банско.

Своите трудови главно од областа на историското зборообразување, односно од областа на црковнословенската лексикологија, Костовска ги

објавува во списанијата *Македонски јазик, Литературен збор, Кирилометодиевистика, Филолошки студии, Riječ, Studia linguistica Polono-Meridiano slavica,* а резултати од своите истражувања има презентирано на неколку научни собири.

Кон својата пријава Костовска има приложено библиографија на објавени трудови, од кои 18 од периодот на изборот во звањето асистент до денес, како и преглед на учествата на научни собири.

На јазичната анализа на текстот на Македонското четвороевангелие се посветени монографијата „Македонското четвороевангелие" објавена во 2004 год. во едицијата „Стари текстови" на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", како и трудовите објавени во списанија и зборници: *Лексичките подновувања во Македонското четвороевангелие, Правописните и фонетските особености на Македонското четвороевангелие, Морфосинтаксички особености на Македонското четвороевангелие, Лексиката на Македонското четвороевангелие.*

Од областа на црковнословенската лексикологија и лексикографија се трудовите: *Значењето на лексемата* вѣкъ *во македонските црковнословенски текстови, Значењето на* възнести и възносити *во македонските црковнословенски текстови, Лексикографската обработка во Одделението за историја на македонскиот јазик.*

На анализата на сложенките во црковнословенската писменост е посветена докторската дисертација на тема: *Сложенките во македонските црковнословенски текстови,* како и трудовите *За сложенките во македонските црковнословенски текстови, Сложените именки во македонските црковнословенски текстови.*

Докторската дисератација содржи анализа на околу 2500 сложенки во македонските црковнословенски текстови ексцерпирани за проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редација", и тоа во рамките на одделни поглавја: сложени именки, придавки и глаголи, како и заклучок, библиографски белешки и индекс на заглавните зборови. Според анализата на материјалот во категоријата на сложенките најзастапени се именките и придавките, а нивната честота се зголемува во помладите црковнословенски текстови. Костовска заклучува дека јасно се потврдува изразената тенденција за примена на сложувањето како зборообразувачки модел и тоа и по пат на калкирање и со создавање нови двокомпонентни лексеми според грчки обрасци кои најчесто се застапени во Ваташкиот минеј, Крнинскиот дамаскин, Лесновскиот паренезис и во триодите.

Во врска со лексиката од областа на историјата на медицината се трудовите: *За именувањето на болестите во македонските црковнословенски текстови, Лекувањето и исцелувањето во македонските средновековни текстови, Лековитите билки во Библијата.*

На современите состојби во македонскиот јазик се посветени трудовите: *Поглед на современата состојба во македонскиот јазик, За имињата на фирмите во Рерублика Македонија,* со образовната практика: *Реализацијата на граматиката во учебниците по македонски јазик од I до IV одделение.*

Учествува во изработката на трудот „Извори на споменичкото право во Македонија“ (2012, том I) од Стојан Ристов (со превод на грамотите од црковнословенски на современ македонски јазик).

Во 2004–2005 год. учествува во редакцискиот одбор на списанието „Литературен збор“.

Учествува во емисијата „Сознездија“ на телевизија „Телма“ во *Јазични одблесоци* (2000, 2001 и 2002 год.), како и во емисијата посветена на делото на Кирил и Методиј на радио „Роса“ (22. 5. 2013 год.).

Од учебната 2006–2007 год., на покана од Државниот универзитет во Тетово е вклучена во наставата на истиот како предметен професор по предметите: *зборообразувањето во македонскиот јазик, синтакса на современиот македонски јазик* и *историја на македонскиот јазик*.

Од гореизнесеното може да се заклучи дека истражувањата на д-р Весна Костовска се посветени главно на историското зборообразување, како и на историската лексикологија и лексикографија во рамките на работата на проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“ и на проектот „Лексиката во поетските творби на Климент Охридски“. Оценувајќи ги позитивно досегашните активности, со задоволство му препорачуваме на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ да ја избере во звањето **научен соработник**.

Оцена за целокупната активност за избор во научен соработник

Научноистражувачка дејност	во земјата	во странство
	поени	
Монографија или научна книга	8	
Дел од лексикографски труд од национално значење	12	
Труд во лингвистички списанија	4	19
Труд во зборник на трудови од научен собир	11	
Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одб	6	
Докторска дисертација	8	
Учество на проект	12	
Учество на научен собир со реферат (презентација/усно	13	
Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно)	15	
Член на редакциски одбор	2	
Учество во наставна дејност	2	
Член на комисија од научен/стручен карактер	2	
Учество во радио, ТВ-емисии, и др. јавни настапи	14	
Друг придонес во научноистражувачката дејност	3	
вкупно:	131	

Рецензентска комисија,

Д-р Лилјана Макаријоска, н. сов., с. р.

Д-р Катица Трајкова, н. сов., с. р.

Д-р Наталија Андријевска, в. н. сор., с.р.

БИБЛИОГРАФИЈА

Монографии:

Македонското четвороевангелие, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2004.

Лексиката на поетските творби на Климент Охридски (со Стоја Поп-Атанасова) Скопје, 2005.

Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, гл. уредник Рибарова З., св. 11, Скопје 2013.

Статии:

1. *Лексичките подновувања во Македонското четвороевангелие,* Трет научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје 1997.

2. *Реализацијата на граматиката во учебниците ро македонски јазик од I до IV одделение,* Научен собир „Јазикот во учебниците за основното образование" (Скопје, 9–10 декември 1999), Литературен збор, 5–6, Скопје 1999.

3. *Правописните и фонетските особености на Македонското четвороевангелие,* Македонски јазик (1997–1999), XLVIII–L, Скопје 2000, 273–278.

4. *За именувањето на болестите македонските црковнословенски текстови,* Riječ, časopis za filologiju, sv. 2, Rijeka 2001, 56–62.

5. *Лексикографската обработка во Одделението за историја на македонскиот јазик,* Зборник на трудови од собирот „Македонската лексикологија и лексикографија", Скопје 2003, 37–43.

6. *Значењето на лексемата вѣкъ во македонските црковнословенски текстови,* XXVII Научна конференција на XXXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 13–14 август 2001 год.), Скопје 2002, стр. 329–333.

7. *Поглед на современата состојба во македонскиот јазик,* Riječ, časopis za filologiju, sv. 1, Rijeka 2002, стр. 46–50.

8. *За имињата на фирмите во Република Македонија,* Riječ, časopis za filologiju, s. 1, god. 8, Rijeka 2003, стр. 34–39.

9. *Морфосинтаксички особености на Македонското четвороевангелие,* Studia linguistica Polono-Meridiano slavica, t. 11, Poznań 2003, стр. 181–207.

10. *Лекувањето и исцелувањето во македонските средновековни текстови,* Кирилометодиевистика 1, Скопје 2003, стр. 187–191.

11. *Значењето на възвѣсти и възносити во македонските црковнословенски текстови,* Кирилометодиевистика 2, Скопје 2004, стр. 123–128.

12. *Лексиката на македонското четвороевангелие,* Македонскиот јазик, минато, сегашност, иднина (Скопје, 16–17 октомври 2003 г.), Скопје 2008.

13. *За сложенките во македонските црковнословенски текстови,* Riječ, časopis za filologiju, sv. 3, Rijeka 2006, 36–40.

14. *Лековитите билки во Библијата,* Зборник на трудови, Штип 2008.

15. *Сложените именки во македонските црковнословенски текстови,* Филолошки студии, Скопје – Перм – Љубљана – Загреб 2012, 77–93.

Учество на научни собири:

1. Прв научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје 1993, *За некои сложени прилошки изрази во македонските црковнословенски текстови.*

2. Втор научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје 1995, *Заглавјата во Македонското четвороевангелие.*

3. Трет научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески" Скопје 1997, *Лексичките подновувања во Македонското четвороевангелие.*

4. Hrvatski filološki skup, Opatija 26–28 јуни 2000 год., *За именувањето на болестите македонските црковнословенски текстови.*

5. Македонската лексикологија и лексикографија, Скопје 2001, *Лексикографската обработка во Одделението за историја на македонскиот јазик.*

6. Hrvatski filološki skup, Opatija 25–27 јуни 2001 год., *За имињата на фирмите во Рерублика Македонија.*

7. XXVIII научна конференција на XXXXIV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 13–14 август 2001 год., *Значењето на лексемата вѣкъ во македонските црковнословенски текстови.*

8. Прв балкански конгрес по историја на медицината, Охрид, 23–25 октомври, 2003 год., *Лековитите билки во Библијата.*

9. Hrvatski filološki skup, Opatija, 24–26 јуни 2002 год., *Поглед на современата состојба во македонскиот јазик.*

10. *Dani makedonske kulture u Rijeci,* Риека 2003 год., *Јазикот на иселениците во Хрватска.*

11. 1st International seminar „Humanitaria", Ловеч, 25–31 јули 2004 год., *Структурата на евангелските текстови.*

12. XXXI Научна конференција одржана на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 16–18 август 2004 год., *Партиципите во Кратовското евангелие.*

13. Меѓународен научен собир *Блаже Конески и македонскиот јазик,* 15–16 декември 2011 год., Скопје, *За сложенките во македонските црковнословенски текстови и нивните грчки паралели.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Јавна научна установа
Институт за македонски јазик
„Крсте Мисирков" - Скопје
Број 07/2013
Прилог
Вредност

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОНОМАСТИКА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК КРСТЕ МИСИРКОВ ВО СКОПЈЕ

Во врска со нашиот избор за рецензенти (донесен на 4. редовна седница на Советот на Институтот од 28. 6. 2013 г.) по пријавата на д-р Мери Момировска, асисетент-истражувач во Институтот, за избор во звањето научен соработник во Одделението за ономастика, му го поднесуваме на Советот на Институтот следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во весникот *Вечер* на 19 јуни 2013 г. за избор на еден соработник во научно звање од областа на македонската ономастика, под точка в) д-р Мери Момировска се пријави за звањето научен соработник во одделението за ономастика. Ова пријавување е во согласност со општите услови од Законот за работни односи, како и посебните услови од Законот за научно-истражувачка дејност, Законот за високото образование, Статутот и друго општи акти на Институтот. Кандидатката достави:

1. потврда за одбранета докторска дисертација;
2. биографија;
3. библиографија;
4. список на учества на научни собири и други научни активности.

Д-р Мери Момировска е родена на 28 ноември 1968 г. во Скопје. Основно и средно образование завршила во родниот град и во учебната 1987/1988 г. се запишала на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* на групата за македонски јазик со полски јазик и книжевност како втор предмет. Факултетот го завршила во 1991 г. со просечна оценка 8,85. Во текот на студиите била двапати на Летната школа за полски јазик во Краков и еднаш на дијалектолошки истражувања во областа Мазовше.

Во 1991/1992 г. се запишала на постдипломски студии од областа на македонскиот јазик, а во 1995 г., Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Скопје ѝ ја одобрил магистерската тема *Антропонимискиот систем во Крушевско*. 1996 г. била на двонеделен студиски престој на Осмиот циклус предавања по општа лингвистика *Mathesius International Teaching Centre* при Карловиот универзитет во Прага.

Од 1993 г., д-р Момировска работи во Институтот за македонски јазик *Крсте Мисирков*, најпрвин како помлад асистент, а по магистрирањето во 2005 г. како асистент-истражувач во Одделението за македонска ономастика. Активно е вклучена во проектите на Одделението: *Речник на презимињата кај Македонците, Речник на антропонимите во македонското народно творештво, Речник на топонимите од Воденско*. Исто така учествува и во проектите што се однесуваат на дигитализацијата на топонимиската картотека, а во некои од нив е и одговорно лице. За нејзиното оформување како ономастичар битен придонес има нејзиното

повеќекратно учество во теренски истражувања низ повеќе региони во нашата земја.

Во 2005 година го одбранила споменатиот магистерски труд и го добила звањето асистент-истражувач. Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Скопје во 2006 година ѝ ја одобрил докторската дисертација под наслов *Топонимијата во Крушевско*. Во тоа време, поточно во периодот 2005-2007, со другите соработници во Одделението работи како член на Комисијата за проверка и верификација на топонимите, формирана од Управата за заштита на културното наследство и Државниот завод за геодетски работи (од една страна) и од Институтот за македонски јазик (од друга страна).

На 27 мај 2013 година кандидатката ја одбрани на Филолошкиот факултет во Скопје докторската дисертација *Топонимијата на Крушевско* и се здоби со титулата доктор на филолошки науки.

Д-р Мери Момировска има објавено повеќе статии, прикази и прилози на ономастички теми во домашни и меѓународни списанија и зборници, а е и еден од авторите на проектот *Речник на личните имиња во македонското народно творештво*. Има учествувано на научни собири и конференции во земјава и во странство.

Може да се заклучи дека интерес на кандидатката се сите области на македонската ономастика. Сепак, главно се фокусира на антропонимијата, поточно на личните имиња во македонскиот јазик. Ги проучува основните, т.е. неизведените имиња и нивните деривувани форми, потоа нивната функција во јазикот, нивното настанување и развој низ времето, интерференцијата како перманентен процес со оглед на географската положба на Македонија итн. Сп. ги статиите наведени во Библиографијата под број: 1, 2, 5, 11, 12, 13, 14. Тука треба посебно да се издели и нејзиниот магистерски труд *Антропонимискиот систем во Крушевско*. Во него се обработени личните имиња, прекарите и презимињата од овој регион на Македонија на синхрониско и дијахрониско рамниште.

Впечатлива е нејзината заложба за почитување на нормата кај онимите кои се дел од лексиката на секој јазик со специфична, идентификувачка функција. Таа заложба е оправдана бидејќи личните имиња и презимињата во македонскиот јазик се официјално правно регулирани категории и нивната функција во јавната комуникација е строга и статична. Сп. ги статиите бр. 6, 8, 10, 15, 16. Во статијата *Ономастиката и стандардизацијата* дава преглед на: Законот за заштита на имињата во Македонија од 1947 година, Републичкиот закон од 1972 година и на Националната стандардизација, што е всушност усогласување со Меѓународната стандардизација на географските имиња усвоена во Меѓународниот комитет и комисија во однос на ова прашање во ООН. Ги критикува решенијата усвоени во Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија од 2004 година и препорачува да се усвои проект за изработка на македонски топонимиски атлас.

Кандидатката пројавува интерес и за македонските презимиња (статии под број: 3, 4 и 7). Тука ќе ја споменеме и статијата *Македонските хрематоними од современ аспект* (во коавторство со Весна Миовска), во којашто се претставени поновите именувања на институциите, предметите, продуктите и на општествените појави. Оваа област од македонската

ономастика е релативно малку проучувана, па секој обид претставува своевиден придонес.

Како што споменавме на почетокот, д-р Момировска покажува интерес и за македонската топонимија. За тоа сведочи најзината докторска дисертација *Топонимијата на Крушевско* и статијата во печат *Perspektiwa dialektologiczna mikrotoponimii na podstawie materialow z regionu kruszewskiego (w Macedonii)*. Статијата е под точка 2 во листата Статии во печат. Докторската дисертација на д-р Мери Момировска содржи 293 страници. Во неа се обработени 2520 топоними од градот Крушево и од околните 23 села. Тоа е територија со 12 620 жители со мешан етнички состав: Македонци, Власи, Албанци, Срби и др. Топонимите се обработени од лингвистички аспект, со посебен осврт на нивната етимологија и структура. Лингвистичката анализа подразбира нивно толкување од лексичко-семантички и структурно-граматички аспект. Тоа толкување е во согласност со теоретскиот и методолошки пристап на современите ономастички истражувања.

На крајот ќе се задржиме на рефератот под наслов: Language Contacts and Names: The Current Situation in Macedonian Onomastics (Јазичните контакти и имињата: Актуелни состојби во македонската ономастика), прочитан на Интернационалниот конгрес по ономастика во Барселона во септември 2011 г., а објавен како е-верзија.

Рефератот започнува со општи информации за Македонија и за македонскиот јазик, кој ѝ припаѓа на индоевропската група јазици, потекнува од старословенскиот јазик и, разбирливо, поради положбата на Македонија на Балканот, е типичен балкански јазик. Неговата лексика е отворен систем (со постојани промени и влијанија), а граматиката претставува затворен систем.

Проучувањето на онимите во македонскиот јазик, особено нивната генеалогија, е сложен процес кој побудува интерес на многу македонски ономастичари. Хронолошки онимите се поделени на оние со претсловенски елементи (трако-илирски, дако-мизиски и балкански латинизми), потоа следат оними кои се појавиле со доаѓањето на Словените на овие простори (супстратни, адстратни и суперстартни) и оние што се резултат на најновите процеси (влијанија од соседните словенски и несловенски јазици), заклучно со глобализацијата (посебно навлегување на лични имиња и прекари од англискиот јазик, хрематонимите и сл.).

Од изнесеново може да се заклучи дека д-р Мари Момировска е надежен научен работник од областа на македонската ономастика. Нејзините трудови се со добра научна елаборација и имаат позитивен одек во македонистиката. Затоа, со задоволство му препорачуваме на Советот на Институтот за македонски јазик да ја избере во звањето **научен соработник**.

Оцена за целокупната активност за избор во звањето научен соработник

Научноистражувачка дејност	во земјата	во странство
	поени	
Одбранета магистерска работа	5	
Одбранета докторска теза	8	
Дел од лексикографски труд од национално значење	6	
Труд во зборник на трудови од научен собир	22	9
Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одб	18	
Труд во други списанија или зборници	4	
Приказ/хроника	2	
Учество на проект	6	
Учество на национален проект	12	
Учество на научен собир со реферат (презентација/усно)	24	
Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно)	12	
Член на различни комисии	1	
Учество во радио, ТВ-емисии и др. јавни настапи	2	
Друг придонес во научноистражувачката дејност	12	
вкупно:	142	

Рецензенти:

Д-р Марија Коробар-Белчева, н.сов., с.р.

Д-р Елка Јачева-Улчар, н.сов., с.р.

Д-р Весна Миовска, н.сор., с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА И КОМЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (ФИНКИ), на својата редовна седница одржана на 4.7.2013 година, со одлуката број 02-964/1 од 5.7.2013 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставик во сите наставно-научни звања од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

На конкурсот, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Журнал“ од 26.6.2013 година, се пријави кандидатот Вангел Ајановски, доктор на информатички науки, асистент на ФИНКИ. Врз основа на доставените конкурсни материјали, личното познавање на кандидатот и следењето на неговата наставно-научна активност, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Вангел Ајановски е роден на 22 јуни 1975 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование со одличен успех. Во текот на средното образование учествувал и освојувал награди на повеќе натпревари, и тоа: државни натпревари по информатика (II награда - 1992 година, I награда - 1993 година), државни натпревари по математика (III награда - 1991 година, I награда - 1992 година, III награда - 1993 година), државни натпревари по физика (III награда - 1991 година) и признание за учество на Југословенската сојузна олимпијада по физика во 1991 година.

На студиите по применета информатика се запишал во учебната 1994/95 година, дипломирал со просечна оценка 9,34 и со одлично одбранета дипломска работа во јуни 1999. Во текот на студиите добил признание за учество на Бугарската олимпијада по математика за студенти - 1995 година, признание за најдобар студент на Институтот за информатика - 1995 година, најдобро дипломиран студент на Институтот за информатика во 1999 година, а неговата работа „Пријавување испити преку Интернет“, изработена во рамките на дипломската работа „Веб-апликации и бази на податоци“ е прогласена за најдобра студентска работа од областа на информатиката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - 1999 година. Во јануари 2000 година (учебна 1999/2000), кандидатот се запишал на постдипломските студии на Институтот за информатика, на кои ги положил сите предвидени испити со оценка 10 и на 29.12.2006 година го одбранил магистерскиот труд под наслов **„ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ И ИНФОРМАЦИСКИ ПОРТАЛИ“**, со што се здобил со звањето магистер на информатички науки. Со одлуката на Наставно-научниот совет на ПМФ бр. 07-4835/5 од 28.5.2009 година, прифатен е извештајот за оцена на подобноста и одобрена е изработка на докторка дисертација под наслов **„АДАПТИВНИ И СОЦИЈАЛНИ САМОСТРУКТУРИРАЧКИ СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА НИЗ ЈАВНИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ“**, која ја одбранил на ФИНКИ на 2.7.2013 година и се здобил со звањето доктор на информатички науки.

Во октомври 1999 година беше избран за стручен соработник на Институтот за информатика при ПМФ (рефератот е објавен во Билтен бр. 739, од 15.9.1999). Во ноември 2002 година беше избран за помлад асистент (Билтен бр. 815, од 15.11.2002 год.), во 2004 и 2007, беше повторно избиран за помлад асистент (Билтен бр. 861 од 15.11.2004 год. и Билтен бр. 912 од 1.2.2007 год.), а во 2010 беше избран за асистент (Билтен бр. 985 од 30.4.2010 год.) По магистрирањето е избран за асистент (Билтен бр. 921 од 1.6.2007 год.) и реизбран во асистент во 2010 (Билтен бр. 985 од 30.4.2010 год.), со кое звање преминува на ФИНКИ на 1.9.2011 година.

Одлично говори и пишува англиски и српски јазик, се служи со германскиот јазик и го разбира бугарскиот јазик.

2. Наставно педагошка дејност

Од своето вработување, кандидатот Вангел Ајановски со успех и ангажираност изведуваше часови вежби по 18 предмети: бази на податоци од учебната 1999/2000 година, операциони истражувања во учебната 1999/2000 во 2002/2003 година, компјутерска графика од учебната 2000/2001 година, математичка логика и алгебра во учебната 1999/2000 година, програмски системи во учебната 2000/2001 година, мултимедија од учебната 2001/2002 до 2006/2007 година, бази на податоци 2 во учебната 2003/2004 до 2005/2006 година, информациски системи од учебната 2003/2004 година, системски софтвер од учебната 2003/2004 до 2005/2006 година, проектирање на компјутерски мрежи во учебната 2003/2004 и 2004/2005 година, анализа и дизајн на информациски системи од учебната 2007/2008 година, физички дизајн на информациски системи од учебната 2008/2009 година, тимска работа од учебната 2007/2008 година, интеракција човек–компјутер во учебните 2007/2008 и 2008/2009 години сите при Институтот за информатика на ПМФ и ФИНКИ, како и вовед во информатиката за физичари во учебната 1999/2000 година, вовед во информатиката за хемичари во учебните 1999/2000 и 2000/2001 година и вовед во информатика за студенти од Земјоделскиот факултет во учебната 1999/2000 година. Во рамките на постдипломските студии при Институтот за информатика на ПМФ, а сега и на ФИНКИ, изведувал вежби по предметот процеси на развој на информациски системи (Скопје и Нови Сад) од учебната 2006/2007 година. Учествувал како член на комисиите за одбрана на околу 70 дипломски работи.

Во рамките на неколку проекти при ИИ учествувал во информатичкото описменување на поширок круг слушатели (библиотекари, учители) во основите на информатиката (Microsoft Windows, Word и Excel), интернет („Web – пребарување и креирање“), Web–дизајнирање (Macromedia Dreamweaver), креирање сопствен курс за далечинско учење (за универзитетски наставници), обука за објектен дизајн со UML за потребите на МОБИМАК А.Д. Скопје 2005, обука на учители од основни и средни училишта во проектот за модернизација на образованието финансиран од Светска банка за развој во 2005 и 2006 година (основи на информатиката и напреден Excel, компјутерско проектирање – AutoCAD). Во рамките на регионална Cisco-академија при Институтот, одржувал Cisco CCNA1 до CCNA4 курсеви за Cisco-инструктори од локалните академии, како и врши подготовка на соодветни семинари и работилници.

Кандидатот Вангел Ајановски постојано бил ангажиран со изведување голем број часови по аудиториски и лабораториски вежби од повеќе различни предмети, што подразбира организирање бројни испити, колоквиуми и консултации, а со голем број студенти. Особено се грижи за перманентното следење и оценување на работата на студентите преку изработка на семинарски работи и проекти во текот на вежбите, со што во значителна мера се подобрува успехот на студентите. Во содржинска и организациона смисла, тој постојано воведува новини во изведувањето на вежбите и во комуникацијата со студентите преку интернет (веб-ориентирани пакети учебни материјали за 18 предмети и курсеви, тестирање на знаење, задавање и доставување домашни задачи, известувања, резултати, и сл.). За таа цел, за потребите на Институтот за информатика, а сега и на ФИНКИ, заедно со асистентите Анастас Мишев и Боро Јакимовски, има поставен и локализиран Moodle – отворен софтверски производ за потребите за е-учење на Институтот. Кон подготовката и реализацијата на вежбите, како и кон сите други активности, тој пристапува мошне одговорно и самостојно.

Кандидатот, како раководител на Сметачкиот центар на ИИ на ПМФ, воедно се грижел и за други софтверски инсталации и за програмското одржување на лабораториите и серверската опрема на Институтот за информатика при ПМФ, како и за веб-страниците на Институтот и други информациски сервиси. Со преминот на ФИНКИ, продолжува да се грижи за истите сервиси како услуги кон студентите и вработените на ФИНКИ.

3. Научно-истражувачка дејност

Кандидатот Вангел Ајановски покажува интерес во неколку научни области: информациски системи; веб-портали, веб и интернет-апликациски системи; бази на податоци - интеграција на базите на податоци и кориснички посредници, дистрибуирани информациони системи и GRID-ови бази на податоци; вештачка интелигенција - препознавање на човечки лик, хумани и интелигентни посредници човек-компјутер, системи за автоматизирано преведување, видео/аудио/тактилни посредници, препознавање на личности; компјутерска графика и звук - кориснички посредници, визуелизација на податоци, процесирање на сигнали во реално време, автоматско генерирање, виртуелна реалност; компјутерски мрежи – сигурност, дистрибуирани информациски системи.

Од своето вработување до денес, кандидатот работел на своето научно и стручно усовршување во овие области. Целосен опус на кандидатот е прикажан во табелите во анексот, а во овој дел од рефератот се прикажани само резултатите постигнати во извештајниот период од последниот реизбор за асистент во мај 2010 до јули 2013 година, Подетални извештаи за останатите резултати се реферирани во: Билтен бр. 815, од 15.11.2002 година, Билтен бр. 861 од 15.11.2004 година, Билтен бр. 912 од 1.2.2007 година, Билтен бр. 921 од 1.6.2007 година и Билтен бр. 985 од 30.4.2010 година.

Научни публикации. Во периодот до мај 2010 година, д-р Вангел Ајановски има објавено 14 научни трудови реферирани во наведените билтени од кои: магистерска работа, 1 труд во научно списание, 6 труда на меѓународни конференции и 6 на домашни конференции. Во периодот од последниот реизбор во 2010 година, тој ја има одбрането докторската дисертација и има објавено: 1 труд во научно списание, 5 труда на меѓународни конференции и 3 труда на национални конференции.

16. Vangel V. Ajanovski - Information System of the Institute Of Informatics: IS for Students by the Students Proceedings of the Seventh International Conference on Informatics and Information Technology, Bitola 2010 – pp. 127-129 – ISBN 978-9989-668-88-3.

Во трудот се опишани процесите и проблемите кои се јавуваат со воведувањето на наставни планови согласни со ЕКТС во 2005 година и е презентиран развојот на информациски систем (ИСИИ) кој треба да овозможи справување со динамичкиот стил на студирање и разрешување на проблемите кои се јавуваат поради тоа. На крајот е презентиран самиот развоен процес, од зачетокот до транзицијата во продукциска околина.

17. Vangel V. Ajanovski - Towards a Virtual Academic Adviser Proceedings of the Eighth International Conference on Informatics and Information Technology, Bitola 2011 – pp. 146-149 – ISBN 978-9989-668-90-6.

Во рамките на овој труд е прикажана имплементацијата на Виртуелен академски советник како компонента во рамките на системот ИСИС, која им овозможува на студентите подобро да се справуваат со проблемот на меѓусебните зависности од предметите во рамките на нивните студии. Виртуелниот академски советник го прикажува минатиот труд и успех на студентот и врз основа на овие податоци и зависностите меѓу предметите, генерира прогноза на идните уписи сè до дипломирањето. Студентот има можност да види што може да се случи во иднина ако се префрли на друга насока, или, пак, ако ја промени брзината на освојување кредити.

18. Vangel V. Ajanovski - Integration of a Course Enrolment and Class Timetable Scheduling in a Student Information System - International Journal of Database Management Systems, vol. 5, no. 1, pp. 85–95, Feb. 2013.

Во овој труд се разгледани главните фактори кои влијаат на успешноста на административните процеси при семестралните уписи – правењето распоред на часови и изборот на предмети. Најголеми внимание се дава на проблемот на конфликти и меѓузависности на распоредите на часови по предметите. Со цел подобрување на одвивањето на овие процеси и отворање идни можности за следење и адаптација на процесите, предложен е нов интегриран организациски процес во кој се поврзува семестралниот упис со избор на предмети базиран врз препораки дадени од систем за препорачувања и

распоред на часови кој динамички се регулира во тесна соработка на различните учесници во процесот.

19. Vangel V. Ajanovski - „Personalized Adaptive System for Term Enrollments Based on Curriculum Recommendations and Student Achievement", Proceedings of the International Conference Information Systems 2013, Lisbon, Portugal, 2013, pp. 342–346.

Во трудот е презентиран најновиот развој на виртуелниот академски советник со воведување на елементи на персонализација во генерирањето на идниот студиски план. Системот има за цел да ги води студентите низ изборот на курсеви сè до дипломирањето како координиран труд на двата система – Виртуелниот академски советник како алатка за разгледување можни сценарија во иднината и новововедениот систем за препорачување курсеви врз основа на заведените претходни успеси на студентите. Во трудот е дискутирано и порамнувањето на насоките по кои се водел ваквиот систем, со препораките за текот на наставните планови креирани од ACM и IEEE.

20. Vangel V. Ajanovski - „Social-Based Guidance and Self-Adaptivity within Enrollment Processes„ - Proceedings of the 10th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013), Molika, Bitola, Macedonia, 2013 – веќе беше презентиран на конференцијата, но зборникот уште не е објавен.

Во рамките на овој труд е разгледана во повеќе детали имплементацијата на Виртуелниот академски советник и можноста за проширување со социјално-базирано водење и самоадаптивност на процесот на семестрални уписи. Разгледани се делови од почетникот модел за реализација на системот ИСИС, во делот за уписи и дефинирањето на наставните планови, врските на овој модел со Виртуелниот академски советник. Потоа се претставени процеси во кои може да се користат овие компоненти и постојниот модел за анализа на сценарија за студирање како за редовните студенти, така и за идни студенти кои допрва треба да се запишат на студии или да преминат од друга институција. На крајот, е дефинирана концептуална рамка на повратен контролен циклус со кој би се овозможило самоадаптивно водење на текот на процесите, со приспособувања на измените во потребите на студентите и наставниците.

21. Вангел В. Ајановски - „Социјални и самоадаптивни системи за навигација низ јавни информациски системи" - докторска дисертација – 02.07.2013 – Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Докторската дисертација на кандидатот Вангел Ајановски обработува актуелни прашања од областа на информациските системи – социјалната навигација како механизам за водење на посетителите кон порелевантни информации и самоадаптивноста на системот за организација и навигација низ информациите, со цел подобро функционирање и прилагодување на постојано менливите барања на корисниците и постајано менливите извори. Во докторската дисертација е развиена теориска рамка и модел на социјално-базиран и самоадаптивен систем за навигација, а потоа оваа рамка и модел се искористени во развојот на прототип имплементација од секојдневната пракса во универзитетската средина. Проблемот на избор на предмети во семестралните уписи и проблемот на дефинирање на распореди на часови се третирани како проблеми на социјална навигација на студентите кон саканата цел – дипломирање преку релевантен избор специјалности во студиите. Применет е предложениот интегриран модел за социјална навигација и самоадаптација. Потоа како имплементација е изведена надградба на постоечкиот систем ИСИС и веќе претставениот Виртуелен академски советник, со дополнителните функционалности од новиот модел. Користен е пристапот на мапирање на двата система со нивно делумно независно функционирање и синхронизација со менлива честота, во зависност до тековните потреби.

22. Vangel V. Ajanovski - „Socially adaptive self-organizing virtual academic adviser" - IAFOR - European Conference on Technology in the Classroom, July 2013 - Brighton, UK – прифатен на конференцијата, ќе биде објавен во зборник на трудови од конференцијата кој ќе се печати по самата конференција.

Во рамките на овој труд се прикажани најновите резултати добиени од прототип-имплементација на моделот за социјална навигација и самоадаптација кои беа предмет на докторската дисертација на кандидатот. На конференцијата се презентира

имплементацијата на самоадаптивната контролна повратна спрега на концептуално ниво, но од аспект на подобрување на сатисфакцијата на студентите. Разледувано е на кој начин системот го овозможува следењето на процесите, промената на целите и реструктурирањето на предложените патеки до дипломирање врз на база на историјатот на однесување на студентите.

23. Vangel V. Ajanovski - „Context Aware Recommendations in the Course Enrolment Process Based on Curriculum Guidelines" - IADIS - International Conference e-Learning July 2013, Prague, Czech Republic – прифатен на конференцијата, се објавува во зборник на трудови од конференцијата.

Овој труд е исто така дел од натамошниот развој започнат со докторската дисертација, во насока на вградување самоадаптивост, персонализација и социјална навигација како во менаџирањето на универзитетските процеси, така и во работата на предметите. Се предложува подобрување на постојната рамка за предложување курсеви на ниво кое е контекстно-чувствително од аспект на состојбата во која се наоѓа даден студент, неговите желби и предиспозиции кон определени области според тоа како се дефинирани во стручно-базираните препораки за одвивање на наставните планови.

24. Vangel V. Ajanovski - „A Mobile Virtual Academic Adviser" - 10th International Conference on Mobile Web Information Systems, Paphos, Cyprus, August 2013 – прифатен за презентација на конференцијата, во тек е подготовка за објавување под LNCS 8093, pp. 300-303 2013. Springer-Verlag Berlin Heidelberg 2013.

Предмет на овој труд е демо-презентација на најновиот развој за надоградба на Виртуелниот академски советник со цел овозможување на едноставен пристап од мали и мобилни уреди, како и пристап и размена на плановите меѓу студентите. Ова е од специјално значење за студентите, со оглед на тоа што во паралела со семестралниот упис се одвиваат повеќе други процеси во кои учествуваат студентите, дел од кои се на различни локации и институции, па постојаниот пристап до системот за насочување во процесот на студии е од голема важност.

25. Vangel V. Ajanovski - „Social-Based Navigation in an Information System with a Self-Adaptive Control Mechanism" - FEDERATED CONFERENCE ON COMPUTER SCIENCE AND INFORMATION SYSTEMS Kraków, Poland, 8 - 11 September, 2013, 11th Conference on Advanced Information Technologies for Management (AITM'13) – прифатен на конференцијата, се објавува во зборник на трудови кој се индексира од Thomson Reuters - Conference Proceedings Citation Index

Во овој труд се изложуваат дел од резултатите од докторската дисертација и се дава фокус на моделот на самоадаптивна повратна контролна спрега во системите за социјална навигација, но како општ модел и генеричка имплементација. Претставениот модел има за цел воспоставување на генерички и адаптивен самоструктурирачки навигациски систем. Воведената повратна контролна спрега овозможува дополнителни автономни подобрувањата на организацијата на информациите во еден информациски систем. На крајот на трудот е претставени и прототип-имплементацијата која беше предмет на докторската дисертација и најновиот развој на системот за водењет на студентите низ семестралните уписи.

Научни и развојни проекти. Во периодот до последниот реизбор за асистент во мај 2010 година, реферирано во наведените билтени, д-р Ајановски учествувал во вкупно 36 проекти, од кои 11 домашни (од кои еден финансиран од Министерството за образование и наука) и 25 меѓународни проекти, TEMPUS (9) , INTERREG (2), FP5(2), FP6(3), FP7(2), PHARE(1), DAAD(2), UNESCO-HP (1), NATO(1), Swiss SNF (1), и еден за изградба на академски мрежи (SINSEE, Max Planck и BMBF). Во поголем дел од проектите кандидатот е учесник со научни и стручни активности. Носители на проектите се Институтот за информатика при ПМФ и ФИНКИ, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и МАРНет (Македонска академска и истражувачка мрежа). Во извештајниот период продолжил да работи како соработник на некои од постојните проекти, како и раководител или учесник на следниве нови проекти:

37. SEE-ERA-EI, FP7, Research Infrastructure in South East Europe, MAPHET, 2009-2013, (координатор за РМ проф. д-р Маргита Кон-Поповска).

Проектот имал за цел собирање, размена на информации, анализа на современи еИнфраструктури и продукција на множество препораки за најдобрите практики, програми, водичи за имплементација на национални еИнфраструктури и идентификација на можни краткорочни и долгорочни регионални активности за идно учество во европски проекти од агендата 2020.

38. ИСИСнг - Информациски систем од следната генерација за унапредување на научните, образовните и организациските процеси во универзитетска средина – ФИНКИ – 2012-тековно (поддржан од ФИНКИ во 2012) – раководител.

Овој проект работи во насока на истражување, моделирање и изградба на поинакви студиски информациски системи, кои иако се строго фокусирани на основната дејност – воспоставување на административни процеси во работата на универзитетот, преку воведувањето елементи на самоорганизација врз база на предефинирани правила или предвидувања, ќе бидат невидливи за наставникот и студентот, давајќи му слобода на раководниот тим да се справува со исполнување на побарувањата и потребите на индивидуата, наспроти групата.

39. Н-БП-ИС - "Напредни бази на податоци и информациски системи" – ФИНКИ – 2012-тековно – учесник.

Во склоп на проектот од теоретски, методолошки и експериментален аспект се проучуваат повеќе отворени прашања од неколку подрачја од областа на бази на податоци, информациски системи и соодветни развојни процеси, како и општо податочно насочен развој на софтвер. Кандидатот учествувал во следните активностите поврзани со структурирани и неструктурирани податоци и нови платформи за програмирање, како што се објектно-релациско мапирање, мобилни апликации и платформи и бази на податоци и сл.; отворени системи и проекти и идниот развој на базите на податоци. – PostgreSQL, Hadop (MongoDB) и примена на базите на податоци во комплексни бизнис-системи, и соодветни развојни процеси.

4. Стручна и образовна дејност

Во овој извештај се наведени трудовите кои се изработени во периодот од последниот избор. Во претходните рецензии се реферирани претходно изработените трудови, и тоа: наставните помагала под редните броеви 1-24, конференциите, семинари и работилници со презентации под редните броеви 1-31, и другите стручни трудови под редните броеви 1-31. Треба да се нагласи дека кандидатот Вангел Ајановски почнал со пишување на стручни и образовни трудови уште како студент.

Конференции, семинари и работилници – без објавен труд

32. Margita Kon-Popovska, Vangel V. Ajanovski - Institute of Informatics at the Faculty of Natural Sciences and Mathematics: ICT education, research & applications, Macedonian Inward Investment & Supplier conference, General Dynamic Corporation and minister Vele Samak, Skopje, 9.04.2008.

33. Vangel V. Ajanovski - Domain-Driven Design and Development: Overview of Current Tools and a Sample Realization with Focus on Java 11th Workshop on Software Engineering Education and Reverse Engineering – Ohrid, Macedonia – 23.8.2011.

34. Vangel V. Ajanovski - Moodle at the Faculty of Computer Science and Engineering in Skopje - Architecture, Trends and New Developments 1st Moodle Moot – Beograd, Serbia – 12.2011.

35. Vangel V. Ajanovski - Software engineering self-adaptive web-based information systems - Current research topics - 12th Workshop on Software Engineering Education and Reverse Engineering – Opatija, Croatia – 3.9.2012.

Други стручни трудови. Кандидатот В. Ајановски учествувал во предлагањето на решение за активна мрежна опрема за изградба на гигабитска академска мрежа во Скопје, како и за безжично поврзување на шесте кампуси на Скопскиот универзитет. Решението е успешно имплементирано. В. Ајановски, исто така, учествувал во тимот за предлог на опрема и вмрежување за надградба на мрежата на ПМФ до гигабитски мрежен 'рбет. Тој тековно ја одржуваше мрежата и врската со Ректоратот.

Кандидатот се грижи или се грижел за системско администрирање (инсталации на мрежа, оперативни системи, кориснички работни места, управување со работа и одржување) на неколку сервери на ИИ и потоа ФИНКИ, технички ги уредил, ги програмирал и се грижи за одржување на web-страници за повеќе проекти и наставни предмети, како и за мултимедијалната презентација на факултетот.

Во продолжение е листата на други стручни трудови по последниот реизбор.

32. В. Ајановски – поставување и одржување на систем за резервации на простории и ресурси базиран на MRBS – ИИ, ПМФ – 2010-2011 – http://mrbs.ii.edu.mk

33. В. Ајановски – развој на софтверски пакет за попис на компјутерска опрема 2010

34. В. Ајановски, Б. Јакимовски – поставување и одржување на систем за е-курсеви Moodle за потребите на ФИНКИ – 2011-тековно – http://courses.finki.ukim.mk

35. В. Ајановски – поставување и одржување на систем за помош во процесирање на административни барања од студенти базиран на osTicket – ИИ, ПМФ – 2010-2011 – http://help.ii.edu.mk

36. В. Ајановски – поставување на нов систем ИСИС (Интегриран Студиски Информациски Систем) – како огранок (fork) над постојниот систем ИСИИ, систем за поддршка на развојот на системот ИСИС базиран на Trac и дополнување и надградба над основните функционалности на ИСИС преземени од базичниот систем поврзани со процесите на потсистемот за уписи по ЕКТС – ФИНКИ – 2011 – http://develop.finki.ukim.mk/projects/isis и http://dossier.finki.ukim.mk

37. В. Ајановски, Д. Шахпаски – поставување и одржување на постоечки систем за електронско одржување испити – управување со сесии, закажување термини за испити, и развој на нов процес и функционалности во системот за управување со пријави од студенти од страна на служби и наставници, онлајн пријавување испити од страна на студенти со сервис за автоматска проверка на уплати на таксени марки (интеграција во системот ИСИС) – 2012 – http://dossier.finki.ukim.mk

38. В. Ајановски – миграција на домен, поставување и одржување на системот за помош во процесирање на административни барања од студенти базиран на osTicket – ФИНКИ – 2011-2012 – http://help.finki.ukim.mk

39. В. Ајановски – развој, поставување и одржување на потсистем за резервации на простории (интеграција во системот ИСИС) – ИИ, ПМФ – 2011-2012 – http://help.finki.ukim.mk

40. В. Ајановски – дизајн, поставување и одржување на систем за најавување до системи преку единствена локација базиран на JASIG CAS – ФИНКИ – 2011-2012 – http://cas.finki.ukim.mk

Студиски престои. Од вработувањето до денес, м-р Ајановски имал 30-тина кратки студиски престои во траење од една недела до еден месец, а најчесто во рамките на проектите во кои учествувал. Во изминатиот изборен период, кандидатот реализирал таков престој на:

- Универзитетот Хумболт во Берлин – јуни 2010 година (DAAD).

5. Други активности

Паралелно со извршувањето на наставните обврски, кандидатот Вангел Ајановски бил член на комисии за задачи на регионални и државни натпревари по информатика 2000/2001 и 2001/2002 година и во Комисијата за натпревари по информатика во движењето "Наука на младите" – Народна техника – 2000 година, заменик-водач на македонската екипа на Балканијадата по информатика во 2000 година.

Бил мултипликатор на FP6-проектите при МОН, како претставник од ПМФ, член на Организацискиот одбор за прослава на 20-годишнината на ИИ при ПМФ, во 2005, член на Комисијата за евалуација на софтвер за потребите на техничките служби на ПМФ и член на Комисијата за јавни набавки на ПМФ, од 2006 до 2008 година. Во мандатите 2005-2007 и 2007-2009 е раководител на Компјутерскиот центар на ИИ, ПМФ. Член е на Комисијата за евалуација на системот за плагијати на ФИНКИ. Член е на Дисциплинската комисија на ФИНКИ.

Членувал во неколку професионални здруженија: Здружението на информатичарите на Македонија, AACE (Association of the Advancement of Computing in Education) – professional, IEEE – student, ACM – student, Oracle Technology Network и Java Developers Connection.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Вангел Ајановски, од вработувањето како стручен соработник, помлад асистент и асистент на ИИ при ПМФ, и сега на ФИНКИ, покажал забележителна активност и резултати на сите полиња на активности на Факултетот. Тој покажува висок квалитет при извршувањето на наставните, но и други задолженија поврзани со информатизација на процесите на Факултетот. Во содржинска и организациска смисла, тој постојано ја унапредува е-околината за учење, воведува новини во изведувањето на вежбите и во комуникацијата со студентите преку интернет (веб-ориентирани учебни материјали, тестирање на знаење, задавање и доставување домашни задачи, известувања, резултати, и сл.), особено грижејќи се за перманентно следење и оценување на работата на студентите.

Д-р Ајановски се презентирал со научни трудови во научни списанија и на меѓународни конференции, рецензирани и објавени во зборници на трудови, и учествувал во бројни меѓународни проекти, со што ја покажал и пошироко својата подготвеност да придонесе во решавањето на бројни научни и стручни проблеми во областа на неговиот научен интерес, а особено со последните трудови во областите бази на податоци и информациски системи. Резултат на неговата работа во изминатиот период е и одбранетата докторска дисертација под наслов "**Адаптивни и социјални самоструктурирачки системи за навигација низ јавни информациски системи**".

Врз основа на приложените пресметки, пополнет е анексот кон извештајот за избор во наставно-научно звање. Од приложеното може да се забележи дека кандидатот остварил многу поголем број на поени од минималните потребни за остварување на избор по сите три области на оценување.

Рецензентската комисија смета дека кандидатот ги исполнува сите услови од Законот за високото образование и од Правилникот на Факултетот и има чест и задоволство да му препорача на Наставно-научниот совет да го избере кандидатот д-р Вангел Ајановски во наставно-научното звање доцент, во наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Маргита Кон–Поповска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, с.р.

Д-р Катерина Здравкова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, с.р.

Д-р Димитар Трајанов, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, с.р.

АНЕКС

ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ВАНГЕЛ ВЛАДИМИР АЈДНОВСКИ
(име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: информатика и компјутерско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)	176,400
2	Консултации со студенти	6,742
3	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (вкупно 70)	7,000
4	подготовка на нов предмет- вежби (вкупно 8 - БП2, ИС, АЛДИС, ФДИИС, МУЛТ, ИЧК, ISDP, Тимска)	4,000
5	Пакет материјали за одреден предмет (вкупно 18)	18,000
6	Настава во летни школи и работилници (Вкупно 16)	16,000
	Вкупно	228,142

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одбранета докторска теза	8,000
2	Одбранета магистерска работа	4,000
3	Учесник во меѓународен научен проект	130,000
4	Учесник во национален научен проект	5,000
5	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	18,400
6	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	32,700
7	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	5,400
8	Секциско предавање на научен/стручен собир	1,000
9	Учество на научен/стручен собир со реферат	45,000
	Вкупно	249,500

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Дизајн или изработка на информациски систем (11 настани)	11,000
2	Изработка на нов софтверски пакет (9 софтвери)	18,000
3	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (17 настани)	8,500
4	Учество во работата на комисии за државни натпревари (4 настани)	4,000
5	Книга од стручна област	11,000
6	Студија (физибилити студија за метро-мрежа МАРнет, архитектура мрежа МАРНЕТ, архитектура мрежа ПМФ)	3,000
Дејности од поширок интерес		
1	Студиски престој во странство- до три месеци (30 студиски престои)	15,000
2	Раководител на внатрешна организациона единица (2 мандати)	6,000
3	Член на факултетска комисија (10 комисии)	1,500
4	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (BCI2005)	1,000
5	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир * 2 настани (CIIT)	1,000
6	Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) * 1 (Национална политика за слободен софтвер - МИО и Слободен софтвер)	2,000
7	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект - соработник (ICT-CENE, REINFORCE, MULTIADAPT)	3,000
8	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник (eSchool Portal)	0,500
	Вкупно	85,500

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	228,142
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	249,500
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	85,500
Вкупно	563,142

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Маргита Кон Поповска, претседател с.р.

2. Проф. д-р Катерина Здравкова, член с.р.

3. Вонр. проф. д-р Димитар Трајанов, член с.р.

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на кандидатот Вангел Ајановски

								ПОЕНИ	
Година	Семестар	Предмет	Аудит	Лаб	Студенти	Вкупно часови	Вкупно студенти	Одржување на вежби	Консултации со студенти
1999/2000	зимски	Математичка логика и алгебра	0	1	?	9	31	4,05	0,062
		Вовед во информатика за хемичари	0	2	?				
		Вовед во информатика за физичари	0	6	31				
1999/2000	летен	Бази на податоци	2	2	?	12	44	5,4	0,088
		Операциони истражувања	2	2	?				
		Вовед во информатика за земјоделски факултет	0	4	44				
2000/2001	зимски	Компјутерска графика	0	4	49	12	105	5,4	0,21
		Програмски системи	0	4	?				
		Вовед во информатика за хемичари	0	4	56				
2000/2001	летен	Бази на податоци	2	5	49	14	49	6,3	0,098
		Операциони истражувања	2	4	?				
2001/2002	зимски	Компјутерска графика	0	6	54	10	117	4,5	0,234
		Мултимедија	0	4	63				
2001/2002	летен	Бази на податоци	2	6	55	12	55	5,4	0,11
		Операциони истражувања	2	2	?				
2002/2003	зимски	Бази на податоци	1	9	47	14	47	6,3	0,094
		Мултимедија	0	4	?				
2002/2003	летен	Компјутерска графика	1	8	91	15	91	6,75	0,182
		Операциони истражувања	2	2	?				
		Проектирање компјутерски мрежи??	0	2	?				
2003/2004	зимски	Информациони системи	2	2	29	15	111	6,75	0,222
		Мултимедија	0	4	?				
		Бази на податоци	1	6	82				
2003/2004	летен	Компјутерска графика	1	6	64	12	77	5,4	0,154
		Бази на податоци 2	1	2	13				
		Системски софтвер	0	2	?				
2004/2005	зимски	Бази на податоци	1	6	85	15	85	6,75	0,17
		Информациони системи	2	2	?				
		Мултимедија	0	4	?				
2004/2005	летен	Бази на податоци 2	1	2	13	20	13	9	0,026
		Компјутерска графика	1	12	?				
		Проектирање компјутерски мрежи	0	2	?				
		Системски софтвер	0	2	?				
2005/2006	зимски	Информациони системи	2	4	?	17	84	7,65	0,168
		Мултимедија	0	4	?				
		Бази на податоци	1	6	84				
2005/2006	летен	Компјутерска графика	1	8	?	14	0	6,3	0
		Бази на податоци 2	1	2	?				
		Системски софтвер	0	2	?				
2006/2007	зимски	Бази на податоци	1	9	111	17	232	7,65	0,464
		Информациони системи	2	4	83				
		Мултимедија	1	0	38				
2006/2007	летен	Бази на податоци	4	4	107	12	207	5,4	0,414
		Компјутерска графика	2	2	100				
2007/2008	зимски	Компјутерска графика	2	0	95	19	192	8,55	0,384
		Информациони системи	1	2	10				
		Интеракција човек-компјутер	0	6	54				
		Тимска работа	0	8	33				
2007/2008	летен	Бази на податоци	4	4	170	11	179	4,95	0,358
		Анализа и логички дизајн на информациски системи	1	2	9				
2008/2009	зимски	Информациони системи	1	2	10	15	230	6,75	0,46
		Интеракција човек-компјутер	0	3	115				
		Тимска работа	0	4	11				
		Компјутерска графика	2	3	94				
2008/2009	летен	Бази на податоци	4	0	153	11	170	4,95	0,34
		Анализа и логички дизајн на информациски системи	1	2	9				
		Физички дизајн и имплементација на информациски системи	2	2	8				
2009/2010	зимски	Информациони системи	1	2	21	16	139	7,2	0,278
		Тимска работа	0	8	32				
		Компјутерска графика	2	3	86				
2009/2010	летен	Бази на податоци	2	2	74	13	81	5,85	0,162
		Физички дизајн и имплементација на информациски системи	4	2	2				
		Анализа и логички дизајн на информациски системи	1	2	5				
2010/2011	зимски	Компјутерска графика	2	6	126	17	155	7,65	0,31
		Тимска работа	0	6	20				
		Информациони системи	1	2	9				
2010/2011	летен	Бази на податоци	2	0	79	10	150	4,5	0,3
		Компјутерска графика	1	0	63				
		Анализа и логички дизајн на информациски системи	1	2	4				
		Физички дизајн и имплементација на информациски системи	2	2	4				
2011/2012	зимски	Компјутерска графика	2	3	86	10	154	4,5	0,308
		Бази на податоци	2	3	58				
2011/2012	летен	Бази на податоци	1	3	50	17	156	7,65	0,312
		Компјутерска графика	1	3	65				
		Информациони системи	1	4	39				
		Физички дизајн и имплементација на информациски системи	2	2	2				
2012/2013	зимски	Бази на податоци	2	6	114	15	124	6,75	0,248
		Анализа и логички дизајн на информациски системи	1	2	7				
		Тимска работа	0	4	3				
2012/2013	летен	Бази на податоци	2	2	145	18	293	8,1	0,586
		Компјутерска графика	2	2	105				
		Информациони системи	2	4	38				
		Физички дизајн и имплементација на информациски системи	2	2	5				
							ВКУПНО	176,4	6,742

Список на стручни и научни трудови

Р.Бр Труд билтен	Р. Бр. Презен. Билтен	Автор 1	Автор 2	Автор 3	Автор 4	Автор 5	Наслов	Собир/Издание	Период	Рецензија/Билтен	Национ.	Меѓунар.	Меѓ. Моног.	Списание	бр. авт.	Бодување	П. нац.	П. меѓ.	П. моног	П. Спис.	Реферат	Пленар.
01		Vangel V. Ajanovski					Report on E-Learning Experience with the WebCT Platform	Proc. of the workshop Education of Informaticians and Industrial Mathematicians-New Challenges and Needs, Ohrid, 4-8.06.2001, Ed. Smile Markovski, M. Kon-Popovska, pp.15-30	2001	Рецензија во Билтенот бр. 815, од 15.11.2002 година	Да				1	100,00%	2	0	0	0	Да	
02		Marjan K. Gusev	Goce Armenski	Anastas Misev	Vangel V. Ajanovski	Metodija Jancheski	Electronic Testing System	Proc. of the workshop Education of Informaticians and Industrial Mathematicians-New Challenges and Needs, Ohrid, 4-8.06.2001, Ed. Smile Markovski, M. Kon-Popovska (funded by ICT Project Mathind and Tempus Project), 61-75.	2001	Рецензија во Билтенот бр. 815, од 15.11.2002 година	Да				5	60,00%	1,2	0	0	0		
03		Vangel V. Ajanovski					Facial Features Detection And Face Emotion Recognition: Controling A Multimedia Presentation With Facial Gestures	Proceedings of the Second International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT), 20-23 December 2001, Bitola, Macedonia, ISBN 9989-668-28-0, pp 197-205	2001	Рецензија во Билтенот бр. 815, од 15.11.2002 година	Да				1	100,00%	2	0	0	0	Да	
04		Marjan K. Gusev	Ljupco N. Antovski	Vangel V. Ajanovski			E-commerce for Students	SCI 2002, Orlando Fl, USA – The 6th World Multiconference on Systemics, Cybernetics and Informatics – Proceedings Volume VIII, pg. 161-166 – ISBN 980-07-8150-1	2002	Рецензија во Билтенот бр. 815, од 15.11.2002 година		Да			3	80,00%	0	2,4	0	0		
05		Ljupco N. Antovski	Marjan K. Gusev	Vangel V. Ajanovski			N-tier E-deposit Infrastructure at University	ICEST 2002, Nish, Yugoslavia – Proceedings Volume 2, pg. 447-480	2002	Рецензија во Билтенот бр. 815, од 15.11.2002 година		Да			3	80,00%	0	2,4	0	0		
06-1		Marjan K. Gusev	Ljupco N. Antovski	Vangel V. Ajanovski			E-deposit in Academic Use	ITI 2002, Cattat, Croatia – Proceedings, pg. 343-348	2002	Рецензија во Билтенот бр. 815, од 15.11.2002 година		Да			3	80,00%	0	2,4	0	0		
06-2		Marjan K. Gusev	Ljupco N. Antovski	Vangel V. Ajanovski			E-deposit in Academic Use	Journal of Computing and Information Technology – ISSN 1330-1136. 2002	2002	Рецензија во Билтенот бр. 815, од 15.11.2002 година				Да	3	80,00%	0	0	0	2,4		
07		Boro Jakimovski	Vangel V. Ajanovski				Wireless Campus Portal	TEMPUS Project CD-JEP 16160/2001 "Innovation of Computer Science Curriculum in Higher Education", PROCEEDINGS of Workshops on Computer Science Education, Editor: Prof. Dr. Mile Stojčev, Published by: Faculty of Electronic Engineering, Niš, Serbia and Montenegro, ISBN: 86-80135-80-1 pp: 127-130	2003	Рецензија во Билтенот бр 861 од 15.11.2004 година			Да		2	90,00%	0	2,7	0	0	Да	
08		Vangel V. Ajanovski	Anastas Misev	Margita Kon-Popovska			A B2B Platform for Education Center Integration	Proceedings of the Third International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT), 12-15 December 2002, Bitola, Macedonia, ISBN 9989-668-36-1, pp 193-198	2002	Рецензија во Билтенот бр 861 од 15.11.2004 година	Да				3	80,00%	1,6	0	0	0	Да	
09		Margita Kon-Popovska	Oliver B. Popov	Marjan Gusev	Vangel V. Ajanovski	Anastas Misev	MANI -- MARNet Advanced Network infrastructure, Key Technological Changes	Third International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT), 12-15 December 2002, Bitola, Macedonia	2002	Рецензија во Билтенот бр 861 од 15.11.2004 година					5	60,00%	0	0	0	0		
11		Anastas Misev	Vangel V. Ajanovski	Katarina Stanoeva-Slabeva	Margita Kon-Popovska		Survey Of The E-Business Opportunities In Macedonia	Proceedings of the Third International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT), 11-14 December 2003, Bitola, Macedonia, ISBN 9989-668-45-0, pp 207-211	2003	Рецензија во Билтенот бр 861 од 15.11.2004 година	Да				3	80,00%	1,6	0	0	0		
9	Danco Davcev	Vladimir Trajkovik	Sladjana Gligorovska		"Mobile Virtual Blackboard as Multimodal User Interface", chapter in book "Multimodal Human Computer Interaction and Pervasive Services" edited by Dr. Grifoni, published by Information Science Reference (USA), ISBN: 978-1-60566-386-9, pp.366-387, 2009	дел од монографија објавена во странство		2009		да	3	80.00%		4.8	
10	Vladimir Trajkovik	Danco Davcev	Ace Dimitrievski		"DEREC Distance Education Chalenges", chapter in book "Towards a New Curriculum: The DEREC Experience" edited by E.Caporali et al, published by Firenze University Pres (IT), ISBN: 978-8-88453-877-2, pp. 85-91, 2009	дел од монографија објавена во странство		2009		да	3	80.00%		4.8	
11	Toni Malinovski	Maja Lazarova	Vladimir Trajkovik		"Learner–content interaction in distance learning models: students' experience while using learning management systems", International Journal of Innovation in Education, Vol. 1, No. 4, ISSN: 1755-151X, pp. 362-376, 2012	списание		2012		да	3	80.00%		4.8	

12	Vase Tusevski	Vladimir Trajkovik			"Influence of the Low-Cost Digital Contents Improvement of the Students' Learning Experience", TEM (Technology Management Education Informatics) International Journal, Vol. 1, No. 4, ISSN: 2217-8309, pp. 234-245, November 2012	списание		ноември 2012		да	2	90.00%		5.4	
13	Jugoslav Achkoski	Vladimir Trajkovik			"Usage of Service-Oriented Architecture for Developing Prototype of Intelligence Information System" TEM (Technology Management Education Informatics) International Journal, Vol. 1, No. 4, ISSN: 2217-8309, pp. 273-282, November 2012	списание		ноември 2012		да	2	90.00%		5.4	
14	Olivera Kotevska	Elena Vlahu-Gjorgievska	Vladimir Trajkovik	Saso Koceski	"Towards a Patient-Centered Collaborative Health Care System Model," International Journal of Computer Theory and Engineering vol. 4, no. 6, ISSN: 1793-8201, DOI: 10.7763/IJCTE.2012.V4.631pp. 1025-1029, November 2012	списание		ноември 2012		да	4	60.00%		3.6	
15	Koste Budinoski	Vladimir Trajkovik			"Incorporate Social Network Services in E-Government Solutions: A case study", European Journal of ePractice, No 16, ISSN: 1988-625X, pp. 58-70, June/July 2012	списание		јуни-јули 2012		да	2	90.00%		5.4	

16	Vladimir Trajkovik	Elena Vlahu-Gjorgievska	Igor Kulev		"Use of collaboration techniques and classification algorithms in personal healthcare", Health and Technology International Journal , IUPESM and Springer Verlag, Vol2, No 1, ISSN: 2190-7188, e-ISSN: 2190-7196, pp.43-55, April 2012, (DOI) 10.1007/s12553-012-0015-6	списание		април 2012		да	3	80.00%		4.8	
17	Vladimir Trajkovik	Elena Vlahu-Gjorgievska	Igor Kulev	Saso Koceski	"Providing Collaborative Algorithms Support for Personal Health Care", American Journal of Bioinformatics, Science Publications, Vol.1, Issue 2, ISSN:1948-9862, e-ISSN: 1948-9870, pp. 41-49, March 2012, (DOI) 10.3844/ajbsp.2012.41.49	списание		март 2012		да	4	60.00%		3.6	
18	Koste Budinoski	Vladimir Trajkovik			"Incorporate Social Network Services in E-Government Solutions: The Case of Macedonia", International Journal of eBusiness and eGovernment Studies, Vol 4, No 2, ISSN: 2146-0744 (Online), pp. 23-35, January 2012	списание		јануари 2012		да	2	90.00%		5.4	
19	Toni Malinovski	Tatjana Vasileva-Stojanovska	Vladimir Trajkovik		"QoE measurement in E-learning systems based on a videoconferencing platform", International Journal of Research and Reviews in Next Generation Networks (IJRRNGN),Vol. 1, No. 2, ISSN: 2046-6897, pp.59-66, December 2011	списание		декември 2011		да	3	80.00%		4.8	

20	Jugoslav Achkoski	Vladimir Trajkovik	Metodija Dojchinovski		"An Intelligence Information System based on Service-Oriented Architecture: A Survey of Security Issues", Information & Security: An International Journal, vol. 27 ISSN: 0861-5160, pp. 91-111, 2011	списание		2011		да	3	80.00%		4.8	
21	Elena Vlahu-Gjorgievska	Vladimir Trajkovik			"Personal Healthcare System Model using Collaborative filtering techniques", International Journal of Research and Innovation - Advances in Information Sciences and Service Sciences, Vol. 3, No 3, ISSN: 1976-3700, pp.64-74, April 2011	списание		април 2011		да	2	90.00%		5.4	
22	Biljana Stojkoska	Danco Davcev	Vladimir Trajkovik		"N-Queens based Algorithm for Moving Object Detection in Distributed Wireless Sensor Networks", in Journal of Computing and Information Technology (CIT), Vol. 16, no 4, ISSN: 1330-1136, pp.325-332, December 2008	списание		декември 2008		да	3	80.00%		4.8	

23	Igor Kulev	Elena Vlahu-Gjorgievska	Vladimir Trajkovik	Saso Koceski	"Recommendation Algorithm Based on Collaborative Filtering and its Application in Healthcare", The 11th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013), Bitola, R. Macedonia , April 18-21, 2013,	конференција	Битола, Македонија	април 18-21, 2013	да		4	60.00%	1.2	0	да
24	Marko Ilievski	Vladimir Trajkovik			"An Approach to Both Standardized and Platform Independent Augmented Reality Using Web Technologies", In Proc. of International Conference ICT Innovations 2012 (Springer Berlin Heidelberg), Ohrid, R.Macedonia, pp.195-203, September 11-13, 2012,	конференција	Охрид, Македонија	септември 11-13, 2012		да	2	90.00%	0	2.7	да
25	Danco Davcev	Zdravko Stafilov	Sanja Veleva	Vladimir Trajkovik	"Advanced Video Conferencing Educational System – A Case Study", In Proc. of IEEE International Conference on Computer & Information Science 2012 (ICCIS2012), Kuala Lumpur, Malaysia, pp.694-699, June 12-14, 2012,	конференција	Куала Лумпур, Малезија	јуни 12-14, 2012		да	4	60.00%	0	1.8	
26	Igor Kulev	Elena Vlahu-Gjorgievska	Saso Koceski	Vladimir Trajkovik	"Collaborative System for Prevention of Increased Blood Sugar Level", The 10th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012), Bitola, R. Macedonia , April 19-22, 2012,	конференција	Битола, Македонија	април 19-22, 2013	да		4	60.00%	1.2	0	да

27	Mile Grujovski	Vladimir Trajkovik			"Interactive Service for Transcript Analysis and Visualization", IADIS International Conference on e-Society 2012, Berlin, Germany, pages 273-281, March 10-13, 2012,	конференција	Берлин, Германија	март 10-13, 2012		да	2	90.00%	0	2.7	
28	Vladimir Trajkovik	Danco Davcev			"Videoconferencing – based Educational System: A Case Study", eChallenges 2011 International Conference and Exibition, Florence, Italy, October 26-28, 2011,	конференција	Фиренца, Италија	октомври 26-28, 2011		да	2	90.00%	0	2.7	да
29	Enrica Caporali	Atanasko Tunevski	Vladimir Trajkovik	Elena Palmisano	"Enhancing Environmental Engineering Education in Eastern Europe", SEFI Annual Conference, Lisabon, Portugal, (CD Publication), 27 September- 4 Octomber, 2011,	конференција	Лисабон, Португалија	септмеври 27 - октомври 4		да	4	60.00%	0	1.8	
30	Jugoslav Achkoski	Vladimir Trajkovik	Danco Davcev		"Service Oriented Architecture Concept for Developing Intelligence Information System", 3rd International Conference on Advance Service Computing (SERVICE COMPUTATION 2011), Rome, Italy, September 25-30, 2011,	конференција	Рим, Италија	септември 25-30, 2011		да	3	80.00%	0	2.4	

31	Ana Vuksanovic Vanevska	Vladimir Trajkovik			"Secure Transport of Electronic Payment over GPRS", in proc. of the International conference ICT Innovations 2011 AISC 150, (Springer Berlin Heidelberg), pp. 129-146, Skopje, Macedonia, September 14-16, 2011,	конференција	Скопје, Македонија	септември 14-16, 2011		да	2	90.00%	0	2.7	да
32	Toni Malinovski	Vladimir Trajkovik			"Concept for Deploying Wireless in the Enterprise Infrastructure: Balancing Security and Positive QoE for the End-Users" in proc. of the International conference ICT Innovations 2011 AISC 150, (Springer Berlin Heidelberg), pp. 95-105, Skopje, Macedonia, September 14-16, 2011,	конференција	Скопје, Македонија	септември 14-16, 2011		да	2	90.00%	0	2.7	да
33	Danco Davcev	Vladimir Trajkovik	Zdravko Stafilov	Toni Malinovski	"Videoconferencing Educational System – QoE Analysis", Sixth International Conference - Computer Science'2011, Ohrid, Macedonia, pp. 358-363, ISBN: 978-954-437-914-7, 1-3 September 2011	конференција	Охрид, Македонија	септември 1-3, 201		да	4	60.00%	0	1.8	да
34	Georgi Kosev	Sonja Gievska	Vladimir Trajkovik		"Motivational and Interruption tradeoffs in a Mobile Wellness-promoting Application", ACM conference Mobile HCI 2011, Stocholm, Sweden, August 30-September 2, 2011,	конференција	Столкхом, Шведска	август 30 - септември 2		да	3	80.00%	0	2.4	

35	Sonja Gievska	Vladimir Trajkovik			"Evaluation of Context-aware Coordination of Interruptions in Mobile Applications", 7th International Conference on Intelligent Environments 2011 (WISHWell 2011 Workshop), Nottingham, UK, July 25-26, 2011,	конференција	Нотингем, Обединето Кралсво	јули 25-26, 2011		да	2	90.00%	0	2.7	
36	Jugoslav Achkoski	Vladimir Trajkovik			"Intelligence Information System (IIS) with SOA-based Information Systems", 33rd International Conference on Information Technology Interfaces (ITI), Cavtat / Dubrovnik, Croatia, June 27-30, 2011,	конференција	Цавтат, Хватска	јуни 27-30, 2011		да	2	90.00%	0	2.7	да
37	Jadranka Nikolovska	Vladimir Trajkovik			"Communication Enabled Business Processes: Case study on ATM Credit Card Limit Request Services", 33rd International Conference on Information Technology Interfaces (ITI), Cavtat / Dubrovnik, Croatia, June 27-30, 2011,	конференција	Цавтат, Хватска	јуни 27-30, 2012		да	2	90.00%	0	2.7	да
38	Nevenka Kiteva Rogleva	Vangel Fustic	Vladimir Trajkovik		"Risk Management Methods for Service Oriented Architecture Implementation in Electric Power System", IASTED International Conference Power and Energy System (EuroPES 2011), Crete, Greece, pages 40-45, June 22-24, 2011,	конференција	Крит, Грција	јуни 22-24, 2011		да	3	80.00%	0	2.4	

39	Elena Vlahu-Gjorgievska	Vladimir Trajkovik			"Towards Collaborative Health Care System Model – COHESY", 3th IEEE Workshop on Interdisciplinary Research on E-health Services and Systems (IEEE IREHSS 2011), Lucca, Italy, June 20-24, 2011,	конференција	Лука, Италија	јуни 20-24, 2011		да	2	90.00%	0	2.7	да
40	Olivera Kotevska	Elena Vlahu-Gjorgievska	Vladimir Trajkovik	Saso Koceski	"Towards a Patient-Centered Collaborative Health Care System Model", 4th IEEE International Conference on Computer Science and Information Technology (IEEE ICCSIT 2011), Chengdu, China, June 10-12, 2011,	конференција	Ченду, Кина	јуни 10-12, 2011		да	4	60.00%	0	1.8	
41	Elena Vlahu-Gjorgievska	Olivera Kotevska	Vladimir Trajkovik		"Collaboration Model within Personal Healthcare System", In Proceedings of 5th International Conference of Information systems and Grid technologies, Sofia, Bulgaria, May 2011,	конференција	Софија, Бугарија	мај 2011		да	3	80.00%	0	2.4	
42	Drasko Nakik	Suzana Loskovska	Vladimir Trajkovik		"Fully Connected Emergency Intervention for the Critical Home Care System", Proceedings of the EMFI Special Topic Conference – e-Health Across Borders Without Boundaries", IOS Press, Lasko, Slovenia, pp.88-93, 14-15 April, 2011,	конференција	Лашко, Словенија	април 14-15, 2011		да	3	80.00%	0	2.4	

43	Jugoslav Achkoski	Vladimir Trajkovik			"Intelligence Information System Integration", The 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011), Bitola, Macedonia, March 2011,	конференција	Битола, Македонија	март 2011	да		2	90.00%	1.8	0	да
44	Drasko Nakik	Suzana Loskovska	Vladimir Trajkovik		"Integrated Medical Systems for Improvement of Consultations Between Physicians Using the Internet Medical Consultant", Zbornik prispevkov z recenzijo:Kongres MI 2010 – Znanje za uspešno eZdravlje, Pages 191-199, October 2010,	конференција	Блед, Словенија	октомври 2010	да		3	80.00%	1.6	0	
45	Vladimir Trajkovik	Enrica Caporali	Elena Palmisano	Juna Valdiserri	"Establishing a Videoconferencing Infrastructure in the Republic of Macedonia as an Engineering Educational Service, in proc of the joint international IGIP-SEFI annual conference on Diversity in engineering Education" CD publication, Trnava, Slovakia, September 2010,	конференција	Трнава, Словачка	септември 2010		да	4	60.00%	0	1.8	
46	Aneta Mirceska	Vladimir Trajkovik	Katerina Ristevska		"Location Based Systems for Retrieval Using Mobile Devices", ICT Innovations 2010, Web proceedings, ISSN 1857-7288, pp.261-270, Ohrid, Macedonia, September 2010,	конференција	Охрид, Македонија	септември 2010		да	3	80.00%	0	2.4	да

47	Drasko Nakik	Vladimir Trajkovik	Suzana Loskovska		"Integrated Medical Systems for Improvement of Consultations Between Physicians", ICT Innovations 2010, Web proceedings, ISSN 1857-7288, pp. 189-198, Ohrid, Macedonia, September 2010,	конференција	Охрид, Македонија	септември 2010		да	3	80.00%	0	2.4	
48	Atanasko Atanasov	Andrea Kulakov	Vladimir Trajkovik	Danco Davcev	"Testbed Environment for Wireless Sensor and Actuator Network", in proc of the fifth international conference on Systems and Network Communications – ICSNC 2010, CD publication, Nice, France, August 2010,	конференција	Ница, Франција	август 2010		да	4	60.00%	0	1.8	
49	Danco Davcev	Vladimir Trajkovik	Sladjana Gligorovska		"Mobile devices as Virtual Blackboards for M-learning", In CD Proc. Of AHFE International Conference, ISBN-13: 978- 0- 9796435- 4- 5, ISBN 10: 0- 9796435- 4-6, Eds. V.Karwowski and G. Salvendy, Miami, Fl., USA 17-20 July 2010,	конференција	Мајами, САД	јули 17-20, 2010		да	3	80.00%	0	2.4	
50	Vladimir Trajkovik	Enrica Caporali	Elena Palmisano	Juna Valdiserri	"Establishing Videoconferencing Infrastructure in R.Macedonia" in proc of 9th IEEE and UNESCO international conference on Information Technology Based Higher Education and Training – ITHET2010, CD Publication, Cappadocia, Turkey, April-May 2010,	конференција	Кападокија, Турција	29 април - 01 мај, 2010		да	4	60.00%	0	1.8	

51	Enrica Caporali	Juna Valdiserri	Vladimir Trajkovik		"Video Conferencing as a tool of Higher Education", in proc of the international conference ICT Innovations, (Springer Berlin Heidelberg), pp. 439-449, Ohrid, Macedonia, September 2009,	конференција	Охрид, Македонија	септември 2009		да	3	80.00%	0	2.4	да
52	Vladimir Trajkovik	Enrica Caporali			"Video Conferencing as an Engineering Education System", in proc of the SEFI 2009 annual conference", Rotterdam, Netherlands, July 2009,	конференција	Ротердам, Холандија	јули 2009		да	2	90.00%	0	2.7	
53	Toni Malinovski	Vladimir Trajkovik	Danco Davcev		"Students' perceived QoE in videoconferencing based e-learning system", 5th International GUIDE Conference, (ISBN Code: 978-88-97772-00-2) Rome, Italy, November 18-19, 2011,	конференција	Рим, Италија	ноември 18-19, 2011		да	3	80.00%	0	2.4	да
												ВКУПНО	**5.8**	**174.8**	**14**

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„ПРИСТАПОТ ДО ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА: УЛОГАТА И ИНТЕРВЕНЦИИТЕ НА ДРЖАВАТА”, ОД **М-Р ЕФИМИЈА ДИМОВСКА**, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 24.6.2013 година, нè определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација, поднесена од кандидатката **М-Р ЕФИМИЈА ДИМОВСКА**, под наслов **ПРИСТАПОТ ДО ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА: УЛОГАТА И ИНТЕРВЕНЦИИТЕ НА ДРЖАВАТА**.

По внимателното проучување на текстот на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација претставува пристапот до финансиски средства од страна на малите и средните претпријатија (МСП), односно анализа на проблемите и можностите на различните форми на финансирање, со фокус на финансирањето преку банкарскиот сектор. Во тие рамки, посебен осврт во дисертацијата е направен на потребата и формата на интервенција од страна на државата во функција на подобрување на пристапот до финансирање, со детална анализа на состојбите во Република Македонија.

Покрај вовед и заклучни согледувања, материјата во докторската дисертација е структурирана во пет глави, според следниов редослед:

- Вовед (стр. 1 – 6);
- Глава 1. Дефинирање на проблемот и неговата релевантност (стр.7– стр. 51);
- Глава 2. Видови извори на финансирање (стр. 52 – стр. 128);
- Глава 3. Улогата на државата во функција на подобрување на пристапот до финансиски средства на МСП (стр. 129 – стр. 187);
- Глава 4. Европската унија и меѓународните финансиски институции како можност за подобрување на пристапот до финансии на малите и средните претпријатија во Република Македонија (стр. 188 – стр. 245);
- Глава 5. Подобрување на пристапот до финансирањето во Република Македонија: осврт и емпириска анализа (стр. 246 – стр. 306);
- Заклучок (стр. 307 – стр. 321).

Понатаму, во дисертацијата е наведена литературата која е користена при изработката на трудот и содржи 184 библиографски единици. На крајот од трудот се презентирани анекси со табели и податоци во врска со истражувањето. Притоа, главниот текст, користената литература и анексите се простираат на 380 страници.

Воведниот дел од дисертацијата го поставува предметот на истражувањето, ја образложува целта и оправданоста на спроведеното истражување. Понатаму, во овој дел кандидатката ја образложува методологијата, применета во текот на истражувањето, и на крај е даден план и структура на самиот труд.

Во *првата глава* на дисертацијата, кандидатката го анализира економското значење на секторот на МСП од аспект на учеството во создавањето на бруто-домашниот производ и вработувањата. Преку анализата емпириски ја потврдила констатацијата дека еден од најважните двигатели на економијата во секоја земја се МСП. Речиси во сите земји во светот, бројот на МСП изнесува помеѓу 95 и 99% од вкупниот број на приватни претпријатија, а нивното учество во БДП е над 50%, додека учеството во вработувањата е над 60%. МСП се витален и значаен дел од македонската економија со учество од 99,8% во вкупниот број на активни претпријатија во РМ, учество од над 80% во вкупниот број на вработени и учество со над 60% во создавањето на БДП. Во продолжение. кандидатката обрнува посебно внимание на анализа на доминантните сфаќања и теории што се среќаваат

во литературата во поглед на причините заради кои МСП се соочуваат со проблем при обезбедување средства за финансирање на своите бизниси. Тие се разгледани и систематизирани, како од аспект на претпријатијата, така и од аспект на надворешните извори на финансирање и притоа се идентификувани неколку основни причини, како што се асиметрични информации, висок ризик, високи трансакциски и административни трошоци и недостиг на обезбедување. Дополнително се презентирани и резултатите од истражувањата на неколку реномирани институции во поглед на состојбата со пристапот до финансиски средства од страна на претпријатијата во Република Македонија и во земјите од регионот на ЈИЕ (World Bank – "Doing Business 2012", "Business Environment and Enterprise Performance Survey 2010"; Milken Institute - "Captal Access Index 2009" ; World Economic Forum - "The Global Competitiveness Report 2011-2012"). Оваа глава на трудот завршува со осврт на последиците од светската економска криза врз состојбите со финансирањето на секторот на МСП во глобални рамки.

Во *втората глава,* кандидатката извршила детална теоретска и емпириска разработка на различните видови надворешно финансирање, што би можеле да се користат од страна на МСП во Република Македонија. Преку разработка на веќе направени истражувања од страна на повеќе меѓународни институции (Европска комисија, Светска банка, ОЕЦД, ЕБРД итн.), кандидатката ја утврдила застапеноста на различните извори на финансирање на МСП во Македонија, земјите од ЈИЕ и развиените пазарни економии. Сите истражувања и анализи укажуваат на доминантна застапеност (од 40% до 80%) на банкарскиот сектор во структурата на надворешните извори на финансирање. Од тие причини, понатаму во оваа глава кандидатката извршила подетална анализа на банкарскиот сектор и кредитирањето, како најпопуларен инструмент за финансирање на секторот на МСП. Оваа обработка и анализа е направена на регионално и на национално ниво. Банкарскиот сектор на Република Македонија е подетално разработен, особено од аспект на кредитната активност и клучните констатации се дека банкарскиот сектор е добро регулиран; се карактеризира со висока ликвидност, стабилност и концентрација на банкарските активности; финансиската криза немаше поголемо директно негативно влијание, но евидентно е намалувањето на кредитната активност во периодот по 2009 година. Исто така, во овој контекст направена е и анализа на влијанието на

монетарната политика врз кредитните политики на банките во Македонија, од која произлегува констатацијата дека банките сè уште не реагираат на мерките на монетарната политика што ги презема НБРМ во насока на пренасочување на парите од вложувања во безризични хартии од вредност кон инвестиции во стопанството. Понатамошните истражувања во оваа глава се посветени на останатите алтернативни форми и инструменти за мобилизација на дополнителен капитал на малите бизниси: микрофинансирање, лизинг, пазарот на капитал, фондови за ризични вложувања, факторинг и бизнис-ангели. Анализите покажуваат дека и покрај тоа што овие небанкарски финансиски институции се интегрален дел од финансискиот систем на Република Македонија, нивното учество и влијание во финансирањето на МСП е незначително.

Третата глава на дисертацијата е посветена на улогата и интервенцијата на државата со цел подобрување на пристапот до финансирање од страна на МСП. Тука се презентирани главните теории што се среќаваат во литературата: двете спротивставени гледишта – интервенционизмот и теоријата на „слободен пазар", како и третиот понов пристап, што теоретичарите го нарекуваат „пропазарен" активизам. Во вториот дел од оваа глава, кандидатката ги презентира различните видови инструменти на државна поддршка што вклучуваат: унапредување на законското и институционалното окружување, унапредување на правната рамка, развојни банки, гарантни фондови, кредитни бироа и субвенционирање на кредитите. На крајот од оваа глава е изработена компаративна анализа на диверзитетот на мерки и инструменти за финансиска поддршка на МСП во земјите од регионот. Поголемо внимание е посветено на презентирањето на некои добри практики, што би можеле да имаат примена во Македонија, како што е, на пример, моделот на развојната банка во Хрватска (ХБОР) или, пак, приватното кредитно биро во Србија.

Четвртата глава е посветена на можностите за финансирање на МСП преку програмите на Европската унија и меѓународните финансиски институции. Членството во Европската унија е стратешки приоритет на Република Македонија, а Европската унија во целиот тек на пристапниот процес обезбедува континуирана поддршка и финансиски средства за Македонија, со цел успешно спроведување на неопходните реформи. Како дел од интегративниот процес кон ЕУ, Република

Македонија ги прифати принципите и политиките на ЕУ како основа за активностите и мерките за поддршка на развојот на МСП (Европската повелба за МСП и Законот за мали бизниси) и во овој дел од дисертацијата е презентиран прогресот во нивната имплементација. Во оваа глава, кандидатката подетално ја анализира политиката на ЕУ во однос на подобрувањето на пристапот до финансирање на МСП, и ги посочува јасно дефинираните долгорочни приоритети што опфаќаат подобрување на конкурентноста преку директна и индиректна поддршка на МСП, како што се кредити, грантови и гаранции. Во продолжение се презентирани поставеноста, опфатот и функционирањето на програмите што ги имплементира Европската комисија, директно наменети за подобрување на пристапот до финансии на МСП во земјите-членки на Европската унија: Рамковната програма за конкурентност и иновативност (CIP), Европскиот фонд за регионален развој (ERDF), Заеднички европски ресурси за микро до средни претпријатија (JEREMIE), Програма за конкурентност на претпријатијата и МСП 2014-2020 (COSME). Во контекст на претпристапните програми, наменети за земјите-кандидати за членство, во трудот е извршена подетална анализа на концептот, финансискиот план, како и досегашната реализација на Инструментот за претпристапна помош (IPA). Кандидатката дава мислење за можностите и перспективите на Република Македонија за користење на европските средства наменети токму за подобрување на финансиското окружување на малите бизниси и со нагласен фокус се осврнува кон проблемите и причините за досегашната недоволна искористеност на овие можности. На крајот на оваа глава е направена подетална елаборација на можностите што се нудат во Република Македонија за финансирање на МСП преку посебни инструменти финансирани од страна на меѓународни финансиски институции. Покрај поединечните активности на меѓународните финансиски институции, во трудот се анализирани и неколку заеднички иницијативи насочени токму кон финансиска поддршка на МСП-секторот, како што се Заедничкиот акциски план за поддршка на банкарските системи и кредитирањето на реалниот сектор во земјите од Централна и Источна Европа (Joint IFI Action Plan), Платформата за МСП за Западен Балкан (Western Balkans SME Platform) и Европскиот фонд за Југоисточна Европа (European Fund for Sout-East Europe – EFSE).

Петтата глава е централниот дел од истражувањето, каде што кандидатката прави детална и сеопфатна презентација на досега преземените мерки и активности од страна на државата во насока на подобрување на пристапот до финансии од страна на малото стопанство, со емпириска анализа на ефектите од презентираните мерки. Тука се разработени и анализирани различните законски решенија од аспект на зголемување на конкуренцијата во банкарскиот сектор и финансискиот систем, потоа реформите во регистрацијата и управувањето со земјиштето и постапката за извршување во контекст на надминување на проблемите со обезбедувањето. Исто така, разгледани се и законските решенија со кои се овозможи формирање на нови институции со кои се подобрува достапноста до информации во Република Македонија. Понатаму, презентирана е интервенцијата од страна на државата на страната на „понудата" на финансиски средства, што опфаќа инструменти за обезбедување на финансиска поддршка за почнување на сопствен бизнис, зголемување на понудата на поволни кредити за МСП, како и развој на алтернативни извори на финансирање. Заради моменталната актуелност и поголемата активност, поголемо внимание е посветено на Македонската банка за поддршка на развојот и новите инструменти и мерки што се реализираат преку оваа Банка. Трудот се заокружува со сопствено истражување на кандидатката што опфаќа подетална анализа на кредитирањето на МСП во Македонија, со цел да се разберат главните мотиви, проблеми и потреби при финансирање на МСП од страна на понудата, т.е. банките. Истражувањето е спроведено преку анкета (прашалник) на репрезентативен примерок на шест банки во Република Македонија. Прашалникот е солидно структуриран и опфаќа три групи на прашања. Првата група на прашања се однесува на основните податоци за кредитирање на секторот на МСП, вклучително дефиниција на МСП, учество на кредити за МСП во вкупното кредитно портфолио, намена на кредитите одобрени на МСП и извори на средства од кои се финансираат кредитите за МСП. Втората група на прашања има за цел да ги утврди потенцијалот и проблемите при кредитирање на МСП во нормални услови и услови на криза. Третата група на прашања се однесува на улогата и интервенциите на државата и нивното влијание. Добиените одговори се добро систематизирани од страна на кандидатката и упатуваат на релевантни заклучоци дека: (1) поголем број од банките користат

сопствени критериуми за класификација на претпријатијата според големина; (2) најголем процент од кредитите одобрени на клиентите на МСП се за обртни средства и тековна ликвидност на претпријатијата, што претставува значајна промена во поглед на намената на кредитите за МСП во последниот период; (3) во најголем процент, банките ги финансираат кредитите за МСП од сопствени извори на средства; (4) банките сметаат дека секторот на МСП е перспективен и имаат добри очекувања од овој пазарен сегмент во иднина; (5) банките се заинтересирани да работат со секторот на МСП поради високиот потенцијал за остварување профит од кредитирањето на МСП, можноста за продажба на други услуги на овие клиенти и поради поврзаноста со нивните големи клиенти; (6) како најзначајни проблеми при кредитирањето на МСП, банките ги издвојуваат недостигот од соодветни и прифатливи кредитни барања и макроекономските фактори; (7) светската економска криза кај банките влијаеше на зголемување на ризикот при кредитирање на МСП поради макроекономската нестабилност, намалувањето на кредитните барања од МСП и влошувањето на кредитното портфолио; (8) банките сметаат дека државата треба да земе активно учество во подобрувањето на условите за кредитирање на МСП, особено во следниве области: законско, институционално и правно окружување, обезбедување на кредитите и зголемување на понудата на кредитни линии; (9) банките сметаат дека најголем позитивен ефект за подобрување на пристапот до финансирање од страна на МСП ќе се оствари преку воспоставување на државен гарантен фонд и воведување на поволни наменски кредитни линии; (10) вклученоста на банките во реализацијата на кредитните линии преку МБПР влијае на зголемување на нивното кредитно портфолио за МСП, на интересот на клиентите на МСП за аплицирање за кредит токму во таа банка и влијае на подобрување на кредитните услови за кредитите за МСП. Оваа анализа, како и анализата на успешните искуства од другите земји во регионот, претставува основа од која произлегуваат крајните заклучоци и препораки од овој труд.

Во *заклучните согледувања,* кандидатката ги сумира резултатите од целокупното истражување и дава конкретни препораки, систематизирани во неколку групи:

- подобрување на состојбите во банкарскиот сектор;

- развој на алтернативни форми на финансирање;
- поголема искористеност на средствата од програмите на ЕУ и од меѓународните кредитни линии, наменети за МСП;
- подобрување на информацискатa инфраструктура;
- унапредување и зголемување на понудата на поволни кредитни линии;
- мерки за надминување на проблемот со обезбедувањето кредити.

Оцена на докторската дисертација и предлог

Врз основа на читањето на дисертацијата, Комисијата ги дава следниве оцени:

- Докторската дисертацијата на тема **„Пристапот до финансирање на малите и средните претпријатија: улогата и интервенциите на државата"** обработува суштествено прашање кое го потенцира значењето на секторот на малите и средните претпријатија како важен двигател на економската активност во секоја земја. Врз основа на анализата на проблемите и можностите на различните форми на финансирање, посебен осврт во дисертацијата е направен на потребата од интервенција од страна на државата во функција на подобрување на пристапот до финансиите во Република Македонија.
- Кандидатката го обработила трудот методолошки коректно и содржински целосно успеала да ги опфати релевантните прашања од оваа област.
- Темата е обработена на концизен начин, при што кандидатката користела релевантна домашна и странска литература. Тоа и овозможило да дојде до релевантни заклучоци и ставови за обработената тема.
- Презентираната структура на докторската дисертација ја остварува својата основна цел, а тоа е врз основа на констатациите добиени при детална анализа на состојбите и можностите за **пристап до финансирање на малите и средните претпријатија и улогата и интервенциите на државата во Република Македонија**, да даде сет на препораки кои се однесуваат на подобрувањето на состојбите во банкарскиот сектор, развојот на алтернативни форми на финансирање, поголемата

искористеност на средствата од програмите на ЕУ и од меѓународните кредитни линии наменети за МСП, подобрувањето на информацискатa инфраструктура, унапредувањето и зголемувањето на понудата на поволни кредитни линии, како и мерките за надминување на проблемите при обезбедувањето кредити.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата заклучува дека поднесената дисертација наполно ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација на тема **„Пристапот до финансирање на малите и средните претпријатија: улогата и интервенциите на државата”**;
2. да и одобри на кандидатката м-р Ефимија Димовска јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 11.7.2013 година

Комисија за оцена и одбрана

_____

Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.

_____

Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.

_____

Проф. д-р Сашо Арсов, с.р.

_____

Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.

_____

Проф. д-р Горан Петревски, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„СОЦИО-ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА НЕВРАБОТЕНОСТА И ПОЛИТИКИТЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АЛЕКСАНДРА ЛОЗАНОСКА,
ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од м-р Александра Лозаноска со наслов **„Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија“**, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 91. седница одржана на 28.3.2013 година, донесе одлука бр. 02-605/2 од 1.4.2013 за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Верица Јанеска
2. д-р Елка Димитриева
3. д-р Дејан Пендев
4. д-р Силвана Мојсовска
5. д-р Билјана Ангелова.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Општи согледувања

Докторската дисертација **„Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија“**, од м-р Александра Лозаноска, обработува исклучително актуелна и значајна проблематика. Мошне високата отворена невработеност е еден од најсериозните економски и социјални проблеми со кој денес се соочува Република Македонија. Станува збор за долгорочен проблем, бидејќи невработеноста се регистрира и континуиран пораст бележи од педесеттите години на минатиот век, а во периодот по 1990 година се интензивираше и достигна мошне големи размери. Во однос на невработеноста во претранзициониот период се применуваа првенствено административни мерки кои придонесуваа само за ублажување, но не и за решавање на проблемот. Во периодот на транзиција, проблемот на невработеноста, исто така, не беше соодветно третиран, а длабоките општествени и економски промени дополнително го усложниј а. Појдовна основа на истражувањето во оваа докторска дисертација е дека согледувањето на сите

релевантни социо-економски аспекти на невработеноста, како и проблемите на функционирањето на пазарот на работна сила, се основни претпоставки за формулирање на соодветна и конзистентна политика на вработување и политика на пазарот на работна сила во Република Македонија.

Со истражувањето во трудот утврдена е генезата на постојната голема невработеност, направена е апроксимација на обемот на вработеноста и невработеноста, кои се посматраат во поширок контекст вклучувајќи ги промените во демографските резерви на работната сила, согледани се нивните структурни карактеристики врз база на продлабочена анализа на сите расположливи извори на податоци. Притоа, кандидатката констатира дека и покрај сите заложби на државата за справување со проблемот и за идентификување на реалните димензии на неангажираната работна сила, невработеноста во земјата останува мошне голема, а нејзините последици и импликации се манифестираат во повеќе домени на демографскиот, економскиот и социјалниот развој. Проучувањето на клучните детерминанти, како и особеностите на преземените мерки и активности во последната деценија, првенствено во областа на пазарот на трудот, покажува дека тие не придонесоа за позначително намалување на невработеноста. Резултатите од истражувањето потврдуваат дека ваквата состојба е условена од неконзистентниот пристап при решавањето на овој мошне сериозен проблем, посебно отсуството на политика на вработување со јасно определени подрачја на дејствување и координирани мерки и активности помеѓу нив. Во таа насока, кандидатката го заокружува трудот со препораки за клучните подрачја на политиката на вработување и мерките и активностите на политиката на пазарот на работна сила во Република Македонија во насока на намалување на невработеноста.

II. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација **„Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија“**, поднесена од м-р Александра Лозаноска, содржи вкупно 355 страници. Дисертацијата се состои од вовед, осум поглавја, заклучок, прилози и користена литература. При истражувањето се користени голем број на релевантни библиографски единици од домашни и странски извори, како и извештаи од повеќе домашни институции и меѓународни организации.

Во ***воведот*** на докторската дисертација елаборирани се актуелноста и значењето на проучуваната проблематика, претставени се работната хипотеза, предметот, општата и посебните цели на истражувањето, кратка содржина на осумте поглавја во кои е систематизирано истражувањето. Освен тоа, во воведниот дел се поместени методолошките аспекти на истражувањето во однос на користените научни методи и расположливите извори на податоци за проучување на економската структура на населението и идентификување на реалниот обем на вработеноста и невработеноста.

Во првата глава, ***Теоретски аспекти на работната сила и политиките на вработување,*** најпрво се обработуваат одредниците на работната сила, потоа дефинициите и видовите на вработеноста и невработеноста, како и основните причини за невработеноста и недоволната вработеност. Предмет на одделна анализа се и современите теоретски расправи за функционирањето на пазарот на трудот. Посебно внимание во овој дел на дисертацијата се посветува на целите и приодите на политиките на вработување и политиките на пазарот на труд. Притоа, подетално е претставен еден концепт на макроекономска рамка и на институционални предуслови за дејствување на политиката на вработување, како и институционална рамка, подрачја и инструменти на дејствување на политиката на пазарот на работна сила.

Втората глава, ***Особености на пазарот на работна сила во земјите на Европската унија и земјите во транзиција,*** се обработуваат релевантни аспекти на промените во вработеноста и невработеноста, како и особеностите на политиките на вработување и политиките на пазарот на трудот. Со оглед на хетерогеноста на земјите во транзиција во поглед на нивниот статус во евроинтеграцискиот процес, тие се поделени во три групи: постојни земји-членки на ЕУ, земји-кандидати или потенцијални кандидати и источноевропски партнерски земји.

Вработеноста и невработеноста во Република Македонија во претранзициониот период се анализираат во третото поглавје. Со проучувањето се опфатени не само промените во обемот и динамиката, туку и во структурните карактеристики на економски активното население, вработените и невработените лица во периодот 1952-1989 година. Истражувањето во овој дел од докторската дисертација е заокружено со осврт на функционирањето на пазарот на трудот и политиките, мерките и активностите кои биле преземени за ублажување на проблемот на невработеноста.

Во четвртото поглавје се опфатени особеностите на ***Вработеноста и невработеноста во Република Македонија во периодот на транзиција.*** Обемот и динамиката, како и структурните белези на вработеноста и невработеноста се проучуваат врз база на сите расположливи извори на податоци. Ваквиот пристап е условен од потребата да се утврдат реалните димензии и интензитетот на невработеноста и да се осознае нејзиниот карактер, како битна претпоставка за конципирање на соодветни политики на вработување и политики на пазарот на трудот. Проучувањето во овој дел од докторската дисертација е заокружено со анализа на функционирањето на пазарот на работна сила во периодот на транзиција.

Петтото поглавје е насловено ***Демографските и социо-економските детерминанти на невработеноста во Република Македонија.*** Демографските чинители се проучуваат преку порастот на вкупното население во последните две децении, условени од промените во природното и механичкото движење на населението, и особеностите на старосно-половите контингенти на населението. Социо-економските причини на невработеноста се посматраат преку

влијанието на општествената и сопственичката трансформација, динамиката на економскиот развој, структурните карактеристики на македонската економија и инструментите на делување на политиката на пазарот на работна сила.

Шестото поглавје е насловено ***Последиците и импликациите од невработеноста во Република Македонија.*** Повеќедеценискатa мошне голема невработеност во Република Македонија услови бројни директни и индиректни последици кои се манифестираа во повеќе домени, преку повеќе или помалку нагласени краткорочни и долгорочни ефекти. Во истражувањето кандидатката го задржува вниманието на влијанието на невработеноста врз економскиот развој и растежот, потоа социјалната исклученост и порастот на сиромаштијата, како и развојот на населението.

Политиката на вработување и политиката на пазарот на работна сила во Република Македонија во последните две децении се анализираат во седмата глава на докторската дисертација. Притоа, направен е осврт на двете усвоени национални стратегии за вработување (до 2010 и до 2015 година) и на трите акциони плана за операционализација на предвидените мерки и активности. Во овој дел од дисертацијата кандидатката се осврнува и на досега реализираните активни и пасивни мерки во рамките на годишните оперативни планови за вработување.

Во осмата глава, ***Можностите за намалување на невработеноста во Република Македонија,*** се поместени размислите на кандидатката во однос на подрачјата на дејствување, мерките и активностите кои би можеле да придонесат за ублажување на овој сериозен проблем и предизвиците со кои ќе се соочува земјата во оваа област во иднина. За таа цел, идентификувани се макроекономските претпоставки и секторите на дејствување на економската политика, на кои ќе треба да се посвети посебно внимание во иднина. Што се однесува до мерките и активностите на пазарот на трудот претставени се предлози во однос на три релевантни аспекти, односно подрачјата на дејствување, целните групи и дополнителните политики и мерки на пазарот на трудот.

Во ***заклучокот*** се сублимирани согледувањата кои произлегуваат од истражувањето во докторската дисертација и идентификувани се значајните подрачја на дејствување и мерките кои е потребно да се преземат за намалување на невработеноста.

III. Оцена на резултатите од истражувањето

Од резултатите на истражувањето во докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Лозаноска, произлегоа значајни согледувања, заклучоци и предлози. Вниманието го задржуваме на некои од нив.

Теоретската опсервација на релевантните аспекти на работната сила претставува солидна основа за правилно утврдување на клучните категории, показателите и карактерот на невработеноста во емпириското дел од истражувањето. Притоа, посебно внимание се посветува на демографските и

социо-економските одредници на работната сила, како и на современите теоретски расправи во однос на недоволната вработеност и Хистереза-ефектите. Во поглед на политиката на вработување и на политиката на пазарот на трудот, кандидатката се определува за осврт на еден сеопфатен и конзистентен пристап, кој е соодветен на состојбите и предизвиците со кои се соочуваат земјите во транзиција. Станува збор за макроекономска рамка на политика на вработување која ја соочинуваат микс на одделни секторски политики (финансиска и монетарна политика, политика на девизен курс, политика на плати, надворешнотрговска политика, индустриска и аграрна политика, регионална политика, политика на МСП, образовна и социјална политика), чии усогласени цели и насоки неспорно би резултирале со пораст на вработеноста. Согласно со овој пристап, политиката на пазарот на трудот е подмножество на политиката на вработување, а се однесува на активните и пасивните политики и законската регулатива.

Проучувањето на особеностите на пазарот на работна сила во земјите на Европската унија и земјите во транзиција дава интересни сознанија, при што особено инструктивни се оние во однос на политиките на вработување. Имено, по кризата од 2008 година во ЕУ беа усвоени привремени мерки за борба со структурната невработеност насочени кон поддршка на агрегатната побарувачка на пазарот на труд, односно за поттикнување на вработеноста, и за намалување на социјалните тензии. Во 2010 година, кога земјите-членки на ЕУ забележаа економски раст, привремените мерки беа прекинати за да започнат долгорочни структурни реформи, за поттикнување на економскиот развој и на потенцијалот за вработување. Проучувањето на земјите во транзиција, пак, покажа дека загубите на работните места во периодот на транзиција во најголем дел се трансформираа во отворена невработеност, а останатиот дел во формална економска неактивност. Тоа услови промена и на карактерот на невработеноста, од транзициона во структурна невработеност. Што се однесува на политиките за намалување на невработеноста, сите земји во транзиција настојуваа да воспостават законска и институционална рамка за имплементација на пасивни, како и на активни политики на пазарот на работна сила кои, сепак, имаа лимитиран успех. Со истражувањето во овој дел од дисертацијата, кандидатката ја потврдува исправноста на нејзината теза во однос на пристапот при утврдувањето на политиките за намалување на невработеноста.

Со проучувањето на особеностите на вработеноста и невработеноста во периодот пред 1990 година, како и нивната условеност од демографскиот и социо-економскиот развој, утврдени се причините за голема невработеност со која Република Македонија влезе во процесот на општествена и економска трансформација. Врз основа на анализа на расположливите податоци и документи, но и со опсервација на научните расправи во оваа област, кандидатката доаѓа до сознание дека резервите на работна сила кои се создадоа во овој период беа значајна детерминанта за брзиот пораст на невработеноста по 1990 година. Имено, периодот на транзиција Македонија го започна со 150000

невработени, уште толку прекуброjно вработени и мошне голем број на активни во земјоделството. Проучувањето на кандидатката покажува дека големите резерви на работна сила, меѓу другото, беа резултат на несоодветните политики и мерки за намалување на големата невработеност, посебно масовните вработувања (со т.н. акции за вработување), кои неповолно влијаеја врз продуктивноста на претпријатијата и развојот на земјата.

Особеностите на вработеноста и невработеноста во Република Македонија во периодот на транзиција се проучуваат во поширок контекст. Анализата на промените кај работоспособното, активното и неактивното население упатуваат на повеќе релевантни заклучоци: континуирано се намалува демографската рамка за формирање на понудата на работната сила; степенот на искористеност на работоспособното население се движи околу 59% до 64%, што значи дека повеќе од една третина од работоспособното население е надвор од економска активност;структурните белези на неактивното работоспособно население укажуваат на поголема застапеност на жените, пораст на бројот на неактивното младо (15-24) и помладо средовечно население (25-40 години), доминантно учество на неактивното население со ниско ниво на образование и тренд на пораст на неактивните лица со средно и високо ниво на образование. Оттаму, кандидатката со право сугерира при конципирањето на политиката на вработување посебно внимание треба да се посвети на обемот и структурата на неактивното население.

Промените и постојните состојби во обемот на вработеноста се посматраат преку шест извори на податоци. Врз основа на нивната опсежна анализа кандидатката ги изнесува следниве констатации: во периодот 1990-2011 година, бројот на вработените растеше со мал интензитет, а стапките на вработеност и покрај трендот на пораст останаа на релативно ниско ниво; промените во структурата на вработените според демографски и образовни белези покажува дека стапките на вработеност на жените останаа значително пониски од оние на мажите, дека се зголемува вработеноста на помладите лица (25-39 години), и на вработените лица со средно и високо образование. Проучувањето на невработеноста, пак, направено врз база на три извори на податоци, исто така, упатува на повеќе релевантни сознанија: огромен пораст на бројот на невработените и стапките на невработеност, особено по 1997 година, а нивно континуирано намалување од 2006 година; промени во структурните белези на невработените изразени во намалување на стапките на невработеност на жените и на младите (15-24), пораст на невработеноста на лицата со високо образование (за околу три пати во периодот 2000-2011); мошне големо учество на лицата кои чекаат за вработување подолго од 4 години. Врз основа на сите расположливи извори на податоци, кандидатката невработеноста ја апроксимира на околу 250000 лица. Во однос на бројот на вработените, пак, оценува дека оној на формално вработените се движи околу 500000 лица, а тој во неформалниот сектор го проценува на околу 150-200000 лица, од кои 120-140000 активни лица во земјоделството.

Во дисертацијата посебно внимание е посветено на проучувањето на причините за порастот и постојната голема невработеност. Во однос на демографските детерминанти на невработеноста, кандидатката укажува на нивното намалено влијание поради релативно помалиот пораст на работоспособното население во споредба со претранзициониот период. Што се однесува до социо-економските причини за големиот пораст на невработеноста во последните две децении, тој во голема мера е условен од општествената и сопственичката трансформација на економијата, која имаше долготрајни и мултипликативни ефекти, потоа неповолните економски движења, како и промените во структурните карактеристики на македонската економија. Примената на методот на повеќекратна праволиниска регресија и корелација покажува дека постои релативно висока детерминираност на стапката на невработеност и на реалниот пораст на БДП, а со значително влијание се издвојуваат и нефлексибилноста на пазарот на трудот и структурната невработеност. Во овој контекст, кандидатката се осврнува и на прашањето на раст без отворање на нови работни места (т.н. jobless growth).

Последиците и импликациите од големата и долготрајна невработеност кандидатката ги оценува како многубројни и мошне сложени. Според неа долготрајната неактивност на значителен дел од работната сила претставува голема загуба на човечки капитал со негативни импликации врз развојот на земјата. Проучувањето укажува и на последиците врз животниот стандард, односно големиот пораст на стапката на сиромаштија на невработените (која од 2004-2011 година се движи околу 40%), потоа зголемувањето на длабочината на сиромаштијата, како и социјалната исклученост на невработените. За демографските последици од големата невработеност кандидатката констатира дека тие се манифестираат во одложено формирање на семејства, а со тоа и намалување на наталитетот, како и интензивирање на емиграцијата во странство, посебно на интелектуалната емиграција која во последната деценија поприми мошне големи размери. Врз основа на добиените сознанија за причинско-последичната условеност, кандидатката заклучува дека невработеноста во Македонија може да се окарактеризира како развојно-структурна.

Врз основа на опсежното проучување на постојните состојби со вработеноста и невработеноста, како и на досегашните политики, мерки и активности во оваа област и евалуацијата на нивните ефекти, м-р Александра Лозаноска ги идентификува подрачјата на кои треба да се посвети поголемо внимание во иднина. Како клучни претпоставки за намалување на невработеноста ги издвојува креирањето на нови работни места и насоченоста и координирањето на активностите на секторските политики за поттикнување на вработувањето. Освен тоа, кандидатката дава свое видување и во однос на предизвиците со кои ќе се соочува земјата во иднина, особено во однос на профилираноста и квалитетот на образованието на расположливата работна сила.

IV. Заклучок и предлог

Комисијата оцени дека докторската дисертација од м-р Александра Лозаноска со наслов **„Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија“**, претставува солидно изработен труд во кој преку сеопфатна елаборација на релевантни теоретски аспекти и искуства на земјите на ЕУ27 и земјите во транзиција, како и длабинска опсервација на особеностите и социо-економските аспекти на невработеноста во Република Македонија, се потврдува поставената хипотеза на истражувањето, дека нивното осознавање е битна претпоставка за конципирање на соодветна политика на вработување.

Од методолошки аспект, кандидатката користела повеќе научни методи и релевантни статистички техники, со кои успеала да го реши проблемот на неконзистентноста на расположливата информациона основа за проучување на социо-економските аспекти на невработеноста во земјата. Општа е оцената дека кандидатката целосно ги остварила поставените цели и успешно се справила со предизвиците во текот на истражувањето, нудејќи аргументирани заклучоци и ставови за обработената тема. Особена вредност на трудот му даваат определбата за еден поинаков приод во однос на решавањето на проблемот на невработеноста, како и идентификуваните подрачја на дејствување и идните предизвици.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата заклучува дека м-р Александра Лозаноска изработила комплексен и сериозен труд кој во целост ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за докторската дисертација под наслов **„Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија“;**
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. на кандидатката м-р Александра Лозаноска да ѝ одобри јавна одбрана на докторската дисертација.

9.7.2013 година,
Скопје

Комисија за оцена

1. Д-р Верица Јанеска с.р.
2. Д-р Елка Димитриева с.р.
3. Д-р Дејан Пендев с.р.
4. Д-р Силвана Мојсовска с.р.
5. Д-р Билјана Ангелова с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА МЕНАЏИРАЊЕ СО КРЕДИТНИТЕ РИЗИЦИ КАКО ГЕНЕРАТОРИ ЗА ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ" ОД М-Р АЛЕКСАНДАР ДЕЈАНОВСКИ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 45 од Правилникот за заедничките основи, општите услови и постапката за организирање постдипломски студии и стекнување докторат на науки, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Александар Дејановски, под наслов МЕНАЏИРАЊЕ СО КРЕДИТНИТЕ РИЗИЦИ КАКО ГЕНЕРАТОРИ ЗА ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 92 седница, одржана на 25. 4. 2013 година, со одлука бр. 02-973/1 од 8.5.2013, не' именува за членови на Комисијата за оцена и одбрана на дисертацијата.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата, до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатот м-р Александар Дејановски, МЕНАЏИРАЊЕ СО КРЕДИТНИТЕ РИЗИЦИ КАКО ГЕНЕРАТОРИ ЗА ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ, обработува многу комплексна, современа и актуелна проблематика од областа на меѓународните финансии.

Основна цел на дисертацијата е преку анализирање на современиот теоретски, но и практичен финансиски инструментариум, да се оценат влијанието и ефектите од неефикасното менаџирање со кредитните ризици врз генезата на глобалните финансиски и економски кризи.. Имено, нема дилема дека стабилноста на финансискиот систем претставува основен предуслов за ефикасно функционирање на државата и обезбедување на долгорочен раст и развој на земјата. Наспроти тоа, последните неколку години, сведоци сме на настанување на многу финансиски нарушувања, односно финансиски кризи, како од локален, така и од глобален карактер, кои имаат катастрофални последици врз економската и социјалната сфера, како во државата, така и на глобално ниво.

Финансиските кризи, без разлика дали станува збор за национални, регионални или, пак, глобални, настануваат како резултат на дејство на повеќе финансиски, економски и неекономски причини, кои настануваат релативно брзо и претставуваат одреден шок за финасискиот систем. Шоковите вообичаено се интензивни, неантиципирани и со висока амплитуда, и како такви предизвикаат нарушувања во финансискиот систем. Најчести причинители на финасиските кризи, доаѓаат токму од банкарскиот сектор и се резултат на неефикасното менаџирање со овие институции и прекумерното преземање на ризици.

Имајќи го предвид тоа, докторската дисертација ги детално ги разработува или истражува глобалните финансиските кризи и менаџирањето со кредитните ризици, од страна на финансискиот и јавниот сектор. Во истражувањето, анализирани се светската финансиска криза од 2008 година, како и европската должничка криза од 2011 година, како актуелни глобални кризи, но и процесот на менаџирање со кредитните ризици, како од страна на банките, така и од страна на државите во Еврозоната и во Република Македонија. Иако истражувањето е фокусирано најмногу врз финансиските кризи, сепак во значајна мера се анализираат и економските кризи, поради поврзаноста на овие две макроекономски појави.

Истражувањето треба да даде соодветни препораки на креаторите на макроекономските политики во државите, за преземање на соодветни мерки, како за превенција, така и за соочување со финансиските и економските кризи, но и препораки за монетарните и регулаторните власти за поефикасно функционирање на финансискиот сектор, анулирајќи ги сите можни ризици, со цел да се спречат можните финансиски нарушувања.

Во текот на изработката на дисертацијата користена е современа домашна и странска литература, како и интернет-страници поврзани со соодветните аспекти на предметното истражување. При изработката на трудот, користена е соодветна методологија заснована на повеќе научни методи, согласно со природата на истражувањето и понудени се релевантни аргументи за докажување на поставената хипотеза и исполнување на поставените цели на истражувањето.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов МЕНАЏИРАЊЕ СО КРЕДИТНИТЕ РИЗИЦИ КАКО ГЕНЕРАТОРИ ЗА ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ, поднесена од кандидатот м-р Александар Дејановски, има 375 страници. Основниот текст на дисертацијата се состои од вовед, пет глави, односно тематски целини, кои се конципирани на начин, за успешно дадат одговор на работната хипотеза и заклучни согледувања, а користената литература содржи 4 страници со 133 библиографски единици.

Во првиот дел под наслов „Кредитни ризици“, кандидатот теоретски ги разработува улогата и значењето на кредитните ризици во економијата, како од микро, така и од макроаспект. Така, анализата ја започнува со изворите на неизвесности во економијата,

поимот, изворите и класификацијата на ризиците, основите на кредитната политика кај комерцијалните банки, инвестиционото банкарство како предизвик, па потоа, истражувањето е фокусирано кон анализа на кредитните ризици и ризикот на земјата, со цел да се добијат основни сознанија за значењето на овој тип на ризик, при креација на финансиските нарушувања. Првиот дел завршува со разработка на кредитното рангирање и финансиските иновации како нов тренд на светските финансии.

Вториот дел од докторската дисертација под наслов „Менаџирање со кредитните ризици", е фокусиран кон истражување на улогата и значењето на менаџирањето со кредитните ризици во економијата, при што најпрво се обработени основните елементи на менаџирањето, како процес, со цел анализата да биде покомплетна. Во рамките на ова поглавје е извршена квалитативна и квантитативна анализа на случај во менаџирање со ризици во конкретна финансиска институција, како и менаџирање на ризици од страна на земјите во Еврозоната (приватен и јавен сектор). Истражувањето во овој дел претставува појдовна основа за докажувањето на работната хипотеза.

Во третиот дел од докторската дисертација насловен како: „Финансиски кризи", кандидатот се фокусирал кон истражување на феноменологијата, значењето и анализата на финансиските и економските кризи. Во рамките на оваа тема, со користење на причинско – последична и емпириска анализа, истражени се двете најголеми глобални кризи, односно, Глобалната депресија од 1929 година и Светската финансиска криза од 2008 година, со цел да се добијат сознананија за нивните основни причинители, но и да се препорачат одредени макроекономски решенија.

„Менаџирањето со кредитните ризици како генератор на финансиските кризи", е четвртото поглавје кое дава одговор на работната хипотеза, односно ги презентира каналите преку кои неефикасното менаџирање со кредитните ризици, може да генерира одредена глобална финансиска криза. Со цел да се добијат поконкретни одговори, извршено е истражување на актуелната европска должничка криза од 2010 година, анализирајќи ги причините, ефектите и последиците од неа, врз европскиот монетарен систем, како и идните правци и предизвици кои стојат пред ЕУ. Како финансиската криза може да генерира должничка и валутна криза, во оваа глава кандидатот илустрира преку примерот на источноевропските земји, едновремено согледувајќи ја улогата на неефикасното менаџирање со јавниот долг како општ европски проблем.

Во петтото поглавје, со наслов: „Менаџирање со кредитните ризици во РМ", е спроведено емпириско истражување за македонскиот финансиски систем, со цел да се добие претстава за стабилноста на системот и можноста за генерирање на финансиски и економски кризи. Во рамките на ова истражување, кандидатот дава одговор за отпорноста на македонскиот финансиски систем (банките и другите приватни финансиски институции и јавниот сектор) на екстерните и интерните финансиски потреси, анализирајќи ги притоа ефектите од светската финансиска и европската должничка криза врз македонската економија. Оваа глава завршува

со анализа на тековните стабилизирачки мерки и политки, но и со препораки за нивна корекција до креаторите на македонските макроекономски политики.

Во заклучните согледувања се сумирани главните сознанија од истражувањето на докторската дисертација, со нагласка дека е голема улогата на менаџирањето на кредитните ризици врз генерирањето на глобалните финансиски кризи, при што регулаторите треба поголемо внимание да обрнат врз механизмите за управување со нив, од страна на банките и државите, фокусирајќи се притоа на нивото на капиталот и резервите на кредиторите, што всушност и се случи со донесување на спогодбата БАЗЕЛ 3. Сепак, стабилноста на финансискиот систем се коси со принципите на профитабилост и рентабилност, што пак генерира дополнителни проблеми и несогласувања помеѓу менаџерите и сопствениците, несогласувања, кои можат во крајна линија да генерираат и финансиска криза. Иако можноста за генерирање на финансиски кризи е поголема, кај земји кои имаат повиска финансиска интермедијација и повисоко учество на кредитите во депозитната база, сепак и останатите земји треба да обрнат вниманите на управувањето со кредитните ризици, поради осетливоста и лесното губење на доверба на финансиските посредници, односно финансискиот систем. Во таа насока, ова е предизвик и за македонските финансиски власти, кои будно треба да ги менаџираат состојбите во земјата.

ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Дејановски со наслов МЕНАЏИРАЊЕ СО КРЕДИТНИТЕ РИЗИЦИ КАКО ГЕНЕРАТОРИ ЗА ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ и сметаат дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа на монетарните финансии.

Членовите на Комисијата ценат дека докторската дисертацијата претставува концепциски заокружен и емпириски приказ на валидноста на политиките за девизниот курс на македонскиот денар. Во таа насока можат да се оценат како оправдани и корисни сугестиите на кандидатот за соодветни промени во сите процеси при менаџирањето со кредитните ризици на сите нивоа.

Членовите на Комисијата оценуваат дека кандидатот м-р Александар Дејановски, во докторската дисертација МЕНАЏИРАЊЕ СО КРЕДИТНИТЕ РИЗИЦИ КАКО ГЕНЕРАТОРИ ЗА ГЛОБАЛНИТЕ ФИНАНСИСКИ КРИЗИ, успеа да одговори на целите и на прашањата што беа поставени при дефинирањето на предметот на истражување.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена на докторската дисертација;

2. на кандидатот м-р Александар Дејановски да му дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 22 мај 2013 година

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

1._____

/Д-р Снежана Костадиноска Милошеска/ с. р.

2._____

/ Д-р Томе Неновски / с. р.

3._____

/ Д-р Климентина Попоска/ с. р.

4._____

/Д-р Биљана Ангелова / с. р.

5._____

/Д-р Диана Бошковска / с. р.

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Ментор*
1.	Бобан Талевски	"Претприемнички стратегии за развој на МСП во градежниот сектор, со осврт на пазарот на недвижности"	д-р Васил Поповски
2.	Борјана Стојкова	"Тешкотии за регулирање на меѓународното банкарство и насоки за негово унапредување"	д-р Климентина Попоска
3.	Даниел Јосифовски	"Влијание на политиките за подобрување на деловната клима и привлекување на странски директни инвестиции врз надворешната трговија на Република Македонија"	д-р Силвана Мојсовска
4.	Лидија Марков	"Финансиски аспекти на регионалната политика на ЕУ и компаративни согледувања во Република Македонија"	д-р Биљана Ангелова
5.	Габриела Михајлова	"Значењето на развојот на пазарите на корпоративни обврзници, со осврт на економиите во подем"	д-р Верица Јанеска
6.	Тони Михајловски	"Системи за мерење и управување со кредитниот ризик во банките"	д-р Климентина Попоска
7.	Бесим Небиу	"Лисабонскиот договор во функција на продлабочување на економското и политичкото интегрирање на ЕУ"	д-р Силвана Мојсовска
8.	Розалинда Стојова	"Влијанието на проектните методологии за управување со проекти врз успешноста на проектите за развој на софтвер во јавните институции во Република Македонија"	д-р Биљана Ангелова
9.	Јулијана Соколова	"Анализа на финансиските извештаи во функција на управување со трговските друштва"	д-р Биљана Ангелова
10.	Емилија Саздова-Руменова	"Финансиска анализа на компаниите во функција на управувањето со кредитниот ризик"	д-р Биљана Ангелова
11.	Валентина Трпчевска	"Улогата и влијанието на бизнис стратегијата врз развојот на бизнис планот"	д-р Биљана Ангелова
12.	Тина Анастасова	"Маркетинг стратегии на познати кафе брендови и можности за нивна примена на македонскиот пазар"	д-р Татјана Петковска-Мирчевска
13.	Александар Мирковски	"Извори на финансирање на семејните бизниси во Република Македонија"	д-р Снежана Костадиноска-Милошеска
14.	Иван Чепреганов	"Улогата и влијанието на	д-р Биљана Ангелова

П Р Е Г Л Е Д

на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 27.06.2013 година.

Кандидат	Тема	Комисија
Зенафер Бајмак, магистер на математички науки	„СЕЛЕКЦИИ НА ПОВЕЌЕЗНАЧНИ ПРЕСЛИКУВАЊА “	- д-р Веско Валов, редовен професор на Универзитетот во Ниписинг, Канада; - д-р Билјана Крстеска, редовен професор на ПМФ – Скопје и - д-р Ѓорѓи Маркоски, доцент на ПМФ – Скопје.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 27.06.2013 година.

Кандидат	Тема	Ментор
Елена Јовановска, дипломиран професор по биологија	„КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА РОДОТ DIPLONEIS (EHRENBERG) CLEVE ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО (МАКЕДОНИЈА) И ЕЗЕРОТО ХОВСГОЛ (МОНГОЛИЈА) “	- д-р Златко Левков, вонреден професор на ПМФ – Скопје.
Маја Димитровска, дипломиран инженер по биологија	„ВЛИЈАНИЕ НА ТОПЛОТНИОТ СТРЕС И АСПИРИНОТ ВРЗ ОКСИДАТИВНИОТ СТАТУС И НИВОТО НА HSP 70 ВО ПАНКРЕАС КАЈ ДИЈАБЕТИЧНИ ЖИВОТНИ“	- д-р Биљана Миова, доцент на ПМФ – Скопје.
Наташа Чипановска, дипломиран инженер по биологија	„ЈАГЛЕХИДРАТЕН МЕТАБОЛИЗАМ И ОКСИДАТИВЕН СТАТУС ВО БУБРЕГ КАЈ ДИЈАБЕТИЧНИ ЖИВОТНИ ВО УСЛОВИ НА ТОПЛОТЕН СТРЕС И ТРЕТМАН СО АСПИРИН“	- д-р Сузана Диневска - Ќовкаровска, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Анита Диневска-Геговска, дипломиран фармацевт	„ПРОДУКЦИЈА НА СЕКУНДАРНИ МЕТАБОЛИТИ И АНТИОКСИДАНТЕН КАПАЦИТЕТ КАЈ НЕКОИ ВИДОВИ ОД ФАМИЛИЈАТА BRASSICACEAE“	- д-р Соња Гаџовска-Симиќ, вонреден професор на ПМФ – Скопје.
Методиј Богоевски, дипломиран професор по географија	„ПРОЦЕСОТ НА ДЕМОГРАФСКО СТАРЕЕЊЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН“	- д-р Мирјанка Маџевиќ, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Ивица Костадиновски, професор по математика-физика во основното образование	„ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТИПОТ НА ОРУЖЈЕТО ПРИ ФОРЕНЗИЧКА АНАЛИЗА НА ЗВУЦИ ОД ИСТРЕЛИ ОД ОГНЕНО ОРУЖЈЕ“	- д-р Зоран Ивановски, вонреден професор на ФЕИТ - Скопје.
Наташа Јосифовска, дипломиран инженер по хемија,	„БИОХЕМИСКА И ИМУНОЛОШКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА КЛЕТКИ ДОБИЕНИ ОД НЕОВАСКУЛАРНИ МЕМБРАНИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ПРОЛИФЕРАТИВНА ДИЈАБЕТСКА РЕТИНОПАТИЈА“	- д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје.

Наталија Томова, дипломиран инженер по хемија	„ПРИМЕНА НА НЕКОИ ХЕМОМЕТРИСКИ МЕТОДИ ПРИ АНАЛИЗА НА ЕЛЕКТРОФОРЕГРАМИ КАЈ РАЗЛИЧНИ НЕВРОЛОШКИ ЗАБОЛУВАЊА“	- д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје, а за коментор д-р Игор Кузмановски, вонреден професор на ПМФ – Скопје.
Татјана Мицевска, дипломиран инженер по хемија	„РАЗРАБОТКА НА МОДЕЛ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОКТАНСКИ БРОЈ НА БЕНЗИНИ ПРЕКУ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ДЕСКРИПТОРИ“	- д-р Јане Богданов, доцент на ПМФ – Скопје.
Тања Атанаскова, дипломиран инженер по хемија	„ЕЛЕКТРОХЕМИСКА СТУДИЈА НА ЦИТОХРОМ С СО ПОВРШИНСКИ МОДИФИЦИРАНИ ЕЛЕКТРОДИ“	- д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Елена Ангеловска, дипломиран инженер по хемија	„ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ НА РАЗЛОЖУВАЊЕ НА ТРАНСТИРЕТИНОТ ПОД ДЕЈСТВО НА МИКРОБРАНОВИ СО ПОМОШ НА МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА“	- д-р Киро Стојаноски, редовен професор на Институтот за хемија при Факултетот, а за коментор д-р Олгица Тренчевска, насловен доцент на Институтот за хемија при Факултетот
Антонио Бужаревски, дипломиран инженер по хемија	„СИНТЕЗА И СТРУКТУРНА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА НОВИ БЕНЗАМИДОМЕТИЛ ДЕРИВАТИ НА МЕТАНСУЛФОНАМИДОТ СО ПОТЕНЦИЈАЛНА БИОЛОШКА АКТИВНОСТ“	- д-р Емил Поповски, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Билјана Митрова, дипломиран инженер по хемија	„ЕЛЕКТРОХЕМИСКА СТУДИЈА НА ГЛУКОЗА ОКСИДАЗА СО ПОВРШИНСКИ МОДИФИЦИРАНИ ЕЛЕКТРОДИ“	- д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Каролина Русевска, дипломиран инженер по биологија,	„РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ЕГЗОГЕНИ СУПСТАНЦИ ВО КОСА СО ГАСНО-МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА“	- д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Светлана Ангеловска, дипломиран инженер по хемија	„ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ПОЧВАТА И ВОЗДУХОТ ВО КРИВА ПАЛАНКА И НЕЈЗИНАТА ОКОЛИНА“	- д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ – Скопје.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА ИНФОРМАТИКАТА ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 02-965/2 на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје од седницата одржана на 4.7.2013 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања по теориски основи на информатиката на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. На конкурсот објавен на 26.6.2013 во весниците "Нова Македонија" и "Журнал", се пријави кандидатката д-р Весна Димитриевска Ристовска, асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Врз основа на доставениот конкурсен материјал и личното познавање на кандидатката, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци

Весна Димитриевска Ристовска е родена на 20.8.1968 год. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, со континуиран одличен успех. Во текот на школувањето учествувала на повеќе натпревари од областа на математиката, македонскиот и рускиот јазик, при што освоила повеќе високи награди на градските, републичките и сојузните натпревари.

По завршувањето на средното образование во УСО "Раде Јовчевски Корчагин" во Скопје, се запишала на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје на студиите по информатика. Дипломирала во март 1996 година со просечна оценка на студиите 9,43, со одбрана на дипломска работа со наслов "Паралелизација на секвенцијална програма", со што се стекнала со звањето дипломиран инженер по математика-информатика. Во 1997 година се запишала на постдипломските студии на Институтот за информатика, на насоката нумеричка анализа. Во јануари 2007 година го одбранила својот магистерски труд под наслов "Квантитативни мерки за рамномерна распределба на низи", со што се здобила со звањето магистер на информатички науки. На 2.7.2013 година ја одбранила докторската дисертација на тема „Квази Монте Карло интегрирање во тежински Хилбертови простори и врска со дијафонијата – математички модели и софтверска реализација" и се стекнала со научен степен – доктор на информатички науки.

Во 1996 година, кандидатката Весна Димитриевска Ристовска била избрана за стручен соработник при Институтот за информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 1999 година била избрана за помлад асистент, во 2007 за асистент на Институтот за

информатика, а во 2010 била преизбрана во тоа звање. Од 15.9.2011, со формирањето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), преминува на овој Факултет, каде што работи и денес.

2. Наставна и педагошка дејност

Д-р Весна Димитриевска Ристовска досега изведувала аудиториумски и лабораториски вежби на повеќе од дваесет предмети на студиите по информатика, но и на други студиски групи на Природно-математичкиот факултет и на Универзитетот. Имено, на студиите по информатика, кандидатката изведувала вежби по: аналитичка геометрија, нумеричко сметање, вектори и матрици, нумерички методи, нумеричка анализа, диференцијално сметање, математичка анализа, теорија на информации, калкулус 1, калкулус 2, калкулус 3, бази на податоци, основи на оперативни системи, основи на програмирање, вовед во информатика 1, функции од повеќе променливи. Исто така, изведувала вежби по програмирање на сметачки машини на студиите по математика, информатика на студиите по биологија, физика на ПМФ и на Факултетот за земјоделски науки и храна, како и по предметот програмирање на Машинскиот факултет.

Од претходно изнесеното може да се заклучи дека д-р Весна Димитриевска Ристовска била ангажирана со вежби по голем број различни предмети, при што доделените задачи во врска со наставата и испитите кандидатката ги изведувала со посветеност, педантност и јасност.

3. Научна дејност

Поле на научен интерес на кандидатката се областите квази-Монте Карло интегрирање и теоријата за рамномерно распределени бројни низи. Досега, кандидатката објавила, како автор или коавтор, 8 научни труда и еден стручен труд, при што трудовите 1- 4 се рецензирани при нејзините претходни избори.

Стручни трудови:

1. S. Markovski, V. Dimitrova, M.Mihova, **V. Ristovska**, "The Mathematical Software Packages-New Teaching Information Technologies of Mathematics for *Computer Sciences", Workshops on Computer Science Education, TEMPUS Project CD-JEP* 16160/2001, *"Innovation of Computer Science Curriculum in Higher Education"* , Nish, 154-158, 2003.

Научни трудови:

2. **Vesna Ristovska**, "Irregularity of the distribution of the generalized Van der Corput sequence",*"Comptes rendus de l'Academie Bulgare des Sciences"*, Tome **58**, No.5, 487-492, 2005.

3. **Vesna Ristovska**, Vasil Grozdanov "The weighted diaphony", "Comptes rendus de l'Academie Bulgare des Sciences", Tome **59**, No. 2, 137-142, 2006.

4. **Vesna Ristovska**, Vassil Grozdanov, "A numerical test about the Generalized b-adic diaphony of the sequence of Halton", *Proceedings of the 6th International Conference for Informatics and Information Tehnology CIIT, Bitola*, 2-6, 2008.

5. **Vesna Dimitrievska Ristovska**, Vassil Grozdanov, "Visualization of theoretical results obtained for a weighted diaphony over certain sequences", *Proceedings of the 7th International Conference for Informatics and* Information *Tehnology CIIT, Bitola*, 169-172, 2010.

Во овој труд е направена визуелизација на теориските резултати, добиени за тежинската дијафонија на низата на Ван дер Корпут и мрежата на Заремба- Халтон, за конкретен избор на параметрите во димензионалност $s = 1$ и $s = 2$. Добиените теориски резултати за горната и долната оценка за тежинската дијафонија се нумерички тестирани и потврдени со висока прецизност.

6. **Vesna Dimitrievska Ristovska**, Vassil Grozdanov, Vladimir Balaz, Oto Strauch, Stanislava Stoilova, "An upper asymptotic bound of the mean square worst-case error of the integration in the weighted Sobolev space by using "tent transformation", *Proceedings of the 8th International Conference for Informatics and Information Tehnology CIIT, Bitola,* 80-82, 2011.

Во трудот 6 е разгледувана средно-квадратната грешка на интегрирање во тежински Собољев простор воведен од Хикернел (Hickernell). Направена е апроксимација на вредноста на интегралите од овој простор со квази-Монте Карло алгоритам со еднакви квадратурни тежини. Добиена е точна формула за средно-квадратната грешка на интегрирање во овој простор како Волш-Фуриев ред. Воведена е нова трансформација на точките од дадена мрежа од единечната коцка, таканаречена тент-трансформација при база b, каде што b е произволен парен природен број. Добиена е оценка од десно и асимптотско однесување за средно-квадратната грешка на интегрирање во овој простор преку користење на (t, m, s)-мрежа која е (s, b)-дигитално поместена, а потоа пополнета со тент-трансформација.

7. **Vesna Dimitrievska Ristovska**, Vassil Grozdanov, Stanislava Stoilova, Vancho Kusakatov, "Computing complexity of a new type of the diaphony", *Proceedings of the 9th International Conference for Informatics and Information Tehnology CIIT, Bitola,* 206-208, 2012.

Во овој труд е воведена нов тип на дијафонија, таканаречена тежинска $(W(b),\gamma)$- дијафонија. Покажано е дека таа претставува нумеричка мерка за рамномерна распределба на низи. Добиена е

пресметувачката сложеност $O(N^2)$ на произволна мрежа составена од N точки во $[0,1)^s$.

8. **Vesna Dimitrievska Ristovska**, Vassil Grozdanov, "Numerical verifications of theoretical results about the weighted ($W(b)$; γ)-diaphony of the generalized Van der Corput sequence", Markovski, S., Gusev, M. (eds.) ICT-Innovations 2012, 101-110. Springer, 2012.

Во трудот 8, авторите покажуваат теорема која претставува аналог на неравенството на Ердош-Туран-Коксма. Таа теорема е основа за да се направат валидни симулации заради нумеричка верификација на теориските резултати добиени за тежинската ($W(b)$, γ)- дијафонија на произволна обопштена низа на Ван дер Корпут. Направени се симулации за различен избор на вредности на параметрите, но сите тие со голема прецизност ги потврдуваат теориските резултати за точниот ред на големина $O(1/N)$ на тежинската ($W(b)$, γ)- дијафонија на произволна обопштена низа на Ван дер Корпут.

9. **Vesna Dimitrievska Ristovska**, Vassil Grozdanov, Stanislava Stoilova, "On the weighted ($W(b; \gamma)$)- diaphony of the generalized Van der Corput sequence", *Conference FMNS in Blagoevgrad,* 153-160, 2013.

Во овој труд е добиен точниот ред на големина $O(1/N)$ на тежинската ($W(b)$, γ)- дијафонија на произволна обопштена низа на Ван дер Корпут. Добиениот ред на големина е подобар отколку соодветниот ред на големина на дијафонијата од ред b.

Кандидатката има учествувано на неколку конференции или научни собири со презентација на свои трудови:

- V. Ristovska: "The Mathematical Software Packages-New Teaching Information Technologies of Mathematics for *Computer Sciences", Workshops on Computer Science Education, TEMPUS Project CD-JEP* 16160/2001, *"Innovation of Computer Science Curriculum in Higher Education"*, Nish, 2003.
- Весна Ристовска, Васил Грозданов: "Обопштена дијафонија од ред b на Обопштената низа на Ван дер Корпут", 3th Congress of mathematicians, Struga, 2005.
- Vesna Ristovska, Vassil Grozdanov: "Construction of LPτ sequences in number system with base b ≥2", Mathematical Conference Dedicated to Academic Blagoj Popov, September, 2008, Ohrid.
- 6. Меѓународна конференција за информатика и информатички технологии во Битола, 2008, со трудот 4.
- Vassil Grozdanov, Vesna Dimitrievska Ristovska: "Multidimensional Quasi- Monte Carlo integration in weighted Sobolev spaces of functions with smooth mixed derivatives of order four", MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, 16-20 September, 2009, Ohrid, Macedonia.

- Vassil Grozdanov, Vesna Dimitrievska Ristovska: "Computer simulation of the generalized b-adic diaphony of the net of ZarembaHalton over finite groups", ICT Innovations 09, International Conference, 28-30 September, 2009, Ohrid, Macedonia.
- Vesna Dimitrievska Ristovska, Vassil Grozdanov, Vladimir Balaz, Oto Strauch, Stanislava Stoilova: "On the mean square worst-case error of the integration in weighted Sobolev spaces", Mathematical Conference Dedicated to Professor Gorgi Cupona, September 10-13, 2010, Ohrid, Macedonia.
- 7. Меѓународна конференција за информатика и информатички технологии во Битола, 2011, со трудот 5.
- 8. Меѓународна конференција за информатика и информатички технологии во Битола, 2011, со трудот 6.
- 9. Конференција за информатика и информатички технологии во Битола, 2012, со трудот 7.
- Меѓународна конференција ICT Innovations 2012 во Охрид, со трудот 8.
- Конференција на Факултетот за математика и природни науки во Благоевград, 2013, со трудот 9.

Д-р Весна Димитриевска Ристовска била раководител на 2 научни национални проекта (од кои еден е во тек):
- Средно- квадратна грешка на нумеричка интеграција во Коробов простор (2011-2012);
- Средно- квадратна грешка на нумеричка интеграција во Коробов простор – продолжение (2012-13).

Била или во моментот е учесник во 3 научни билатерални проекти, и тоа:
- *About hybrid diaphony*, со Југозападниот универзитет Неофит Рилски во Благоевград, Бугарија (2013);
- *About diaphony of the generalized Zaremba-Halton net over finite fields*, со Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград, Бугарија (2013),
- *Quasi-Monte Carlo integration in weighted Hilbert spaces*, со Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград, Бугарија (2011).

Исто така, кандидатката била учесник и во националниот проект:
- *Математичко моделирање и оптимирање* (2001-2004) (раководител: проф. д-р Ванчо Кусакатов).

Во 2002 година, кандидатката учествува на Зимската математичка школа "Напредни достигнувања во применета математика", организирана од DAAD, која се одржала во Софија, Бугарија.

Значајно е да се нагласи дека почнувајќи од 2003 година до сега, кандидатката остварува неколку студиски престои во Југозападниот универзитет во Благоевград, Бугарија, за работа на нејзината

магистерска работа и докторската дисертација, за заедничка работа со менторот доц. д-р Васил Грозданов.

4. Други активности

Покрај наставната и научната дејност, кандидатката Весна Димитриевска Ристовска има учествувано и во други активности, како на Институтот на информатика на Природно-математичкиот факултет, така и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Некои од нив се следните:

- учествувала во работата на комисии за државни натпревари, 1997-2009;
- учествувала во промотивни активности на Факултетот/Институтот (2001-2012);
- била член на уредувачки одбор на стручно списание: Бит+ 1996-2000, како и и секретар во период од 3 години;
- во 1996/97 била еден од реализаторите на математичко-информатичката школа "Вериги на Марков" за талентирани средношколци во Р. Македонија;
- член на Здружението на информатичарите на Р. Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека д-р Весна Димитриевска Ристовска, од нејзиниот избор за стручен соработник до сега, успешно ги реализирала своите наставни, научни и стручни задолженија. Големиот број наставни предмети со кои е ангажирана во овој период, како на Институтот за информатика, така и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и пошироко на Универзитетот, ги одржува на високо професионално ниво. Наставните обврски по над дваесет предмети: вежбите, колоквиумите и консултациите ги извршува педантно, одговорно и темелно. Кандидатката има исто така и солидна научно-истражувачка дејност во полето на нејзиниот главен научен интерес, а тоа се рамномерно распределените низи и квази-Монте Карло интегрирањето.

Врз основа на погоре изложеното, ***ни претставува посебна чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на ФИНКИ во Скопје, да ја избере д-р Весна Димитриевска Ристовска во звањето доцент по теориски основи на информатиката.***

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Верица Бакева, редовен професор на ФИНКИ, Скопје, с. р.

Д-р Ванчо Кусакатов, редовен професор на ФИНКИ (во пензија), с. р.

Д-р Весна Димитрова, доцент на ФИНКИ, Скопје, с. р.

АНЕКС
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ВЕСНА СТОЈЕ ДИМИТРИЕВСКА РИСТОВСКА

(име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско Инженерство- Скопје

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: теориски основи на информатиката

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или семинарски труд) – (Прилог 1)	200,925
2	Консултации со студенти - (Прилог 1)	15,444
3	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (вкупно 2)	0,4
4	Интерна скрипта од вежби: ПСМ 1998, К1- електронска верзија 2011	6
5	Настава во летна школа, Струга, 1998- учесник	1
	Вкупно	**223,769**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1	Труд со оригинални научни/стручни рез., објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (Прилог 3)	6
2	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (Прилог 3)	5,1
3	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор (Прилог 3)	0
4	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (Прилог 3)	7,6
5	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен совет (Прилог 3)	1,2
6	Одржано предавање по покана на универзитет Неофит Рилски, Бугарија	1
7	Учесник во национален научен проект (6 проекта), (Прилог 2)	30
8	Учество на научен/стручен собир со реферат (5 конференции, 1 работилница)	6
	Вкупно	**56,9**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста:	Поени
1	Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот (2001-2012), Промоција на Финки/ИИ низ средните училишта, 7 пати на Саем за образование, 2006-2012, 2012 отворен ден на УКИМ)	10
2	Учество во работата на комисии за државни натпревари, 1997-2009	13
3	Член на уредувачки одбор на стручно списание: Бит+, 1996-2000	2

4	Студиски престој во странство: **Атина**- Грција (од проект на проф. Кон-Поповска): јуни 2001, јуни 2005; Математичка школа Банкиа, **Софија** 2002, Универзитет во **Солун,** 15.9.2006; **Благоевград**- Бугарија:(2003- 2013).	7,5
5	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: НУМ 2011 и НУМ 2012, ФИНКИ.	4
	Вкупно	**36,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**223,769**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**56,9**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**36,5**
Вкупно	**317,169**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Верица Бакева, претседател, с. р.

Проф. д-р Ванчо Кусакатов, член, с. р.

Доц. д-р Весна Димитрова, член, с. р.

Прилог 1

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на ас. Весна Димитриевска Ристовска во периодот од октомври 1996 г. до јануари 2013 г.

Година	Семестар	Предмет	Аудит	Лаб	Студенти	Вк. часови	Вк. студенти	ПОЕНИ: Нов пред-мет	Одржување на вежби	Консултации со студенти
1996/1997	зимски	Инф(физ)	0	3	15	12	175	1	5,4	0,35
		Инф(земј)	0	6	80			1		
		Мат(земј)	3	0	80			1		
1996/1997	летен	Инф(земј)	0	10	100	13	180		5,85	0,36
		Мат(земј)	3	0	80					
1997/1998	зимски	ПСМ	4	2	105	12	205	1	5,4	0,41
		ВИ1	0	3	20			1		
		Мат(земј)	3	0	80					
1997/1998	летен	НА	3	0	42	13	182	1	5,85	0,364
		ПСМ	4	6	140					
1998/1999	зимски	Програмирање (маш.фак.)	2	4	89	13	281	1	5,85	0,562
		ПСМ	2	2	112					
		Мат(земј)	3	0	80					
1998/1999	летен	НА	3	0	42	13	202		5,85	0,404
		ПСМ	4	6	160					
1999/2000	зимски	Програмирање (маш.фак.)	2	2	98	13	295		5,85	0,59
		ПСМ	4	2	121					
		Мат(земј)	3	0	76					
1999/2000	летен	НА	3	0	42	13	186		5,85	0,372
		ПСМ	4	6	144					
2000/2001	зимски	АГ	4	0	80	13	275	1	5,85	0,55
		ПСМ	4	2	115					
		Мат(земј)	3	0	80					
2000/2001	летен	ПСМ	4	2	102	12	262		5,4	0,524
		ВМ	4	2	160			1		
2001/2002	зимски	АГ	4	0	79	12	294		5,4	0,588
		ПСМ	4	0	100					
		НС	2	2	115			1		
2001/2002	летен	ПСМ	4	8	160	13	343		5,85	0,686
		ВМ	4	4	123					
		НМ	2	2	60					
2002/2003	зимски	НС	4	2	120	12	260		5,4	0,52
		АГ	2	0	80					
		НМ	2	2	60					
2002/2003	летен	ТИ	0	2	40	14	240	1	6,3	0,48
		Инф(био)	0	4	40			1		
		ВМ	4	4	160					

2003/2004	зимски	НС	4	6	136	13	296		5,85	0,592
		АГ	4	0	80					
		Мат(земј)	3	0	80					
2003/2004	летен	Инф(био)	0	4	40	12	200		5,4	0,4
		ВМ	4	4	160					
2004/2005	летен	Инф(био)	0	4	40	12	203		5,4	0,406
		НМ	4	4	163					
2004/2005	зимски	НС	4	6	140	13	260		5,85	0,52
		АГ	4	0	80					
		Инф(био)	0	4	40					
2005/2006	зимски	НС	4	6	140	12	179		5,4	0,358
		ФПП	0	2	39					
2005/2006	летен	ВМ	3	0	46	13	254		5,85	0,508
		НМ	4	6	208					
2006/2007	зимски	ДС	3	1	40	11	196	1	4,95	0,392
		К1	0	6	135					
		КМ	0	1	21			1		
2006/2007	летен	НМ	2	10	100	14	141		6,3	0,282
		ТИ	0	2	41					
2007/2008	зимски	ОП	0	3	21	15	166	1	6,75	0,332
		МА	2	1	14			1		
		ДС	3	0	23					
		К1	6	0	108			1		
2007/2008	летен	К2	6	0	158	18	292	1	8,1	0,584
		НМ	0	8	78					
		ТИ	0	1	20					
		МСВ	2	1	36					
2008/2009	зимски	ОП	4	0	97	14,5	221		6,525	0,442
		МА	1	0,5	3					
		ДС	3	0	15					
		К1	6	0	106					

2008/2009	летен	БП	0	2	20	16	178	1	7,2	0,356
		К2	6	0	80					
		НМ	0	8	78					
2009/2010	зимски	К1	6	2	165	17,5	246		7,875	0,492
		ОС	0	6	40			1		
		ОП	2	0	39					
		МА	1	0,5	2					
2009/2010	летен	К2	6	0	114	12	214		5,4	0,428
		БП	0	2	20					
		НМ	0	4	80					
2010/2011	зимски	МА	1	0,5	2	16,5	218		7,425	0,436
		ОП	2	0	36					
		К1	6	4	160					
		ОС	0	3	20					
2010/2011	летен	К2	3	1	48	12	136		5,4	0,272
		НМ	0	2	23					
		БП	0	4	35					
		К3	2	0	30			1		

2011/ 2012	зим ски	К1	12	1	299	14	315				6,3	0,63
		ОС	0	1	16							
2011/ 2012	лет ен	К2	6	3	222	13	342				5,85	0,684
		К3	2	2	120							
2012/ 2013	зим ски	К1	9	0	162	12	285				5,4	0,57
		К3	3	0	123							
Легенда:								**ВКУПНО**	**9**	**191,93**	**15,444**	

К1- Калкулус 1, К2- Калкулус 2, К3- Калкулус 3, ОС- Оперативни системи, НМ- Нумерички методи, БП- Бази на податоци, ОП- Основи на програмирање, МА- Математичка анализа, ФПП- Функции од повеќе променливи, ПСМ- Програмирање на смет. машини (матем.), ТИ- теорија на информации, НА- Нумеричка анализа, ВИ1- Вовед во информатика 1, АГ- Аналитичка геометрија, ВМ- Вектори и матрици, КМ- Конечна Математика

Прилог 2

Учество во национални проекти за Весна Димитриевска Ристовска

Ред. бр.	Име на проектот	иод на тра	Позиција	ПОЕНИ
1	Средно- квадратна грешка на нумеричка интеграција во Коробов простор	2011-12	Раководите	6
2	Средно- квадратна грешка на нумеричка интеграција во Коробов простор- продолжение	2012-13	Раководите	6
3	About hybrid diaphony JUZU Neofit Rilski Bulgaria	2013	учесник	5
4	About diaphony of the generalized Zaremba-Halton net over finite fields JUZU Neofit Rilski Bulgaria	2013	учесник	5
5	Quasi-Monte Carlo integration in weighted Hilbert spaces JUZU Neofit Rilski Bulgaria	2011	учесник	5
6	Математичко моделирање и оптимирање	2001-04	учесник	3
7				
			ВКУПНО	30

Прилог 3

Список на стручни и научни трудови за Весна Димитриевска Ристовска

	Автор 1	Автор 2	Автор 3	Автор 4	Автор 5	Наслов	Конференција	Место	Период	Рецензија	Меѓународна	Самостојно	Научен труд	Број на автори	Бодување	П. национален	П. меѓународен	I. Списание	Стр. Тр.
1	S. Markovski	V. Dimitrov	M.Mihova	V. Ristovska		The Mathematical Software Packages-New Tea		Nish, S	2003				да	4	60,00%				1,2
2	V. Ristovska					Irregularity of the distribution of the	BAN, Tome 58	Sophia, Bulgaria	2005			да		1	100,00%			4	
3	V. Ristovska	V. Grozdanov				The weighted diaphony	BAN, Tome 59	Sophia, Bulgaria	2006			да		2	90,00%			3,6	
4	V. Ristovska	V. Grozdanov				A numerical test about the Generaliz	CIIT 2008	Bitola, Macedonia	2008	да				2	90,00%	1,8	0	0	
5	V. Dimitrievska F	V. Grozdanov				Visualization of theoretical results ob	CIIT 2010	Bitola, Macedonia	2010	да				2	90,00%	1,8	0	0	
6	V. Dimitrievska F	V. Grozdan	V. Balaz	O. Strau	S. Sto	An upper asymptotic bound of the m	CIIT 2011	Bitola, Macedonia	2011	да				5	60,00%	1,2	0	0	
7	V. Dimitrievska F	V. Grozdan	V. Kusaka	S. Stoilova		Computing complexity of a new type	CIIT 2012	Bitola, Macedonia	2012	да				4	60,00%	1,2	0	0	
8	V. Dimitrievska F	V. Grozdanov				Numerical verifications of theoretical	ICT Innovations 2012. AISC vol. 257, Springer Verlag, Berlin Heidelberg	Ohrid, Macedonia	2012		да			2	90,00%	0	2,7	0	
9	V. Dimitrievska F	V. Grozdan	S. Stoilova			On the weighted $(W(b; g))$- diaphon	FMNS 2013	Blagoevgrad, Bulgaria	2013		да			3	80,00%	0	2,4	0	
															ВКУПНО	**6**	**5,1**	**7,6**	**1,2**

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ОДНОСИТЕ МЕЃУ АЛБАНИЈА И КРАЛСТВОТО НА СХС/ЈУГОСЛАВИЈА 1918-1939 ГОД. ОД М-Р ИСАМЕДИН АЗИЗИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНИ ВО СКОПЈЕ

На седницата на Научниот совет на Институтот за национална историја од 2. 7. 2013 год. бевме избрани за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд „Односите меѓу Албанија и Кралството на СХС/Југославија 1918-1939 год.“ од кандидатот м-р Исамедин Азизи, во состав: проф. д-р Катерина Тодороска, проф. д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Музафер Бислими, проф. д-р Методија Манојловски и проф. д-р Халим Пурелку, а по прегледувањето на текстот имаме чест да го доставиме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд „Односите меѓу Албанија и Кралство на СХС/Југославија 1918-1939 год.“ од кандидатот м-р Исамедин Азизи, содржи вкупно 245 страници, при што ги содржи сите неопходни елементи за ваков труд.

Имено, материјалот започнува со вообичаените предговор и вовед, по што следува првата глава со наслов **Политичките состојби во текот и по завршувањето на Првата светска војна,** во која кандидатот дава преглед на општата состојба во Албанија во текот на Првата светска војна, како воведување во нова тематска целина која се однесува на случувањата на политички и економски план во Албанија после Првата светска војна. Во оваа глава, кандидатот го обработува и прашањето околу создавањето на Кралството на СХС, при што забележува дека во новосоздадената држава живеело разнородно население, по етничка и верска припадност, а кое од властите било третирано како српско.

Во втората глава, **Париската мировна конференција како мегдан за албанско-српските ставови,** м-р Исамедин Азизи дава слика на случувањата пред и за време на оваа значајна Меѓународна конференција по Првата светска војна.

При тоа, анализата ја прави врз основа на ставовите на албанската делегација и интересот за албанските територии на Парискатa мировна конференција кои првично биле застапувани од две албански делегации. Токму поради тоа, албанското прашање не било сериозно сфатено од меѓународната јавност. Вториот многу експониран став бил српскиот став кон Албанците во текот и после Конференцијата. Имено, според кандидатот, Белград не отстапувал од претензиите за власт врз територии меѓу т.н. „стратешка линија“ и границата од 1913 година. Тоа значело дека српската потреба од излез на море можела да се реши само со отстапување на Драч на Кралството на СХС, што било неприфатливо како за албанскиот народ, така и за Италија и Австро-Унгарија. Така, и покрај напорите да се разрешат проблемите во меѓуграничните подрачја, не се успеало во намерата поради многуте заинтересирани за зголемување на сопствените територии.

Прашањето за состојбата и активностите на Албанците во Кралството на СХС, како и односот на Кралството на СХС кон албанската држава, кандидатот м-р Азизи ги обработува во третата глава. Во неа, покрај другите активности се говори и за организирањето на албанското население во Кралството на СХС во актуелните политички партии, пред се, муслимански, како и нивното учество на изборите во Кралството. При тоа, дава детални податоци базирани на изворни податоци, компарирани со податоци од консултираната литература во однос на бројот и дисперзираноста на албанските кандидати во округзите на Кралството.

Четвртата глава е насловена на **Политиката на Албанија за меѓународно етаблирање**. Во неа се третирани теми како албанското прашање пред Друштвото на народите, Јунската револуција од 1924 год. во Албанија и нејзиното влијание врз Албанците во Кралството на СХС, како и рефлекцијата на состојбите во Албанија врз Албанците во Кралството на СХС. Особен интерес кандидатот покажува за прашањето за разграничување меѓу Кралството на СХС и Албанија, кое го разработил од неколку агли, со што исклучитено ги збогатил досегашните сознанија за граничниот проблем меѓу Кралството на СХС/Југославија и албанската држава.

Особена свежина на докторскиот труд кандидатот внел со обработката на прашањето за **соработката на Македонците и Албанците во Кралството на**

СХС. Подвлекувајќи ја соработката на подвластените населенија во Кралството, м-р Исамедин Азизи ги апострофира односите меѓу, во тој период, најактуелните организации на албанското и македонското население, Косовскиот комитет и ВМРО. Како потврда за нивните разлики, но и сличности, во темата се нудат сознанија за еден политички договор од 1921 година, чија историска вредност и важност се доловува со читањето на соодветно обработениот текст поткрепен со оригинална документација.

Шестата глава, **Економската положба во Албанија – повод за билатерален судир меѓу Кралството на СХС/Југославија и Италија,** започнува со анализа на состојбите пред судирот, при што кандидатот говори за лошите билатерални состојби предизвикани од паралелното навлегување на италијанскиот и југословенскиот капитал во Албанија. Во оваа глава, како поткрепа за поголемото италијанско присуство сред албанското население во и надвор од Албанија, кандидатот го анализира и односот на Ахмед Зогу кон Кралството СХС/Југославија по решавањето на долгогодишниот граничен спор меѓу Кралството СХС/Југославија и албанската држава.

Кралството СХС/Југославија и Албанија во заладени дипломатски односи е прашање кое кандидатот го обработил од неколку аспекти, при што влошувањето на албанско – југословенските дипломатски односи, како и билатералните односи на Кралството Југославија и Кралството Албанија во предвечерието на II светска војна и смета за пресудни за заладување и на југословенско-италијанските односи како последица од италијанската доминација во Албанија. Ваквата констатација на кандидатот соодветствува и со бројните, сосем солидно, обработени економско-трговски договори меѓу Италија и Ахмед Зогу.

Вообичаено, м-р Исамедин Азизи својот докторски труд го заокружува со заклучок и преглед на користени извори и литература.

Заклучувајќи го нашето видување на докторската теза, истакнуваме дека трудот на м-р Исамедин Азизи обработува еден значаен период од историјата на албанскиот народ, кој, несомнено, многу влијаел во случувањата како во Кралството на СХС/Југославија, така во Албанија, но и во Западна Македонија.

При тоа, тој сериозно ги експицира поставените проблеми и прашања, коментира одредени состојби и дава свои ставови во однос на некои од нив. Исто така, ползувајќи се со оригинална архивска документација од повеќе архиви, како Државниот архив на Република Македонија и Централниот државен архив од Тирана, Р. Албанија, одредени податоци изнесува за прв пат во македонската, но и во албанската научна литература. Дел од сознанијата до кои дошол во текот на истражувањата, ги спротивставува на некои пишувања на странски и албански автори, со што ја покажал својата подготвеност и зрелост во поглед на застапување на сопствените сознанија и достигнувања.

Врз основа на гореречената, имаме чест на Научниот совет на Институтот за национална историја да му го доставиме нашиот извештај и да замолиме да го допушти кандидатот м-р Исамедин Азизи на одбрана на докторскиот труд „Односите меѓу Албанија и Кралство на СХС/Југославија 1918-1939 год.“.

4. 7. 2013 год.,
Скопје

КОМИСИЈА

Проф. д-р Катерина Тодороска с.р.

Проф. д-р Надежда Цветковска с.р.

Проф. д-р Музафер Бислими с.р.

Проф. д-р Методија Манојловски с.р.

проф. д-р Халим Пурелку

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ПРИ ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје, врз основа на објавениот конкурс за избор во звање на 3.5.2013 година во дневните весници „Утрински весник" и „Коха", на својата редовна седница одржана на 17.5.2013 година, донесе одлука бр. 02-209/3 за избор во звањето научен соработник на д-р Ангелина Поповска-Добричиќ родена 1967 година, во Романија, академски сликар, советник-конзерватор во Лабораторијата за конзервација на икони во Националниот конзерваторски центар во Скопје и доктор на историски науки при Институтот за национална историја во Скопје. Рецензентската комисија во состав: проф.д-р Димитар Ќорнаков, проф.д-р Милан Бошкоски и проф.д-р Митко Панов го доставува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката Ангелина Поповска својот интерес кон креативноста го остварила и докажала уште во своите гимназиски денови со светската размена на студенти AFS, кога во 1986 год. завршила студиски степен на Миликен универзитетот во сликарската класа на проф. Марвин Л.Клавен, Илиноис, Декатур, а е наградувана од градски и регионални и светски манифестации во многу држави во САД. Освоената прва награда Уметничко откритие - 20-регионален натпревар со делото „Африканка", која беше презентирана една година во Капитолот, во Вашингтон, како и „Hallmark Award" - наградата за талент ѝ овозможија понуди за стипендии на Миликен универзитетот, Ричленд Колеџот во Дикејтер и Савана универзитетот, Џорџија, како и на Факултетот за ликовна уметност во Љубљана, Словенија.

Со враќањето од Америка го завршила високото образование (1986-1991) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје со пофалница за најдобар успех (9,38) што ѝ овозможи и престој на интернационалната сликарска колонија во Италија, Порденоне кој е познат сликарски центар.

По завршувањето на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на проф. Симон Шемов, се вработила во Националниот конзерваторски центар во Скопје во 1993 година. Својата дваесетгодишната практика, во непосредната заштита на културните споменици ја означи со бројни групни и самостојни конзерваторски проекти и примена на непосредната конзервација на значајни икони и збирки во Р.Македонија, како што се бигорската, струшката, охридската и збирката икони од Музејот на Македонија, како и иконите од иконостасите во Слимничкиот и Карпенскиот манастир. При тоа, учествуваше при значајното откритие со пронаоѓањето на натписот, прекриен со маслена преслика, на иконата Исус Христос (од с.Слепче - Демир Хисар) од 1523 година од зограф Јован од Грамос, кое овозможи блиско датирање на неколку икони и го истакна конзерваторскиот начин за чистење на преслики од овој тип. Со отстранувањето на пресликите на иконите од Карпенскиот манастир, го открива и натписот во подножјето на Големиот крст, со кој се датираат и низа икони од постариот период

на иконостасната конструкција, како и низа значајни експонати во националниот Музеј на Македонија (каталог-текст објавен од ист.на уметност, виш конзерватор: М.Машниќ).

Остварува и низа специјализации во странство: 1994 во Полска, Националниот музеј во Варшава, галерија „Фарас" и специјализација во Факултетот за иконографија во Бјелск Подласким, со изработка на икона во „мембрана" стил; како и со стручните посети на Институтот Грабар, Третјаковскаја галерија во Москва, Русија, 1995 посетата на музејот „Бенаки" во Атина, Грција, во 1996 година, како и специјализацијата во ЦИК-Белград за превентивна заштита остварена под покровителство на Централниот институт од Рим.

Кандидатката својот интерес кон пресликувањата и последователните интервенции го насочи кон истражувања за идентификација на пресликите и нивниот техничко-технолошки состав, како и кон причините за оштетувањата и начинот за нивната санација, кој е објавен во неколку трудови:

- „Истражувачки работи и конзервација на Царските двери од црк. Св.Никола од Картово"-Културно наследство бр. 34-2009 год.;
- „Истражувачки работи и конзервација на Царските двери од Шопско Рударе-Патримониум 2-2009 год.;
- "Видови пресликi и нивна површина на иконите" -Културно наследство бр. 35-2011 год.;
- IIC News in Conservation,London- месечно, интернационално стручно списание со најнови сознанија во конзервацијата- август, 2008. Со оваа статија се популаризираа конзерваторските методи во македонската конзервација за принципот и начинот на отстранување на пресликите и откривање на долниот постар иконопис со нова иконописна содржина- „Конзерваторски работи и отстранување на преслики од две царски двери од Кратово -А.Поповска;
- „Некои нови согледувања на иконата Исус Христос 1262/3 од Галеријата во Охрид, Зборник за Втората регинална научна конференција ICOM *"Predlozi sanacije i revitalizacije bautine u regionu Jugoistočne Evrope- Procena rizika kulturne i prirodne baštine u regionu Jugoistočne Evrope"*-2012;
- „Некои нови сознанија на иконата Арх.Гаврил (од Благовестието) од Охридската збирка икони" - Културно наследство -2012/2013 (во печат).

Во 2005 година магистрирала на Факултетот за применети уметности во Белград, Србија, на Отсекот за конзервација и реставрација со темата „Видови на преслики и резултати од конзерваторските истражувања"- во класата на проф. Светислав Николиќ и проф. Гордана Кусовац. За својата теза воведува раманска спектроскопија и микроквалитативна реакција XRR за испитување на примероците од икони, кои ги реализира во соработка со проф. Б. Минчева од Хемискиот факултет во Скопје и ЕМПИ, Институтот од Швајцарија.

Во насока на своите истражувања учествува на три презентации од карактерот на мултидисциплинарни истражувања, архиметриски и спектрометриски, како потврда за идентификацијата на материјалниот состав и принципот на атхезија во системските слоеви на иконописот со пресликите.

Учествува во неколку национални и меѓународни симпозиуми и конференции:

- 2005 год., „Видови преслики" -Спектроскопски методи врз културното наследство во Музеј на Македонија;

- 2007 год. „Оловни преслики“ -Холот на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Св. Методиј“-Симпозиум на археометрија;

- 2013 год., Скопје –меѓународен симпозиум, Институт за култура и културолошки студии на тема „Културна меморија“со наслов „Експонатот како трезор на сведоштва“ –учество, апстракт-2012/ реферат во септември 2013;

- Форум „Состојбата на природното и културното наследство во Македонија“ на МК ИКОМ, Кочани, 2013. Презентација на превентивната заштита во музеите, галериите и црковните галерии во западна Македонија со тема: „Микроклиматски мерења и превентивна заштита во депоата, збирките на икони, музеите и галериите на икони во западна Македонија“,

- InART'13 - 1st International Conference on Innovation in Art Research and Technology of Évora (Portugal) - постер презентација -2013.

Нејзиното учество е потврдено на Конзерваторскиот форум во Софија, 2009 година, со презентација на својот стручен труд: „Истражувачки работи на последователните заштитни и сликарски интервенции извршени на царските двери од црквата Св.Никола од Шопско Рударе, Кратово“. Со овој труд и со вршените испитувања на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, даден е стручен придонес кон идентификацијата на минерали од органско потекло од нашето локално подрачје, користени како сликарски пигмент во иконописот, фрескоживописот и во градежниот материјал на црковната архитектура од источна Македонија.

Учествувала на финалната средба на COST Action IE0601 „Wood science for cultural heritage" во Париз, 2011 година, која претставува интернационален собир за конзервацијата и реконзервацијата на дрво во културното споменичко добро и синергија помеѓу научниците и професионалните конзерватори.

За стандардите во превентивната заштита се едуцирала на Курсот за „Превентивна заштита“ во ЦИК, Белград во соработка со Централниот институт во Рим, Италија, 2010 година, каде што се запознава со детериорацијата и практичната примена на мерни апарати во одржувањето на микроклиматските музејски услови.

Во 2010 година ја применува инфрацрвената рефлектографија, како современа недеструктивна метода, со снимањето на две значајни икони од охридската збирка, во соработка со г. Марио Браун од Загрепскиот реставрационен центар, преку која идентификува долен иконопис на две најзначани икони од 13 век од охридската збирка „Арх.Гаврил до Благовестието“ и „Исус Христос Пантократор 1262/3 година“.

Д-р Ангелина Поповска покрај конзерваторската практика и третмани на утврдените методи за конзервација на иконите, се збогатуваше и со теориска наобразба, со што севкупно резултираше и нејзината научна верификација доктор на науките и уметностите. Систематски истражениот феномен на долговековноста добил завидна научна слика во стандарно класификуваните конститутивни елементи на општествената грижа за сведоштвата на минатото, од една страна и стручната нега во препорачаните конзерваторски постапки со материјалот од наследството, од друга страна. Овој пристап е засниван пред сè на историзацијата на конзерваторските потфати преземани врз делата првенствено од охридското наследство. Својот докторски труд го рецензира за објавување на значаен монографски труд, каде што станува збор за иконите во Македонија -бисери на

нашето културно наследство. Грижата за иконите денес ја имаат конзерваторските центри каде што работат врвни и познати имиња-конзерватори. Тука спаѓа и д-р Ангелина Поповска, долгогодишен конзерватор со видни остварувања во конзервацијата на најзначаните икони, меѓу кои и иконите од Охридската збирка на икони, позната во европски рамки, а и пошироко. Историската и културната слика на долговековноста е своевидна *биографија на предметите*. Делото на Ангелина Поповска припаѓа на сложена и осетлива област на трансдисциплинарното истражување што го обединува синтагмата *научна конзервација* на културните добра.

Како што веќе кажавме, Ангелина Поповска своите истражувања ги довела до завидно ниво на општа употребливост. Препораките за стандарден конзерваторски третман на охридското иконописно културно наследство оддаваат искрена желба на познавач кој во својата практика ја осведочил визијата на професионалец дека *доброто е можно,* дека треба да го реализира. Си дадовме за право да го изнесеме ова резиме на новата состојба во науката и во теоријата на паметењето поради тоа што во сериозното и обемното истражување на Ангелина Поповска видовме дека станува збор за таков истражувачки сензибилитет, кој е несомнено податен за апсорпција и за најновите хипотези во физиката. Ова би упатувало на тоа дека искажувањето од почетокот на извештајов, кое се однесува на конзерваторската биографија на културното добро, не завршува во оваа книга. Веќе го гледаме новото истражување на кандидатката Поповска.

Како прилог на нејзините сликарски остварувања, кои се дел од образовното портфолио, кандидатката е добитник на неколку национални, меѓународни и градски награди за сликарство, како што се:

- 1986 год. - прва национална награда за талент во сликарството -Hallmark Award-Вашингтон;
- 2005 год., прва награда за портрет на годината –ДЛУМ;
- 2005 год., прва награда за сликарство „Петар Мазев“ -Скопје, ДЛУМ, Музеј на град Скопје

Автор е и на три самостојни изложби во Скопје и Софија, Бугарија, а активно се занимава и со фрескоживописување на нови црковни објекти како што е црквата „Воведение на Богородица во храм во Осоговски манастир“, Св.Петар во с. Калишта, Св.Јован Крстител во с. Бедиње, кумановско и др.

Член е на стручните организации: ДЛУМ,Син штит, ИКОМ, ИКОМОС и Институтот за културолошки студии.Од 2009 година одржува предавања по предметот „Ликовни елементи и цртање“ во Семос едукација, Графички колец, со што ја збогатува наставната програма и со сликарска работилница.

Заклучок и предлог на Рецензентската комисија

Врз основа на изнесените податоци, информации, согледби и оцени за вкупната научно-стручна дејност на кандидатката, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Димитар Ќорнаков, проф.д-р Милан Бошкоски и проф.д-р Митко Панов смета дека д-р Ангелина Поповска презентира задлабочено научно истражување во областа на конзервацијата и реставрацијата и сродните доктрини на наведените, со цел да ја збогати македонската историографија со релевантни податоци за долгиот континуитет на конзерваторскиот развиток и заштитата на

спомениците на културата во Македонија. Комисијата, со особено задоволство, на Советот му предлага кандидатката д-р Ангелина Поповска да биде избрана во научното звање научен соработник - доцент.

КОМИСИЈА

20.6.2013 год.
Скопје

Проф. д-р Димитар Ќорнаков с.р.

Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.

Проф. д-р Митко Панов с.р

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ангелина Поповска-Добричиќ
Институција: Институт за национална историја - Скопје
Научна област: научен соработник

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред.број	Назив на активноста:	Поени
	Настава во школи и работилници: учесник	1
	-//- Одржување на теренска настава (2 x 4 x 0.04)	0,32
	Подготовка на нов предмет: предавања	1
	-//- вежби	0,5
	Консултации со студенти (10 x 0.002)	0,02
	Интерна скрипта од предавања	4
	Интерна скрипта од вежби	3

НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.број	Назив на активноста:	Поени
	Учесник во национален научен проект	3
	Учесник во меѓународен научен проект	5
	Монографија	8
	Дел од монографија објавен во странство	6
	Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание	6
	Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција	2
	Учество на научен/стручен собир со реферат-усна презентација	1
	Учество на научен/стручен собир со плакат	0,5

СТРУЧНО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.број	Назив на активноста:	Поени
	Учество на светска ликовна манифестација со национално претставување (најзначајна ликовна манифестација)	10
	Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство)	7
	Групно јавно претставување со ликовни дела-со посебен проект, меѓународна селектирана и жирирана манифестација (во странство)	4
	Групно јавно претставување со ликовни дела -со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација (во земјата	2

	Учество на ликовни симпозиуми и колонии во странство	1
	Учество на ликовни симпозиуми и колонии во земјата	0,5
	Ликовно и графичко обликување на веб-страници, мултиумедија, електронски книги, видео и филмска продукција -како учесник/соработник	0,05
	Ликовно и графичко обликување на печатени публикации и амбалажа-како учесник/соработник	0,03

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред.број	Назив на активноста:	Поени
	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија	1
	Идеен проект -одговорен проектант	2
	-//- - учесник/соработник	1
	Главен основен проект -одговорен проектант	4
	-//- -учесник/соработник	2
	Изведбен проект -одговорен проектант	1
	-//- - учесник соработник	0,5
	Ревизија- одговорен	1
	-//- учесник, соработник	0,5
	Објавено дело во каталог на национална ликовна манифестација	1
	Објавено дело во каталог во меѓународна ликовна манифестација	2
	Учество на национални ликовни колонии	2
	Учество во меѓународни ликовни колонии	4
	Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиумски и графички дизајн -	2
	-//- учесник/соработник	1
	Првпат воведена метода во институцијата	1
	Раководител на лабораторија	1
	Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон, изработка на подзаконски акт	2
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
	Член во уредувачки одбор на научно/стручно списание	0,5
	Студиски престој во странство -до три месеци	0,5
	-повеќе од 6 месеци	2
	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект-соработник	1
	Раководител на внатрешна организациона единица	3
	Член на комисија за избор на звања	0,2
	Учество во комисии и тела на државни и други органи	1
	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир	0,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ	9,84
НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ	26,5
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЛНОСТ	24,58
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЛНОСТ	37,7
	98,62

Рецензентска комисија

Проф. д-р Димитар Ќорнаков
Проф. д-р Милан Бошкоски
Проф. д-р Митко Панов

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК-ДОЦЕНТ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, врз основа на објавениот конкурс за избор во звање на 29.4.2013 година во дневните весници „Утрински весник " и „Коха", на својата редовна седница одржана на 17. 5. 2013 година, донесе одлука бр. 02-209/3 за избор во звањето научен соработник-доцент на д-р Јасминка Кузмановска, асистент-истражувач во Одделението за античка и средновековна историја, ИНИ – Скопје. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Милан Бошкоски и проф. д-р Ирена Стефоска го доставува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. ***Биографски податоци***

Д-р Јасминка Кузмановска е родена на 31.8.1965 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Во учебната 1984/85 година се запишала на Филозофскиот факултет, Институт за класични студии во Скопје и во 1989 година дипломирала со просек 9,95 како најдобар студент на Филозофскиот факултет во Скопје за учебната 1989/90 година. Во 1991 година се запишала на постдипломските студии на Одделението за класични науки, на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград. Во 1998 година успешно ја одбранила магистерската теза насловена *Изрични искази у језику Новога завета,* со што се стекнува со звањето *магистер на класична филологија.*

Во 2013 година на Универзитетот во Белград, Одделение за класични науки, ја брани докторската дисертација насловена *Позноантичка топонимија Македоније и Тесалије у Прокопијеву делу De aedificiis* и се стекнува со научното звање - *доктор по класична филофлогија.*

Во 1993 година се вработила во Одделението за античка и средовековна историја во Институтот за национална историја, прво како стручен соработник на проектот М(акедонски) И(сториски) Р(речник). Од 1997 година е избрана во

звањето помлад асистент - истражувач во истото Одделение на ИНИ. По одбраната на магистерскиот труд во 2000 година е избрана во соработничкото звање асистент-истражувач во Одделението за античка и средновековна историја. Во истото звање е преизбрана во 2006 година.

Како асистент-истражувач Кузмановска остварува студиски престој во Софија, Белград и на Аристотеловиот универзитет во Солун. Стручно усовршување добива како учесник на курсот во рамките на проектот *Запознавање со минатото: Историјата на Југоисточна Европа како составен дел на европската историја,* одржан во Волфенбојтел, СР Германија, во 2001 год.

II. Научна и стручна дејност на кандидатката д-р Јасминка Кузмановска со податоци и оценки за нејзините научни и стручни трудови

Во прилог на научно-стручната дејност кандидатката д-р Јасминка Кузмановска ја доставува следнава библиографија:

1. *Декларативни искази во јазикот на Новиот завет,* Електронско списание (E-Journal): Systasis, 2, 2003 (htpp:www.systasis.com.mk)

2. Три грамоти од средината на XVII век од охридскиот архиепископ Харитон (во коавторство со д-р Александар Трајановски), Гласник на Институтот за национална историја, 48/1-2, Скопје 2004, 241-257.

3. *"За градбите" на Прокопиј од Цезареја Прилог за методот на работа и за композицијата на делото*, Историја, година XLI, 1-2, Скопје 2005, 13-21.

4. *Прокопиј од Кајсареја: класификација на топонимите во четвртата книга од делото "De aedificiis" (историско-географски и јазични согледувања),* Транзициите во историјата и културата (Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30-31 октомври 2006 година во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), ИНИ, Скопје 2008, 775-780.

5. *Концептот за Εὐρώπη кај Прокопиј од Кајсареја,* Универзитет " Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет - Скопје, Институт за класични студии, „Антиката и европската наука и култура", Прилози од Меѓународниот научен собир одржан по повод 60 години Институт за класични студии, Скопје, 21- 22.11. 2009, 189-197.

6. *Procopius, "De aedificiis". Κουμαρκίανα: утврдување во списокот за Македонија*, Зборник на прилози од меѓународната конференција "Македонија низ вековите", Скопје, 2011, 11-12.

7. *Еден Прокопиев топоним из списка за Македонију,* Гласник на Институтот за национална историја, 55 1-2, Скопје 2011, 65-69.

8. Документи за дипломатските односи на Охридската архиепископија (со руските цареви во текот на XVII и XVIII век), за потребите на макропроктот на Македонската академија на науки и уметности (МАНУ) *Русија и Македонија: взаемни врски во областа на политичкиот живот, историјата и културата* под раководство на акад. д-р Блаже Ристовски (во коавторство со проф. д-р Маргарита Бузалковска - Алексова и д-р Марија Чичева- Алексиќ), 50 писма/300 стр. транскрибиран текст со лингвистички коментари (во печат).

Одбранетата докторска дисертација *Позноантичка топонимија Македоније и Тесалије у Прокопијеву делу De aedificiis* е обемна монографија од 310 страници во која се обработува четвртата книга на Прокопиј *За градбите*; кандидатката ги презентира и ги исчитува списоците од топонимите на утврдувања кои Јустинијан I ги подигнал или ги обновил во провинциите на Царството; цел на оваа дисертација е систематска филолошко-етимолошка анализа на 66 доцноантичките топоними во Македонија и Тесалија, со што се дополнуваат историско-географските студии од оваа област. Одличното познавање на стаогрчкиот и латинскиот јазик ѝ овозможува на кандидатката Кузмановска да изврши анализа на релевантните старогрчки и латински извори - делото на Прокопиј, историографските и хронографските списи современи на Прокопиј, но и подоцнежни изворни материјали на византиски автори од X до XIV век, римски итинерарии, црковни акти, епиграфски натписи и други потребни извори.

Значи, Кузмановска користи интердисциплинарни истражувања кои опфаќаат историографска, археолошка, филолошко-лингвистичка и епиграфска анализа и синтеза на изворниот материјал. Со оваа студија се продлабочуваат научните сознанија за многузначноста на доцноантичката топонимија на Македонија и Тесалија, така што студијата претставува научен придонес не

само во областа на лингвистиката, туку и во областа на етничката историја и историската географија.

Статијата *"За градбите" на Прокопиј од Цезареја Прилог за методот на работа и за композицијата на делото* ја покажува задлабоченоста на Кузмановска во историските проблеми за датирање на панегирикот на Прокопиј и значењето на ова дело како веродостоен историски споменик за владеењето на Великиот Јустинијан. Кузмановска го анализа мотивот на дворскиот историчар за пишување на ваков тип списи, карактеристични за подоцнежната, византиска литература. Кандидатката ја обработува изворната литература која му била достапна на Прокопиј за пишување на делото и заклучува дека покрај официјалните документи и списи, овој историограф користи и неслужбени извори и сопствено искуство за да го глорифицира делото на Јустинијан.

Статијата *Прокопиј од Кајсареја: класификација на топонимите во четвртата книга од делото "De aedificiis"(историско-географски и јазични согледувања)* го дефинира интересот на Кузмановска за научно согледување на историско-географските референци преку филолошко-лингвистичка анализа на топонимите во Прокопиевиот спис, кој е своевиден историски споменик на славните доцноантички Јустинијанови градби во Македонија. Преку анализа на терминологијата на Прокопиј во приказот на утврдувањата и нивната локација Кузмановска ги прикажува административните и црковните промени во Царството.

Статијата *Концептот за Εὐρώπη кај Прокопиј од Кајсареја* претставува придонес во поимањето на терминот Европа во повеќе историско-географски дискурси. Кузмановска со историографска анализа на делата на Прокопиј, *За градбите* и *За војните*, ја воочува повеќезначноста на топонимот Европа кој се сообразува со политичките и административните промени во Царството.

Статиите *Procopius, "De aedificiis". Κουμαρκίανα: утврдување во списокот за Македонија* и *Еден Прокопијев топоним из списка за Македонију* претставуваат етимолошки истражувања на Прокопиевиот спис на одредени топоними во Македонија, како и обид со лингвистички и историски докази да се убицираат наведените утврдувања.

Покрај научните истражувања на доцноантичките извори, Кузмановска работи и на превод и лингвистичка обработка на документите за дипломатските

односи на Охридската архиепископија со руските цареви во текот на XVII и XVIII век.

Во прилог на својата биографија и научно-стручна активност, авторката ги приложува следниве трудови и активности во проекти, како и организација на летни школи, истражувачки престои во странство и други активности во рамките на своето научно-стручно усовршување:

Учество на научни собири, конференции, семинари:

- меѓународна научна конференција "Транзициите во историјата и културата", во организација на Институтот за национална историја (Скопје, Р Македонија) и Етнографскиот институт со музеј - БАН (Софија, Бугарија), (Скопје, 30-31 Октомври 2006), со реферат: *Прокопиј од Кајсареја: класификација на топонимите во четвртата книгаод делото "De aedificiis"(историско-географски и јазични согледувања)ч*
- Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Филозофски факултет, 60 години Институт за класични студии, научен собир "Антиката и европската наука и култура" (Скопје, 21- 22.11.2006), со реферат: *Концептот за) Ευρς/πη кај Прокопиј од Кајсареја;*
- Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Филозофски факултет, Институт за историја, меѓународна конференција "Македонија низ вековите" (Скопје, 11-12. 11. 2011), со реферат: *Procopius, "De aedificiis". Κουμαρκίανα: утврдување во списокот за Македонија .*

Учество во научноистражувачки проекти:

- (1994) *МИР (Македонски историски речник)* - соработник во делот на одредниците од античкиот и средновековниот период (автор на 9 одредници);

- (1996-1999), научноистражувачки проект на ИНИ под наслов *Црковната организација во Македонија и движењето за возобновување на Охридката архиепископија од крајот на XVI, во текот на XVII и почетокот на XVIII век,* под раководство на д-р Александар Трајановски - соработник;

- (1997- 2003), макропроект на Македонската академија на науките и уметностите: *Русија и Македонија: заемни врски во областа на политичкиот живот, историјата и културата,* под раководство на академик д-р Блаже

Ристовски - соработник и коавтор во тимот одговорен на транскрипцијата, преводот и лингвистичките коментари на грчки документи (писма на црковни великодостојници од Македонија упатени до руските цареви);

- (2000-2006), *Пирајхме,* Регионален проект на специјалисти од Македонија, Србија и Бугарија за археолошки и етнолошки истражувања и избор и превод на антички извори за Пајонија и Пајонците и нивните соодноси со Тракијците и Дарданците - соработник во тимот одговорен за изработка на грчки и латински текстови за потребите на проектот;

- (2001-2003), научноистражувачки проект на ИНИ *Семејство на Комитопулите, Династија Самоил, I дел,* под раководство на д-р Милан Бошкоски - соработник ;

- (2004-2006), меѓународен проект: Регионален семинар за родови/женски и европски студии: *"Родовите и женски студии за Југоисточна Европа: Промислување на идеологиите и стратегиите за нивна европска интеграција"* (2004-2006), поддржан од програмата Regional Seminars for Excellence in Teaching - Higher Education Support Program of OSI (CEU) – Budapest- академски координатор.

Во дејноста од поширок интерес, Кузмановска учествува во организација и координација на семинари, симпозиуми и летни школи како академски координатор на Охридскиот летен универзитет и учество во програмата на ОЛУ - поединечни летни школи од областа на родовите студии и филозофијата. Од 2004 до 2010 Кузмановска е академски кооординатор на програмата на ОЛУ, што вклучува голем број летни школи во кои се обработуваат бројни мултидисциплинарни теми кои опфаќаат современи, модерни, но и историско-културолошки истражувања.

Заклучок и предлог на Рецензентската комисија

Врз основа на изнесените податоци, информации, согледби и оценки за вкупната научно-стручна дејност на кандидатката, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Милан Бошкоски и проф. д-р Ирена Стефоска смета дека д-р Јасминка Кузмановска презентира задлабочено научно истражување во областа на филологијата, лингвистиката, историографијата, етнографијата и сродни доктрини на наведените, со цел да ја

збогати македонската историографија со релевантни податоци за долгиот континуитет на историскиот развиток на Македонија.

Комисијата е на мнение дека кандидатката д-р Јасминка Кузмановска треба да биде избрана во научното звање научен соработник-доцент.

20. 6. 2011 год.
Скопје

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Анета Шукарова с.р.
Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.
Проф. д-р Ирена Стефоска с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊЕ

Кандидат:

Кузмановска Александар Јасминка

Институција:

Институт за национална историја –Скопје

Научна област:

Класична филологија и античка историја

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста:	Поени
1.	1994, Македонски историски речник – соработник	3
2.	1996- 1999, НИ проект ИНИ, *Црковната организација во Македонија и движењето за возобновување на Охридската архиепископија од крајот на XVI, во текот на XVII и почетокот на XVIII век* – соработник.	3
3.	1997- 2003, макропроект на МАНУ, *Русија и Македонија: заемни врски во областа на политичкиот живот, историјата и културата* – соработник/ коавтор во тимот одговорен за транскрипција, превод и лингвистички коментар на грчки документи.	3
4.	2000-2006 , *Пирахјме*, Регионален проект за археолошки и етнолошки истражувања и избор и превод на антички извори за Пајонија и Пајонците- соработник во тимот за превод.	5
5.	2001-2003, НИ проект ИНИ, *Семејство на Комитопулите, Династија Самоил, Прв дел*- соработник.	3
6.	Меѓународен проект: *Запознавање со минатото-историјата на Југоисточна*	5

	Европа како составен дел на европската историја Frei Universität – Berlin, 2002 – учесник.	
7.	2004-2006, меѓународен проект: *Регионален семинар за родови/женски и европски студии: Родовите и женски студии за Југоисточна Европа: Промислување на идеологиите и стратегиите за нивна европска интеграција* – поддржан од Regional Seminars for Excellence in Teaching – HESP of OSI (CEU)- Budapest - академски координатор.	5
8.	Одбранета магистерска теза 21.12.1998 Универзитет во Белград, Република Србија.	5
9.	Одбранета докторска дисертација, 15. 3.2013 Универзитет во Белград, Република Србија.	8
10.	Учество на меѓународна научна конференција *Транзициите во историјата и културата* ИНИ - Скопје 30-31.10. 2006 – орална презентација	1
11.	Учество на научен собир Институт за класични студии *Антиката и европската наука и култура*, Скопје 21-22 11. 2006 - усна презентација.	1
12.	Учество на меѓународна научна конференција, Институт за историја *Македонија низ вековите*, Скопје, 11-12.11.2011 – усна презентација.	1
13.	*Декларативни искази во јазикот на Новиот завет*, електронско списание Systasis 2, 2003 (www. systasis.org.mk)	3
14.	*Три грамоти од средината на XVII век од охридскиот архиепископ Харитон* (во коавторство со д-р А.Трајановски), ГИНИ 48/1-2, Скопје 2004, 241-257.	3.6
15.	*За градбите на Прокопиј од Цезареја, Прилог за методот на работа иза композицијата на делото*, Историја, XLI 1-2, Скопје 2005, 13-21.	4
16.	*Прокопиј од Кајсареја: класификација на топонимите во четвртата книга од делото De aedificiis, (историско-географски и јазични согледувања)* – Прилози од меѓународна научна конференција, ИНИ, Скопје 2008, 775-780.	3

17.	*Концептот за Εὐρώπη кај Прокопиј од Кајсареја,* Прилози од меѓународен научен собир Скопје 21-22 11 2011, 189-197.	3
18.	*Procopius De aedificiis: Кумарκίανα утврдување во списокот за Македонија,* Зборник на прилози од меѓународна научна конференција, Скопје 11-12 11 2011 (во печат).	3
19.	*Еден Прокопиев топоним из списка за Македонију*, ГИНИ 55 1-2, Скопје 2011, 65-69.	4
20.	*Документи за дипломатските односи на Охридската архиепископија со руските цареви во текот на XVII и XVIII век,* за потребите на макропроектот на МАНУ, *Русија и Македонија: Заемни врски во областа на политичкиот живот, историјата и културата,* во коавторство со проф. Маргарита Бузалковска – Алексова и доц. д-р Марија Чичева-Алексиќ – 50 писма/ 300 стр. траскрибиран текст со лингвистички коментари (во печат).	8
	Вкупно	74,6

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ
Дејности од поширок интерес

	Изготвување на научен/образовен меѓународен проект	
1.	2001 Ohrid Summer University, Summer school *Reading the Balkan Subject and it's Genders* - академски координатор	1
2.	2002 Ohrid Summer University, *Critical Debates in Contemporary Philosophy: Historicism and Difference Versus Universalism* – академски координатор	1
3.	2003, академски координатор на програмата на Охридскиот летен универзитет	1
4.	2004, академски координатор на програмата на Охридскиот летен универзитет	1
5.	2005, академски координатор на програмата на Охридскиот летен	1

	универзитет	
6.	2006, академски координатор на програмата на Охридскиот летен универзитет	1
7.	2007, академски координатор на програмата на Охридскиот летен универзитет	1
8.	2008, академски координатор на програмата на Охридскиот летен универзитет	1
9.	2009, академски координатор на програмата на Охридскиот летен универзитет	1
10.	2010, академски координатор на програмата на Охридскиот летен универзитет	1
	Вкупно	10

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	74,6
СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	10
Вкупно	84,6

Членови на комисијата
1.Проф. д-р Анета Шукарова с.р.
2.Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.
3. Проф. д-р Ирена Стефоска с.р.

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА
Примено: 12-07-013
Орг. един. | Бр. | Прилог | Вред-ост
10 | 1875

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 17.5.2013 година, нè именува за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Љубица Јанчева и проф. д-р Катерина Мирчевска, за избор во звањето научен соработник/доцент на д-р Јордан Поп Атанасов. Конкурсот за избор беше објавен на 23.4.2013 година, во дневниот весник „Утрински весник". Врз основа на темелно проучени материјали доставените на увид од кандидатот, Комисијата има чест на Советот на Институтот да му го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Јордан Поп Атанасов е роден 1969 година во с. Елешница, Република Бугарија. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во 1993 година дипломирал на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Постдипломските студии ги завршил во Институтот за национална историја, каде што на 10.9.2009 година го одбранил магистерскиот труд со наслов „Историја на технолошкиот развој и печатарството со посебен осврт на Македонија" и се стекнал со титулата магистер на историски науки. На 16.1.2012 година, во Институтот за национална историја ја одбранил докторската дисертација под наслов „Разузнавачките служби на Балканот и криотологијата како начин на работа" и се стекнал со титулата доктор на историски науки.

Во 1995 година ја основал издавачката куќа Менора која покасно ја проширила својата дејност и со печатарство.

Научниот интерес на д-р Јордан Поп Атанасов првенствено е насочен кон проучувањето на новата историја и, поконкретно, дејноста на разузнавачките служби на Балканот и во Македонија во годините на Втората светска војна и потоа. Покрај тоа, предмет на негова научна опсервација е и криптологијата како помошна историска наука, методите на криптирање и декриптирање, како неизоставен дел на разузнавањето.

Токму на оваа проблематика Поп Атанасов се осврнува во монографијата „Историја на криптологијата со осврт на Македонија (1941-1960)", која е дел од ракописот на одбранетата докторска теза. Во неа, тој ги презентира техниките за обезбедување на тајноста и веродостојноста на информациите, при што дава детална анализа на основните принципи, историјатот и основните круптографски уреди. Освен тоа во монографијата е презентирана дејноста на криптолошките

служби на големите сили, како и на развојот на криптографијата на територијата на Југославија за време на НОБ.

Д-р Јордан Поп Атанасов, во монографијата „Разузнавачките служби на Балканот (1941-1960)", која, исто така, е дел од ракописот на одбранетата докторска теза, се зафатил со елаборација на едно комплексно прашање кое во македонската историографија досега не е обработено целосно. Станува збор за дејствувањето на разузнавачките служби на балканските држави (албанската, италијанската, бугарската, разузнавачката служба на Кралството на СХС), работата на разузнавачките служби на големите сили на Балканот во текот на Втората светска војна, како и развојот на разузнавањето во рамките на НОД на Југославија и по ослободувањето.

Научниот опус на д-р Поп Атанасов опфаќа и соуредништво на едицијата зборници на документи „Македонија и соседите", од која досега во периодот 2009-2013 година, се публикувани пет тома, од кои тој е соуредник на четири тома. Во овие изданија, на македонската научна и читателска јавност и се презентираат клучни документи од поновата историја на Македонија. Станува збор за важни документи, во најголем број билатерални договори, спогодби, конвенции и други документи кои Република Македонија ги има потпишано со соседните држави.

Во изминатиот период, кандидатот подготвил вовед, редакција и коменатри на постхумното издание на монографијата од Димитар Великов, „Баница во минатото". Станува збор за сеќавања на авторот околу состојбите во Егејска Македонија пред, во текот и по завршувањето на Втората светска војна. Тој се јавува и како приредувач и автор на воведот на монографијата „Врница" од Павли Никола, посветена на историјатот и македонскиот карактер на селото Врница во областа Голобрдо, Република Албанија.

Во извештајниот период, д-р Јордан Поп Атанасов во списанието „ИСТОРИЈА наука, технологија, медицина", го уредувал делот за технологија. Списанието е во издание на издавачката куќа „Менора"-Скопје.

Има подготвено и објавено неколку статии и прилози, а учествувал и во техничката подготвка на серијалите на документарни филмови „Македонија еден век по Илинденското востание" и „Македонците во Албанија".

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното за научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Јордан Поп Атанасов, како членови на Рецезентската комисија сметаме дека тој во изминатиот период покажал

и постигнал значајни резултати во доменот на неговата научноистражувачка и стручно-апликативна работа.

Комисијата констатира дека кандидатот, во согласност со критериумите од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за избор во научни звања на Министерството за образование и наука и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", ги исполнува барањата и критериумите за избор во звањето научен соработник.

Затоа, имаме чест на Советот на ИНИ да му предложиме д-р Јордан Поп Атанасов да биде избран во звањето научен соработник/доцент.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Марјан Димитријевски, научен советник с.р.

2. Проф. д-р Љубица Јанчева, научен советник с.р.

3. Проф. д-р Катерина Мирчевска, виш научен соработник с.р.

ОБРАЗЕЦ
ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Кандидат: **ЈОРДАН ПОП АТАНАСОВ**

Институција: **ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ**

Реден број	Научноистражувачка (НИ), наставно – научна (НН) и стручно - апликативна дејност (СА)	Поени	
		во земјата	во странство
1	Монографија или научна книга	46,4	
2	Научно популарна книга	6	
3	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/други	24	
4	Уредник на научно списание СЦИ/ЦА/други	12	
5	Одбранета докторска теза	8	
6	Одбранета магистерска работа	5	
7	Помал авторски, коавторски или продукциски ангажман во рамките на едно сценско-уметничко или аудио - визуелно дело	10	
	МЕЃУЗБИР:	111,4	

ВКУПНО :	111,4

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Марјан Димитријевски, научен советник с.р.

2. Проф. д-р Љубица Јанчева, научен советник с.р.

3. Проф. д-р Катерина Мирчевска, виш научен соработник с.р.

ПРЕГЛЕД

На прифатени теми за изработка на магистерски трудови на ЈНУ Институ за национална историја-Скопје

(седница на Научен совет одржана на 2.7.2013 година)

Кандидат	Наслов	Ментор
Фехми Ебиби	*Исламот на Балканот со посебен осврт во Македонија од XV до XVII в. (причини и начин на ширење)*	Проф. д-р Амет Шериф

Извештајот од Комисијата за оценка на подобноста на темата на магистерскиот труд број 10-136/3 од 20.6.2013 година доставен е до Ректоратот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" , а достапен е и во архивата на ЈНУ Институт за национална историја.

Одлуката број 10-136/4 од 4.7.2013 година за прифаќање на Извештајот од комисијата за оценка на подобноста на темата на пријавениот магистерски труд и именување на ментор доставена е до Ректоратот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" , а достапна е и во архивата на ЈНУ Институт за национална историја.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„РОБУСНОСТ НА СТАВОТ НА ПОЛУХУМАНОИДЕН РОБОТ ВО ОДНОС НА НАДВОРЕШНИ НАРУШУВАЊА“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВЕСНА АНТОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје број 02-1574/5 од 3.7.2013, определени сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација „Робусност на ставот на полухуманоиден робот во однос на надворешни нарушувања” од кандидатката м-р Весна Антоска.

Врз основа на извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација „Робусност на ставот на полухуманоиден робот во однос на надворешни нарушувања” од кандидатката м-р Весна Антоска е со вкупен обем од 135 страници во формат А4. На почетокот е дадена содржината, а потоа следува излагање во 5 поглавја. На крајот се наоѓаат заклучоци и користена литература. Излагањето е илустрирано со 50 слики и 39 табели.

2. Предмет на докторската дисертација

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е испитување на одржливоста на ставот на антропомиметрички робот и формирање и користење напредни алгоритми за математичко моделирање на динамиката на роботот со пропишаната структура. За анализа на робусноста на ставот на мобилен антропомиметрички робот дефинирано е релевантно множество на нарушувања под чие дејство е изложуван роботот; анализата на одржливост на ставот е извршена врз основа на *Точката на нултиот момент* (*ZMP – Zero Moment Point*). Со ваков приод формиран е алгоритам и соодветен софтвер за математичко моделирање на динамиката на роботот во опишаната структура. Поради тоа, алгоритамот вклучува определување на траекторијата на *точката на нултиот момент* и тоа во случај кога *точката на нултиот момент* се движи внатре во потпирачкиот полигон, но и во случај кога *точката на нултиот момент* ќе се најде на раб и се движи по тој раб.

Врз база на погоре кажаното, развиен е конфорен (*user-friendly*) софтверски систем за симулација на однесувањето на роботот под дејство на нарушувања.

Исто така, проучен е и направен математички приод на управување со роботот во опишаните околности.

Алгоритамот за анализа ги вклучува следниве нарушувања:

- постојана надворешна сила со променлива насока и интензитет;
- надворешна сила со конечно траење (значи нарушувањето ќе се случи во моментот кога силата почнува да дејствува и во момент на престанување на силата);

- надворешен импулс со променлив правец и интензитет;
- поместување на подлогата, на различни начини: надолжно линеарно забрзување, странично линеарно забрзување при што се симулира завртување, осцилација во хоризонатална рамнина (напред-назад и лево десно), осцилација под агол на валање, агол на извишување и скршнување при што се симулира нишање на роботот, кружно движење.

Однесувањето на роботот го карактеризираат сите релевантни кинематички и динамички карактеристики како што се: траекторија, брзини, моменти, точка на нулти момент итн.;

Добиените резултати за робусноста на ставот на антропомиметричкиот робот преку поставените алгоритми во текот на изработката на дисертацијата се презентирани во трудови кои се објавени во релевантни списанија со фактор на влијание или се реферирани на меѓународни конференции од областа на роботиката.

3. Анализа на докторската дисертација

Првата глава претставува краток вовед во која се дадени мотивацијата за истражувањето, дефинирани се проблемот и целите на истражувањето. Исто така, наведени се и основните придобивки кои произлегуваат од истражувањето.

Во **втората глава** се обработува општиот математички модел на хуманоиден робот при што се дефинирани координатните системи и трансформацијата на координатите како неопходна основа за развој на моделот. Дефинирана е геометријата и начинот на поврзување на сегментите на роботот и формирањето на кинематички синџири. Обработена е динамиката на сегментите при дејствувањето на надворешни сили и начинот на пресметка на инерцијалните сили и моменти. Опишани се постапките за изведување на општите кинематички и динамички равенки кои го формираат општиот математички модел на роботот. Презентираниот општ математички модел претставува основа за натамошна разработка и изведување на моделот на конкретниот полухуманоиден робот којшто е предмет на истражување во дисертацијата. Општиот модел претставува основа за разгледување на други слични проблеми и идеи, а овозможува модификации и подобрувања на постојните решенија на изведените симулациски модели на роботските системи.

Во **третата глава** се анализира стабилноста (динамичкиот баланс) со примена на методата на *точката на нултиот момент* (*ZMP – Zero Moment Point*) . Детално е објаснет концептот и општиот математички пристап на методата на *точката на нулти момент -ZMP. ZMP* претставува точка каде што дејствуваат силите на реакција. Во овој дел од трудот е анализирана стабилноста и е дефиниран балансот (рамнотежа) на роботот. Методата *точка на нултиот момент* денес широко се користи кај современите хуманоидни роботи, а како пример може да се наведе хуманоидниот робот *Asimo* кој своето референтно движење го пресметува врз основа на методата ZMP.

Во **четвртата глава** е презентиран антропомиметрички полуантропоморфен робот кој претставува „верна“ слика на човеколика структура, која ги поседува горните делови на телото: глава, врат, раце, труп и определен број зглобови кои ги поврзуваат овие елементи. Управувањето со движењето на ваквата структура го следи човековото резонирање. За движење на зглобовите се користат по два мотора за еден зглоб со што се формира структура, наречена *вештачки мускули,* која по начинот на работа наликува на човечката мускулатура. На ова актуаторско ниво, еден од моторите е во функција на агонист (иницира и спроведува акција), а другиот мотор е во функција на антагонист (спречува акција). Досегашните конвенционални

роботи содржат актуатори во самите зглобови и на тој начин овозможуваат движење. Имплементацијата на ваквите погони е од сосема друга природа од онаа на која се базира антропомиметричкиот пристап. Овде воведените *вештачки мускули* се користат како придвижувачи (актуатори) на зглобовите кои генерираат погонски моменти. За секој зглоб постојат два мускула кои работат во антагонистички режим. Основна карактеристика на антропомиметричките скелетни мускули и тетиви е тоа што мускулите ги повлекуваат, но не ги туркаат (притискаат) сегментите на кои се врзани.

Структурата на роботскиот механизам, којшто е моделиран и се користи за симулација, има 26 степени на слобода од кои 20 степени на слобода се однесуваат на ротационите зглобови, а 6 степени на слобода се користат за позиционирање и ориентација на основниот сегмент во просторот. Сите мотори кои се користат за движење на роботот се еднонасочни и тие заедно со останатата соодветна опрема обезбедуваат квалитетно и прецизно управување.

Во трудот е дадена заокружена целина на хуманоиден робот кој е презентиран со комплетен горен дел на телото со сите погоре наведени негови делови, со потребниот број воведени зглобови. Со цел што поверно да се претстават зглобовите на ECCEROBOT-тот, детално е презентирана структурата и намената на зглобовите. Разгледани се две конструкции на зглобови *триаголна* и *цилиндрична*, како и моделот на состојбата на системот во просторот и нивната динамика на движење.

Во оваа четврта глава е изведен математички модел на динамиката на антропомиметички полуантропоморфен робот кој се користи за симулација. Кај антропомиметичкиот робот, влезните управувачки варијабли се електрични напони на моторите на вештачките мискули. Така, динамиката на роботот подразбира врска помеѓу овие напони и остварената движење на зглобовите на роботот. Со користење на изведениот математички модел се пресметуваат движењата на роботот при зададени напони на моторите. Овие пресметки се направени со симулации користејќи ги програмите развиени во програмскиот пакет MATLAB.

Што се однесува до проблемот на управување на роботот, потребно е да се определат управувачките напони кои дејствуваат на моторите за зададено движење на зглобовите. Фактот што има двојно повеќе мотори отколку зглобови дава можност за еднозначно решение на овој управувачки проблем. За да се постигне еднозначност воведени се спреги меѓу напоните на моторите при што се користи таканаречен puller-follower концепт кој имитира биолошко однесување на човекот. Претставен е краток преглед на управувачката стратегија користена при управувањето на презентираниот концепт на ECCEROBOT-от. Управувачкиот алгоритам се заснова врз биолошки инспириран енергетски ефикасен пристап *-the puller-follower concept*, кој ги разликува и ги раздвојува улогите на агонист-мотор и антагонист-мотор. Главната задача за системот, заснована врз биолошката сличност со луѓето, е управувањето на антагонистички пар електоромотори, со цел да се постигне саканата позиција на зглобот. Ова дејство бара моторите да бидат управувани истовремено, на координиран начин. Еден мотор, *the puller*-водачот, ги презема главните одговорности за оваа задача. Како додатно, со цел да се спречи олабавување на антагонист-тетивата, втората управувачка задача е - одржување на соодветна тензија во тетивата. Оваа дополнителна задача е главно доделена на *follower*-моторот – следбеник. Моторите во зглобовите си ги менуваат улогите кога тоа го бара движењето, обично кога забрзувањето преминува во забавување. Оваа размена на улогите се нарекува *превклучување*. Важно е да се истакне дека антагонистичките мотори не секогаш имаат спротивни улоги. Како решение на овој проблем, во мултизглобен систем се предлага проектирање на робусно управување заедно со нелинерана компензација на ефектите на гравитација, инерцијалните влијанија и динамичката спрега меѓу зглобовите. Управувањето на роботот е од второстепено значење за овој труд и

поради тоа во трудот се дадени само основните идеи и е опишан концептот на системот за управување на роботот.

Во **петтата глава** е претставен антропомиметички робот поставен на количка која има тркала и сопствен погон. За испитување на стабилноста и робусноста на така поставен подвижен антропомиметички робот, се разгледува можноста од превртување, односно се анализираат границите на стабилност.

За испитување на стабилноста на роботот се применува ZMP-критериумот. Потпирачкиот полигон - како стабилен регион е претставен со рамностран триаголник со страни *a*, на кој ECCEROBOT-от стои на три подвижни тркала. За поедноставување, се претпоставува дека трите тркала се на подеднакво растојание. Иако регионот на стабилност е доволен за да се спречи паѓање на роботот, сепак се воведува важечки (валиден) стабилен регион (круг впишан во триаголникот на стабилниот регион со радиус r). Овој критериум треба да го задоволи тврдењето дека, ако потпирната површина е внатре во границите на ZMP-полигон, тогаш роботот е во состојба да ја задржи својата рамнотежа. Количката се управува на „класичен" начин: постои само по еден стандарден двонасочен DC-мотор на секое тркало (овде нема жичен или антагонистички начин на пренос на погонот како кај зглобовите на роботот). Поради усогласување на преносот помеѓу моторот и оската на тркалото, се користи редуктор. Во овој случај се користат доволно моќни мотори и соодветно нагодени PID-управувачи, кои се сосема добри за обезбедување висок квалитет на управувањето. Нарушувањата кои доаѓаат од движењето на роботот се определувачки за стабилноста на роботот, особено стабилност во струкот и затоа динамиката на количката може да се занемари.

Исто така, во петтата глава е претставен симулациониот модел на роботот, кој е опишан во претходната глава, имплементиран со помош на програмскиот пакет MATLAB, користејќи *објектно ориентиран пристап.* Во трудот не се објаснуваат деталите на Matlab-кодот, ни принципите на објектно ориентираното програмирање, туку е даден преглед на целината и на составните делови на симулацискиот пакет, како и начинот на функционирање на тие делови. Во симулацијата се користат MATLAB-функции базирани на Adams-Bashforth-Moulton-ова метода, наместо стандардната функција која користи Runge Kutta- метода од четврти и петти ред. На овој начин времетраењето, на симулацијата е скратено четири пати. Исто така, за да се добие зголемување на брзината на симулацијата, направена е хибридна реализација на MATLAB со програмскиот јазик C++. Оваа реализација е направена со поврзувањето на MATLAB со програмскиот јазик C++ преку карактеристични наредби кои се користат во комуникацијата со екстерни директориуми на овие програмски јазици. Главната причина за поврзување на MATLAB со C++ е зголемување на брзината на симулација.

Во продолжение на петтата глава е дадена презентација и анализа на резултатите од симулацијата за оцена на стабилноста и робусноста на мобилниот антропомиметички робот. Управувањето и робусноста на роботот се испитувани за зададени задачи при различни движења на роботот и дејствување на надворешни нарушувања од импулсна и трајна сила. Во овој труд, фокусот не е насочен кон подобрување или синтеза на локалните управувачи, бидејќи целта е испитување на границите на стабилност за дадениот робот и справување со нарушувањата и тешкотиите од разновидните движења на количката.

Секое нарушување може да предизвика осцилација придружена со специфична и потенцијално високоризична ситуација - резонанца. Движењето на количката (забрзување или забавување, свртување кон лево или десно, движење нагоре/надолу, валање итн.) силно влијае на роботското однесување. За стабилноста на роботот е апсолутно неопходно да се овозможи испитување на целосното однесување на антропомиметричкиот робот на подвижна подлога, при

наведените нарушувања. Разгледувани се карактеристични движења на мобилен робот: надолжно линеарно забрзано движење, странично (бочно) линеарно забрзано движење, осцилаторно движење по надолжен правец (напред-назад), осцилаторно странично (бочно) движење (лево-десно), кружно движење, осцилаторно при агол на валање (*по-x оска*), осцилаторно при агол на извишување (*по-y оска*), осцилаторно при агол на отклонување (*по-z оска*).

Во текот на движењето на количката, роботот има задача да ја задржи пропишаната позиција (позиција на исправено торзо со свиткани лакти од 15° и нанапред подвиткани раце од 30°). На почетокот се испитуваат границите на одржување на ставот на роботот при мирување и дејство на надворешни нарушувања (импулсна сила и трајна сила) со различен интензитет во однапред дефинирани правци. На крај испитувани се границите на одржување на ставот на роботот за карактеристичното движење, но под влијание на надворешни нарушувања. Тука се подразбира набљудување на дејствување на нарушувањата од самото движење на количката, но и дејство на импулсна сила и трајна сила со различен интензитет од 15 правци.

Анализираните примери даваат увид во резултатите кои се добиени како верификација на симулациониот модел за роботот кој е опишан во овој труд. Анализата на одржување на ставот на роботот во различни моменти е испитана преку анализата на позицијата на точка според ZMP.

Разгледувајќи различни типови на нарушувања се доаѓа до сознанија кои зборуваат за одржливост на ставот на роботскиот механизам во различни ситуации.

Преку карактеристичните примери се прикажани детали кои илустративно ги опишуваат дадените ситуации, а соодветните коментари се направени со цел овие резултати да станат појасни. Покажано е однесувањето на презентираниот математички модел на роботот при дејствување на нарушувања од видот на константна сила или импулс, кои доведуваат до дестабилизација на ставот. При анализата на резултатите потврдени се вредностите кои и интуитивно беа очекувани. Како што беше очекувано, роботот лесно може да се справи со стабилноста при мала брзина на количката, но проблеми се јавуваат со зголемување на брзината, односно при осцилаторно движење со зголемување на амплитудата.

Направените експерименти покажуваат дека стабилноста на роботот може да се обезбеди при определени "разумно" брзи движења, секако потпирајќи се на соодветна конструкција на количката. Карактеристично е тоа што при надолжно движење на роботот се постигнува брзина од $11\ \frac{km}{h}$ [1], [2], што е подобар резултат во споредба со повеќето претходни бипедални роботи, како на пример, Hitachi humanoid EMIEW кој постигнува брзина од $\frac{6km}{h}$, додека Honda (ASIMO) обезбедува максимална брзина од $\frac{10km}{h}$ во идеални услови.

Дизајнот на количката на роботот е направен според анализата на рамнотежата преку ZMP-критериумот. Добиените резултати се охрабрувачки и тоа покажува дека антропомиметричкиот мобилен робот може да ги задоволи условите потребни за извршување работни задачи кои се карактеристични за работа во домови, стоковни куќи, ресторани, задравствени установи итн. и покрај својата комплексна структура и барања за управувачкиот систем.

Во **шестата глава** се дадени заклучоци и предлози за идни истражувања. На овој начин е дадена можност за темелен пристап и на слични проблеми и идеи, можност за определни модификации и подобрувања, користејќи бројни симулации кои овозможуваат подобро разбирање и верификација на проектните решенија. Посочена е можноста за подобрување на управувачкиот подсистем на роботот, како и можноста, за идна задача да се направи модификација со додавање на нозе на роботот. Во предлозите за идни истражувања се посочува дека презентираниот математички модел на роботот, развиениот софтвет за симулации и направените експерименти претставуваат солидна основа за натамошна научноистражувачка работа која може да резултира во конкретни и практични решенија на полухуманоидни и хуманоидни роботи за определени намени.

4. Публикации произлезени од истражувањата

Резултатите од истражувањата на проблематиката на докторската дисертација, кандидатката м-р Весна Антоска успешно ги презентирала и ги публикувала во меѓународни конференции и меѓународни списанија, меѓу кои ги издвојуваме следниве:

1. V. Antoska, K. Jovanovic, V. Petrovic, N. Bascarevic, M. Stankovski, **"Balance Analysis of the Mobile Anthropomimetic Robot Under Disturbances – ZMP Approach"**,International Journal of Advanced Robotic Systems (InTech), Vol. 10, Paper 206, pp. 1-10, 2013.
1 V.Antoska, V. Potkonjak, M. J. Stankovski, N. Baščarević **Robustness of a Semi-Humanoid Robot Posture with Respect to External Disturbances,** Jurnal FACTA, Serbia, 2012.
3. V.Antoska, V. Potkonjak, M. J. Stankovski, N. Baščarević **Robustness of a Semi-Humanoid Robot Posture with Respect to External Disturbances,** International SAUM 2012 Conference, on Systems, Automatic Control and Measurements Nis, Serbia, November 14th-16th, 2012.
4. Veljko Potkonjak, Marija Tomic, Aleksandar Rodic, Vesna Antoska **Human and Humanoid Motion - Distinguish Between Safe and Risky Mode of Locomotion,** IEEE CSS MSC2012, Dubrovnik, Croatia 2012.
5. Veljko Potkonjak, Marija Tomic, Aleksandar Rodic, Vesna Antoska, **" Human and Humanoid Motion – Distinguish Between Safe and Risky Mode of Locomotion"**, Proc. 10th IFAC Symposium on Robot Control (SYROCO 2012), Dubrovnik, Croatia, September 2012., pp 524-529.

5. Главни придонеси од дисертацијата

Основен придонес на докторската дисертација претставува моделирањето и симулација на моделот на опишаниот робот под дејство на дадени нарушувања, бидејќи оваа тематика се уште е недоволно обработена. Развиен е модел кој одговара на опишаната структура на роботот и нарушувањата кои се планирани за испитување на стабилноста, т.е. робусноста при превртување. Алгоритмите развиени за испитување на стабилноста и робусноста при дејствување на различни надворешни нарушувања, како и постапките за експериментално определување на граничните вредности на параметрите на движење на основата во чии рамки роботот ја одржува стабилноста и рамнотежата претставуваат оригинален придонес на трудот. Со цел зголемување на брзината на симулациите, направена е хибридна реализација на MATLAB со програмскиот јазик C++. Предложено е управување со кое на најдобар начин се спречува превртувањето. Главните придонеси на докторската дисертација се потврдени во публикуваните трудови кои се наведени погоре. Обработката на предложената тема и остварените резултати отвораат перспективи за натамошна научноистражувачката работа и можност за развој на конкретни полухуманоидни и хуманоидни роботски системи за определени намени.

6. Заклучок и предлог

Во докторската дисертација под наслов **„Робусност на ставот на полухуманоиден робот во однос на надворешни нарушувања“**, кандидатката м-р Весна Антоска разработува актуелна и сложена проблематика од областа на роботиката. Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација е даден научен придонес во областа на моделирањето и симулацијата на роботски системи како што се полухуманоидните роботи. Со постигнатите резултати, кандидатката м-р Весна Антоска покажала длабоко познавање на проблематиката на докторската дисертација и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во областа на роботиката. Резултатите од работата на докторската дисертација се презентирани во пет труда, објавени или презентирани во меѓународни списанија и конференции, од кој еден труд е објавен во списание со фактор на влијание.

Според законите на Р. Македонија, трудот е внесен во базата на податоци на Министерството за образование и наука – plagijati.mon.gov.mk и врз основа на добиениот извештај, а и врз основа на нашите сознанија, трудот не претставува плагијат.

Врз основа на погоре изнесената анализа и оценка, комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатката м-р Весна Антоска да и одобри јавна одбрана на докторската дисертација **„Робусностост на ставот на полухуманоиден робот во однос на надворешни нарушувања“.**

Скопје, 4.7.2013

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска, претседател с.р.
2. Проф. д-р Миле Станковски, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Вељко Поткоњак, член, с.р.
4. Проф. д-р Стојче Деековски, член, с.р.
5. Проф. д-р Елизабета Лазаревска, член, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА УРБАНИЗАМ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На 53. седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, одржана на 4.7.2013 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања за група предмети од областа на урбанизмот на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет.

Комисијата констатира дека на распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник" и „Лајме" на 2.7.2011 година, се пријавил кандидатот д-р Слободан Велевски, досегашен асистент на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на поднесената документација, како и врз основа на познавањето на кандидатот, Комисијата го дава следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Биографски податоци, образование и работно искуство

1976	Роден е во Скопје.
1995-2002	Студирал на Архитектонскиот факултет во Скопје, на кој дипломирал во 2002 година и се стекнал со звањето дипломиран инженер-архитект.
2005-2007	Посетувал постдипломски студии од областа на урбанизмот и архитектурата на Десау-институтот за архитектура при Анхалт-универзитетот за применети науки во Десау, Германија, кадешто се стекнал со звањето магистер во 2007 г.
2009-2013	На Архитектонскиот факултет во Скопје пријавил докторски труд под работен наслов: *Гранични преклопувања на идеите и реалноста на современиот град: од утопијата на посакуваното кон хетеротопијата на хиперреалното,* кој го работел под менторство на проф. д-р Влатко П. Коробар. Докторската дисертација успешно ја одбранил во почетокот на јули 2013 година и се стекнал со звањето доктор на технички науки.
2006-2013	Во 2006 година се вработил како помлад асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, во 2009 година е избран во звањето асистент на предметите од областа на урбанизмот, а во 2012 е реизбран во истото звање. Наставните, научните и стручните референци на кандидатот до неговиот реизбор во звањето асистент се објавени во универзитетските билтени бр. 886 од 2005 година, бр. 958 од 2009 година и бр. 1025 од 2012 година.
2007	Во рамките на постдипломските студии имал професионална практика во реномираните бироа David Chipperfield Architects во Берлин и Space Syntax Limited во Лондон.
2005	Имал професионална практика во светски реномираното проектантско биро Shigeru Ban Architects Europe во Париз.
2004	Работел како архитект-планер во Заводот за урбанизам и архитектура ЗУАС во Скопје.
2003	Работел како архитект-соработник во архитектонското студио Lowtech во Скопје.
2002	Имал професионална практика во Министерството за одбрана на РМ - Оддел за инфраструктури во Скопје.

II. Наставно-образовна дејност

Кандидатот Слободан Велевски уште од својот избор во звањето помлад асистент бил активно вклучен во изведувањето на наставата по повеќе предмети од областа на урбанизмот и во други форми на наставата во рамките на реформираната студиска програма. За одбележување е неговиот активен и одговорен однос кон наставните обврски и успешното изведување на вежбите и другите ангажмани кои произлегуваат од предметните програми што се отсликува и во високите оценки што за својата работа ги добива во студентските анкети.

2012-2013 Учествувал во наставата по предметот *урбанистичко планирање 2*.

2011-2012 Учествувал во наставата по предметите *урбанистичко планирање 2* и *урбанистичко планирање 1*.

2010-2011 Учествувал во наставата по предметите *урбанистичко планирање 2* и *урбанистичко планирање 1*, како и во одржувањето на продлабочената настава со која раководел проф. д-р Влатко П. Коробар.

2009-2010 Учествувал во наставата по предметите *урбанистичко планирање 2* и *урбанистичко планирање 1*, како и во продлабочената настава раководена од проф. д-р Мартин Гулески и од проф. д-р Влатко П. Коробар.

2008-2009 Учествувал во наставата по предметот *урбана анализа, програмирање и планирање и на градските функции* и продлабочената настава раководена од проф. д-р Мартин Гулески од старата студиска програма, како и во наставата по предметот *урбанистичко планирање 1* од новата студиска програма.

2007-2008 Учествувал во наставата по предметите *урбана анализа, програмирање и планирање на градските функции и урбанистичко проектирање и реконструкција* од старата студиска програма, како и во наставата на *архитектонско студио* 1 од новата студиска програма.

2006-2007 Учествувал во наставата по *предметите урбана анализа, рограмирање и планирање на градските функции* и *основи на урбанизмот*, како и во продлабочената настава раководена од проф. д-р Влатко П. Коробар.

Освен во редовната настава, кандидатот Слободан Велевски бил активно вклучен во повеќе сесии на Меѓународната летна школа за архитектура што ја организира Архитектонскиот факултет, а учествувал во организацијата и работата на повеќе работилници организирани од Факултетот и други институции од земјата и од странство:

2012 Учествувал во работата на дваесет и првата сесија на Меѓународната летна школа за архитектура на тема: *Пејзажот и границите на архитектурата,* раководена од Елија Зенгелис од Грција. Во исто време бил и секретар на сесијата.

2011 Учествувал во изведувањето на архитектонската работилница на тема: *Домување за социјално ранливи групи*, организирана од Факултетот во соработка со општина Карпош, Скопје.

Учестувал во работата на дваесеттата сесија на Меѓународната летна школа за архитектура на тема: *Невидливи лавиринти* раководена од Александар Бродски од Русија. Во исто време бил и секретар на сесијата.

2010 Учествувал во работата на архитектонската работилница на тема: *Архитектура, традиција, меморија*, за студентите од Архитектонскиот факултет организирана во соработка со општина Крушево, ментор.

2009 Учествувал во работата на осумнаесеттата сесија на Меѓународната летна школа за архитектура на тема: *Territories*, раководена од Класке Хавик од Техничкиот универзитет во Делфт, Холандија. Во исто време бил и секретар на сесијата.
Учествувал во работата на архитектонската работилница на тема: *Generative Scripting - Experiences in Parametric Design*, организирана од Архитектонскиот факултет и одржана под менторство на Даниел Да Роха DIA, раководител.

2007 Учествувал во работата на архитектонската работилница на тема: *Просторот како медиум*, организирана од Архитектонскиот факултет и поддржана од градоначалникот на Скопје, ментор.

2011 *Програмско-просторно преобмислување на трасата на Јужниот булевар во Скопје*, архитектонска работилница на студентите од АФС при УКИМ и студентите од Архитектонскиот факултет TU Torino, ментор.
Problem Solving and Best Practice, работилница одржана како дел од конференцијата *Innovation in Governance and Decision Making Planning* на Универзитетот FEUP во Порто, учесник.
Practices and Experiences, работилница одржана како дел од конференцијата *Shrinkage in Europe; causes, effects and policy strategies* на Универзитетот во Амстердам, учесник.

2010 *Strategic Plan for the Rehabilitation of the Archeological site of the Roman Aqueduct in Skopje*, работилница одржана во соработка помеѓу УКИМ и RLICC – LEUVEN, учесник.

2008 *[Македонија] Моја архитектура*, архитектонска работилница на студентите од АФС при УКИМ одржана во соработка со Факултетот за технички науки од Нови Сад и Британскиот совет во Скопје и Белград, раководител и ментор.

Посебно треба да се одбележи и фактот дека кандидатот Слободан Велевски, врз основа на своите референци, а на покана на реномирани странски образовни институции, учествувал во дел од нивните образовни активности:

2013 На покана на Факултетот за архитектура на Техничкиот универзитет во Делфт бил учесник на мастер-студио работилницата на тема *Гранични состојби.*

2011 На покана на Десау-институтот за архитектура на Анхалт-универзитетот за применети науки од Германија бил надворешен член во комисиите за одбрана на магистерските тези.

III. Научноистражувачка дејност

Во рамките на својата научноистражувачка дејност, кандидатот Слободан Велевски покажува континуиран напредок и истражувачко созревање. Посебно треба да се одбележи обемот и квалитетот на истражувачкиот труд поврзан со неговата докторска дисертација, во која истражувајќи ја темата за утописките визии за градот, кандидатот недвосмислено ги презентира своите широки познавања и предиспозициите за компетентно научно промислување на сложени проблеми од областа на теоријата за градот. Покрај континуираната работа на своето научно усовршување, кандидатот бил вклучен во COST-проектот TUD 0803 - CIRES, Cities Re-growing Smaller, кој го истражува проблемот на смалување на градовите во Европа и земал учество на повеќе собири на кои ги

претставил своите ставови за актуелни научно-стручни прашања од областа на неговиот потесен научен интерес.

2013 *Гранични преклопувања на идеите и реалноста на современиот град: од утопијата на посакуваното кон хетеротопијата на хиперреалното*", докторска дисертација изработена на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", под менторство на проф. д-р Влатко П. Коробар.

2011-2013 Учесник на меѓународен научен проект: COST Action TU0803: *Cities Regrowing Smaller - Fostering Knowledge on Regeneration Strategies in Shrinking Cities across Europe.*

2009 Презентација на стручен собир: Форум Скопје *The Aftershock of Postmodernism,* Скопје.

2008 *Condensers of Urban Change, Aspects of Spatial Variability*, Shifting of Planning Culture in SEE: Development of Strategic Approaches in Urban Planning, научен собир, Охрид.

Презентација на стручниот собир Форум Скопје: *Градот и идентитетот*, Скопје.

Презентација на стручниот собир: A New European Generation *[Македонија] моја архитектура*, Скопје.

2007 Одржано предавање на Факултетот за архитектура во Приштина: *The Bone Beam project*

City of Absent Obsolescence - Acknowledging the notion of Generic, магистерски труд изработен на Институтот за архитектура во Десау (DIA) под менторство на проф. Нил Лич.

IV. Стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност

Во својата професионална кариера, кандидатот Слободан Велевски имал можност да работи во повеќе урбанистички и архитектонски бироа, дел од нив и со светско реноме, кадешто се стекнал со богато професионално искуство кое се отсликува во неговата стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност. Тој е автор или соработник на бројни урбанистички планови и идејни и основни архитектонски проекти кои се наведени во Анексот на овој реферат. Треба да се издвои награденият конкурсен проект за зграда на Општина Центар, кој сведочи за достигнатото високо рамниште на неговата проектантска зрелост. Посебно треба да се одбележи неговиот ангажман во издавачката дејност која кај нас, во сферата на архитектурата и урбанизмот, е особено дефицитарна.

Урбанистички планови и проекти

2007 Урбанистичко решение за комплекс на ТВ-студија „TV Granada", Манчестер, дел од тимот на Space Syntax Limited.

Урбанистичко решение за населба со социјално домување "Olympic district", Минхен, дел од тимот на Space Syntax Limited.

2005 Детален урбанистички план за Долно Нерези, Скопје, соработник.

Детален урбанистички план за Горно Нерези, Скопје, соработник.

Детален урбанистички план за дел од општина Сарај, Скопје, соработник.

Детален урбанистички план за гробишта Бутел, Скопје, соработник.

Урбанистичка документација за населено место Горно Нерези, Скопје, соработник.
Урбанистички проект за хотелски комплекс „ББ“, Скопје, соработник.
Урбанистички проект за Министерство за одбрана, Скопје, соработник.
Урбанистички проект за комплекс „Скопски саем“, соработник.
Урбанистички проект за партерно уредување на комплексот „Скопски саем“.

2004 Урбанистички проект за булевар „III македонска ударна бригада“, мостот на реката Вардар и улица „Теодосиије Гологанов“, соработник.
Урбанистички проект на комплекс за одмор и рекреација и преноќишта за привремен пестој во општина Сарај, автор
Урбанистички проект – фазна рализација на улица „Алфред Циборовски“, мостот на реката Вардар и улица „Теодосиије Гологанов“, соработник.

Учество на конкурси, изложби и други стручни манифестации

2010 Конкурсен проект за идејно архитектонско и урбанистичко решение за зграда на општина Центар во Скопје, I награда (поделена рамноправно на четири труда) заедно со М. Мано Велевска, и М. Стилиновиќ.

2009 Конкурсен проект за идејно архитектонско и урбаистичко решение за студентски дом во Атина *Oliaros*, заедно со М. Мано Велевска и Д. Момировски.

2007 Конкурсен проект за стоковна куќа *P&C*, I награда (повикан конкурс), Виена, дел од тимот на Дејвид Чиперфилд архитекти.

2005 Конкурсен проект за идејно решение за централен административен објект, сервис и showroom за *Renault trucks*, Лион, дел од тимот на Шигеру Бан архитекти
Конкурсен проект за идејно решение за туристички комплекс куќи *Furniture House - Davy Crockett*, Дизниленд Париз, дел од тимот на Шигеру Бан архитекти

2004 Конкурсен проект за идејно решение за Реонски центар Карпош 3 во Скопје.

2012 Учество во подготовка на претставувањето на Архитектонскиот факултет со изложбата *B2 City* на Биеналето на факултети за архитектура во Солун.

2010 Во рамките на авторскиот тим учествувал во реализација на проектот *Learning Architecture* за македонското претставување на Меѓународното архитектонско биенале во Венеција.

2009 Учествувал со два проекта на изложбата *Hue* по повод 60 години Архитектонски факултет, одржана во Музејот на град Скопје.

2006 Учествувал со свој проект на меѓународната изложба *New Talents – New Technologies* на архитектонското биенале во Пекинг.

Публикации и објавени текстови

2012 Текст: *Релации: град – објект - градови*, објавен во публикацијата B2 City, издание на Архитектонскиот факултет во Скопје.

2011 *(Раз)говори за архитектурата* - текст објавен во списанието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РМ. Пресинг бр. 3 од јуни 2011 година.
Современа лектира за секој архитект - интервју во списанието за архитектура Порта 3, бр.154 од 8.4.2011 година Скопје.

2010 Книга *Разговори + предавања* - издание по повод 60 години на Архитектонскиот факултет во Скопје, коавтор со Марија Мано-Велевска.
Learning Architecture, издание на Архитектонскиот факултет по повод учеството на меѓународната изложба (Македонски павилјон) "People meet in Architecture – Learning Architecture" на XII биенале за архитектура во Венеција.

2009 *Terristories* - публикација за Летната школа за архитектура 2009, коавтор.

2008 *[Македонија] моја архитектура*, текст објавен во книгата *A New European Generation*, издадена од Британскиот совет.

2006 *New Talents – New Technologies*, издание на China Architecture & Building Press, по повод архитектонското биенале во Пекинг

ОБРАЗЕЦ **АНЕКС 2**

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Слободан Борис Велевски**
Институција: **Архитектонски факултет, УКИМ - Скопје**
Научна област: **урбанизам**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Р.бр.	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:	ПОЕНИ
1	Урбана анализа, планирање и програмирање на градските функции (2+2), летен семестар 2006/2007 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 3.6	**3.6**
2	Основи на урбанизмот (2+2), летен семестар 2006/2007 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 2.7	**2.7**
3	Голем ринг (продлабочена настава со проф. Влатко П. Коробар) (1+5), летен семестар 2006/2007 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 2.25	**2.25**
4	Урбана анализа, планирање и програмирање на градските функции (2+3), зимски семестар 2007/2008 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	**4.05**
5	Основи на урбанизмот (2+2), зимски семестар 2007/2008 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 1.8	**1.8**
6	Голем ринг (продлабочена настава со проф. Влатко П. Коробар) (1+8), зимски семстар 2006/2007 вежби: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 3.6	**3.6**
7	Архитектонско студио 1 (0+6), зимски семестар 2007/2008 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7	**2.7**
8	Урбана анализа, планирање и програмирање на градските функции (2+2), летен семестар 2007/2008 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 2.7	**2.7**
9	Урбанистичко проектирање и реконструкција (2+3), летен семестар 2007/2008 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 6 групи = 8.1	**8.1**
10	Урбана анализа, планирање и програмирање на градските функции (2+3), зимски семестар 2008/2009 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05	**4.05**
11	Урбанистичко планирање 1 (2+2), зимски семестар 2008/2009 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 3 групи = 3.6	**3.6**
12	Урбана анализа, планирање и програмирање на градските функции (2+2), летен семестар 2008/2009 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 3.6	**3.6**

13	Урбанистичко планирање 1 (2+2), летен семестар 2008/2009 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 2 групи = 2.4	**2.4**
14	Реката и градот (продлабочена настава со проф. Мартин Гулески) (1+5), летен семестар 2008/2009 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 2.25	**2.25**
15	Урбанистичко планирање 2 (2+2), зимски семестар 2009/2010 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 3 групи = 3.6	**3.6**
16	Урбанистичко планирање 1 (2+2), зимски семестар 2009/2010 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 3 групи = 3.6	**3.6**
17	Реката и градот (продлабочена настава со проф. Мартин Гулески) (1+8), зимски семестар 2009/2010 вежби: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 3.6	**3.6**
18	Урбанистичко планирање 2 (2+2), летен семестар 2009/2010 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 3 групи = 3.6	**3.6**
19	СКОПЈЕ 2030:урб.-арх. проекти за Скопје што се смалува (продлабочена настава со проф. Влатко П. Коробар) (1+5), летен семестар 2009/2010 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 2.25	**2.25**
20	Урбанистичко планирање 2 (2+2), зимски семестар 2010/2011 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 3 групи = 3.6	**3.6**
21	СКОПЈЕ 2030:урб.-арх. проекти за Скопје што се смалува (продлабочена настава со проф. Влатко П. Коробар) (1+8), зимски семестар 2010/2011 вежби: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 групи = 3.6	**3.6**
22	Урбанистичко планирање 2 (2+2), летен семестар 2010/2011 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 4 групи = 4.8	**4.8**
23	Урбанистичко планирање 1 (2+2), летен семестар 2010/2011 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 4 групи = 4.8	**4.8**
24	Урбанистичко планирање 2 (2+2), зимски семестар 2011/2012 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 4 групи = 4.8	**4.8**
25	Урбанистичко планирање 1 (2+2), зимски семестар 2011/2012 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 4 групи = 4.8	**4.8**
26	Урбанистичко планирање 2 (2+2), летен семестар 2011/2012 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 4 групи = 4.8	**4.8**
27	Урбанистичко планирање 1 (2+2), летен семестар 2011/2012 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 4 групи = 4.8	**4.8**
28	Урбанистичко планирање 2 (2+2), зимски семестар 2012/2013 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 5 групи = 6	**6**
29	Урбанистичко планирање 2 (2+2), летен семестар 2012/2013 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.04 x 5 групи = 6	**6**
30	Консултации со студентите: 7 семестри (летен) x (2 предмети по 50 студенти = 100) x 0.002 = 1.4 6 семестри (зимски) x (2 предмети по 50 студенти = 100) x 0.002 = 1.2	**2.6**
31	18. Интернационална летна школа по архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, Македонија (*TERRISTORIES* со Класке Хавик, Себастијан Велдхусен TU Delf и Лорин Николае Ion Mincu,Букурешт) – секретар на Школата и ментор, 2009.	**1**
32	20. Интернационална летна школа по архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, Македонија (*Invisible Labyrinths* со Александар Бродски, Москва) – секретар на Школата и ментор, 2011.	**1**
33	21. Интернационална летна школа по архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, Македонија (*Landscape and the Limits of Architecture* со Елија Зенгелис,Атина) – секретар на Школата и ментор, 2012.	**1**
34	*Просторот како медиум*, архитектонска работилница на студентите од АФС при УКИМ, поддржана од градоначалникот на Скопје, ментор, 2007.	**1**

35	*[МАКЕДОНИЈА] МОЈА АРХИТЕКТУРА*, архитектонска работилница на студентите од АФС при УКИМ одржана во соработка со Факултетот за технички науки од Нови Сад и Британскиот совет во Скопје и Белград, раководител и ментор, 2008.	**1**
36	*Generative Scripting - Experiences in Parametric Design*, архитектонска работилница на студентите од АФС при УКИМ, одржана под менторство на Даниел Да Роха DIA, раководител, 2009.	**1**
37	*Архитектура, традиција, меморија*, архитектонска работилница на студентите од АФС при УКИМ во соработка со општина Крушево, ментор, 2010.	**1**
38	*Strategic Plan for the Rehabilitation of the Archeological site of the Roman Aqueduct in Skopje*, работилница одржана во соработка помеѓу УКИМ и RLICC – LEUVEN, учесник, 2010.	**1**
39	*Practices and Experiences*, работилница одржана како дел од конференцијата *Shrinkage in Europe; causes, effects and policy strategies* на Универзитетот во Амстердам, учесник, 2011.	**1**
40	*Problem Solving and Best Practice*, работилница одржана како дел од конференцијата *Innovation in Governance and Decision Making Planning* на Универзитетот FEUP во Порто, учесник, 2011.	**1**
41	*Програмско-просторно преобмислување на трасата на Јужниот булевар во Скопје*, архитектонска работилница на студентите од АФС при УКИМ и студентите од Архитектонскиот факултет TU Torino, ментор, 2011.	**1**
42	*Семејно домување на социјално ранливи групи, ромска населба Злокуќани*, архитектонска работилница на студентите од АФС при УКИМ (8. семестар) во соработка со општина Карпош, раковод. проф. Влатко П. Коробар, ментор, 2011.	**1**
43	*B2 City*, подготовка на изложбата и претставувањето на Факултетот на Биеналето на факултети за архитектура во Солун, учесник, 2012.	**1**
44	Член на комисија за оцена на магистерски проекти: ▪ "Final review week", DIA, Десау, 2011; ▪ "Border Conditions", TU Delft, Делфт 2013.	**0.6**
45	Научно-популарна активност во стручно-методско списание: ▪ Современа лектира за секој архитект, Порта 3, бр.154/2011, интервју ▪ [раз]говори за архитектурата, ПресИНГ, бр.3/2011, списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија	**2**
	ВКУПНО	**130.25**

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Р.бр.	**НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:**	**ПОЕНИ**
1	Меѓународен научен проект: COST Action TU0803: Cities Regrowing Smaller "Fostering Knowledge on Regeneration Strategies in Shrinking Cities across Europe" (CIRES), учесник, 2011.	**5**
2	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: ▪ Condensers of Urban Change, Aspects of Spatial Variability, SHIFTING OF PLANNING CULTURE IN SEE: Development of Strategic Approaches in Urban Planning, Regional Conference, Охрид, 2008.	**2**
3	Учество на научен/стручен собир – усна презентација: ▪ Форум Скопје 2009 „The Aftershock of the Postmodernism", Скопје, 2009 ▪ Форум Скопје 2008 „Градот и идентитетот", Скопје, 2008 ▪ A New European Generation„[Македонија] моја архитектура", Скопје,2008.	**3**

4	Монографија: РАЗГОВОРИ+ПРЕДАВАЊА, издание по повод шеесет години постоење на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2009 .	**8**
5	Труд со оригинални стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен.стручен собир: *[Македонија] моја архитектура*, текст објавен во книгата *A New European Generation,* издадена од Британскиот совет.	**2**
6	Труд објавен во зборник на трудови на високо-образовна институција: ▪ MAN, TERRISTORIES, издание на АФС, Скопје, 2009 ▪ РЕЛАЦИИ: град – објект - градови, B2 CITY, издание на АФС, Скопје, 2012.	**4**
7	Одржано предавање на Факултетот за архитектура во Приштина: „The Bone Beam project", Приштина, 2007.	**1**
	ВКУПНО	**25**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Р.бр.	**НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:**	**ПОЕНИ**
1	Учесник на меѓународната изложбата "New Talents – New Technologies" на Архитектонското биенале во Пекинг, 2006.	**8**
2	Учесник на меѓународната изложба (Македонски павиљон) "People meet in Architecture – Learning Architecture", на XII биенале за архитектура во Венеција, 2010.	**8**
3	Конкурсен проект за идејно решение за зграда на општина Центар во Скопје, I награда (поделена рамноправно на четири труда) заедно со М. Мано Велевска и М. Стилиновиќ, 2010.	4
4	Конкурсен проект за идејно решение за студентски дом во Атина OLIAROS, заедно со М. Мано Велевска и Д. Момировски, 2009.	4
5	Конкурсен проект за идејно решение за Реонски центар Карпош 3 во Скопје, 2004	4
6	Конкурсен проект за идејно решение за туристички комплекс куќи "Furniture House - Davy Crockett", Дизниленд Париз, дел од тимот на Шигеру Бан архитекти, 2005	4
7	Конкурсен проект за идејно решение за централен административен објект, сервис и showroom за "Reno trucks", Лион, дел од тимот на Шигеру Бан архитекти, 2005	4
8	Конкурсен проект за стоковна куќа "P&C", I награда (повикан конкурс), Виена, дел од тимот на Дејвид Чиперфилд архитекти, 2007	4
